Александар СТЕРЈОВСКИ

# ЕДЕН ВЕК ЦРВЕН КРСТ ВО БИТОЛА

Александар СТЕРЈОВСКИ

# Еден век Црвен крст во Битола

*Издавач*
*Општинска организација на Црвен крст – Битола*

*За издавачот*
*Д-р Диана Димитрова, претседател*

*Главен и одговорен уредник*
*Никола Христовски*

*Рецензенти:*
*Проф. д-р Јован Дамјановски*
*Проф. д-р Кети Арсовска Несторовска*

Благодарност до Општина Битола и градоначалникот Владимир Талески, кои материјално го помогнаа издавањето на оваа монографија.

Александар СТЕРЈОВСКИ

# ЕДЕН ВЕК ЦРВЕН КРСТ ВО БИТОЛА

Битола, 2012.

## Дел од рецензиите

Објавувањето на монографијата „Еден век Црвен крст во Битола“ е само аргументирано сведоштво за човековата хуманост и солидарност низ времето, за да се надмине човековата бездна што ја предизвикува апокалипсата во човечкиот живот, страдање на оние луѓе кои останале затечени во арената на човековата безнадеж и лудост.

Со голема љубов кон родниот крај и татковината, професорот Александар Стерјовски, во вистински битолски дамар, покажа колку ѝ припаѓа на најхуманитарната мисија во светот и колку е наметливо подзаборавеното кандилце на душата за времето во кое се живеело и се живее. Ништо помалку не е значајно и местото на актуелното раководство на Црвениот крст Битола, кои презедоа одговорност за подготовка и издавање публицистичка книга, со хронолошките настани кои беа израз на човечката хуманост и солидарност во минатите сто години. Во оваа публикација се навлегува во суптилноста на човековата душа на луѓето од нашата земја во последниот век, во која ерупливно извира и човечноста.

Животот е голема река со многу притоки. Во овие информации за битолските хуманисти низ времето треба да се дојде и до единствениот заклучок со кој се предупредуваме дека помеѓу раѓањето и смртта, сепак е најважно тоа помеѓу – животот.

*Проф. д-р Јован Дамјановски*

Ракописот Еден век Црвен крст во Битола од авторот Александар Стерјовски со право може да се каже дека претставува исклучително дело, а е резултат на промислено собирање на факти и нивно коментирање кои во основа се однесуваат на историјата на хуманото однесување, историјата на Црвениот крст, што ја чини всушност историјата на човековата цивилизација.

Професорот Стерјовски, во ова дело, очигледно е понесен од идеата – за која без сомнение има многу докази, дека секој период, секое општество, всушност има форми низ кои се очитува хуманоста со одредена доза на стереотипија која на пати повеќе, на пати помалку доаѓа до израз.

*Проф. д-р Кети Арсовска Несторовска*



*Прим. д-р Диана Димитрова,*
*претседател*



*Никола Христовски,*
*секретар*

# Предговор

Како што врват годините, така сè почесто ги вртиме албумите, алманасите и споменарите и сè со желба уште еднаш да се навратиме на „тие убави стари времиња“. Гледајќи ги старите, по малку и пожолтени фотографии, со магијата на сеќавањата и запишаните случки, другарства, љубови... човек како да се подмладува... и почнува да плови низ времето!

Сè е убаво, до моментот кога некаде во меморијата има празнина, или нешто, за кое со сигурност сме знаеле дека тогаш ни било многу важно и значајно, го нема ниту на старите фотографии, ниту останало во споменарите, „тајните“ дневници... и се јавува тага, зошто од „таа и таа“ личност немаме ама баш никаква трага, спомен или нешто што би нè потсетувало на тоа време, на тие настани...

Професорот Александар Стерјовски во една прилика, разговарајќи за некои други негови дела, кои патем сите се инспирирани од минатото на Битола, кажа една вистина: „Ако имало некогаш настан, а немало запис – немало настан, а кога имало настан и имало запис – имало настан“. Тоа беше тој решавачки момент кој нè натера да се впуштиме во еден ваков

предизвик наречен: издавање на монографија за едновековното работење на нашата Организација. Ова уште повеќе беше инспирирано и од нашата желба многуте хумани дела, настани, случки на наши битолчани и други човекољупци... во овој изминат едновековен период, а врзани со најхуманото и најмасовно движење на планетата Земја – Црвениот крст, да ги оттргнеме од заборавот.

Цели две и пол години траеја секојдневните прелистувања и проучувања на изворите, фактите, фотографиите....безбројните средби, разговори... Конечно, „новороденчето“ монографијата *„Еден век Црвен крст во Битола“*, го здогледа светлото на денот, на голема, бескрајна радост на сите нас во и околу Црвениот крст – Битола!

Ако пишаниот збор е разговор со вековите, тогаш со голема гордост, со голем занес, со ова дело се препуштаме и Ве препуштаме на тој разговор.

Претседател
*Прим. д-р Диана Димитрова*

Секретар
*Никола Христовски*

Во Битола
18-02-2012 г.

# Содржина

**Хуманитарни projaви . . . . . 1**

*Османлиска грижа за сиромашните . . . . . 1*
*Домови за стари лица . . . . . 4*
*Грижа за вонбрачни и незгрижени деца . . . . . 5*
*Сиропиталишта . . . . . 7*
*Донатори и донации . . . . . 9*
*Општинска грижа за бедни и невработени лица . . . . . 11*
*Домашни хуманитарни здруженија . . . . . 12*
*Странска хуманитарна помош . . . . . 17*
*Народни кујни . . . . . 20*
*Школски кујни . . . . . 22*

**Црвениот крст до ослободувањето . . . . . 25**

**Поставување темели . . . . . 25**

*Црвениот крст кај Јужните Словени . . . . . 25*
*Обединување на јужнословенските организации на Црвениот крст . . . . . 26*
*Странски мисии на Црвениот крст во Битола . . . . . 28*
*Првиот Пододбор на Црвениот крст во Битола . . . . . 31*
*Возови со знакот на Црвениот крст . . . . . 33*
*Злоупотреба на логото на Црвениот крст . . . . . 36*
*Битолски примери за соработка меѓу национални хуманитарни организации во воени прилики . . . . . 38*
*Црвениот крст во македонските градови и села . . . . . 39*
*Скопскиот Црвен крст и неговиот Подмладок . . . . . 53*
*Членство и членарина . . . . . 56*
*Воени и административни лица – членови на Црвениот крст . . . . . 57*

**Организација . . . 59**
*Територијална поставеност на Црвениот крст . . . 59*
*Битолскиот Окружен одбор на Црвениот крст . . . 60*
*Првиот битолски Обласен одбор на Црвениот крст . . . 63*
*Вториот битолски Обласен одбор на Црвениот крст . . . 65*
*Вардарскиот бановински одбор на Црвениот крст . . . 70*
*Прва прослава на Денот на Црвениот крст во Битола . . . 74*
*Прослави на следните Денови . . . 77*
*Други празници . . . 82*
*Дефилеа . . . 84*
*Предавања за Црвениот крст . . . 87*
*Првенци на битолскиот Црвен крст . . . 89*
*Одличија за најактивните . . . 91*
*Бугарскиот Црвен крст во Македонија . . . 93*

**Дејност . . . 96**
*Црвениот крст како хуманитарен посредник и како донатор . . . 96*
*Складишта на медицинска опрема и материјал . . . 98*
*Курсеви за прва помош (самарјански курсеви) . . . 99*
*Курсеви за доброволни болничари-ки . . . 102*
*Курсеви за практична работа . . . 104*
*Курсеви за млади мајки . . . 107*
*Подготовки за заштита од воздушни напади . . . 109*
*Борба против туберкулозата . . . 111*
*Учество во битката против алкохолот . . . 113*
*Битола за Црвениот крст . . . 117*
*Црвениот крст за Битола . . . 120*
*Битола за настраданите од елементарни непогоди . . . 121*
*Битола за поплавените во Франција . . . 123*
*Финансии . . . 124*
*Концерти и забави . . . 127*

*Улично прибирање доброволни прилози* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 130
*Недвижен имот на битолскиот Црвен крст* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 131
*Базените за капење* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 133

**Подмладок** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **136**

*Основање* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136
*Основање на битолскиот Подмладок* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 139
*Организациона структура* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 142
*Материјална и друга помош за битолскиот Подмладок* . . . . . . . . . . . . . . . . . . 144
*Кореспонденција и помош* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 145
*Гимназискиот Подмладок* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 147

**Црвениот крст по ослободувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 151**

**Први декади** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **151**

*Иницијативи за формирање Црвен крст во Битола* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 151
*Првиот Околиски и првиот Градски одбор на Црвениот крст во Битола* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 154
*Први селски (општински и месни) одбори на Црвениот крст* . . . . . . . . . . . . . . 157
*Новиот Околиски одбор на Црвениот крст* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 159
*Работа на околиските комисии* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 160
*Распределба на хуманитарната помош* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 162
*Курсеви* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 165
*Недела на Црвениот крст* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 167
*Школски кујни* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 168
*Летувалишта* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 171

**Општински одбор на Црвениот крст** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **175**

*Управни тела* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 175
*Друштва и подружници* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 177
*Комисии и секции* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 179
*Собирни акции* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 182

*Крводарителство* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 184
*Потрага по исчезнати лица* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 187
*Курсеви и испити по прва помош за возачи* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 189
*Соработка со други сродни асоцијации* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 190
*Млади на Црвен крст* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 193
*Битолска помош во бегалски кризи* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 194
*Пожарите во Битола и Битолско во 2007 година* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 196
*Јубилеи* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 197
*Гласило и химна* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 199

**Прилог . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 201**

**Регистар . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 221**

# Хуманитарни project

## *Османлиска грижа за сиромашните*

Сосема погрешна е претставата за раните Османлии дека војните и освојувањата им биле исклучиви интереси и дека туѓата болка и невола, посебно туѓоверската, не ги тангирале премногу. Европските *патешественици* го тврдат спротивното, односно дека грижата за социјалните ранливи групи биле на многу високо ниво и дека секој во секој миг можел да најде барем парче леб без премногу проблеми.

Се внимавало и на подносливо даночно оптоварување. Данокот џизие во еден подолг период се наплатувал од четири категории даночни обврзници: од категоријата *богати* – четири лири, од *средно имотните* – две лири, од *оние со ниска имотна состојба* – една лира, а *„безработните, сиромасите, сакатите"*, според податок од 1745 год., биле ослободени целосно од него[1]. За последниве, за да добијат и други привилегии, се правеле и засебни списоци, па според еден таков, регистрираните сиромашни жители од Караоглан Маало во Битола, во 1671 год., добиле право и на бесплатна храна од маалскиот имарет[2].

Во битолскиот Шеријатски суд постоеле и спомагателни каси. На Кудduси Баба, кој немал никого и кој подолго време бил згрижен во училиштето на Исхакие џамијата, во 1850 год. од нив му биле броени по 15 гроша социјална помош месечно[3]. Таква помош добивал и Фатхи Баба[4], а за Бухарали Баба биле обезбедени по 4 леба дневно[5].

Ваквите фондови се полнеле исклучиво со донации на хумани луѓе, особено од оние, кои веќе биле на поклонение во Мека и кои биле во поодмината возраст. Меѓу другите, во 1864

1. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Фонд Битолски кадиски сицили**, Сиџил 50, 1745, септември 16, 164 (Понатака **Сиџил)**

2. Сиџил 21, 1671, втора декада на месец јануари, 456

3. Сиџил 113, 1850, август 20, 13

4. Сиџил 113, 1850, август 20, 14

5. Сиџил 113, 1850, август 20, 15

год. дел од својот имот, преку регуларна постапка во судот, донирал шејхот Мемсуддин ефенди[6]. Така постапил и сметководителот на румелиската војска Мехмед Назми Ефенди[7].

Грижата на судот не била фиксирана само за муслиманите, ами не ретко се однесувала и за социјални случаи и за лица и од христијанската заедница. На *„душевно заболениот бакал Ванчо“*, како што стои во документот, во 1869 год. судот му одредил старател, за кого месечната награда била влечена од постоечкиот имот на Ванчо[8].

Вакви примери во битолската средина има и други, со што се фрла малку поинаква светлина на животот во минатото кај нас.

Реската социјална и верска поделба на раја и господари, на правоверни и неверници понекогаш се поставувала дури и на проба и доживувала тотална негација. Тогаш човекољубието славело победа.

Во меѓуверски вечно затруениот, фанатизиран и експлозивен Солун, двајца муслимани од висок ранг, Касим паша и Шејх–Хутарџ, во 1668 год. за христијани, за болни морнари и трговци од *„туѓи и далечни земји“* имале организирано бесплатни сместувалишта. За сметка на нивните вакафи негата ја давале платени слуги, кои деноноќно стоеле на услуга, нудејќи ги странците со посебно внимание, медикаменти и квалитетна храна. Овој прв ваков случај ќе стане образец и за христијанската заедница, која, покрај митрополитската црква, наскоро ќе организира и таа слично сместувалиште[9].

---

6. Сиџил 70, неутврден датум, 29, 30, 31

7. Сиџил 127/2, 1864, март 20, бр. 368 и 369

8. Сиџил 136, 1869, декември 1, бр. 351 и Сиџил 136, 1869, април 29, бр. 352

9. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, Мисла, Скопје, 1991, 539



*Потрага по милосрдие*



*Леб за несреќник (цртеж од средината на 16 век)*

## Домови за стари лица

Во патријаршиската болница Благовештение (Евангелизмос), која била под старателство на Грчката црковно–училишна општина во Битола[10], во првата деценија од 20-от век бил организиран посебен стационар за стари лица. Стартирал со 12 кревети, но бројот, заради големиот интерес, наскоро се дуплирал[11]. Грижата за него, кога во Битола ќе профункционира српската власт, во голем дел ја презеде општината Битола, предвидувајќи редовни ставки во својот буџет секоја година[12]. Домов, кој во 1933 год. наново е организиран на друга локација, имал 30 штитеници од кои 12 биле жени, по потекло од сите краишта на Вардарската Бановина, материјално се поддржувал и од самите нив[13].

Директен наследник на последниов, сместен дури и во истиот објект, бил оној што е основан во почетокот на 1942 год. од Добротворното здружение *Утеха.* Големи заложби за неговото отворање имала пензионираната учителка, енергичната Марија Ив. Младенова, претседателка на Здружението, некогашна сотрудничка на Захарија Шумлјанска при формирањето на некогашното истоимено здружение. Капацитетот му бил 50-на стари лица и материјално бил потпомаган од хумани луѓе, од Битолската општина, од Министерството за внатрешни работи на Бугарија[14], а средства се прибирале и од други извори[15].

Домот продолжил да работи и по ослободувањето, но во многу тешки услови[16].

Во почетокот на 20-от век, покрај вакви, се појавуваат и полу – домови, при што старите луѓе останувaaт дома, а грижата и негата доаѓале однадвор. Ваквиот начин први го применуваат членките на Здружението Les Lonises Marillac на Француското училиште на милосрдните сестри Сен Венсан де Пол, кои еднаш на две недели, но и пократко, ги посетувале штитеничките снабдувајќи ги со леб, месо, компири, грав, сирење, а во зима – со ќумур и дрва и друго ка-

---

10. Османлиските власти на немуслиманите им признавале здружувања исклучиво преку црковно–училишни општини
11. Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола низ вековите**, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1992, 238
12. **Записник**, Битољска обласна самоуправа, г. 2, бр. 15, Битољ, 15 август 1928, 2-3
13. **Дом стараца и старица у Битољу**, Вардар, Скопје, 31 август 1933, 2
14. **Приютъ за старци**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 5, 31 Януарий 1942, 2
15. **Вечеринка на женското благотворително д-во Утеха**, Пелистерско ехо, Битоля, г. 1, бр.9, 28 февруарий 1942, 4
16. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Градски народен одбор**, Кутија 1, 2. 240.1.23/83-84

ко добротворен прилог. Им чистеле и им ја разбивале монотонијата со разговори и со топол и пријателски однос[17].

## *Грижа за вонбрачни и незгрижени деца*

Посебно внимание на дел од институциите на Османлиската Империја но и на бројни добротвори, биле децата без родители. Поаѓајќи од искуството што го нуди животот дека децата *„кои останувaат незгрижени можат да станат злосторници“*[18], се изгради нов однос за нивна заштита. Уште во 15 век биле формирани специјални фондови и специјални прифатилишта, кои во голема мера ја изменија сликата за овие деца. Синан (Јусуф) Челеби, припадник на прочуеното семејство Охризаде, во 1491 год. во Охрид подигна *„цветно здание и училиште за муслиманските сирачиња и за победните семејства“*[19], додека кадијата Исхак Челеби од Битола во 1508 год. за ваквите случаи обезбеди храна и бесплатно школување[20].

Локалните судови, исто така, покажувле посебен интерес и грижа за нив. Кога во месец март 1642 год. во близина на Стариот амам во Битола било пронајдено напуштено дете, на возраст од една и пол година, кое умеело да го каже само името – Хатиџе, за негово згрижување во семејство одреди сума од три акчиња дневно[21]. Во истиот суд бил формиран и специјален фонд[22] наречен *„благајна за сираците[23]“* преку кој се згрижувале не само децата без родители, ретардираните лица[24], ами и семејствата што останеле само со еден родител, посебно ако бил машки.

---

17. Александар Крстевски, **Француските училишта во Битола 1856-1947, Воспитанието и образованието во Битола**, Друштво на наука и уметност – Битола, Битола, 1990, 123

18. Сиџил бр. 103, 1837, април 18, бр. 125

19. Александар Стојановски, **Македонија во турското средновековие**, Култура, Скопје, 1989, 228

20. Dr Hasan Kaleši, **Najstariji vakufski dokumenti u Jugoslaviji na arapskom jeziku**, Priština, 1972, 199

21. **Турски документи за историјата на македонскиот народ**, серија прва, том четири, Архив на Македонија, Скопје, 1972, 110. Вака формулираниот долг би требало да значи дека ќе се наплаќа од оние што ќе се јавеле како родители или од роднини, односно од самото лице кога ќе станело полнолетно и кога ќе можело да заработува.

22. Сиџил 113, 1851, април 3

23. Сиџил 136, (незабележан датум), бр. 203

24. Сиџил 136/II, 1869, април 13, бр. 545

Во 17 век (неутврден датум) Хатиџе Хусеин од Синан беј Маало, која останала самохрана, со неколку малолетни деца, добивала по пет акчиња на ден[25], слично како и вдовицата Ајше, мајка на три малолетни деца, од Емир Челеби Маало, во 1850 год., со 10 гроша месечно[26] итн. Наспроти мајката во слични ситуации, помош добивал и таткото. Таков случај е забележан уште во средината на 17 век[27].

Можело да се случи бракот да се растури, децата да ѝ припаднат на мајката, тогаш, како и денес, издршка плаќал таткото.

Во македонската рурална средина за ваквите случаи имало поинакви решенија, многубројните стриковци, стрини и тетки прераснувале во социјална институција и многу успешна замена за починатите родители[28].

За вонбрачните и напуштените деца ќе почнат да се грижат црквено–училишните настојателства, потоа и црквените управи. Во јули 1933 год. новороденче било пронајдено во близина на Камен Мост[29]. Од белешката, пак, на напуштеното машко дете во 1938 год., оставено пред портите на црквата „Св. Димитрија“, се откри дека било од христијански род, дека потекнувало од сиромашни родители, кои не можејќи да се грижат за него, покрај другите 5 деца, ѝ го препуштале на црквата[30] итн.

Додека конечно не се разреши случајот, ваквите деца се доверувани на т.н. *згрижувачки семејства*. Семејството на Константин Сиљановиќ од Битола, за 350 динари месечна награда во 1927 год. прифатило едно[1], а за она што го презеде семејството на Ѓорѓе Божиновиќ во 1928 год. се добивало по 150 динари месечно[31].

Сè до посвојувањето или до сместувањето во дом за сираци, овие деца останувале постојана општинска грижа во која била вклучена и редовна проверка на здравјето и условите во кои живеело детето од општинската бабица и од општинскиот лекар.

---

25. Сиџил 28 (неутврден датум), лист 14/2

26. Сиџил 113, 1851, април 3, бр. 7

27. Сиџил 18, 1661, август 11, 49

28. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела**, том четврти, **Обичаи, обреди, носии**, приредил д-р Томе Саздов, Мисла, Скопје, 1976, 203

29. **Битољске новости**, Вардар, Скопје, 9 јули 1933, 4

30. **У цркви св. Димитрија нађено новорођенче**, Битољске новине, г. 1, бр. 7, 16 јули 1938, 3

31. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Градско поглаварство, Записничка књига** 18, 11 октомври 1928, т. 2 (Понатаму **Книга)**

## *Сиропиталишта*

Во првите години од 20-от век сиропиталиште има во патријаршиската болница *Благовештение* (Евангелизмос), во кое згрижени беа најмалку 8 деца[32]. Работело до 1926 год., кога пресушија донациите од браќата Пиника, па почнувајќи од октомври 1927 год. како за *Дом за стари лица и за сираци* се грижи Битолската општина[33].

Скоро во исто време основан е и *Домот за сираци Утеха,* познато и како *Сиропиталиште на Захарија Шумлјанска*. Иницијативата ја дале Живко Добрев, бугарското трговско аташе и митрополитот на Егзархиската црква во Битола, Григориј, по чие инсистирање за управителка била поставена енергичната Захарија Шумлјанска, учителка, по потекло од с. Могила, а сопруга на Полјакот Јулијан Шумлјански. Како добротворна трпезарија за сираци и сиромашни деца во прво време работи во просторија отстапена од црквата „Св. Богородица“ и во нејзина близина. Откако работата се прошири, започна да згрижува и деца од поширокатa регија зафатена од пожарот на востанието, па бројот на децата се зголеми на 40, додека максимумот од 130 го достигна пред Првата балканска војна, кога и тоа ќе згасне. Шумлјанска, жена со големо срце, која повеќе се грижела за туѓите, отколку за своите деца (едното, машкото, заради недоволно внимание и нега остана, глувонемо) веќе е наречена *„битолска Мајка Тереза“*[34].

Во 1915 год. Мисијата на милосрдните сестри Сан Венсан де Пол згрижува дваесетина бездомни деца. Воените конфликти се причина накратко да престане со работа[35], а нешто подоцна да се пресели и во Солун[36].

Големата хуманистка г-ѓа Харлеј, заедно со уште неколку други добротворки, за време Првата светска војна го организира *Домот за сирачиња.* Првин 80-та деца се сместени во нејзиниот дом, па во предворјето на црквата „Св. Димитрија“, но и на други места, во зависност

---

32. Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола**, 238

33. **Записник**, Битољска обласна самоуправа, г. 2, бр. 15, Битољ, 15 август 1928, 2-3-4

34. **Двама видни българофили – Юулиан и Захария Шумлянска**, Исторически архив, г. 6, кн.13, ноември 2007 – февруари 2008, 32-45; Никола Миновски, **Големата хуманистка Захарија Василева Шумљанска (1864-1937)**, Битола низ вековите, 7, Педагошки факултет – Битола, 2004, 73

35. Ѓорѓи Димовски, **Писма (документи) на француските католички мисионери во Битола за настаните во градот од 1908 до 1939 година**, Гласник на Институтот за национална историја, г. 11, бр., Скопје, 1967, 209

36. Исто, 222



*Шумљанска со штитениците од сиропиталиштето во Битола*

од безбедноста од бомбардирањата[37]. Г-ѓа Харлеј ќе загине на 17 март 1916 год., во едно од жестоките бомбардирања на градот, што беше и причина за крај на сиропиталиштето[38].

Вакви институции формираат и други странци, Даринка (Мејбл) Грујиќ го отвора *Домот за воени сирачиња*, а мултимилионерот од САД, Џон Фронтигем – *Домот за воени сирачиња на Џон Фронтигем*[39].

Сиропиталиште, именувано како *Детски дом*, за кој се грижи Битолската општина[40], работи уште во 1923 год.[41] По иницијатива на епископот д-р Николај во 1936 год. основано е и *Детското засолниште „Св. Никола – Богдај“*, кое било дневен стационар, во кој сирачињата и децата

---

37. Д-р Никола Сотировски, **Хроника на градот Битола во годините на Големата војна 1916-1918)**, Прилози, бр. 5, Научно друштво – Битола, Битола, 1964, 72

38. **Значајни личности за Битола**, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, Битола, 2007, 239

39. Д-р Петар Бојаџиевски, **Санитетот во балканските и во Првата светска војна** (ракопис). Благодарност за отстапените податоци.

40. **Записник**, Битољска обласна самоуправа, г. 2., бр.2, Битољ, 15 јануар 1928, 4

41. **Дани Црвеног Крста у Битољу**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г.3, св. 7, Београд, јули 1923, 255

на бедните родители добивале бесплатни појадок, ручек и педагошка настава[42]. Имало, заради големиот углед на основачот, голема поддршка од општината[43] и од многу цркви, манастири и имашливи поединци[44].

На 3 јануари 1943 год. осветено е *Сиропиталиштето „Царица Јоана“,* кое во прво време засолнувало 56 девојченца и момчиња на возраст од 5 до 14 год.[45]. Во истите простории во 1944 год. започна со работа и најновото сиропиталиште, *„Елпида Караманди“*[46]

Покрај сиропиталишта, во Битола се отвораат и домови за дневен престој, кои ги има и за време окупацијата, а и по ослободувањето на градот[47].

## *Донатори и донации*

Битолската историја, и рана и подоцнежна, познава и помали и поголеми добротвори. Еден од најраните и од најголемите е Сунгур чауш беј, кој уште во 1435 год. за издршка на неговиот имарет (народната кујна) остави дуќани, каравансарај, џамија, анови, ниви, лозја и друг имот[48].

Голем донатор бил и кадијата Исхак Челеби од крајот на 15 и почетокот на 16 век. Како и Сунгур чауш беј дарил комплекс објекти од сакрална и за хуманитарна намена во централното градско подрачје[49].

Во 1713 год. Амине, ќерка на Мехмед оставила *„устен тестамент пред сведоци една третина од својата оставштина да се троши за исхрана на сиромасите и за други добри дела“*[50]. Богат

42. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија у Битољу, Битољ, 1936, 52

43. Книга 58, 17 јануари 1938, т. Потпоре; Книга 67, 10 јануари 1939, т. Потпоре

44. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Збирка на издвоени документи**, кутија 1 (трета категорија), л. 63

45. **Освештане на сиропиталиштето Царица Йоана**, Пелистерско ехо, г. 2, бр. 54, 9 януарий 1943, 1

46. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Записничка книга на ГНО (1944-1945)**, Записник од 9 седница од 18 декември 1944, т. 19

47. **Детскиот дом Ест. Мара свечано е посретна Новата година**, Братство, бр. 1 (70), Битола, 7 јануари 1948, 2

48. Dr Hasan Kaleši, Cit. delo, 65-86

49. Isto, 186-208

50. Сиџил 36, 1713, ноември 10, бр. 32

имот, во 1860 год., оставил трговецот Ташула, по потекло од Јанина, кој остана без наследници, со препорака истиот да се користи за помош на училишта, цркви и за сиромашни граѓани[51]. Благодарејќи на донацијата од 1.200 лири на д-р Константин Мишајков (1807-1880) бил купен огромен простор на кој биле подигнати црквата „Св. Богородица" и школото во нејзината близина[52]. Богатиот Адам Никаруша подарил плац и куќа на местото каде била подигната најголемата и најмодерната болница во Битола и пошироко – Благовештение[53].

На највисокото, на челното место од тој необично богат донаторски список стојат магаревчаните, браќата Јоанис и Теохар Димитриу – Пиника. Занимавајќи се со производство, подоцна и со трговија на памук во Египет, каде се преселиле како многу млади и стекнале огромен имот, започнале да го даруваат наголемо за хумани дела. Ги потпомогнале подигањето и работата на болницата Благовештение, го изградиле објектот на Женското грчко училиште (денес дел од Народна и универзитетска библиотека – Битола), станале и спомагатели за многу сиромашни семејства[54]. Огромна сума од 10.000 златни фунти, наменети за издршка на сиропиталиштето и старскиот дом во Благовештение, Јоанидис ја тестаментирал во 1896 год., условувајќи да се користи каматата, која во Битола доаѓала сè до 1926 год.

Списокот на помалите донатори скоро е неисцрпен: Битолчанката м-р Рајна Алексова, првата аптекарка на Балканот, во јануари 1913 год., за градската сиромаштија приложила 100 динари[55]; вработените во Француско–српската банка од трезорот на Банката на 28 април 1927 год., исто така" издвоиле 500 динари, колку што издвоиле и следната година[56]; владиката Николај Велимировиќ го направил истото[57]; донации дале и наставниците од училиштето „Св.

51. Съветникь, бр. 17, 24 юлий 1864

52. Право, бр. 44, 28 декемврий 1870

53. Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола**, 218

54. Исто, 220

55. **Прилози за сиротињу**, Општинске новине, Битола, г. 1, бр. 3, 20 јануари 1913, 6

56. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Градско поглаварство,** Кутија 1 АЕ 12 17/4 (Понатаму **Кутија**)

57. Кутија 4, 242, 27 декември 1930, бр. 52867

Сава“[58]; членовите на Француско–југословенскиот клуб од Битола[59]; Зружението на битолските геометри[60] итн.

Проблемите навистина со нив не биле решени, но пораката била голема.

## *Општинска грижа за бедни и невработени лица*

Локалната власт, исто така, била окупирана со социјалните проблеми на своите граѓани и интервенирала колку што можела. Во буџетот од мај 1914 год. предвидела сума од 20.000 динари, што била доста висока ставка, како што стои, за „*издршка, помош, за закоп и за огрев за битолската сиромаштија*“[61]. Додатна била онаа што била наречена „*ситна помош*“, а која се користела за лекови.[62] Бугарската власт во 1915 год. формирала специјален комитет од видни граѓани на чело со митрополитот Авксентиј со задача да изнајде брзи решенија за помош на бедните[63].

Бидејќи бројот на оние кои катадневно барале помош бил неутврден, комисиите, кои биле формирани во 1924 год., требало да го расчистат проблемот. Додатна задача им била да ги регистрираат и напуштените деца, лицата на кои им требало лекови, семејствата што имале смртни случаи, а кои немале средства за закоп[64] итн. Извештајот што наскоро пристигна откри поразителна слика за градската сиромаштија. Веднаш следеше интервенција од сума од 60.000 динари, која, иако голема, за многумина била незначителна[65].

Општинската помош по молби, кои се третирале само на 8 мај 1935 год. броеле 329, а доделената помош по семејство се движела од скромните 20, па до највисоките 200 динари[66].

---

58. **Градско поглаварство**, 2. 1. 8. 19
59. **Битољске новости**, Вардар, Скопје, 5 јуни 1934, 2
60. Љуб. Д. Лазић, **Забаве у Битољу**, Вардар, Скопје, 19 јануари 1933, 3
61. **Буџет општине града Битоља за 1914 год.**, Општинске новине, Битољ, г. 2, бр. 49, 23 мај 1914, 4
62. **Биланс**, Општинске новине, Битољ, г. 2. бр. 47, 8 маја 1914, 3
63. **Битолчани за бедните свои граждани**, Родина, Скопие, бр. 38, 26 март 1916, 2
64. Книга 15, 21 март 1924, т. 8
65. Книга 15, 21 март 1924, т. 8
66. Кутија 3, 218/60

По препорака на банот на Вардарска Бановина во 1935 год. формиран бил *Одбор за помош на бедните* на чие чело застана лично претседателот на општината Драгиќ Пауновиќ. Негова задача била да ја координира распределбата на средствата што доаѓале однадвор[67], а тие, заради големината на сиромаштијата, напати биле и значителни, само за 1935 год. изнесувале 500.000 динари[68].

Ваквите државни донирања отворале можности за ублажување на невработеноста со организирање градежни акции, кои општината ги преземала секогаш кога била во можност[69] .

## Домашни хуманитарни здруженија

Почетоците на домашните хуманитарни здруженија се од втората половина од 19 век кога немуслиманите добија право да се организираат во заедници, односно во црквено–училишни општини. Со доброволни прилози започнаа да се градат сакрални и други објекти, ги плаќале учителите и другите заеднички потреби. Преку општината се вршел надзор и врз социјалното однесување на поединецот, посебно врз моралот на жената, а таа давала и прилика да се формираат и здруженија за помош на бедните и на ранливите социјални групи.

Првото вакво здружение, според досегашните податоци, е *Женското братство – пријатели на бедните.* Активно е во крајот на 19 век и работи во рамките на Патријаршиската црковно-училишна општина[70].

Наплив од хуманитарни здруженија се случува по балканските и по Првата светска војна, а причина за тоа се тешките услови за живот предизвикани од војните и од економската криза. Организацијата на Црвениот крст за сите нив стана образецот.

Десет години по основањето (Белград – 1903) во Македонија формирано е едно од најпознатите и најмасовните, *Друштвото на Српските сестри* (Коло српских сестара). Во 1913 год. негови пододбори има во Охрид, во Скопје, во Битола и во уште неколку други градови. Пречекот

---

67. **Градско. поглаварство** 2. 1. 8. 26/2. 2

68. **Општинска помоћ**, Нови сјај, бр. 32, 3

69. Книга 40, 29 август 1934, т. 2

70. Д-р Крсте Битоски, **Дејноста на Пелагониската митрополија (1878-1912)**, Институт за национална историја – Скопје, Скопје, 1968, 90, 120

и негувањето на ранетите војници, грижата за сираците на паднатите војници, организирањето школски кујни во основните училишта, се прокламираните приоритети[71]. Претседателка на битолското здружение во 1934/35 год., кое општинските власти штедро и во континуитет го помагаат[72], е Атина Лешњаревиќ, сопругата на екпретседателот на градот и голем активист на Црвниот крст, Петар Лешњаревиќ[73].

Веднаш по Првата светска војна, а со цел посветување посебна грижа за подмладокот, формирано е полу – државно и полу – граѓанско здружение. Името му е *Месна државна заштита на деца и младичи.* Средства за работа добива од локалната управа, но и преку разни форми што ги организира, меѓу другите и од концерти. Еден таков, доста успешен, организиран е на 4 октомври 1920 год.[74]

Во 1928 год., само една година по основањето, во Скопје профункционира *Пододборот на друштвото на Србинките Кнегиница Зорка*. Организиран е и во Куманово и во Велес (една година по Скопје) и во Крива Паланка (нешто подоцна). И нему главна грижа му е подмладокот и работејќи во таа насока, се труди да организира школски кујни. Една, именувана како кујна за *„гладните школски деца"* формира и битолскиот Пододбор во 1929 год., кој за тоа побара материјална потпора од општината, која и ја доби, меѓутоа, само во висина од 1.000 динари[75]. За прв претседател избрана била учителката Олга Поповиќ, за секретар В. Петровиќ, а неговото времено седиште било во Основното училиште „Св. Сава"[76]. Во 1936 год. има 40 членови и располагал со резерва од 5.000 динари[77]. За разлика од Битола, каде активностите му се скромни, во Штип успеа да формира детска градинка, а во Струмица – кујна и интернат за ученици[78].

Едно од најпопуларните вакви здруженија кај нас било *Српска мајка*. Основано е во Белград во 1911 год. и имало меѓународна репутација, било активен член и во Интернационалната лига за заштита на децата. Во Македонија првиот пододбор отпочна со работа во Скопје, во

---

71. **Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937**, Скопље, 1937, 1041
72. Книга 24, 7 март 1930, Разне потпоре
73. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија у Битољу, 27
74. **Концерт**, Развитак, г. 1, бр.4, Битољ, 3 октобар 1920, 3
75. Книга 21, 21 февруари 1929, т. 3
76. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Фонд Збирка на плакати**, Кутија 3, 1 ж/235
77. **Споменица двадесетпетгодишњице,** 1045
78. Исто, 1043

1927 год. Централниот интерес, како и за некои други слични здруженија, му била мајката, која преку разни форми се труди да ја едуцира посебно во одгледувањето и подигањето на детето[79]. Основачкото собрание во Битола одржано е на 14 декември 1930 год. и на него присуствуваа високи гости од Белград, претседателката г-ѓа Даринка Паниќ и членот од потесното раководство г-ѓа Љубица Аранѓелковиќ[80]. За прв претседател била избрана некогашната прва дама на Битола, сопругата на поранешниот голем жупан Буда Борисављевиќ, Христина, на кое место ќе остане и во неколкуте наредни години[81]. Запаметена е како предан активист и успешен организатор, реализатор стана и на диспанзер за доенчиња, во кој двапати неделно беплатни услуги даваа двајца лекари, а се избори и за значителна материјална помош од општината[82].

На 13 април 1933 год., во присуство на голем број битолчани и на гости од Скопје, основано е и Здружението *Југословенска младина на Вардарска Бановина во Битола*, кое наскоро е преименувано во *Југословенски препород,* со кое име ќе остане до крајот на неговата историја[83]. За прв претседател бил избран енергичниот млад битолски адвокат Филип Николиќ, а за секретар Сотир Мицковиќ, секретар на општината, еден од оние успешни преселници од Егејска Македонија, кои, бегајќи од грчкиот терор, нашле засолниште во Битола. Во 1933 год., со средства добиени од забави, Здружениево успеа да облече десетина сиромашни деца од основните училишта[84], а најавувало и други слични амбиции, меѓу кои една била да издава и сопствено гласило[85].

Истата, 1933 год., основано е уште едно вакво здружение. Името му е *Пастир*. Иницијатор и негов прв претседател е епископот д-р Николај Велимировиќ. Основната задача за околу 300 негови активни членови била да им помагаат на неволните во храна и облека И, благодарејќи

---

79. Исто, 1042

80. **Друштво Српска Мајка у Битољу**, Вардар, 16 февруари 1933, 3

81. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија у Битољу, 27

82. Книга 27, 22 јануари 1931, т. 5

83. **Југословенски Препород у Битољу за битољску сиромашну децу**, Вардар, Скопје, 21 декември 1933, 7

84. **Битољске новости**, Вардар, Скопје, 12 декември 1933, 4

85. **Југословенски Препород жели да има свој лист, вођен једним редакционим одбором**, Вардар, Скопје, 16 мај 1934, 5



*Деца со донирана облека од ова здружение*

на името на иницијаторот, материјална потпора добивало од повеќе страни[86], но касата ја надополнувало и од вообичаените популарни концерти и забави[87].

Задачата на *Друштвото „Корка леб"*, основано во 1936 год., сесрдно прифатено од битолчани, била помош на бедните, посебно со најосновните потреби, храна и облека. На 18 јуни 1938 год. облекло 20-на сиромашни ученици од основните училишта во просториите на Здружението во присуство на сета управа и на претседателот Константин Робе. Со тоа потврди дека во таа насока веќе работи континуирано, зашто и претходно преземало слични акции[88].

86. Исто

87. **Концерт и забава**, Кајмакчалан, г. 1, бр. 1, Битољ, 1 децембар 1936, 2; **Добротворно друштво Пастир**, Кајмакчалан, Битољ, 5 јануари 1937, 3

88. **Хумано друштво Кора хлеба оденуло 20 деце**, Битољске новине, г. 1, бр. 4, 26 јуна 1938, 3

Други добротворни друштва, именувани како женски, се и: *Женската подружница, Еврејската женска подружница, Женското движење* и *Здружението на учителките и воспитувачките*[89].

Имало здруженија и со национален предзнак, од кои најрано е *Еврејското здружение „Малбаш Арунни"*. Формирано е во 1922 год. со агилна управа на чие чело стоел Жозеф Арија, битолски трговски агент. За празникот Пасха во 1923 год., со припомош на Еврејската верска општина и на Еврејското женско здружение, додели 110 машки и 40 женски алишта на сиромашни дечиња од својата заедница, а децата превозбудени од чинот на доделувањето, липаа, што ги потресе сите присутни[90]. Во годините 1925 и 1926 на челното место доаѓа големиот борец за еверејските права и висок интелектуалец, рабинот Шабетај Џаин, кој веднаш внесол полетен дух во работата[91].

*„Озер Далим"*, е следното здружение кај битолските Евреи, материјално потпомогано и од Битолската општина, која била слична на останатите, во 1928 год. изнесувала 2.500 динари[92]. Управата, во 1937 год., успеа да обезбеди средства за бесплатни лекарски прегледи и лекови за најсиромашните сонародници, како и облека и бесплатна храна за бедните ученици[93].

Добротворно здружение со име *„Хамијет"* формирано е на 21 мај 1934 год. од битолските муслимани. Средствата од членарината, од помошта на општината, донациите од побогатите муслимани и од други извори, се употребувале, главно, за храна, облека, лекови, како и за помош за закоп и за други хуманитарни дела за сиромашните сонародници[94].

Последното хуманитарно здружение што ќе се формира во Битола пред ослободувањето е *„Утеха"*. Го доби истото име на поранешното на Захарија Шумљанска, зашто претседателката Марија Ив. Младенова, некогашна сотрудничка на Шумљанска, посака тоа да се третира за континуитет на претходното. Тоа со својот ангажман, најногу со авторитетот на претседателката, успеа да го возобнови Домот за стари лица и да обезбеди бесплатно школување на

---

89. **Битољски Обласни Одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Срба, Хрвата и Словенаца, г. 8, св. 1, Београд, април 1928, 115

90. **Друштво Малбаш Арунни**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 9, 1 април 1923, 3

91. Ѓорѓи Димовски–Цолев, **Битолските Евреи**, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 128

92. **Битољска обласна самоуправа**, г. 2, бр. 2, Битољ, 15 јануар 1928, 4

93. Љубо Стојовић, **У Битољском гету царује беда, глад и болест али се може чути и по која кантата од оних које се данас у Шпанији више не разлеже**, Време, Београд, 17 фебруари 1938, 15

94. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Биитола, **Фонд Муслиманско потпорно друштво Хамијет – Битола**, 1934-1941

девојки во работничките школи[95]. Материјалните проблеми ги решавало со донации[96], а и со организирање на традиционалните забави[97].

## *Странска хуманитарна помош*

Странска хуманитарна помош во Македонија започна да пристига скоро веднаш по големите трагедии, по Илинденското востание и по војните што следуваа. *„По земјата*, се вели во едно соопштение од ова време, *шетаат многу странци, кои на бедното население му делат помош“*[98].

Здружението *„Македонски помошен комитет“* од Велика Британија, со кое раководел брачниот пар Х. Н. Брејлсфорд и леди Брејлсфорд, во тој однос беше се ангажирало најмногу. Во октомври 1903 год. дојдоа и лично во Македонија и со припомош на американските и француските мисионери, кои веќе се наоѓаа тука, ја распределуваа помошта[99]. *„Помагавме без оглед на вера и народност, била грчка или бугарска. Пред сѐ, гледавме да им помогнеме на болните, вдовиците, сираците и старците. Помагавме на 57.000 души и им го спасивме животот“*, пишува учесник по акцијава[100]. Во помошта за егзархиските села, што одела преку Егзархиската митрополија, виден ангажман вложи и митрополитот Григориј[101].

---

95. **Патрониятъ празникъ на Девическото професионално училище въ Битоля**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 21, 23 май 1942, 3

96. Штедри донатори, меѓу другите, биле и припадниците на познатото битолско семејство Робеви. Во крајот на 1943 год. наместо помен за Александар К. Робев семејството донираше 3.000 лева, а помошникот обласен директор д-р Кон. Ив. Робев по повод двете години од смртта на мајката Виторија и двата браќа, Димитар и Наум, приложи уште 1.000 лева (**Вести и съобщения**, Пелистерско ехо, г. 2, бр. 94, 14 декември 1943, 4

97. **Вечеринка на женското благотворно д-во Утеха**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 9, 28 февруарий 1942, 4

98. Д-р Христо Андонов – Полјански, **Книга за Илинден**, Институт за национална историја, Скопје, 1969, 259

99. Христо Андонов – Полјански, **Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа, Книга за Илинден**, Институт за национална историја, Скопје, 1969, 266, 267

100. Д-р Христо Андонов – Полјански, **Книга за Илинден**,. 259

101. **Двама видни българофили – Юулиан и Захария Шумланска**, Исторически архив, г. 6, кн.13, ноември 2007, февруари 2008, 32

Со *Македонскиот помошен комитет* во 1913 год., со кој сега раководела мис Мак Квин, исто така, голема хуманистка, се успеа да се обезбеди храна за околу 1.000 бегалци – муслимани, кои се беа засолнале во Битола, бегајќи од зулумите на распојасаните српски комитаџии[102].

Експресна помош испрати и здружението *„Друштво на српските сестри“* (Коло српских сестара) преку две храбри Србинки, сликарката, госпоѓицата Надежда Петровиќ и госпоѓата М. Добри. Во Битола пристигнаа на 6 декември 1903 год. и останаа три дена, за кое време помошта ја распределуваа лично[103].

Англичанката мис Катарини Мекел во Битола со лични средства организираше општинска болница за категоријата граѓани со социјални уверенија. Болницата со работа отпочна на 21 јануари 1913 год. со две одделенија со по 10 кревети, едното за машки, другото за женски пациенти[104].

Следната, уште пострашна трагедија што уследи беа двете последни години од Првата светска војна (1916-1918), кога Битола скоро наполно е срамнета со земјата по интензивните катадневни бомбардирања. Видниот трговец од Битола, Сотир Секуловиќ, при средбата со д-р Рајс на Швајцарецот му тврдел дека: *„Доколку сојузниците задоцнеле само 15 дена, во градот ќе најдеа многу луѓе починати од глад“*[105]. Меѓутоа, и покрај помошта што набргу дошла, трупови од жени и деца умрени од глад, можеле да се сретнат насекаде[106].

Ваквата невидена трагедија предизвика и невиден хуманитарен ентузијазам меѓу поединци и меѓу здруженија низ целиот свет.

*Шкотските жени*, надалеку познато хуманитарно здружение, во Македонија пристигаат меѓу првите. Со себе донесоа санитетски материјал, храна, облека, најмногу неизмерна желба да помагаат. Со санитетските возила („амбиланс“, како што ги нарекуваат), со кои шоферираат самите, спасиле неброени ранети и болни војници, извлекувајќи ги дури лично од самите борбени линии на Солунскиот фронт. *„Оној што ги видел морал да дојде до уверување дека имаат пот-*

102. **Британски конзули во Македонија, 1797-1915**, Државен архив на Македонија, Скопје, 425
103. Душан Хр. Константинов, **Битола 1903,** Народен музеј – Битола, Битола, 1983, 236
104. **Општинска болница**, Општинске новине, Битољ, г 1, бр. 3, 20 јануар 1913, 6
105. D-r R. A. Reiss, **Le martyre de la ville de Monastir – Bitolj**, 10
106. Ѓорѓи Димовски, **Писма (документи)**, 217



*Дел од здружението „Шкотски жени“*

*полно право кога се борат за еднаквост со мажите со сите права и должности“* се вели во еден восхитувачки заклучок за нив[107].

Блиски на нив се и милосрдните сестри од редот *Сен Венсан де Пол*, кои во Битола доаѓаат во 1900 год. и во неа остануваат половина век, испишувајќи ги најпрекрасните страници од историјата на хуманоста во Битола.

Некакво средување со исхраната на битолското население се случува по реокупацијата на Битола, кога пристигаат поголеми количества брашно и други прехранбени продукти што ги обезбедуваат владите на Русија, Франција и Британија. Во ноември 1916 год., во Солунското пристаниште чекаат на растовар 500 вагони брашно[108], кое наскоро се транспортира преку железничката врска до Битола [109]. За да се олесни и забрза распределбата, се формира *Од-*

[107]. Д-р Жарко М. Рувидић, **Задатци Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 6, Београд, јуни 1924, 196

[108]. Д-р Глигор Тодоровски, **Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917,** Институт за национална историја – Скопје и др., Скопје, 1981, 371

[109]. Исто, 389

*деление за исхрана на населението* кое во голема мера помогна во средување на ситуацијата со снабдувањето на храната. Оние за кои се оценуваше дека можат да ја платат, им се наплатувала, за другите што не можеле тоа да го направат, ја добивале бесплатно[110].

## Народни кујни

Народните кујни во нашите краишта дојдоа заедно со Османлиите, кои како традиција ги презедоа од блискоисточните народи. Биле познати како *имарети*, чие значење било кујни за сиромаси или народни кујни. Биле вакафски и ги имало во сите градови во Империјата, во Солун, во средината на 17 век на број биле дури 16[111].

Првиот битолски имарет го организирал во 1435 год. еден од најголемите битолски добротвори, прославениот командант и миленик на цариградските султани, Сунгур чауш беј и бил лоциран во северниот, приградски, ненаселен појас, на аголот меѓу денешните улици Илинденска и Јане Сандански. Од трите бесплатни оброци на ден, што се делеле во раниот период и толку траеле со векови, во 1941 год. спаднаа на еден и тоа, симболично, само еднаш годишно[112].

Исхак челебијниот имарет, пак, се наоѓал во непосредна близина на чаршијата, покрај денешната централна активна џамија. Востановен бил со средства на богатиот Исхак челеби, кој во Битола се доселил од Солун, од местото кадија, во крајот на 15-от или во првата деценија од 16-от век. Џамијата ја подигнал во 1506 год., заедно и целиот систем објекти, кој се состоел од мектеб (основно верско училиште), медреса (средно верско училиште), преноќиште, кујна, трпезарија, остава и др.[113]

Народни кујни во Битола се отвораат и во времето што доаѓа.

Во Првата светска војна една ѝ припаѓа на големата хуманитарка мисис Харлеј. Првин ја лоцира во самиот град, потоа, заради честите и жестоки бомбардирања, е дислоцирана и се

110. Исто, 388-395

111. **Македонија во делата на странските патописци**, 1371-1777, 539

112. Александар Стерјовски, **Првиот битолски имарет**, Битола низ вековите, 3, Факултет за учители и воспитувачи – Битола, Битола, 2000, 43

113. Dr Hasan Kaleši, Cit. delo, 197, 199





*Народните кујни „Св. Никола“ и „Св. Петка“ (1942)*

преселува надвор од Битола, во село Могила, како најпогодно и најблиско место и за селското и за градското население[114].

Ваква кујна, скоро во исто време, организира и Српско–англиското потпорно друштво[115].

За разлика од времињата кога индивидуи – добротвори се јавуваат како основачи и спонзори, меѓу двете светски војни носител за отворање е локалната власт. Иницијативи и поттик дава и Бановинската управа од Скопје[116].

Со решение од Одборот на Општината од 19 март 1935 год. во Битола отпочнаа градежни работи за објект со утврдена намена, требало да биде народна кујна. Имала пространа трпезарија, остава, а и соодветна просторија каде ќе се подготвувала храната. Бил избран дворот на црквата „Св. Петка“[117].



114. Д-р Петар Бојаџиевски, **Санитетот во балканските и Првата светска војна** (ракопис)
115. Исто
116. Книга 27, 6 март 1931, т. 2
117. Книга 48, 19 март 1935, т. 10

Во следната, 1936 год. основана е уште една, онаа на хуманитарното здружение *Пастир*, во која бесплатна храна добивале 80 сиромашни граѓани[118].

Работничка кујна, наменета само за вработените во Претпријатието за обработка на тутун (Монопол), отпочна со работа во 1933 год. Оброците, кои чинеле само динар, односно биле безмалку бесплатни[119], биле вкусни и калорични („*Храната е таква што секој со апетит ја јаде*", пишува еден гостин кој го посетил претпријатиево[120]).

Народни кујни во Битола се отвораат и за време бугарската власт. Првата, која ги користи просториите и опремата од црквата „Св. Петка", се отвора во почетокот на 1942 год.[121], втората го одбра предворјето на црквата „Св. Никола".

Народна кујна во Битола формирана е и во 1945 год. за 1.200 бегалци од Егејска Македонија, по нивниот егзодус од Грција[122].

## *Школски кујни*

Бесплатната храна за учениците од битолските училишта како традиција била многу стара, а учениците од Исхак челебијната медреса се меѓу првите корисници. Откако доаѓаат тешките меѓувоени години, кога голем број родители *„не можеа на своите деца да им го обезбедат она што им било најпотребно за живот – храна"*[123], ваквите кујни станаа нужно решение и се намножија необично.

Првата понова отворена е на 8 јуни 1919 год. во Гимназијата. Активна е сосема кратко време, само месец дена, до 3 јули, односно до завршувањето на школската година. Без ангажманот на Американската мисија на Црвениот крст од Битола, која издвои 5650 динари донација[124]

---

118. **Добротоворно друштво Пастир**, Кајмакчалан, Битољ, 5 јануари 1937, 3

119. Т. Л., **Дуванска станица у Битољу**, Вардар, 25 мај 1933, 6

120. Цеко Стефановић, **По Вардарској Бановини**, Вардар, Скопје, 13 арпил 1933, 11

121. **Народни кухни и трпезарий**, Пелистерско ехо, Битоля, г. 1, бр. 3, 31 януарий 1942, 3

122. **Работа на битолскиот социален отдел во потпогнуење на сиромасите**, Братство, г. 1, бр. 5, Битола, 31 јануари 1946, 2

123. **Извештај за школску 1949/40 годину**, Државна реална гимназија... 42

124. Американската мисија на иницијатива на Михајло Пупин излезе во пресред и во стартот на Битолската богословија во 1921 год. и во организацијата на богословскиот интернат со донација од 70 железни кревети, 25 кг. ѓон, 70 пара машки костумчиња и 500 јарди платно „американ" (Извештај за школску 1932/33 годину, Српска православна богословија,18)

и без прилозите на добротворните битолчани, сигурно никогаш 73 најсиромашни гимназијалци немаше да успеат да го убиваат гладот преку денот[125]. Поновиот старт е само со појадок, кој се дели до 1929 год., а целосно возобновена е во 1931 год., со големи заложби и интервенции на родителите и членовите на Подмладокот на Црвениот крст од Гимназијата. Од второто полугодие на учебната 1933/34 год., на голема радост на учениците и на родителите, покрај појадок, се сервира и ручек[126]. Во периодот од 1932 до 1937 год. се хранеле вкупно 500 ученици[127], а само во учебната 1936/37 год. 87 ученици[128], кое е најдобра слика за состојбите со гладот.

Средства за продолжување со работа се обезбедуваат од концерти, од донации од општината, од Црвениот крст и од други извори.

Инвентивните гимназијалци во 1930 год. изработуваат биста на кралот Александар и ја понудуваат на Општината да ја откупи. Добиваат 500 динари, кои веднаш ги уплатуваат на сметката на кујната[129].

Бидејќи донаторите, главно, се занаетчии и трговци, потпомагаат со прехранбени и други продукти што се наоѓаат во нивните рафтови. Во учебната 1938/39 год. Наум Симјановиќ донирал 40 кг компири, капетанот во пензија Св. Сретеновиќ 40 кг зелка[130], фирмата Стерјевиќ–Атанасовиќ 25 кг макарони. Истата учебна година Месниот Црвен крст доставил 69 кг шеќер, Општината Диово – 70 кг грав[131] итн.

Школска кујна има и во Основното училиште „Св. Сава“ (денес оп. ос. уч. „Г. Делчев“), во која во 1934 год. се хранат 130 основци[132]. Сместена е во сутеренот на училиштето и подготвувала два оброка дневно, појадок и ручек[133].

125. **Извештај за јануар–јул 1919 године**, Битољска гимназија, 16

126. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Битољска гимназија, 38

127. **Битољске новости**, Кајмакчалан, г. 1, бр.4, Битољ, 20 март 1937, 3

128. Исто

129. Книга 24, 12 декември 1930, т. 7

130. **Извештај за школску 1938/39 год.**, Државна реална гимназија...38

131. **Извештај за школску 1938/39 год**., Државна реална гимназија...38

132. **Сиромашни ђаци у Битољу**, Вардар, Скопје, 4 јануари 1934, 3

133. Ѓорѓи Лазаревски, **50 години ОУ „Гоце Делчев“**, Битола, Основно училиште „Гоце Делчев“ – Битола, Битола, 1994, 16

Кујна има и во училишето „Кирил и Методиј“. Се издржува најмногу од донации, меѓу кои посебно значајни се оние на Црвениот крст. Долг список на спонзори објавува локалниот весник Нови сјај, во кој има имиња и на неколку Евреи[134].

Друштвото „Кнегиница Зорка“ во 1929 год. се носело со намера да организира, исто така, ученичка кујна и за таа цел побарало материјална помош од Општината. Добило 1.000 дин.[135]

Битолскиот обласен одбор во текот на учебната 1932/33 год. успева да организира 14 школски кујни[136], а следната учебна година ги има 15, во кои се хранат 811 ученици[137].

Школски кујни отвораат и бугарските власти од Втората светска војна. Во почетокот на јануари 1942 год. проработуваат неколку и тоа за 100 консументи во училиштето „Д. Груев“ во Генимаале и за исто толку и во Гимназијата. Се отвораат и по селата, онаа во Новаци хранела 24 ученици[138].

Ваквите кујни решавале навистина многу горлив проблем, дневната исхрана, но учениците не многу радо влегувале во нив. Еден, кој се хранел во гимназиската пред Втората светска војната, сеќавајќи се на тие денови, со горчина ќе се исповеда: „*Се чувствував многу потиштено кога требаше да слезам на јадење во визбените простории на Гимназијата. Беше тоа невидено понижување*“[139].

---

134. Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Битолските Евреи**, 140

135. Книга 21, 21 февруари 1929, т. 3

136. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1933, 171

137. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 93

138. Б. М. Ценовъ, **Ученическа трапезария открита въ с. Новаци**, Пелистерско ехо, Битоля, г. 1, бр.10, 7 мартъ 1942, 2

139. Соопштение на Никола Каранфиловски, пензионер од Битола (април 2006)

# Црвениот крст до ослободувањето

## Поставување темели

### *Црвениот крст кај Јужните Словени*

Црвениот крст меѓу Јужните Словени организиран е десетина години по одржувањето на Женевската конвенција. Условите за тоа погодувале, популарноста на новата организација рапидно растела и наголемо се прифаќала низ европските и други држави, а на балканскиот хоризонт веќе се појавувале темни облаци со воени разрешници, во кои Црвениот крст би требало да одигра битна хуманитарна улога.

Младиот лекар д-р Владан Ѓорѓевиќ, кого заради преданоста на идејата и упорноста со која ја застапувал, уште го нарекуваат и српски Анри Динан, уште во во 1871 год. поведува иницијатива за нејзино пошироко запознавање низ Србија. Држи предавања, пишува текстови, патува и пропагира и успева, на крајот, да ја заинтригира српската паланечка јавност за извонредното значење што го има таа, посебно во воени услови. На крајот, на 18 јануари 1876 год., во салата на Градското казино во Белград успева да собере интелектуална елита, која ја одобрува иницијативата и дава согласност да се формира одбор кој ќе ги подготви правилата. За среќа, Ѓорѓевиќ веќе ги имал изработено, а кнежевската влада ја имала дадено и согласноста за формирање на организацијава, па веднаш можело да се премине на натамошна постапка. Наскоро, односно на 25 јануари (6 февруари) 1876 год. формирано е Српското друштво на Црвениот крст. Претседател стана митрополитот Михаил, а во одборот влегоа познати личности од јавниот живот. Истата година кнежевската влада ја потпишува и Женевската конвенција и со тоа српското здружение стана полноправен член на големата меѓународна организација.

Набргу ќе се случат многу војни што ќе ги поведе Србија или во кои била принудена да влезе (1876, 1877-78, 1885, 1912-1913, 1914-1918), па формирањето на Српскиот Црвен крст ќе се доживее како вистинска визионерска одлука.

Црногорскиот Црвен крст, основан во 1875 год., и е најстариот меѓу јужнословенските народи. Кнезот Никола на 29 ноември 1875 год. ќе ја потпише Женевската конвенција, а на 15 јануари 1876 год. ќе се свика и скупштина на која ќе бидат разгледани и прифатени неговите правила, при што бил избран и Главен одбор, со што тој отпочна да работи со полна пареа.

За време окупацијата на Босна и Херцеговина во 1878 год., а за помош на бегалците дојдени оттаму, во Загреб е формиран Одбор за помош на ранетите и болните, кој следната година се преименува во Хрватско патриотско друштво за припомош на ранетите, воените вдовици и бедните. Во 1882 год. истото прераснува во Друштво на Црвениот крст на Кралството на Хрватска и Славонија, кое е во тесна врска со Унгарскиот Црвен крст. Во 1902 год. има 30 месни одбори, а во 1914 год. бројот му се покачува на 50. За време Првата светска војна станува мошне активен и 300 негови доброволци успеваат да пренесат преку 70.000 ранети и болни.

Некакво добротворно здружение за ранети и болни во 1879 год. формирано е и во Љубљана, кое наскоро станува Словенечки Црвен крст.

Вакви организации скоро во истото време се формираат и во Војводина и во Босна и Херцеговина[140].

Во приближни временски рамки основан е и Бугарскиот Црвен крст[141], а албанскиот многу подоцна[142].

## *Обединување на јужнословенските организации на Црвениот крст*

Новата геополитичка карта што настана по Првата светска војна во Балканот и во светот издиктира и постави нови односи и во Црвениот крст. Тоа се случи и со здруженијата кај јужнословенските народи, за кои мораа да се бараат нови решенија и да се вклопат

140. **Spomenica 1876-1936**, Društvo Crvenog križa**,** Beograd, 1936, 74-204

141. **Педесетгодишњица Бугарског друштва Црвеног крста**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 9, 10, Београд, септембар–октомбар 1937, 285-287

142. Во февруари 1922 год. епископот Фан Ноли и министерот за надворешни работи на Албанија со заедничкото писмо од 6 февруари 1922 год. упатено до Лигата на друштвата на Црвениот крст известија дека во нивната татковина е основан албанскиот Црвен крст и замолија за помош во стартот и во натамошниот негов развој (**Албански Црвени Крст**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 159)

во новонастанататa Држава на Србите, Хрватите и Словенците. Сепаратно живеење, очигледно, повеќе не беше можно.

Формалното обединувањето се случи на 25 декември 1921 год. на последната, 35-та седница на Друштвото на Српскиот Црвен крст, по претходно одобрение и од кралската влада (решение од 27 јули 1921, бр. 3014) и се создаде ново, Друштво на Црвениот крст на Србите, Хрватите и Словенците[143]. Имотот на српското, движен и недвижен, му припадна на новото, датумот на српското основање (25 јануари с.с., 6 февруари н.с. 1876 год.) стана датум на новоформираното. На истата седница бил избран и Главен одбор и нова управа, а прогласувајќи го за продолжувач на старото, новото не доживеа никаков дисконтинуитет во односите со другите слични меѓународни организации, ниту со централите во Женева и Париз[144].

Навидум преобразбата се случи без поголеми потреси и многу лесно, што, всушност, е површен впечаток. Центрифугални сили на националните интереси не само што искажаа резерви, ами дадоа и отворен отпор.

Припојувањето на Црногорскиот Црвен крст не беше проблем, што било и очекувано. На седницата на Главниот одбор, одржана на 24 август 1920 год., што значи и пред официјализирањето на новото здружение, без дискусии и дилеми, падна одлуката за негово претопување.

Проблеми настанаа со Хрватскиот и Словенечкиот Црвен крст и токму со нив најмногу и најдолго ќе се работи, и заткулисно и јавно. Откако првин, на 20 октомври 1918 год., Хрватскиот Црвен крст се прогласи за независен и се отцепи од централата во Пешта, започнаа разговорите и преговорите за заедничкото здружение. Делегација од неколку члена на Српскиот Црвен крст патува во 1919 год. за Загреб да ги објасни предностите од новата идеја. Мисијата, се чини, е успешна, па на 24 август истата година, на вонредно собрание на Хрватскиот Црвен крст, избран е Времен одбор со задача да го изврши присоединувањето. Работите, меѓутоа, неочекувано се усложнуваат со барање првин да се изработи закон за идното здружение, па дури по-

143. **Преображај Српског Друштва Црвеног крста у Друштво Црвеног крста Срба, Хрвата и Словенаца,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 3, март 1922, 73-74

144. **Spomenica 1876-1936**, 209-212; **Друштво Црвеног Крста Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 7, Београд, јули 1923, 277; **Извештај Главног Одбора Друштва Црв. Крста Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 10, Београд, октобар 1923, 352; **Извештај Главног Одбора Црв. Крста Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 11, Београд, новембар 1932, 391

тоа да се изврши евентуалната интеграција. Тоа е причина датумот на формализирање на новото здружение да се пролонгира до 4 ноември 1923 год., односно до донесувањето на новите правила[145].

Процесот со Словенечкиот Црвен крст е уште посложен и трае уште подолго, до 24 мај 1924 год., кога е инаугуриран Обласниот одбор на Друштвото на Црвениот крст на Словенија.

Со слична постапка припоени се и друштвата од Војводина и од Босна и Херцеговина[146].

Со тоа заврши дел од историјата на националните здруженија и отсега натаму единственото име за сите нив е Друштво на Црвениот крст на Србите, Хрватите и Словенците, а датумот на неговото настанување е 25 декември 1921 год. кога е донесен основачкиот акт. Сентиментот, меѓутоа, за датумот на формирањето на Српскиот Црвен крст, никогаш не згасна, често се експлоатирал и се прославувал. На 6 и 7 јануари 1926 год. и Битола ќе ја одбележи 50-годишницата од неговото настанување[147].

## Странски мисии на Црвениот крст во Битола

*Американската мисија на Црвениот крст* е најзначајната и најприсутната хуманитарна странска мисија што работела на просторите на Балканот. Се појави прва, замина последна. Отворала народни кујни, болници, помагала насекаде, всушност, истурала огромни материјални средства. Отворала и училишта со здравствен предзнак. Една, која била за чување на народното здравје, во која се образувале болничарки, врз чии темели по војната, со средства повторно од истата мисија, ќе проработи Школата за болничарки во Ваљево, е онаа на д-р Рикер.

Истата мисија е меѓу првите што ќе пристигне и во Битола. Доаѓа со богата помош, собрана преку донации во декември 1903 год., односно веднаш по големата трагедија и претстојната

145. **Правила Друштва Црвеног Крста Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 8, Београд, август 1923, 287-310

146. **Spomenica 1876-1936**, 179-206

147. **Друштвени живот**, Самоуправни гласник, г. 2, бр. 2, Битољ, 15 јануара 1926, 7

зима. Лично ја носи претседателката на Црвениот крст, мис Клара Бартон, и ја распределува меѓу населението што најмногу настрада, она од Битолско и Костурско[148].

Под раководство на Л. Бонд, Мисијава успева да организира и болница, која е добро опремена, има богато складиште од санитетски материјал, храна и облека и во која работат предани американски мисионери[149]. Продолжува да работи и по Првата балканска војна, кога згрижува 800 бегалци – муслимани од селата, кои нашле засолниште во градот[150]. Со такви активности окупирана е и за време Првата светска војна. Првин, во декември 1916 год., пристига група раководни лица од Мисијата за да ги испитаат потребите, па потоа доаѓаат екипи од медицински стручњаци и од доброволци, кои со себе носат богата медицинска опрема и храна и кои веднаш ја отпочнуваат жестоката битка со смртоносните болести и со гладот[151].

Во битката се вклучуваат самоиницијативно и поединци.

Болничарката мис Емили Симон (Emily Simmonds), активен член на Американскиот Црвен крст, со голема снаодливост во исклучително тешки прилики, успева изгладнетото население од битолското село Брод да го спаси од голема катастрофа[152]. Големиот хуманист и извонредно богатиот Американец Џон Фронтигем, се потруди во 1918 год. да достави поголема хуманитарна донација, да организира и специјална мисија на Црвениот крст. Посебно задоволство му причинувало самиот, без страв од зараза и со посебна нежност, да се вклучи во негувањето на болните и на ранетите[153].

Кога во 1919 год. се формира школската кујна на Гимназијата, Американската мисија на Црвениот крст повторно има посебна заслуга. За да може да профункционира и непречено да работи, донесува решение да ги покрие сметките за лебот и намирниците во висина од 6.650 динари, што навистина била голема помош на стартот[154].

---

148. Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола**, 134, 341 б

149. Исто, 259

150. **Британски конзули во Македонија**,425

151. Д-р Петар Бојаџиевски, **Санитетот во балканските и Првата светска војна** (ракопис)

152. Herbert Corey, **On the Monastir road**, The national geographic Magazin, vol. 31, no. 5, Washington, may 1917, 398-399

153. Isto,179-133

154. **Извештај за јануар–јул 1919 године**, Битољска гимназија, Битољ, 1919, 16

Американскиот Црвен крст помогна, советодавно и материјално, во формирањето и на Подмладокот на Црвениот крст кај нас[155].

Наскоро со хуманитарна помош се вклучува и *Рускиот Црвен крст*. Иницијативата ја дава конзулот Кохмански, кој, согледувајќи ја тешката положба на населението за време Првата светска војна, испраќа посебен извештај до својата влада со предлог тамошниот Црвен крст да испрати болничари, медицински сестри и доброволци, со што, според него, Русија би добила *„престиж среде Македонците“*[156].

*Англискиот Црвен крст*, преку вицеконзулот на Велика Британија, Чарлс Грег, во 1913 год. обезбедува храна за 800, од вкупно 4.500 муслимански бегалци кои се засолнуваат во Битола[157].

Во Првата светска војна на нашиот терен работи и *Холандскиот Црвен крст*. Организира посебна болница, која, како што тврди д-р Рајс, во прво време била сместена во просториите на милосрдните сестри Сен Венсан[158], а потоа и во османлиската Воена академија[159].

*Францускиот Црвен крст* во својата земја организира собирни акции, кои потоа доставките ги дистрибуира преку француските мисионери лазаристи[160].

Покрај наброените и други национални организации со знакот црвен, крст за време Првата светска војна организираат болници и му помагаат сесрдно на месното население со храна и облека.

*Главниот одбор на Црвениот крст на Европа* ги координира и ја организира ваквата помош и во голема мера помага да пристигне навреме и да се распредели рационално[161].

---

155. **Извештај Главног Одбора Друштва Црв. Крста Срба, Хрвата и Словенаца о раду у 1921 и 1922 години**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 10, Београд, октобар 1923, 354-355

156. Душан Хр. Константинов, **Битола 1903**, 136

157. **Британски кунзули во Македонија**, 425

158. Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола**, 140, б.359

159. Исто, 141

160. Исто, 135

161. Д-р Петар Бојаџиевски, **Санитетот во балканските и Првата светска војна** (ракопис)

## Првиот Пододбор на Црвениот крст во Битола

Османлиската Турција спаѓа меѓу првите земји што ќе ја прифатат и ќе ја потпишат Женевската конвенција на Црвениот крст, со што ќе се вброи во земјите со постара традиција во најмасовната хуманитарна организација. Востановеното лого на црвен крст на бела заднина, заменето било со црвена полумесечина на бела подлога[162]. Меѓутоа, за разлика од останатите земји, каде организацијата станува масовна и граѓанска, воениот аспект во Турција, барем во прво време, е примарниот и единствениот.

Ја има и во Битола каде е седиштето на Третата османлиска армија и каде се востановени специјализирани единици едуцирани да ги извлекуваат ранетите од битките и потоа да им помагаат при лекувањето. Фотографии на воени лица со обележја на црвена полумесечина, кои потекнуваат од првата деценија на 20-от век и се наоѓаат во Фондот на Браќата Манаки, потврдуваат дека организацијава продолжила да биде активна и по завршувањето на војните што ги водела Турција во последните декади од 19-от век.

Токму овие воени одделенија на Третата османлиска армија се дел од најраната историјата на оваа организација во Битола. За жал, немале и не можеле да имаат некое посебно влијание врз формирањето на свеста за Црвениот крст како здружение на граѓани. Нешто подоцна ќе пристигнат мисиите на Црвниот крст од странските земји, кога ќе се сфати извонредната улога што го има тој, но и тие нема да покренат домашно граѓанско движење за негово прифаќање. Ќе треба да се причека Првата балканска војна и Српскиот Црвен крст, кога конечно ќе се востановат неговите темели и во Битола.

По четиридневните крвави битки помеѓу српската и османлиската војска, што се воделе на приодите од Битола во кои имало многу мртви, уште повеќе ранети, на 19 ноември 1912 год. првите српски војници влегуваат во градот. Како и во сите други населени места, во кои е востановена новата, српска власт, и во Битола веднаш е формиран Пододбор на Црвениот крст. Прв акт е прогласот упатен до месното население за помош. Меѓу другото, во него се побара:

---

162. Дозвола за употреба на црвена полумесечина Турција доби во војната против Русија во 1877/78 год. (**Седамдесет година од постанка Женевске конвенције**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 9, 10, Београд, септембар-новембар 1934, 348/1 (71, 348). Во 1938 год., по повод 60-годишнината од востановувањето на оваа организација, во Анкара била организирана голема манифестација (**Шездесетгодишњица Турског Црвеног полумесеца**, Гласник Црвеног крста Југославије, г. 18, св. 7, 8, Београд, јули–август 1938, 318)

*„Во името на највисоките принципи на хуманоста и човекољубието, со кои мора да биде исполнет секој човек од љубов кон ближниот, се повикува граѓанството, без разлика на вера и националност, да им притекне напомош на болните и несреќните, на ранетите и онеспособените и да им ги ублажи болките“*[163].

Одговарајќи на него, битолчани со голем ентузијазам за првпат ја доживуваат благородната улога на Црвениот крст. Прво што прават е сесрдна поддршка на помошта, вработување на младиот женски свет во воениот санитет како доброволни болничарки. Првин се пријавиле девет девојки, кои веднаш се распределени во новоформираната постојана воена болница, сместена во поранешната Воена академија (денес Завод и музеј). Едната ја води кујната, други биле упатени по одделенијата и помагале во одржувањето на хигиената, а трети се грижеле околу ранетите. Големо изненадување било со колкав ентузијазам и со каква пожртвуваност ги вршеле задолженијата. Со нив ликот на болницата наполно се изменил, па благодарноста на персоналот, на ранетите и на болните била неизмерна[164].

Работа имало премногу, зашто болницата била една од најголемите и најуредените, имала 560 болнички постели и многу ранети и болни, кои без престан доаѓале или заминувале. Токму во вакви услови, битолчанкиве и наново ангажираните битолчани се потврдиле како незаменливи[165].

Градот Битола, покрај ваквата помош, поведе и општа акција за собирање и материјална помош. Таа не само што била добро организирана, била и сосема успешна, со резултат од неверојатни собрани 150.662 динари[166]. Таа, пак, поттикна слични акции што ги преземаат самостојно разните црковно–училишните одбори. Побогатата, грчката, од касата издвојува 2.000 динари и *„како знак на благодарнот,* како што стои во соопштението, *за ослободувањето на Битола“* преку грчкиот митрополит предадена му е на генералот Ил. Гојковиќ, со молба истите да ги препрати до Српскиот Црвен крст во Белград[167]. Егзархиските учители, пак, организираат концерт и собираат пари, кои преку Началството на град Битола, ги испраќаат, исто така, до Главниот одбор на Црвениот крст во Белград[168].

---

163. **Spomenica 1876-1936,** 140

164. **Наша војна болница**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 3

165. Бранислав Поповић, Јово Ковачевић и други, **Војни санитет у српском народу**, Рад, Београд, 1998, 53

166. **Spomenica 1876-1936**, 140

167. **Грчка општина Српском Црвеном Крсту**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 3

168. **Бугари Српском Црвеном Крсту**, Општинске новине, г. 1, бр. 4, Битољ, 27 јануар 1913, 3

Веднаш по основањето битолскиот Пододбор добива управни тела, за кои, за жал, многу малку се знае. Познато е само името на еден негов многу активен член, на д-р Александар Протиќ, кој во Битола доаѓа на 12 ноември 1913 год.[169] Заради богатото лекарско искуство и угледот што го имал, веднаш е поставен за градски физикус, но работел и како цивилен лекар, пополнувајќи го на тој начин скудниот список на цивилни лекари во градот. Почина во 1915 год. од пегав тифус и закопан е во едно од неколкуте битолски гробишта[170].

## *Возови со знакот на Црвениот крст*

Заради железничката врска Битола–Солун и во Првата балканска и во Првата светска војна, Битола се стекна со глас на мошне значаен собирен и транспортен центар за ранети и болни војници. Битките кај Бакарно Гумно и на влезот од Битола во Првата балканска војна резултираа, покрај со огромен број мртви, уште повеќе со ранети и болни и од османлиска и од српска страна. Само Србите имале 539 загинати и 329 исчезнати војници, а и огромна бројка од 2.121 ранети[171]. Да не зборуваме за османлиската поразена војска, каде тие бројки биле несразмерно поголеми. Бидејќи капацитетите на болниците не можеле да одговорат на потребите, училиштата се преобразуваат во воени лечилишта[172]. Меѓу другите, во 1915 год. пренаменет е и објектот на Основното училиште „Свети Сава“, што било причина наставата наполно да замре[173].

Ситуацијата со ранетите и болните во следната, поголема и пострашна Првата светска војна, уште е подраматична. Само за периодот од 19 септември до 30 декември 1914 год., односно само за 41 ден во Битола пристигнаат 4.116 во ранети војници[174].

---

169. **Личне вести**, Општинске новине, г. 1, бр. 29, Битољ, 20 новембра 1913, 12

170. Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола**, 159

171. Ѓорѓи Танковски – Лилин и Никола Миновски, **Битола и Битолско во балканските војни и во Првата светска војна (1912–1918)**, Македонско научно друштво – Битола, Битола, 2009, 45

172. **Школе у Битољу**, Општинске новине, Битољ, г. 1, бр. 5, 3 фебруар 1913, 4

173. Ѓорѓи Лазаревски, цит. дело, 15

174. Трајче Грујовски, **Битола – докторска дисертација**, ДНУ – Битола, Битола, 1971, 62



*Санитетски воз на битолската железничка станица (М. Манаки – 1912-1913)*

Српскиот Црвен крст, со 1.000 болнички кревети, со 45 санитетски коли, со 60 сталажи за санитетски возови, со 220 носила за ранети и со друг медицински материјал и опрема, балканските војни ги пречека релативно подготвено. Главниот болнички центар и во балканските и во Првата светска војна е Белград, во кого само во декември 1912 год. функционираат 24 резервни болници со преку 100 лекари[175], а да не зборуваме за нивниот број за времето што допрва доаѓа и во кое ќе се случи вистинска касапница. Транспортот до нив се вршел со најразлични превозни средства, најмногу, заради предностите, со санитетски возови. Во таквите услови, кога секој болнички кревет бил од непроценлива вредност и спасувал живот, полесно ранетите или оние што во меѓувреме закрепнале, се упатувале на лекување во нивните домови, меѓу другото, и со вакви возови[176].

Додека Битола не е освоена и конечно не влезе во функција железничката пруга Битола–Солун, српската Воена команда своите ранети и болни војници ги транспортирала со реквериранi воловски коли од Прилеп до Велес, пат кој траел два до три дена[177]. Првиот, пак, санитетски воз со знакот на Црвениот крст, кој се именувал како Санитетски воз бр. 3, кој тргнал од Битола за Белград преку Солун, ќе замине во ноември 1912 год., односно наскоро по освојувањето на Битола[178]. Веднаш потоа следат и други, заради кои извесен период железничката врска за патничките возови скоро целосно е блокирана[179].

175. Д-р Петар Бојаџиевски, **Санитетот во балканските и Првата светска војна** (ракопис).
176. **Наша војна болница**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 2
177. Бранислав Поповић, Јово Ковачевић и др., цит. дело, 55
178. Ѓорѓи Танковски – Лилин – Никола Миновски, цит. дело, 94
179. Ѓорѓи Димовски, **Писма (документи)**, 199


*Внатрешност на санитетски воз (М. Манаки)*

Во очекување на санитетските возови, ранетите биле сместени во постоечките или во набрзина востановени болници. Ги имало многу. Само во јануари 1913 год. во болницата, што била сместена во просториите на Подофицерскиот дом, се лекувале 530 ранети и болни. Дел од нив, 300 на број, веќе закрепнати, го чекале првиот санитетски воз[180]. На 20 јануари истата година биле поставени два воза, во очекување да се сместат околу 500 ранети и болни, дел лекувани во Битола, дел во Прилеп и во Охрид[181].

Сликата со преносот на ваквите војници се повторува и во Првата светска војна, сега уште поинтензивно. Само во периодот од 1914 до 1915 год. Српскиот Црвен крст имал активирано 7 санитетски возови со целокупен постелен прибор, во првиот и во вториот имал по 60 сталажи и по 200 носила и истите се експлоатираат максимално[182].

Слично на Српскиот, опремен бил и Бугарскиот Црвен крст, но имал само 3 санитетски возови со по 20 вагони[183]. И тие, како и српските, заради брзината и ефикасноста, успеваат да спасат многу животи.

---

180. **Наша војна болница**, Општинске новине, Битољ, г. 1, бр. 3, 20 јануар 1913, 2
181. **Санитетски воз**, Општинске новине, г. 1, бр. 4, Битољ, 27 јануар 1913, 4
182. Д-р Петар Бојаџиевски, **Санитетот во балканските и Првата светска војна** (ракопис)
183. Исто

## Злоупотреба на логото на Црвениот крст

Логото на Црвениот крст, впечатливиот и лесно препознатлив црвен крст на бела заднина, синтеза на пет квадрати, уште од првиот ден се стекна со голема почит и со засебен интегритет. Се носел како лента на левиот ракав над лактот или како знак на капа на челното место. На објектите се истакнувал на покривите, а на транспортните коли и на санитетските возови од левата и десната на возилата, не ретко и на покривната страна, секаде и секогаш со лесно видливи димензии.

Овој знак, кој секогаш будел асоцијации на надеж и хумана поткрепа, донесен во 1864 год., Женевската конвенција го вгради во своите акти и се потруди да го заштити од злоупотреби. Според законот од 1910 год., можеле да го користат: санитетските воени установи, меѓународните комитети на Црвениот крст, главните одбори, како и организациите што ги признал Главниот комитет за свои органи, но и некои санитетски организации. Со слични законски одредби го заштитија поединечно и многу држави во светот. Посебната строга забрана се однесувала на злоупотребата во трговијата. Во Кралска Југославија за прекршок била предвидена висока парична глоба или затвор до 30 дена[184].

Меѓутоа, и покрај сите вакви одредби и закани, не еднаш се злоупотребувал. Најмногу во војните од обете страни, а вината секогаш се префрлала на непријателот.

Почнувајќи од Првата светска војна, кога во воените конфликти биле вклучени и авионите, започнале да се обележуваат и тие доколку биле санитетски. За првпат се употребени во 1915 год., а првиот, кој бил француски и немал никаква ознака, извршил пренос на тежок ранет од Белград за Ниш[185].

Откако веќе се установи дека авионите можат ефикасно да решат тешки случаи и да спасат живот, станаа дел од посакуваната санитетска оператива. Добија и ознаки со логото на организацијата, кои се наоѓаа на видливиот, долен дел и го зафаќаа целиот труп на леталото. Условот што го постави Новата конвенција сега со нив бил, пред нивната употреба навреме да

[184]. **Белешке, Употреба знака Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 11, 12, Београд, Новембар–децембар 1937, 381

[185]. Бранислав Поповић, Јово Ковачевић и др., цит. дело, 71

биде известена спротивната, непријателската страна[186]. Меѓутоа, од ред причини, најмногу заради стекнување стратешки предности, тоа не се почитувало и ваквите авиони се злоупотребувале.

Злоупотреби имало и во Битола. За една, забележана во Првата светска војна, дознаваме од препорака упатена до месното население од бугарската Воена команда. На летокот, со датум 17 јануари 1916 год., на кој стои личниот потпис на освојувачот на Битола, генералот А. Бојаџиев, кој, инаку, масовно бил растурен низ Битола, стоело: *„Сите граѓани да ги преземат следните мерки: При појавата на авионите, кои го носат оддолу знакот црвен крст, граѓаните веднаш да се засолнат во куќите, во позаштитено место, препорачуваме најдобро во возбите...“*[187].

Летоков ги оптужувал француските воени власти, кои, ете, безочно го злоупотребувале најхуманиот знак, а колку вакви случаи имало во текот на бомбардирањето на Битола и од едната и од другата страна, невозможно е да се утврди.

Ваквото лошо искуство од минатото го принуди Централниот одбор на Црвениот крст да свика меѓународна конвенција по тоа прашање. Седницата, 14-та по ред, била одржана во Женева, на 27 јули 1929 год. На неа биле донесени понови и многу поригорозни правила за употребата на знакот не само на авионите, ами и воопшто. Сега, меѓу другото, белата лента со знакот на ракавот и потврдата за идентификација, не биле доволни, морало да се има и фотографија на документот. Се правела и строга селекција на поседователите, не секој можел да го носи и не секој можел да дава одобрение, ами само строго одредени институции. Покрај тоа, знаците црвен крст, црвена полумесечина и црвени лавови и сонце, станале целосно рамноправни, а санкциите многу построги[188].

Законите на Југословенскиот Црвен крст, кои потекнуваат од периодот меѓу двете војни, како оној од 1933 год. (чл. 30), исто така, многу построго ги санкционираа прекршителите. Сега се предвивувала парична казна од 10.000 динари или затвор од 60 дена[189].

---

186. **Nova Ženevska konvencija i Društva Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 275

187. Исто, 134, бел.

188. Исто, 270-278

189. **Закон од Друштву Црвеног Крста Краљевине Југославије**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 9, 10, Београд, септембар–октобар 1933, 272

## *Битолски примери за соработка меѓу национални хуманитарни организации во воени прилики*

Црвениот крст на Србија и Турската Црвена полумесечина, потписнички и почитувачи на Женевската конвенција, во Битола ги потврдиле можностите за тесна меѓусебна соработка и благодарејќи на неа во Првата балканска војна беа избегнати поголеми трагедии.

Примери за тоа има, а неколку ќе презентираме подолу.

По реформирањето на османлиската армија, покрај за Османлии, воената обврска започна да важи и за немуслиманите, за христијани, Евреи и за други националности, кои така се најдоа не само во касарните, ами и на борбените линии, па и во заробеничките логори. Кога во Првата балканска војна било констатирано дека меѓу заробениците има и христијани, српската Воена команда веднаш донесе решение да бидат ослободени и вратени во нивните домови[190]. Истото се повтори и со војниците – Евреи. Ценејќи го ваквиот гест многу високо, Еврејската општина од Солун, преку солунскиот српски конзул Балукџиќ, упатила најтопла благодарност до претседателот на Министерскиот совет на Србија, Никола Пашиќ[191].

Кога на Џавид–пашината војска, која ја бранела Битола ѝ бил прекупотребен серум против дифтерија, командантот на спротивставената страна, Милован Недиќ, на пашината молба одговорил со пратка од поголемо количество од бараниот медикамент, без никаков надоместок. Пријатно изненадениот Османлија се заблагодарил најтопло со писмо преку весникот Пиемонт[192].

Во прилепските воени болници во 1912 год., со подеднаков болнички третман и внимание биле лекувани и српските и османлиските ранети и болни војници, кои лежеле дури еден покрај друг. Во зависност од тежината на случајот, како што соопштуваат битолските Општинске новине, предност понекогаш им се давала на турските војници[193].

Тоа, се разбира, никако не ќе можело да се доживее доколку двете страни не припаѓале на иста хуманитарна организација и не биле задолжени да ги почитуваат истите конвенции.

---

190. **Битољске вести**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 3
191. **Захвалност Јевреја**, Општинске новине, г. 1, бр. 4, Битољ, 27 јануар 1913, 3
192. **Џавид Пашино писмо**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 2
193. Д-р Петар Бојаџиевски, **Здравството во Битола**, 159



*Заедничка фотографија на членови на Црвениот крст и на Црвената полумесечина (М. Манаки, 1912-1913)*

На истата таа разбиена, испаничена и со многу ранети и болни османлиска војска, Мисијата на милосрдните сестри од Битола без колебање им подари воена болница со 25 кревети, а за возврат, османлискиот генерал Таир им го испрати искусниот цариградски лекар Назим–бег да помогне кај нив[194].

## Црвениот крст во македонските градови и села

Формирањето одбори на Црвениот крст во македонските градски и селски средини бил процес што започнал во 1912 год. и траел долго, односно до почетокот на Втората светска војна. Српскиот Црвен крст е основачот и организаторот. За жал, не сите одбори и по-

194. Ѓорѓи Димовски, **Писма (документи)**, 200

додбори доставувале извештаи и не за сите има податоци, па она што се знае денес, е мал дел од сработеното.

*Башино Село.* Благодарејќи на предани ентузијзасти, селски одбор на Црвениот крст во ова село бил оформен меѓу првите во државата. Посебно се истакнувал неговиот Подмладок, кој бил еден и од побројните. Работел на разни полиња, а активноста во зачувувањето на здравјето на селаните со организирање популарни часови, била посебно значајна[195]. Заслуги за неа едно време имал месниот учител Светозар Дебељак, кому во 1926 год. за тоа му била доделена благодарница од Главниот одбор[196].

*Велес.* Пододборот на Црвениот крст во Велес, како и во неколку други македонски градови, основан е во 1912 год.[197]. За сето време бил еден од поактивните, за кое најзаслужни биле енергични и организациски способни поединци, понесени од идејата за хуманост, а еден од нив бил и професорот од Велешката гимназија и управител на основното училиште „Кирил и Методиј" Иван Н. Барбариќ. Како за многу заслужен во 1933 год. му е доделен сребрен медал од Главниот одбор[198].

Работата на овој одбор била слична како и на останатите, се содржела од предавања, пропагирање и ширење на идејата, прибирање средства за хуманитарни интервенции, организирање манифестации и др. Меѓу другите, на 16 септември 1934 год. била прославена Неделата на Црвениот крст со организирање масовно дефиле. Поворката од ученици и граѓани, членови и симпатизери, поминала низ главните улици, а краток престој имала пред споменикот на војводата Јон Бабунски. Членот на управата, свештеникот Воја Матиќ, одржал помен – говор, оддавајќи им посебна почит на најзаслужените за *„ослободувањето и обединувањето"* на народите на Југославија, а претседателот на Одборот, д-р Антун Сасо, ги прочитал телеграмите што беа испратени до Главниот и до Бановинскиот одбор. Преку целиот ден се прибирале доброволни прилози по улиците, се посетувале домовите и се регистрирале новите членови. Во таа прилика Друштвото било збога-

---

195. **Извештај о раду Подмлатка Друштва Црвеног Крста С.Х.С. за школску годину 1923/24**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1924, 328

196. **Споменица Подмлатка црвеног крста Краљевине Југославије**, Београд, 1931, 115

197. **Spomenica 1876-1936**, 79

198. **Одликувања**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославија, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 56 (68)

тено со нови 38 редовни членови и со 117 спомагатели. Од организираната забава на Мала Богородица, на 21 септември истата година, биле собрани 1.700, 22 динари[199].

*Гопеш.* Активности на Црвениот крст имало и во битолското село Гопеш, а најзаслужен за тоа бил Коста Н. Николиќ, управител на месното училиште. Ценејќи го тоа, во 1932 год. Главниот одбор му додели признание во вид благодарница[200].

*Горно Лисиче (Скопско)*. Во триесеттите години од минатиот век во селото Горно Лисиче постоел активен Подмладок на Црвениот крст. Со униформи или со обележја на Црвениот крст членовите се фотографирале и истата фотографија објавена е во книгата што го обработува историјатот на Подмладокот[201].

*Гостивар.* Месен одбор на Црвениот крст имало и во Гостивар. Истиот имал длабока историја, како пододбор бил основан меѓу првите, односно во 1912 год.[202]. Учествувал повремено во акции што ги организирала централата, па кога во 1931 год. се берела помош за настраданите од големата суша, собрал и испратил 1.774 динари[203].

*Дебар.* Пододборот на Црвениот крст во Дебар, исто така, е еден од најстарите, основан е на 14 ноември 1912 год год.[204]. Првите акции му биле во врска со прифаќањето и сместувањето на ранетите и болните од српската војска од Првата балканска војна. Тогаш без престан, и ноќе и дење, членовите трчале низ градот нудејќи ја својата помош[205]. Дебарскиот месен одбор скоро за сето време му припаѓал на битолскиот Обласен одбор и бил еден од поактивните. Повремено, меѓутоа, работата осцилирала, па потребна била дополнителна мотивација и средување на состојбите. Во 1926 год. Обласниот одбор од Битола, по сугестија на Главниот одбор, ќе ис-

199. **Недеља Црвеног крста у 1934 години**, г. 15, св. 1 и 2, јануар–фебруар, Београд, 1935, 45

200. **Одликовања Црвеног крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославлије, г. 13, св. 1 и 2, Београд, 1933, 44

201. **Споменица Подмлатка**, 20

202. **Spomenica 1876-1936**, 140

203. **Spomenica 1876-1936,** 368; **Pomoć postradalima od suše**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 11, sv. 11 i 12, decembar–oktobar, Beograd, 1931, 322

204. **Spomenica 1876-1936**, 79

205. Исто, 139-140

прати делегати не само во Дебар, ами и во месните одбори во Охрид, Струга, Крушево, Ресен и некои други места, да помогнат во заживувањето на работата[206]. Тоа веројатно помогнало во 1929 год., заедно со одборите од Крушево и Прилеп, да биде еден од најактивните[207], каков што бил, впрочем, и во претходната година, кога во неговото членство се запишаа и 33 офицери[208]. Ценејќи го тоа, Главниот одбор во 1929 год., за него и за прилепскиот одбор, даде многу пофална оценка[209].

На Рајко М. Јанковиќ, шеф на финансиската управа во Дебар, од Главниот одбор, пак, претходната година дадена му е благодарница за работата во Црвениот крст[210].

Како и другите, така и тој се вклучувал во одбележувањата на деновите на Црвениот крст. На Летниот ден во 1932 год. успеал да собере 194 динари кои му биле испратени на Главниот одбор[211].

Повторен проблем во одборов се случи и во 1933 год., кога се разгореа нетрпеливостите помеѓу старата управа и меѓу одреден број членови. Повторно интервенирал битолскиот Обласен одбор. На седницата на месниот одбор, одржана на 9 октомври истата година, од Битола дошле двајцата потпретседатели, Миливоје Puriќ и Петар Лешњаревиќ, со задача да ја средат состојбата. По бурната и мачна дискусија старата управа била разрешена и била избрана нова. На чело дошол Симон Бојаџијевиќ, трговец од Дебар, кој веднаш внесе нов дух и донесе нови зачленувања[212].

206. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1927, 145

207. **Vesti našeg Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 3 i 4, mart–april, Beograd, 1929, 121

208. **Vesti**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 6 i 7, juni–juli, Beograd 1929, 214

209. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 335

210. **Преглед заслужних лица и установа одликованих одличјима Црвеног крста у 1928 г.,** Гласник Црвеног крста, г. 9, св. 5, мај 1929 (запис на внатрешната корица)

211. **Прилози од Летњем дану Црвеног крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, лг. 12, св. 7 и 8, јули–август, Београд, 1932, 305

212. **Рад Организације Црвеног Крста**, Гласник Црвенок Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 7 и 8, јули–август, Београд, 1933, 233

Таквата работа резултирала со признанија. Во 1932 год. со златен медал на Црвениот крст бил одликуван Јаков С. Куновиќ, трговец[213], а со сребрен Тофило К. Аговиќ, трговец и Светозар Т. Ѓорѓевиќ, жандармериски поручник – водник на жандармериски вод[214].

*Дојран.* Обновената управа на Пододборот на Црвениот крст во Дојран, избрана на седницата од 10 декември 1922 год., ја сочинувале: Панта Сељановиќ, учител; г-ѓа Мара Коцевиќева, учителка, благајник; Алекса Н. Спасиќ, економ. Членови станале рибарите: Мито Чакаревиќ, Мито Парчевиќ, Мито Тасиќ, Доне Доневиќ, Ристо Пречевиќ и Харих Циновиќ[215].

*Јанковец.* Повеќе податоци за овој селски одбор на Црвениот крст нема, познато е само дека при одбележувањето на Летниот ден на Црвениот крст во 1932 год. успеал да собере 76 динари доброволен прилог, кои ги испратил до Главниот одбор[216].

*Кавадарци.* Кавадаречкиот Месен одбор на Црвениот крст во 1931 год. како помош за настраданите од големата суша во државата до Главниот одбор достави 1986 динари[217].

*Катлановска Бања.* Учителот од скопсково село уште во 1921 год. започнал да ја пропагира хуманитарната идеја на Црвениот крст меѓу соселаните и успеал да запише дури 150 членови во организацијата, што било, секако, за голем восхит[218].

*Кичево.* Кичевскиот одбор е еден од најстарите и најактивните. Основан е на 3 октомври 1912 год.[219] За неговата активност во 1912 год, во извештајот до Главниот одбор, стои: *„Веднаш по своето ослободување, граѓаните и граѓанките на градот Кичево увидоа дека не треба да се-*

---

213. **Одликувања Црвеног крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1 и 2, јануар–фебруар, Београд, 1933, 34

214. Исто, 39

215. **Рад Одбора и Пододбора**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 3, Београд, март 1923, 93

216. **Прилози од Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7 и 8, јули–август, Београд, 1932, 305

217. **Pomoć postradalima od suše**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 11, sv. 11 i 12, novembar–decembar, Beograd, 1931, 322

218. Културни радник – допис из Скопља, Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 2, бр. 1 и 2, јануар–фебруар 1922, 20-22

219. **Spomenica 1876-1936**, 139

*дат со скртени раце, ами дека треба да се најдат околу болните и ранетите, кои не беа во мал број, ако не поинаку, барем со своето присуство и со разговор да им ги ублажат раните и болките. Таа помош и нега оделе дотаму што граѓаните и граѓанките со лични средства востановија времена болница, ја снабдија со постели, а граѓанките воспоставија дежурство во болницата за одржување на чистотата и негата. Таквата индивидуална работа и ангажман околу болницата траеше скоро два месеца“*[220].

Протата Трајко Милошевиќ, во почетокот на 1922 год., со лична донација го впиша манастирот „Св. Пречиста“ за постојан член на Црвениот крст[221]. Според оценките на Битолската обласна скупштина, одржана на 20 март 1927 год., на која свои делегати испратија и месните одбори од Кичево и Прилеп, Кичевскиот бил оценет за највреден[222]. Претходно, на 30 јануари 1927 год., Кичевскиот одржа своја скупштина од која усвоениот записник, заедно со завршната пресметка, ги испрати до Главниот одбор. Приходите собрани на Денот на Црвениот крст, кој бил многу свечено одбележен, биле испратени до Главниот одбор, заедно со прилозите за поплавените од 1926 год. Салдото за таа година изнесувало 33.929,65 динари. Толку биле и расходите[223]. На 7 април 1929 год. на седницата на месниот одбор била извршена промена на управата и примопредавање на архивата и тогаш нов претседател стана П. Ц. Милошевиќ, протојереј, а секретар Бранко Радовиќ. Офицерите како редовни членови броеја 21[224]. Одборот имал и потфрлувања, тоа се случи и во 1929 год. кога била собрана сосема мала сума од членарината и од претплатата за Гласникот, а од Денот на Црвениот крст не испрати никаков прилог до Главниот одбор[225], но затоа во текот на 1931 год. покажа, заедно со Дебарскиот, најголема активност[226]. На Летниот ден во 1932 год. биле собрани 400 динари и, според воспоставената практика, дистрибуирани до Главниот одбор[227].

---

220. Исто, 128

221. **Утемељачи и стални чланови Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 152

222. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1927, 144, 34

223. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Срба, Хрвата и Словенаца, г. 7, св. 5 и 6, мај–јуни, Београд, 1927, 144

224. **Vesti**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 6 i 7, juni–juli, Beograd, 1929, 214

225. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 335

226. **Rad Oblasnih Odbora Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta, g. 12, sv. 3, mart, Beograd, 1932, 161

227. **Прилози о Летњем дану Црвеног Крста Краљевине Југославије**, г. 12, св. 7 и 8, јули–август, Београд, 1932, 305

*Кочани.* Пододборот на Црвениот крст во Кочани формиран е во 1921 год. со 20 членови. Се очекувало наскоро да се приклучат уште десет, а во почетокот на 1922 год. имал триесетина постојани членови. Тоа биле: Сандо Јевремовиќ, Коцо Пендовиќ, Стојчо Миновиќ, Анастас М. Корнети, Тодор Варадиновиќ, Петар Јовановиќ, Димитрије Х. Вељковиќ, Трифун Анѓелковиќ, Мише Христовиќ, Сандо Белиќевиќ, Михајло Јеремовиќ, Спиро Ѓорѓевиќ, Петар Накашевиќ, Коста Јевтиновиќ, Тодор Нишанџиски, Доне Миладиновиќ, Ќиро С. Јевремовиќ, Јордан Јовановиќ, Стефан Симоновиќ, Михајло Јовановиќ, Тодор Нaковиќ, Никола Корнети, Лазар Теохаревиќ, Христо Алексовиќ, Пане Јевремовиќ, Милан П. Димитријевиќ, Милан Јевремовиќ, Милан П. Димитријевиќ, Милан Ананијевиќ, Коце П. Захаријевиќ и Станко Коцовиќ[228]. До почетокот на март 1922 год. беше собрал доброволни прилози од вкупно 5.500 динари и беше ги испратил за Белград[229]. За посебни заслуги во 1933 год. Главниот одбор го одликувал со сребрен медал Божидар М. Ѓорѓевиќ, наставник во Граѓанската школа во истиот град[230].

*Кратово.* Пододборот на Црвениот крст во овој град е основан во 1912 год.[231]. Доста рано беше се ангажирал во санирањето на неповолните состојби во својот град со инсистирање за помош од Главниот одбор. Дали е добиена истата не е познато, но познато е дека таква молба била испратена и во 1921-1922 год. Последнава била прифатена и достигнале 4.000 динари за поправка на околиската болница, како и хуманитарен материјал за сиромашното население. Се добиле: 30 пара детски чевли, 30 пара детски чорапи, 30 перници, 30 калапи сапун. Покрај тоа, била испратена и храна: две вреќи ориз, 20 кг шеќер, 8 кг чоколада, еден сандук детско хранливо брашно и 2 кг чај[232]. Новата управа била избрана на 18 декември 1923 год. и неа ја сочинувале: Никола Анастасовиќ, трговец – претседател; Милан Јовановиќ, учител – претседател на Подмладокот; Милован Спаиќ, општински секретар – секретар; Тихомир Ќириќ, учител – благајник и магацинер. За членови биле избрани: Радомир Марковиќ, капетан од прва класа; Лазар Небригиќ, даночник; Јован Маневиќ; Виќентије Поповиќ, кројач; г-ѓа Мага Вучетиќ, книжарка; Марија Постоловиќ и Марија Маџевиќ. Надзорниот одбор го сочинувале:

228. **Утемељачи и стални чланови Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 1, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 152
229. **Друштвени живот**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 1, св. 3, Београд, март 1922, 121
230. **Одликувања**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 56
231. **Spomenica 1876-1936**, 139
232. **Утемељачи и стални чланови Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 156

Јован Ѓорѓевиќ, учител; Богољуб Тасиќ, полициски писар и Стеван Маџевиќ, трговец[233]. Во 1933 год. Главниот одбор благодарници за посебни заслуги им додели на г-ѓа Славка Ж. Степановиќ, претседателка, на Здружението на српските сестри, и на Богомир Драг. Ѓорѓевиќ, учител[234].

*Крива Паланка.* Околискиот одбор на Црвениот крст од Крива Паланка пред Втората светска војна бил еден од поактивните, дури можел да послужи и за пример без оглед што имал малубројно население и што тоа било многу сиромашно. И покрај сите проблеми, успевал да се грижи за школските кујни и за сиромашните семејства и поединци, обезбедувајќи им средства преку разни форми, најмногу преку популарните забави. Кога се одбележувала Неделата на Црвениот крст, биле собрани 97 динари и истите биле испратени до Вардарскиот бановински одбор[235]. За посебни заслуги во развојот на идејата на Црвениот крст со сребрен орден, во 1932 год., бил одликуван Димитрије Ц. Цениќ, протоереј[236].

*Крушево.* Во 1928 год. Друштвото на Црвениот крст во овој град започна поинтензивно да се пројавува со активности[237], па во 1929 год. се вброи, заедно со Дебар и Прилеп, во најактивните во битолскиот Обласен одбор[238]. За жал, следува потоа апатија, за во 1932 год. повторно да оживее[239].

*Куманово.* Пододборот на Црвениот крст во овој град е основан во 1912 год.[240], а како окружен одбор го има во 1922 год.[241]. За самопрегорна работа со златен орден, во 1932 год., одликувани биле Јован С. Стефановиќ, школски инспектор, и Јован А. Алексиќ, директор на

233. **Кратовски одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 4, Београд, април 1924, 155

234. **Одликовања**, Гласник Друштва Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 56

235. **Прослава Недеље Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 11 и 12, новембар–децембар, Београд, 1939, 449

236. **Одликовања Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1933, 41

237. **Vesti**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 6 i 7, juni–juli, Beograd, 1929, 214

238. **Vesti našeg Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta S. H. S., g. 9, sv. 3 i 4, mart–april, Beograd, 1929, 121

239. **Из Битољске области**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1, 2, Београд, 1933, 72

240. **Spomenica 1876-1936,** 139

241. **Извештај Главног одбора Црвеног крста С.Х.С.,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, бр. 5, мај 1922, 138

гимназијата, во пензија[242], а со сребрен Крста Божиновиќ, учител[243]. Следната година сребрените медали ги заслужуваат Константин Цветковиќ, учител, и Сима Чакаревиќ, директор на основно училиште[244]. На седмата редовна скупштина на Вардарскиот бановински одбор од 24 март 1940 год. како делегат од Куманово присуствувал Јован Стевановиќ, школски инспектор[245].

*Охрид.* Во 1922 год. постои како еден од 35 окружни одбори на Црвениот крст[246]. Во 1929 год. откако на негово чело дошол агилниот свештеник Бошко Трифуновиќ, организацијата се преродила. Масовните манифестации станале едни од најатрактивните и највпечатливите, кои во голема мера придонесувале за нови зачленувања. Како мошне успешен во активностите таа година се посочувал особено јунскиот Ден на Црвениот крст. Тогаш првин бил одржан собир во една од охридските цркви, на кој со впечатлив говор се обратил почесниот член, епископот Николај Охридски, потем, под звуците на ученичкиот оркестар, следела вообичаената поворка низ охридските улици. Дефилето завршило пред хотелот *„Српски крал“* во центарот од градот, каде од балконот на хотелот, Трифуновиќ одржал пламенен говор за значењето на организацијата. Во попладневните часови покрај брегот на езерото се одржал и кермес, од кој бил остварен приход од 3.400 динари, кои веднаш биле испратени до Главниот одбор. Наскоро се очекувало тоа да се направи и со членарината, која била целосно собрана и сè уште стоела во касата на Одборот[247].

Работата, меѓутоа, не се задржа само на ваквите манифестации, главното внимание му било посветено на омасовувањето на органзацијата. Во 1929 год. се успеа во 9 општински центри да се организираат исто толку пододбори[248]. Истата година имало забава на која беа собрани

242. **Одликовања Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1933, 35

243. **Споменица Подмлатка Црвеног Крста Краљевине Југославије**, 115

244. **Одликовања**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 56

245. **Бановинске скупштине нашег Друштва Црвног креста**, Гласник Црвеног креста Краљевине Југославије, г. 20, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1940, 227

246. **Извештај Главног одбора Црвеног креста С.Х.С.,** Гласник Црвеног креста С.Х.С., г. 2, кн. 1, бр. 5, мај 1922, 138

247. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 335

248. **Vesti**, Glasanik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 6 i 7, juni–juli, Beograd, 1929, 214

1854 динари, но Одборот не застана само на тоа, беше се ангажирал и за прибирање на други средства, чија намена била да се употребат за најсиромашните[249].

Деновите и неделите на Црвениот крст продолжуваат да се одбележуваат, па тоа е направено и со Летниот ден во 1932 год. кога биле собрани 960 динари и истите му биле испратени на Главниот одбор[250].

Толку работата била збогатена, а членството бројно, што започнало да се размислува за подигање и на дом. Биле собрани околу 100.000 динари и градбата само што не започна, кога војната донесе друго решение[251].

Ваквата активност Главниот одбор ја следел со посебно внимание па со сребрен орден, во 1926 год., го одликува Сима Костиќ, учител[252], со ист таков во 1932 год. и свештеникот Бошко Трифуновиќ[253].

*Прилеп.* Прилепскиот Црвен крст е еден од најстарите во Македонија, основан е уште во 1912 год., кога се вклучил да ја организира помошта за ранетите и болни српски војници[254]. Нешто подоцна стана и еден од најактивните, не само во битолскиот Обласен одбор, ами и пошироко. Работејќи предано, веќе во 1926 год. имал приходи од 14.573 динари (готовината од 1925 год. од 7.569 динари и реализацијата од 1926 год. од 7.004 динари). Годишниот расход истата година му изнесувал 6.935 динари, во кои биле пресметани и задолжението на членарината за Главниот одбор и помошта што им била поделена за сиромашните семејства од Прилеп[255]. Претседател на Одборот во 1929 год. бил прота Пав. Наумовиќ, а секретар В. Спасиќ. Бројот на членовите навистина не бил голем, еден поголем дел биле активни офицери, но тоа

249. **Vesti**, Glasanik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 6 i 7, juni–juli, Beograd, 1929, 214

250. **Прилози од Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста, г. 12, св. 7 и 8, јули и август, Београд, 1932, 305

251. **Banovinske skupštine našeg Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 20, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1940, 227

252. **Споменица Подмлатка црвеног крста**, 115

253. **Одликовања Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1 и 2, јануар–фебруар, Београд, 1933, 39

254. **Наши дани**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 1. (**Шездесетодишњица Турског црвеног полумесеца**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 7, 8, Београд, јули–август 1938, 313)

255. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Срба, Хрвата и Словенаца, г. 7, св. 5 и 6, мај–јуни, Београд 1927, 144

не попречи да покаже забележителни резултати. Со посебен ангажман успеал да прибере 2.000 динари доброволни прилози за гладните и да ги испрати до Главниот одбор, соработувал тесно со Прилепската општина и таа во 1928 год. му доверила 4.000 динари да им ги распредели на гладните од градот.

Редовно ги прославувал своите празници, посебен успех забележал во јунскиот Ден на Црвениот крст, во 1929 год.[256]. Ваквите денови и недели биле прилика за прибирање на толку потребната хуманитарна помош, но резултатите никогаш не биле гарантирани, некогаш биле побогати, другпат, како на Летниот во 1932 год., поскромни, само со 797,50 дин.[257]

Бројните активисти кои ѝ давале ритам на севкупната работа резултирале со признанија: златен орден во 1932 год. добил Павле Н. Наумовиќ, архиерејски наместник за Прилепската околија, а со сребрени се закитија Драгомир Ж. Павловиќ, началник на околијата, и Драгомир Ж. Тешовиќ, школски инспектор. Истата година благодарници им биле доделени на Мица М. Ковачевиќ, сопруга на Милан Ковачевиќ, учител во пензија, на Јевросима И. Крајничанец, сопруга на Иван Крајничанец, аптекар, како и на Параскева Б. Наумовиќ, учителка во пензија[258].

*Радовиш.* Пододборот на Црвениот крст во Радовиш, според едно тврдење, организиран е во 1912 год.[259], според друго, во април 1921 год. На седницата од 25 септември 1921 год. успеал да се конституира солидно со предани борци за хуманитарната идеја и со управа во која влегоа: за претседател Лазар Богичевиќ, околиски началник; за благајник – Ѓорѓе Лозанлијевиќ, трговец и секретар – Јаков Ивановиќ, учител. Одборот таа година броел 88 редовни членови, што била пристојна бројка за мало место[260]. Следната година, на 23 ноември, се одржа нова седница, кога во управата влегоа: Жика Милосављевиќ, свештеник – претседател; Јаков Ивановиќ, учител – секретар; Васиљ Тошевиќ, трговец – благајник; Томе Глигоровиќ, трговец – магацинер. Членови станале: Ѓорѓе Витановиќ, трговец; Мојсије Калеовиќ, трговец; Даница Јовановиќ, учителка; Димитрије Чаракчијевиќ, анџија; Јованка Зрневиќ, писар; Марија

256. **Vesti**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 6 i 7, juni–juli, Beograd, 1929, 214

257. **Прилози о Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7 и 8, јули–август, Београд, 1932, 305,

258. **Одликовања Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, лсв. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1933, 34, 44

259. **Spomenica 1876-1936**, 140

260. **Друштвени живот**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 3, Београд, март 1922, 120

Тевхаровиќ, трговец; Рајна Андоновиќ, општински писар; Муарем бег, кмет. Надзорниот одбор се состоел од Сима Јовановиќ, пензионер; Никола Ивановиќ, началник; Драг. Живковиќ, управител на монополот. Организацијата се состоела од 80 редовни членови[261], а во местото имало и многу активен Подмладок[262].

*Ресен.* Месниот одбор на Црвениот крст од Ресен, благодарение на неколкуминаната студенти, станал еден од поангажираните. Со цел да придобие повеќе средства, на 8 јануари 1925 год. организирал добро подготвена и со богата програма забава. Бројот на гостите, скоро сите од повидните семејства, бил околу 250, што било за секоја пофалба. Забавата започнала со пригоден говор на секретарот на Одборот, Ѓ. Киселиновиќ, па потоа се исполнија хорски песни (химни и македонски народни песни). Шлаг била Гогољевата комедија „Женидба“ изведена од студентите[263]. По заминувањето на студентите, кои ѝ даваа ритам на сета активност, работата на Црвениот крст спласнала, а единствениот загреан ентузијаст, учителот Влад. Јоксимовиќ свежина внесувал со Подмладокот на основно училиште во кое работел. На 8 јануари 1929 год. со своите ученици-членови на Црвениот крст, организирал концерт на кој се собрале 200 динари, кои преку Главниот одбор ги дариле за гладните[264]. На Летниот ден на Црвениот крст во 1932 год. биле собрани 700 динари, кои, исто така, биле уплатени на сметката на Главниот одбор[265]. Во работата на седмата редовна скупштина на Вардарскиот бановински одбор, која се одржала на 24 март 1940 год., како делегат од Ресен учествувал Панта Љапчевиќ[266].

*Романовце (Кумановско).* Во селското училиште во Романовце уште во 1924 год. работел многу активен Подмладок. Неговите членови беа се ангажирале и успеале со калемење да ги облагородат школските, но и дел од селските овошки, а се занимавале и со дрводелска рабо-

---

261. **Кратовски одбор Црв. Крста (Штип)**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 4, Београд, април 1924, 154–155

262. **Споменица Подмлатка**, 23

263. **Забава у корист Друштва Црв. Крста у Ресену**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 1, Београд, јануар 1925, 94

264. **Vesti**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenca, g. 9, sv. 6 i 7, Beograd, juni–juli 1929, 215

265. **Прилози о Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7 и 8, јули–август, Београд, 1932, 305

266. **Banovinske skupštine našeg Društva Crvenog Krsta**, Гласник Црвног крста Краљевине Југославије, г. 20, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1940, 226

та за школски потреби. Работеле и во школскиот овоштарник и во школското лозје[267]. За посебни заслуги во тоа, Главниот одбор со благодарница беше го наградила најзаслужниот, учителот Стојан Маниќ[268].

*Ростуше.* Детали за работата на Црвениот крст во Ростуше нема, но фактот дека негови членови биле делегирани на важни средби, само посебе за тоа доволно говори. Сава Вукановиќ, шеф на даночната управа од ова село, бил еден од нив. Меѓу делегатите на редовната скупштина на Вардарскиот бановински одбор, одржана на 19 март 1938 год. во Скопје, делегат испратен од неа на Главната скупштина на Црвениот крст во Белград, бил токму тој[269].

*Струга.* Во 1921 год. со посебен ангажман на околискот началник на Струга, В. Ковачевиќ, во градот бил формиран Пододобор на Црвениот крст. Иницијаторот станал и прв претседател, а за секретар бил избран Мил Продановиќ, додека благајничката функција му била доверена на Ст. Чакаревиќ. Бројката на членови во таа 1921 год. била пристојна, изнесувала 46 постојани (со по 10 дин. членарина) и 230 редовни, (со по 6 динари членарина). Вкупната сума добиена од членарината, во висина од 5.980 динари, веднаш била испратена до Главниот одбор[270]. На Летниот ден на Црвениот крст во 1932 год. биле собрани 300 динари и испратени, исто така, до Главниот одбор[271].

*Тетово.* Пододборот на Црвениот крст во овој град основан е на 28 октомври 1912 год. Неговата прва акција била помош на ранетите и прибирање доброволни средства. Работејќи ангажирано се успеа за кратко време да се соберат дури 85.000 динари[272]. Делегати од Тетово и од Скопје учествуваат на седницата на Главниот одбор на српското Друштво на Црвениот

---

267. **Извештај о раду Подмлатка Друштва Црвеног Крста Краљ. С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1924, 327

268. **Споменица Подмладка Црвеног крста**, 115

269. **Banovinske skupštine Društva Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 18, sv. 11 i 12, Beograd, novembar–decembar 1938, 141

270. **Пододбор Црв. Крста С.Х.С. у Струзи**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 218

271. **Прилози о Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославија, г. 12, св. 7 и 8, Београд, јули–август 1932, 305

272. **Spomenica 1876-1936**, 79, 139

крст одржана на 30 октомври (недека) 1921 год. во салата на Универзитетот во Белград[273], а во 1922 год. регистриран е како окружен одбор[274]. Првата прослава на Денот на Црвениот крст во 1923 год. бил најторжествено и со повеќе манифестации одбележан и во таа прилика биле собрани восхитувачки 32.000 динари и, според правилата, испратени до Главниот одбор[275]. Во 1929 год. со посебни заложби бил подигнат Дом на Црвениот крст, каков што многу поголеми градови посакувале. Местото од околу 500 метри квадратни корисна површина беше му го подарила Тетовската општина и тамошното муфтијство и се наоѓало во центарот на градот. Изградбата, која чинела 180.000 динари, Главниот одбор беше ја потпомогнал со 75.000 динари, без кои сигурно никогаш немаше да биде подигнат, а осветувањето се случи во 1930 год.[276]. Со него управувал Околискиот одбор на Тетово[277].

Тетовскиот одбор беше се ангажирал на повеќе полиња, едно беше и организирањето курсеви за хуманитарна помош, а таков курс за 24 доброволни болничарки, беше одржан на 15 октомври 1935 год.[278].

*Теарце.* Пододбор на Црвениот крст имало и во тетовското село Теарце. Доделувањето сребрен орден за учителот Таса Ѓорѓевиќ во 1926 год. треба да значи дека имало раздвиженост и успеси во работата[279].

Во селото биле организирани и Школски и Месен одбор на Подмладокот. Членовите посебна грижа покажувале за хигиената во школото и изведувале чести излети во околината и пошироко. Од 15 јули до 25 август 1924 год., заедно со извидниците и планинарите, кои биле членови на Подмладокот, организирале логорување во близина на Владичин Хан. Во него зе-

---

273. **Записник друге седнице 35 Главног одбора скупа Српског Друштва Црвеног Крста,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 2, бр. 1 и 2, јануар–фебруар 1922, 34

274. **Извештај Главног одбора Црвеног крста С.Х.С.,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, бр. 5, мај 1922, 138

275. **Spomenica 1876-1936**, 367

276. **Освећење дома Црвеног крста у Тетову**, Glasnik Crvenog krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 10, sv . 1, 2, 3, januar–februar–mart, Beograd, 1930, 42-44

277. Исто, 260

278. **Спремање помоћног особља Црвеног крста**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 15. св. 11, 12, новембар–децембар, Београд, 1935, 336

279. **Споменица Подмлатка Црвеног Крста**, 115

ле учество 60-на деца, поголемиот дел неисхранети или слабешни, од кои се побарала, заради материјалната положба на родителите, само минимална доплата[280].

*Штип.* Во Месниот одбор на Црвениот крст од Штип со својата работа се истакнаа повеќемина, кое било претпоставка на некои да им се даде и јавно признание. Со орден на Црвениот крст, во 1932 год., одликуван бил Гвозден В. Матиќ, аптекар од Штип[281], а протата Велимир Пауновиќ, архијерејски намесник, станал делегат за Главната скупштина на Црвениот крст. Избран бил заедно со уште неколку други на седницата на Вардарскиот бановински одбор, одржана на 19 март 1938 год.[282]

## Скопскиот Црвен крст и неговиот Подмладок

На 12 ноември 1937 год. Црвениот крст од Скопје прослави голем јубилеј, 25-годишнина од своето постоење. Направено е тоа на истиот ден кога во далечната 1912 год. беа удрени темелите на оваа организација во градот, а со посебна желба, покрај за афирмација на организацијата, како што стои во извештајот, уште *„да им се оддаде достојно признание на основачите, заслужните членовии и на соработниците кои не се меѓу живите“.* На прославата, која имаше многу богата културно–уметничка програма и, се разбира, многу говори, присустуваа голем број видни гости од градот, но и од Белград, од Главниот одбор на Црвениот крст[283].

Во првата историја на Црвениот крст во Југославија, Споменицата 1836-1936, ова основање се поврзува со 30 октомври 1912 год.[284] . Има и уште едно тврдење кое вели дека тоа е

---

280. **Извештај о раду Подмлатка Црвеног Крста Краљ. С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1924, 328

281. **Одликувања Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13., св. 1 и 2, Београд, јануар–фебруар 1933, 35

282. **Banovinske skupštine Društva Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Juugoslavije, g. 18, sv. 11 i 12, Beograd, novembar–decembar 1938, 141

283. **Прослава двадесетпетгодишњице оснивања одбора Друштва Црвеног крста у Скопљу**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г.17, св. 11-12, новембр–децембар 1937, 354

284. **Spomenica 1836-1936**, 138

направено на 12 октомври, на денот, како и во сите други градови во Македонија, кога српските војски влегуваат во градот. Прогласот за помош од месното население, изналепен низ сиот град, треба да се третира за негов прв акт[285].

За прв претседател бил назначен архимандритот Михајло, подоцнежен рашко–призренски епископ и на тоа место ќе остане до доаѓањето на митрополитот Варнава. Откако Варнава ќе замине за патријарх на Српската православна црква, челното место ќе го заземе амбициозниот и многу активен митрополит Јосиф, со кого ќе заврши и еден богат дел од севкупната историја на Црвениот крст на Македонија од предвоениот период.

Работата на Црвниот крст во Скопје не прекинува во годините на Првата светска војна кога во градот е стационирана бугарската војска и бугарската власт[286]. Таа продолжува уште поинтензивно и по повторното воспоставување на српската власт кога следувала и нова реорганизација. Почнувајќи од јануари 1919 год., скопскиот Црвен крст има статус на Обласен одбор, а во 1922 год. рангот му се менува и станува окружен и е еден од најактивните во државата[287]. Во своите редови има значителен број видни граѓани од Скопје, но и од други места[288] До 1928 год. има 9 одбори, со значителен број постојани и редовни членови, како и спомагатели[289]. Таков е интересот и на донаторите. Нива со околу 1.000 метри квадратни, а во вредност од околу 50.000 динари, ја подарува адвокатот Жика Костиќ – Бандавела. Тоа е основа Црвениот крст да го запише во списокот на големи добротвори[290]. Нива од околу еден хектар има и во селото Горно Лисиче,

---

285. Исто

286. Исто, 108

287. **Извештај Главног одбора Црвеног крста С.Х.С.,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, бр. 5, мај 1922, 138

288. Во почетокот на 1922 год., за постојани членови, се запишуваат: Милош Рашиќ со 200 дин., Војислав Петровиќ, службеник (100 дин.), Спира Ризовиќ, трговец (500 дин.), Никола Милосављевиќ, трговец (500 дин.), Сава Леовац, службеник (100 дин.), Риста Анастасијевиќ, комисионер (500 дин.), Вана Суруџијевиќ, трговец (150 дин.), Никола Поповиќ, трговец (200 дин.), Попс Коен, директор на банка (550 дин.), Љуба Цупара, трговец (200 дин.), Михило Дингарац, трговец (200 дин.), М. Фораџа, трговец (200 дин.), Филијала на Француско – Српската банка (500 дин.), С. Бурла, јувелир (200 дин.), Петар Стојановиќ, трговец (500 дин.) и г-ѓа Катарина Чор – Томиќ, фотограф (100 дин.) (**Утемељачи и стални чланови Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 152

289. **Преглед стања одбора, чланова и претплатника Црвеног Крста у 1928 год.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 3, 4, Београд, март–април 1929, 111

290. **Spomenica 1876-1936**, 262

во која одгледува врби што ги користи како работен материјал за плетарската работилница на Подмладокот[291].

Највисокото раководство на Одборов го сочинуваат, покрај претседател, уште и двајца потпретседатели. Имињата не се познати. Се знае дека потпретседател во 1931 год. е д-р Жика Миленковиќ, лекар[292]. Свои претставници има во Главниот одбор, во Надзорниот одбор, а со делегати учествува и во работата на Главната скупштина. Во 1931 год. делегат на Годишната скупштина е д-р Хранислав Јоксимовиќ[293], додека на друга една скупштина делегат е д-р Милан Занковиќ[294]. Во Главниот одбор, во 1933 год. член е митрополитот Јосиф, а во Надзорниот д-р Хранислав Јоксимовиќ[295].

Скопскиот Црвен крст имал и многу активен Подмладок. Стартира со работа со мало задоцнување, дури од втората половина од школската 1923/24 год., а основна причина за тоа било подолгото неработење на школите предизвикано од епидемијата на заразни болести. Кога состојбата ќе се среди, членовите на Подмладокот, особено од Машката и од Женската гимназија, се обидоа пропуштеното да го надоместат. Организираат скоро секоја недела матинеа на кои се третираат прашања за работата на Подмладокот, настапуваат со рецитации, со кратки театарски претстави и со други културно–забавни содржини. Покренуваат акции за собирање алишта, обувки, книги и други материјали, кои потоа им ги делат на сиромашните ученици, обично на големиот празник Божиќ.

Во 1932 год. скопскиот Подмладок имал 65 организирани школи, со 211 одделенија и 4.894 членови. Имал работилници за практична работа[296], а за пофалба било што, заедно со

---

291. Исто, 263

292. **Pretsednici oblasnih odbora**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 10, sv. 11 i 12, Beograd, novembar–decembar 1931, 352

293. **Glavni nadzorni odbor Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 10, sv. 11 I 12, Beograd, novembar–decembar 1931, 352

294. **Главна скупштина Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1934, 147

295. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1933, 149

296. **Прославе летњег дана**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7, 8, Београд, јули–август 1932, 231-232

оној од Сараево, бил меѓу првите одбори што востановил летна феријална колонија за бедни ученици[297].

За ваквата предана работа многумина добиле посебни признанија.

## *Членство и членарина*

Член на Црвениот крст можел да стане секој што изразил желба за тоа и кој, писмено или јавно, ги прифаќал принципите и задачите на организацијата. Заради хуманата димензија, која не ги двоела луѓето по вери и националности, иако логото бил христијанскиот симбол, во Црвениот крст членуваа не мал број муслимани, Евреи и многу други нехристијани.

Членството се делело по категории. Тие беа:

1. *Почесен член.* Бил оној што се стекнал со посебни заслуги и имал голем углед среде членството на ниво на држава. Титулата му ја доделувал Главниот одбор на едно од годишните собранија;
2. *Голем добротвор.* Биле лица кои донирале имот или средства во висина од најмалку 50.000 динари;
3. *Добротвор* станувал оној кој приложувал или завештувал имот што вредел најмалку 10.000 дин.;
4. *Втемелувачот* приложувал најмалку 2.000 дин.;
5. *Постојаниот член* донирал најмалку 500 дин.;
6. *Редовните членови* плаќале 30 дин. годишно (20 дин. како членарина и 10 дин. за Гласникот) и
7. *Спомагатели* биле оние со годишна уплата од 6 динари[298]

297. **Подмладак Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 4, Београд, јули–август 1925, 170

298. **Правила Друштва Црвеног Крста Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста. г. 3. св. 8, Београд, август 1923, 290

Едно од тековните и строги задолженија било подмирувањето на членарината, која била унифицирана и важечка на ниво на цела држава. Средствата, додека не била прибрана сета сума, останувале кај благајникот, потоа, заедно со списокот, се предавала на член од повисок ранг, исто така, благајник. Во средните училишта благајникот бил ученик, кој двапати годишно, еднаш во првото и вторпат во второто полугодие, ја прибирал членарината од два динара, која преку класниот раководител му се предавала на директорот, кој дел задржувал, а дел дистрибуирал во одборот во градот или во селото.

Во 1936 год. од вкупно 1133 динари членарина што ја собрале учениците од Битолската гимназија, 50% останала за потребите на гимназискиот Црвен крст, додека другата половина патувала на адреса на Околискиот[299], па во Обласниот, преку кој пристигала во Бановинскиот, односно во Главниот одбор.

Покрај делот од членарината, до Главниот одбор доаѓале средства и по други основи[300].

## *Воени и административни лица – членови на Црвениот крст*

Значајна ставка од големата бројка – членови на Црвениот крст биле оние што се наоѓале на платниот список што го подмирувала државата. Во неа спаѓале сите државни и општински службеници, офицерите и подофицерите. Војниците не биле принудени на вакво задолжение, но од хуманитарни побуди и тие членувале во значителен број. Подоцна ваквата обврска била укината, но членувањето од нивна страна и понатака остана масовно, особено за воените лица, што говори за вкоренета традиција, но и за нивната професија која била со висок ризик. Овие членови до 1926 год. плаќале по 30 дин. годишна членарина, а од следната се изедначила со граѓанската и изнесувала 40 динари[301].

Бројот на овие лица во Црвениот крст, постојано растел, посебно откако повторно се вовела обврската за членување. Во 1928 год. во не така големиот Битолски гарнизон за редовни

---

299. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст при Гимназијата во Битола (19..- 1941)**, 1. 12. 95/195-196

300. **Вести Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С. Х. С, г. 2, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 154

301. **Brojno stanje članova i odbora**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 1, 2,3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април 1927, 67

членови биле регистрирани 167, а како потпомагачи 60, а од вкупно 299 претплатници на Гласникот на Црвениот крст, на воените лица отпаѓале 82, бројка што не била за занемарување[302]. Таквиот раст на бројот и во годините што доаѓаат го следи трендот. Според извештајот на Главниот одбор, поднесен на 44 Главна скупштина, одржана на 24 април 1933 год., членството без администрацијата, само од војската имало импресивна бројка од 10.110. По категории биле: 7.430 редовни, а 2.680 биле спомагатели. По области, ги имало во: Бањалучкиот обласен одобор – 120; Белградскиот – 1.961; Битолскиот – 90; Загрепскиот – 547; Љубљанскиот – 503; Мостарскиот – 405; Нишкиот – 566; Новосадскиот – 618; Осиечкиот – 226; Приштинскиот – 246; Сараевскиот – 616; Скопскиот – 1.015; Сплитскиот – 195; Ужичкиот – 8 и Цетинскиот – 358[303]. Скромната бројка во Битолскиот веројатно се должи на реформите во војската и на воено–стратегиското значење што му го одредиле.

Слична била состојбата и со административците. Ако во 1936 год. вкупната бројка на членови од граѓанството во Вардарскиот бановински одбор бил (редовни и спомагатели), 1.430 (за службеници нема податоци), на административци на ниво на држава била 11.885 (редовни – 3.739 и спомагатели – 8.140)[304]. Следната година била нешто помала и изнесувала 11.108 (3.064 редовни, 8.044 спомагатели)[305]. Во 1938 год. била најголема, била 13.045 (2.654 редовни и 10.391 спомагатели, наспроти членовите од граѓанството, кои броеле 3.560 (1.971 редовни и 1.594 спомагатели)[306].

Тоа бил основниот мотив уште во 1925 год. апелот на битолскиот Црвен крст за материјална помош најмногу да се однесува на оваа категорија, која, се разбира и материјално стоела подобро од останатите граѓани[307].

---

302. **Vesti našeg Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 3 I 4, mart–april 1929, 111

303. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1933, 150

304. **Укупан преглед организације и чланства Друштва Црвеног Крста у 1936 години**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 15, св. 3, 4, Београд, март–април 1935, 129

305. **Укупан преглед организације и чланства Друштва Црвеног крста у 1937 години**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 3, 4, Београд, март–април 1938, 161

306. **Укупан преглед организације и чланства Друштва Црвеног крста у 1938 години**, Гласник Цреног крста Краљевине Југославије, г. 19, св. 3, 4, Београд, март–април 1939, 136 (97)

307. **Помозите Црвени Крст**, Самоуправни гласник, г. 1, бр. 11, Битољ, 1 јуна 1925, 3

# Организација

## *Територијална поставеност на Црвениот крст*

Уште во раниот стадиум Црвениот крст востанови ефикасна, пирамидална структура, во која авторитетот на челникот бил одлучувачки, но која почитувала и стимулирала и индивидуална иницијатива. Главниот одбор раководел со сите пододбори, го правел глобалниот план, ја следел работата на потчинетите, ги примал и ги оценувал извештаите, интервенирал кога се јавувале проблеми, акумулирал средства, ги означувал датумите за годишните прослави, издавал годишник, односно бил моќна движечката сила на една масовна и добро организирана заедница. Чест и задоволство било да се биде член во неа. На претседателското место уште од првите денови се наоѓале високи личности, најмногу членови од кралското семејство. Во управните одбори се избирале луѓе од врвот на политиката, просветата и од верскиот и културниот живот. Многуте поранешни или актуелни министри, универзитетски професори, писатели или ликовни уметници, како членови станале магнет за масовно зачленување. Белград бил посебен пример за таа масовност и за големото учество на ваквите личности во раководните тела, што не било, секако, за чудење, зашто интелектуалната и друга елита, потекнувала токму оттаму. Од 37 члена на Главниот одбор во 1932 год., само 13 биле надвор од Белград, кое како клуч остана за сето време стриктно применувано. Отстрана доаѓале само по еден или двајца, од Скопје во таа година бил митрополитот Јосиф, а од Битола – епископот д-р Николај. Така било не само со Главниот, ами и со Надзорниот одбор.

До формалното основање на Друштвото на Црвениот крст на Србите, Хрватите и Словенците (1921), Црвениот крст организационо функционирал преку одбори и пододбори. Одборите се наоѓале во поголемите центри, пододборите, во помалите градови и села. Ваквата структура била позајмена од најстарото, српското здружение на Црвениот крст. Одбори во Македонија постоеле во Скопје, Битола, Штип, Куманово, Охрид и во Тетово[308], а пододбори во Струга, Кратово, Кочани, Радовиш, Дојран и уште во неколку други места. По оваа, следи друга територијална организација, востановена според Правилата од 1923 год. Почитувајќи ги чле-

308. Извештај Главног одбора Црвеног крста С.Х.С., Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, бр. 5., мај 1922, 138

новите 19 и 20 од Правилникот на Црвениот крст, се образуваат 23 обласни одбори, при што Белград, Загреб и Љубљана добиваат посебен третман. На крајот од планираните 23, во живот остануваат овие обласни одбори: Белградски, Битолски, Загребски, Љубљански, Новосадски, Сараевски, Нишки, Сплитски, Скопски, Мостарски, Осиечки, Приштински и Ужички. До крајот на 1923 год., покрај нив, има и 130 окружни и месни одбори. Во 1924 год. се случува нова промена, сега има 16 обласни, 21 окружни и 216 месни одбори. Со изменетите правила од 1926 год. добиени се 14 обласни одбори, чии центри се во: Белград, Битола, Загреб, Љубљана, Мостар, Ниш, Нови Сад, Осиек, Приштина, Сараево, Скопје, Сплит, Ужице и Цетиње. Кон оваа бројка во 1932 год. е придодаден уште еден обласен одбор, Бањалучкиот. Со новиот закон на Друштвото на Црвениот крст на Кралството на Југославија од 1933 год. направена е сосема нова промена, па наместо обласни, никнуваат 9 бановински одбори, додека градот Белград се третира за засебен, познат како Белградски обласен одбор[309].

Бановинските се викале: Вардарски (Вардарски бановински одбор на Црвениот крст), Врбаски, Дравски, Дрински, Дунавски, Зетски, Моравски, Приморски и Савски, всушност, биле онолку колку што имало и бановини во државата.

Бановинскиот ги координирал дејностите на месните одбори, а преземал и самостојни зафати, како оние во врска со самаријанските курсеви. На годишните собранија се давал отчет за работата и за состојбите во касата на Бановинскиот одбор, се оценувала и работата на потчинетите одбори.

Ваквата територијална структура и на државата и на Црвениот крст ќе потрае до распаѓањето на Кралството Југославија, до 1941 год.

## *Битолскиот Окружен одбор на Црвениот крст*

Вториот, новиот почеток на Црвениот крст во Битола е нешто по престанакот на екотот на топовите од и кон падините на Баба Планина. Формиран е, според извештајот што го испрати Месниот одбор на Црвениот крст од Битола до Главниот одбор, на 16 мај 1919 год. Најголема заслуга во возобновувањето имал Велешко–дебарскииот епископ Варнава, кој ја даде и

[309]. **Spomenica 1876-1936**, 238-342

иницијативата и ги започна првите чекори во обновата. Откако замина на нова должност, а го замени новиот епископ, Јосиф, обновата продолжила. Официјалниот чин на обновувањето требаше да биде на први јануари 1922 год. на годишна скупштина што била навреме закажана и навреме организирана. Од непознати причини била одложена за 26 март истата година, кога тоа и се случи. Седницата имала богат дневен ред, бил поднесен завршен извештај за тригодишниот период, бил извршен избор на новата управа, а се третираа и неколку поважни тековни прашања. Била отворена со пригоден говор на претседателот на Окружниот одбор, епископот Јосиф, од кого посебен впечаток остави делот што се однесувал на значењето на Црвениот крст.

По содржајната дискусија и по предлагањето имиња за членови во новата управа, истата се конституира на чело со епископот Јосиф. На истата седница било решено, според соопштението што ќе го издаде претседателството на овој одбор веднаш по седницата, 1.000 динари да се испратат до Главниот одбор на Црвениот крст во Белград, 1.000 динари на месниот одбор на Дебар за да му послужат како прва помош за бегалците од Албанија, 2.000 динари да бидат велигденска честитка за инвалидите, а 5.000 динари му беа остапени на располагање на епископот Јосиф, лично, според неговите наоди, да ги распредели на најсиромашните. Било одлучено да се формираат и каси за доброволни прилози и на 7 мај (с.с) да се организира забава и да се направи посебен ангажман за зборатување на бројот на членството. Се предложи зголемување и на членарината од 6 на 100 динари.

Веднаш потоа се пристапи кон консолидирање и ширење на организацијата, беа формирани околиски и месни одбори онаму каде што постоеја услови за тоа, започнаа да се прибираат средства кои требало да послужат за тековна работа, но и како хуманитарна помош. Сумата од 22.668,90 дин. во касата на Одборот била солидно салдо за секакви интервенции и таа понатака била рационално искористена, најмногу, односно 17.907,60 динари, за купување брашно за бедните, а остатокот, 761,30 динари, остана резерва. Набргу се јавија благородни луѓе кои ја сфатија мисијата на организацијата и помагаа материјално колку што можеа, а еден, Коста Стерја – Лале, подари 1.000 динари. Од возобновувањето па до први јануари 1922 год., кога требаше да се избере новата управа, Окружниот одбор одржа само една годишна скупштина и тоа на 6 март 1921 год., но затоа, пак, подоцна беа одржани 10. Во 1921 год. бројот на членството изнесувало само 198, но тој број наскоро се зголеми и стигна до 700. За Гласникот на Црвениот крст, кој чинел само 20 динари годишно, се беа претплатиле 100 членови. Меѓу по-

активните месни организации на Битолскиот окружен одбор посебно се издвојуваа два, од Прилеп и од Крушево[310].

На втората седница на новоизбраниот Одбор се потврди одлуката да се организира прибирање доброволни прилози преку т.н. *сиротински каси*, кои биле 13 на број и кои се планирало да се постават во: окружното начелство, во поштата, општината, првостепениот суд, „Француско–српската банка", во квартот Светонеделски, во Битолската околија, хотелите „Босна", „Европа" и „Централ", во аптеката „Вера", финансиската управа и во одборот за распределба на оштетата од експлозијата, во која оштетените несебично издвојувале дел од она што го добиле како скромен надоместок.

Зимата 1922/23 год. била долга и многу тешка и навестувала трагедии предизвикани од студ и глад. Локалниот Црвен крст и во оваа прилика направи напори да помогне. Првин, реагирајќи на 2460-те молби на сиромашни граѓани, донирал извесна сума, а како дополнителна сума од 10.000 динари ќе ја понуди спроти Божик во ќумур, чија распределба требало да ја изврши општината, а во која не требало да ги заборави бедните и од другите конфесии. Тоа е причината истата да се изврши во строго присуство и на членови на Црвениот крст. Помош од 2.000 динари доби и Јован Васиљевиќ, пешадиски капетан од прва класа, кому куќата му изгорела до темел, помош во висина од 10.000 динари доби и Воената болница, која настрада од експлозијата и која требало наскоро да се обнови.

Набргу била одржана уште една седница на која станало збор и за помош на битолските гладни Руси. За таа цел се планирало да се одржи концерт и приходот од него целосно да им се отстапи ним, меѓутоа, во меѓувреме се случи експлозијата на џепането, па ниту концертот, ниту планираниот Руски ден од самите Руси, не се одржале. Сега сето внимание и сите средства со кои располагал и кои успеал да ги прибере Управниот одбор биле насочи кон санирањето на последиците од најновата битолска трагедија.

Црвениот крст во 1922 год. располагал со 35.674,50 динари, собрани од овие извори: 4.581,07-пренесени од претходната година, 6.123,50 од членски вноски, 3.593,50 од донација на Задругата на новосадските Србинки, 981,45 од сиротинските каси и 20.000 динари од Главниот одбор како помош на настраданите од експлозијата.

---

310. **Окружни одбор Друштва Црвеног Крста за Округ Бит. и град Битољ**, Битољски радикал, г. 1, бр. 13, Битољ, 13 април 1922, 2

Во Битолскиот окружен одбор во тој момент членувале 717 редовни и 7 постојани членови, а еден член бил добротвор. Во 1923 год. имало пододбори во овие градови: Прилеп, Крушево, Кичево и Ресен[311].

Помошта за неволните и понатака стана прашање што било поставувано скоро на секоја седница.

## *Првиот битолски Обласен одбор на Црвениот крст*

Првиот битолски Обласен одбор на Црвениот крст постоел две и нешто години, односно од почетокот на 1924 до 1926 год., а настана според новите правила за Црвениот крст. Неговите граници се поклопувале со оние, според новите правила, што ја имаше Дивизиската област, која во ова време започна да функционира и во Битола. Онаму каде што постоеле воени окрузи, повторно според новите правила, се формирале окружни одбори, а во места каде се пројавувал интерес и се зачленувале најмалку 20 граѓани, можеле да се образуваат месни одбори.

На последната седница на Окружниот одбор беше донесена одлука основачката скупштина за Областниот одбор да се одржи на 13 јануари 1924 год. Преку посебно соопштение, објавено на првата страница од локалниот седмичник „Битољски трговински гласник", на 28 декември 1923 год., и преку циркулар, испратен до подолните одбори, Окружниот одбор ги повика, најдоцна до 31 декември истата година, сите да извршат реорганизација во духот на новите правила. Тоа било основен услов да се исполнат задачите што претстоеле во севкупната реорганизација, односно да се изберат и да се испратат делегати на основачката скупштина на Областниот одбор, а од него, да се изберат и испратат делегати за основачката скупштина за Главниот одбор во Белград, која веќе била закажана за 30 јануари 1924 год.

Во истото соопштение се известуваа досегашните и идните членови да побрзаат со зачленувањето во новиот, реформираниот Црвен крст. Се соопштуваше, исто така, за промените во врска со членарината. Отсега за постојаните членови изнесувала 500 динари и се плаќала еднаш, а важела засекогаш, кај останатите немало промена, редовните плаќале 30 динари го-

311. **Рад Одбора и Пододбора**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, бр. 3, март 1923, 90-93

дишно, а спомагателите само 6 динари годишно. Постојаните и редовните членови со влогот обезбедувале привилегија да го добиваат месечникот бесплатно и да имаат право да бираат и да бидат бирани во управните тела или да станат делегати за Главната скупштина[312].

Истиот одбор од својата последна скупштина и во истиот седмичник на 5 јануари 1924 год. ги соопшти местото и часот на одржувањето на основачката скупштина, како и дневниот ред. Беше потврден најавуваниот датум, 13 јануари 1924 год., а местото на одржувањето беше општо експлоатираната сала во „Алимпиќева улица“ (денес ОУ „Гоце Делчев“), а почетокот се предвидуваше да биде во 10 часот. Дневниот ред имаше 6 точки: Извештај на Управниот одбор; Извештај на благајникот; Избор на нова управа; Избор на Надзорен одбор; Избор на делегати за основачката скупштина на Главниот одбор и Предлози од членството[313].

На челното место повторно бил избран епископот Јосиф. За текот и за изборот на управните тела нема податоци. Познато е само дека Главната скупштина во Белград била одржана според планирањето и дека за претседател бил избран д-р Марко Леко, универзитетски професор во пензија, дотогашен потпретседател на Црвениот крст и дека во управните тела влегоа видни личности, меѓу другите и д-р Владан Ѓорѓевиќ, иницијатор за основање на Српскиот Црвен крст[314].

Според овие нови правила, Црвениот крст сега територијално бил поделен на десет области: Белградска, Битолска, Дубровничка, Љубљанска, Нишка, Новосадска, Сараевска, Скопска, Сплитска и Загребска. Така бил распределен и Подмладокот[315].

Работата на битолскиот Обласен одбор понатака се развива во насока на популаризација на организацијата, прибирање средства за хуманитарна помош, одржување концерти, забави, дефилиња, прослава на деновите и неделите на Црвениот крст и др.

Битолската обласна самоуправа материјално го потпомагала колку што можела, во 1927 год. беше му доделила пристојна сума од 5.000 динари[316].

312. **Из канцеларије Окружног Одбора Црвеног Крста у Битољу**, **Друштво Црвеног Крста Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 47, Битољ, 28 децембар 1923, 1

313. **Окружни одбор, Објава**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 48, Битољ, 5 јануар 1924, 3

314. **Црвени Крст**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 53, Битољ, 16 фебруар 1924, 2

315. **Извештај о раду Подмлатка Друштва Црвеног Крста Краљ. С.Х.С. за школску годину 1923/24**, г. 4, св. 11-12, новембар–децембар 1924, 324

316. **Записник**, Битољска обласна самоуправа, г. 2, бр. 15, Битољ, 15 август 1928, 4

## Вториот битолски Обласен одбор на Црвениот крст

Вториот битолски обласен одбор на Црвениот крст настанат е заедно со уште 13 други (Белградски, Загребски, Љубљански, Мостарски, Нишки, Новосадски, Осиечки, Приштински, Сараевски, Скопски, Ужички и Цетински) со Законот на Црвениот крст од 1926 год.

Кон крајот на 1926 год. битолскиот Обласен одбор имал 9 одбори и 1.240 членови[317]. Следната година бројот на одборите остана на константната бројка од 9, а имал 882 членови (102 постојани, 146 редовни, 466 спомагатели од граѓанството и 168 од војската)[318]. Во 1928 год. броел 1348 членови со 299 претплатници на Гласникот[319], додека во 1929 год. регистрирани биле 10 одбори, од кои активни биле 6, а пасивни – 4, со 501 член, а во 1930 год. имало 13, од кои активни биле 10, а пасвини 3, со бројка од 1.478 членови[320]. Во 1931 год. ги намножил одборите и сега броеле 17, а имал 591 член (4 постојани, 266 редовни, 321 спомагатели). Претплатници на Гласникот имало 156. Како најактивни месни одбори се сметале Дебарскиот и Кичевскиот[321].

Стана традиција годишните собранија да ги одржува во големата и пространа сала на Богословијата, бидејќи Богословијата ја отстапувала беспоговорно, не само за вакви, ами и за други собири, за концерти, предавања, театарски и други претстави, но и заради угледот на претседателот, епископот Јосиф, кој бил, инаку, иницијатор за основањето и голем поддржувач на Богословијата. Во текот на 1926 год. Одборов одржа 17 заеднички седници на Управниот и на Надзорниот одбор, на кои се разгледуваа тековни прашања од работата и животот на Друштвото, буџетот, а се донесуваа и одлуки за натамошна популаризација на организацијата. Неговиот целокупен имот за таа година изнесувал 194.398,65 динари, а расходот му бил 123.677,65 динари. Обласната скупштина била одржана на 20 март 1927 год., при што како централно

317. **Brojno stanje članova i odbora u 1926 g.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 1, 2, 3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април 1927, 67

318. **Битољски Области Одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 1, Београд, април 1928, 114

319. **Преглед стања одбора, чланова и претплатника Црвеног Крста у 1928 год.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 3, 4, Београд, март–април 1929, 111

320. **Упоредни преглед рада Друштва Црвеног Крста Краљевине Југославије за 1929 и 1930 г.**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931,130-131

321. **Рад Обласних одбора Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св . 3, Београд, март 1932, 161



*Активисти на Црвениот крст во Битола (1920–1940)*

прашање била идејата Битола да добие дом на Црвениот крст, каков што имаа и некои други обласни одбори. Во таа прилика беше разрешено уште едно важно прашање, претседателките на Друштвото на српските сестри и на Женската подружница да влезат во потесното раководство. Образложението беше дека тие со својата дотогашна активност го заслужуваат тоа и дека за него веќе се избориле. На истата седница беа изгласани и новите членови во раководните тела. Намера на Одборов беше да испрати свои делегати во Дебар, Охрид, Струга, Крушево и Ресен да ја подобрат работата[322].

Во битолскиот Обласен одбор во 1927 год. членувале 102 постојани, 146 редовни и 466 спомагателни членови од граѓанството и 168 членови од војската. Приходот, заедно со готовината пренесена од 1926 год., се искачи на 199.399,87 динари, а расходот изнесувал 103.592 динари, од што произлезе дека во крајот на 1927 год. располагал со пристојна заштеда од 95.399,87 динари. Во новата управа, покрај неколку членови од стариот состав, биле кооптирани и нови. Покрај претставничките на постоечките две женски хуманитарни локални организа-

322. Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, 5, 6, Београд, мај–јуни 1927, 143-145-34

ции, влегоа и претставнички на Еврејската женска подружница, Женското движење и Здружението на учителките и воспитувачките, кои се носеле со амбиција да формираат дури и женски одбор на Црвениот крст во Обласниот одбор[323], кое во Главниот одбор на ниво на држава, вроечем, веќе наголемо започнало да се реализира[324].

Обласната скупштина на битолскиот Обласен одбор се одржа на 20 март 1927 год. во присуство на делегати од Прилеп и од Кичево. Идејата за свој дом и за вклучување на претседателките на Друштвото на српските сестри и на Женската подружница добија целосна поддршка[325]. На неа била презентирана и ласкавата оценка што ја даде Главниот одбор за Битола, а во која се вели: *„Битолскиот Обласен одбор, заедно со Подмладокот, сè повеќе ја умножуваат својата дејност во целата област и неговото влијание е моќно, зашто ужива неподелени симпатии на сето граѓанство. Кога ги приредува Деновите, во манифестациите учествува сето граѓанство“*[326].

Следната година на седницата на Општината, одржана на 31 јануари, при распределбата на буџетските средства било одлучено на Црвениот крст да му се додели помош во висина од 5.000 динари[327].

Работата на Црвениот крст и во 1928 год. оценета е многу позитивно, кое ќе ја потврди и Обласната скупштина одржана на 29 февруари 1929 год. Бројката на членството се зголеми, се искачи на 1348, имало и зголемен интерес за Гласникот, на кој се претплатиле 299 членови. Обласниот одбор успеа да подели хуманитарна помош во висина од 55.000 динари, а за прирачни аптеки потроши 2.445 динари, кои им ги подели на училиштата. Идејата за подигање дом сè уште била актуелна, особено откако на дар е добиена куќата на покојниот Мито Ацевиќ, чија вредност била оценета на околу 25.000 динари. Со нејзина продажба и со уште нешто присобрани средства, се претпоставувало дека ќе дошло до реализација на големата желба на членството[328].

---

323. Обласниот одбор во план имал да отвори Дом за сираци за кое помош очекувал од Главниот одбор (**Битољски Обласни Одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8. св. 1, Београд, април 1928, 114, 115)

324. **Обласном одбору Црвеног крста Срба, Хрвата и Словенаца**, г. 9, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1929 год., 57

325. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1927, 144

326. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1927, 144

327. **Записник**, Битољска обласна самоуправа, г. 2, бр. 15, Битољ, 15 август 1928, 4

328. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 3, 4, Београд 1929, 121-122

Редовната годишна скупштина на Обласниот одбор за 1929/30 год., одржана е на 19 април 1930 год. Во отсуство на претседателот, епископот Јосиф, седницата ја водел првиот потпретседател Петар Лешњаревиќ. Реферирал дека Одборот има 13 месни одбори и дека, за поефикасна работа формирани биле неколку секции: Секција за интернат, Секција за одржување и уредување на детското игралиште, Санитетска и самарјанска секција и Секција за Подмладокот. Истакнато било и дека Управниот одбор во текот на годината одржал 14 редовни седници на кои присутно било и членството на Надзорниот одбор. Хуманитарната помош била доследно и редовно делена. Во неа вклучен бил и вагон со жито од 420 кг пченица, кој успеале со големи напори да го обезбедат[329].

На 19 април 1931 год. во Богословијата Одборот ја одржа годишната скупштина за таа година[330], а на 20 март 1932 год. за претседател бил избран владиката Николај Велимировиќ[331]. Презентот за 1931 год. говорел за многу богата и успешна работа, односно дека *„годишниот извештај му служи на чест на Одборот и ние ја истакнуваме оваа голема активност како пример за другите околиски одбори на Црвениот крст“*, се реферира во дописката што од Битола била испратена за весникот „Вардар“ од Скопје[332]. Вакви годишни собранија во 1934 год. биле организирани на 25 март[333], а во 1935 год. на 17 февруари[334].

Доследно почитувајќи ја хуманитарната идеја за еднаквост меѓу луѓето, доблест и на Одборов отсекогаш била елиминацијата на било каква верска или национална поделеност. Тоа особено се однесувало при распределбата на хуманитарната помош. На седницата одржана во декември 1925 год., а откако се успеа да се соберат средства од градската општина и од еврејската и муслиманската црковно-школска општина, се реши на 2 јануари да се поделат 16.000 динари на најбедните. Неа требало да ја добијат сите и таа им се распределила за христијаните во црквата „Св. Богородица“, за Евреите и муслиманите кај нивните црквено–школски општини. За да нема никакво нарушување на договореното, бил избран и посебен одбор од членови на

329. **Битољки обласни одбор**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 139–141

330. **Извештај за школску 1930/31 год.**, Српска православна богословија, 10

331. **Извештај за школску 1931/32 годину**, Српска православна богословија, 10

332. **Вести из Битоља**, Вардар, Скопље, 5 јуни 1932, 7

333. **Извештај за школску 1933/34, годину**, Српска православна богословија, 12

334. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија, 26

Црвениот крст, кои требало строго да ја надгледуваат истата[335]. Одборот успеа во 1929 год. да собере 13.000 динари и со нив да купи вагон жито и да им го распредели на најсиромашните граѓани[336]

Желбата на Одборот да подигне детско игралиште, исто така, била голема[337]. Успеа за 18.000 динари да купи плац од 7.000 мк со што овозможи да стартираат работите во реализацијата на идејата и за свој дом. Во прво време негова алтернатива стана дрвената барака, која започна и да се подига и да влезе во функција до добивањето на домот. Две членки од Подмладакот, на сметка на организацијата се наоѓале на курс во Дубровник на подготовки за работа со помлади членови и наскоро се очекуваа да се вратат и да започнат со редовна работа[338] итн.

Во највисоките управни одбори на Црвениот крст во Белград до 1936 год. претставници од Битола има неколкумина. Член во Надзорниот одбор во континуитет, во периодот од 1929-1934 год., бил Петар Лешњаревиќ, директор на гимназија во пензија. Како претседатели на битолскиот Обласен одбор биле делегирани двајцата негови претседатели, епископот Јосиф (1923-1931) и епископот д-р Николај Велимировиќ (1932-1934)[339]. По укинувањето на обласните одбори и востановувањето на бановинските, претставител во Главниот одбор на Вардарскиот бановински одбор станал епископот Јосиф[340].

Битолскиот Обласен одбор успеал да подигне забавиште за деца под 12 год. возраст во месноста Девејани, а во областа користел и повеќе државни, самоуправни и приватни летува-

335. Јужна звезда, год. 4, бр. 173 (43), 26 децембар 1925, 4

336. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 334-335

337. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 6, 7, Београд, јуни–јули 1929, 214

338. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 334-335

339. **Spomenica 1876-1936**, 408

340. Исто, 409. Видна улога во работата на Главниот одбор на Црвениот крст во ова време играл и д-р Иво Андриќ, началник во Министерството за надворешни работи, пододцнежен нобеловец за литература (Исто, 410). Бил назначен со решние на Министерството за надворешни работи на 29 август 1934 год. за член на Главниот одбор. Оценките говорат дека работата ја сфатил многу одговорно и ја извршувал предано. Меѓутоа, бидејќи бил унапреден во помошник на министерот за надворешни работи и работата му се усложнила, со решение на министерот, на втори декември 1937 год., бил заменет со шеф на одделение од истото министерство (**Нов члан Главног одбора Друштва**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 11, 12 новембар–децембар 1937, 383-384).

лишта и опоравилишта за својот Подмладок. Нив ги имало на Пелистер, Крушево, Охрид и на други места. Особено популарен бил Пелистер каде биле подигнати неколку дрвени бараки, кои во континуитет биле целосно искористени. Од ова време е и навиката за престој во манастирите. И додека таткото останувал во градот, за мали пари, мајката со децата ги избегнувале летните горештини во поблиските манастири. Ова е најдобра потврда дека идејата на Подмладокот на Црвениот крст за здрава младина, што ја пропагираше уште од самиот почеток, фати корени и во Битола. Овој вид т.н манастирски туризам го поддржуваше и го помагаше и Црвениот крст, па во 1929 год. Обласниот одбор ќе одвои 5.000 динари како помош за детското летувалиште во Крсторскиот манастир[341]. Во сите вакви летувалишта, децата не само што биле во здрава околина, стекнувале и полезни хигиенски и други навики: да јадат во определено време, да консумираат здрава храна во која доминира млеко, овошје и зеленчук, да легнуваат и стануваат во точно одредено време и тоа било причина презадоволните родители да пројавуваат од година во година сè поголем интерес за престој на нивните деца во ваквите колонии[342].

Црвениот крст, исто така, ги стимулирал и ученичките екскурзии во блиските излетнички места и тие на голема врата влегоа во школските програми. Ги применувале основците, уште повеќе средношколците. На чело со наставниците по физичко воспитување или на друго одговорно лице од Наставничкиот совет, се минувал пријатен ден во поблиската околина, во дружење, во песни и игри и во запознавање на местата и на локалната историја.

## *Вардарскиот бановински одбор на Црвениот крст*

Со новата управно–територијална поделба на Кралството Југославија на бановински единици (Дравска, Савска, Приморска, Врбаска, Дринска, Зетска, Дунавска, Моравска и Вардарска), што се случи во 1929 год., се наложи да се размислува за слична организациона шема и на Друштвото на Црвениот крст. Укинувањето на обласните одбори и нивното претопување во покрупни организациони системи требаше да биде исклучиво позитивно. Врочем и зголемениот број членови во Друштвото, кои се искачија на над стотици илјади, се наложи за таква про-

341. **Oporališta i letovališta Crvenog Krsta u 1929 godini**, Glasnik Crvenog Krsta S. H. S., g. 9, sv. 6, 7, Beograd, juni–juli 1929, 294
342. **Реферат о Подмлатку Ц. К. у хигијенској акции**, г. 10, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 232

мена. Подготовките се насочија во изготвување на нов закон и на нови правила кои започнаа веднаш да се работат по прифаќањето на идејата. Новиот закон е изготвен и верификуван на Блед, на 10 август 1933 год., со личен потпис на кралот Александар[343], кој веднаш, очекувано, наиде на позитивни реакции и од членството на Црвениот крст, а и од поширокaта јавност[344]. Наскоро, со одлука на Кралската влада, на 8 декември 1933 год., се донесени и правилата и со тоа сите предуслови беа целосно исполнети[345]. Примената на новиот закон и на новите правила започна од први јануари 1934 год. За нов претседател на Црвениот крст беше предложена и изгласана висока личност, принцот Павле Караѓорѓевиќ. Лигата на друштвата на Црвениот крст на тоа со посебно писмо реагираше многу пофално, а и новиот претседател знаеше соодветно да се заблагодари на големата чест[346].

Седиштето на Вардарскиот бановински одбор, кој територијално ја покриваше денешна Македонија, дел од Јужна Србија и дел од Косово, беше во Скопје. Под негова ингеренција беа 39 околиски и 92 општински одбори, со 16.876 членови (1934)[347]. Во 1937 год. имал вкупно 203 организации и 12.703 членови[348].

Негов највисок орган била Бановинската скупштина со членство кое варирало од 83-87, а во кое припаѓале сите членови од Управниот и од Надзорниот одбор, потоа и големите добротвори и делегатите од бановинската управа и од филантропски здруженија. Еднаш годишно, околу втората половина на март, се одржувале годишните собранија, на кои членовите на кои им завршувал мандатот се заменувале со нови. Вкупно 7 вакви седници се одржани и на нив се донесени важни заклучоци за натамошната работа за Одборот и за организацијата. Во 1937 год.

343. **Закон Цруштва Црвеног Крста Краљевине Југославије**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 9, 10, Београд 1933, 266-282

344. **О новом Закону Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Крста Краљевине Југославије, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 9, 10, Београд 1933, 283-284

345. **Правила Друштва Црвеног Крста Краљевине Југославије**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 11, 12, Београд 1933, 229-250

346. **Главна скупштина Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 4, 5, Београд 1934, 147-148

347. **Укупан преглед организације и чланства Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 15, св. 3, 4, Београд, март–април 1935, 129

348. **Укупан преглед организације и чланства Друштва црвеног крста у 1937 год.**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, 18, св. 3, 4, Београд, март–април 1938, 161 (93)

скупштината се одржала на 14 март во свечената сала на Машката државна гимназија, каде, врочем, обично биле и другите седници. Првин бил разгледан извештајот на Управниот и на Извршниот одбор за работата, а потоа се третирал и бил одобрен буџетот за тековната година. Покрај што била извршена природната замена на членството и се определија личностите што ќе присуствуваат на седницата на Главниот одбор, се наметна и идејата за подигање дом на Црвениот крст во Скопје, за кој веќе беа обезбедени 500.000 динари[349].

Седницата од 1938 год. се одржа на 13 март. Покрај вообичаените и стандардни точки, стана збор и за Подмладокот. Падна предлог да се подигне објект за феријална колонија во Охрид и да се формира спомагателен фонд за школските кујни. Присуствуваа и членовите што се здобија со одличија од Главниот одбор, на кои во оваа прилика и им беа поделени[350].

На седницата од 19 март 1939 год. од 83 делегати присутни беа само 51, но и покрај тоа, полноправно одлучуваа. Меѓу другите прашања што се третираа, домот повторно го привлече вниманието. Митрополитот Јосиф сугерираше поангажиран пристап кон прибирањето средства, а за даде личен пример, прв вложи 5.000 динари. Се покрена и едно важно и актуелно прашање. Заради актуелната политичка состојба во Европа, над која веќе се појавија темните облаци од претстојната војна, да се преземат итни мерки за заштита на населението од воздушни напади. Се активираше и прашањето за курсеви за прва помош и курсеви за болничари. По завршениот исцрпен дневен ред, претседателот на Одборот, епископот Јосиф, ги повика делегатите да присуствуваат на свечениот чин – полагање камен – темелник на домот[351].

Претседател на Вардарскиот бановински одбор за сето време беше скопскиот епископ Јосиф, чие претседателство било потврдено и на седмата редовна Скупштина, одржана на 24 март 1940 год., која била и последна. На истата биле избрани и раководните тела. За прв потпретседател бил изгласан д-р Живојин Миленковиќ, за втор прота Михајло Пешиќ, а за членови на Управниот одбор: Вуко Костиќ, Добривоје Митиќ, Кемал Рустембеговиќ и д-р Борислав

349. **Banovinske skupštine Društva**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 3, 4, Београд, март–април 1937, 115

350. **Banovinske skuptine Društva**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 3, 4, Београд, март–април 1938, 147-48

351. **Banovinske skupštine Društva Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 19, св. 4, 5, Београд, март–април 1940, 140-141

Петровиќ. За претседател на Надзорниот одбор назначен бил Василије Стојановиќ, а за членови г-ца Босиљка Поповиќ и Мирко Цветковиќ[352].

Од Вардарскиот бановински одбор беа делегирани лица за Главниот и за Надзорниот одбор во Белград. Епископот Јосиф ја понесе функцијата член на Главниот одбор од внатрешноста, како, впрочем, што ја имаа, и сите претседатели на бановинските одбори, а во Надзорниот одбор ваквите лица се менуваа. Во 1935 год. бил лекарот д-р Хранислав Јоксимовиќ, еден многу предан активист[353]. Претседател на Бановинската скупштина за 1940 год. бил д-р Миленковиќ[354].

За делегати во Бановинската скупштина се избираа активисти од месните одбори. За Скупштината од 13 март 1938 год. беа избрани д-р Живојин Миленковиќ, делегат од Скопје, Данило Катиќ, ректор на Богословијата во Призрен, Сава Печеновиќ, трговец од Скопје, Васа Стојановиќ, пензионер од Скопје и д-р Миќа Миќовиќ, лекар од Крива Паланка[355].

Покрај Вардарскиот бановински одбор, во Скопје бил лоциран и Подмладокот на Вардарскиот бановински одбор. И тој имал раководни тела слични на првиот, негови делегати учествувале во работата на Главниот одбор на Подмладокот, пренесувајќи искуства и проблеми од својата регија. Во саботата, на 27 ноември 1937 год., во Белград беше одржана конференција на претставници на секциите на Подмладокот на Главниот одбор и на бановинските одбори на Подмладокот, на која како претставник од Скопје се појави С. Војиновиќ. Проблемите за кои се расправало биле: ширење на Подмладокот меѓу школската младина, хигиената, курсевите за прва помош; помошта (зимска и друга) за децата, за кујните, за летовалиштата, а била дадена и општа оценка за работата на Подмладокот.[356]

На 7 редовна скупштина на Вардарскиот бановински одбор, одржана на 24 март 1940 год., беше претресена и работата на Подмладокот. Неговиот претседател Љубомир Алексиќ

352. **Banovinske skupštine našeg Društva Crvenog krsta**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 20, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1940, 227

353. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 15, св. 3, 4, Београд, март–април 1935, 75 (81)

354. **Banovinske skupštine našeg Društva Crvenog krsta**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 20, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1940, 226

355. **Banovinske skupštine Društva**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 3, 4, Београд, март–април 1938, 147

356. **Konferencija pretstavnika sekcija podmlatka Glavanog i banovinskih odbora Društva Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југослаавије, г. 17, св. 11, 12, новембар–децембар 1937, 358-359 (90)

констатираше дека, иако се работи во отежнати услови, заради затворањето на 220 школи има и испразнети и непополнети 557 учителски места, работата на Подмладокот е за секоја пофалба, дури, што е посебно интересно, бројот на членовите и се зголемил. Помошта за школските кујни одела редовно, а успех имало и во организирањето феријални колонии[357].

Црвениот крст, според новите правила, бил под највисока заштита на кралската двојка, додека Подмладокот – на престолонаследникот[358].

## *Прва прослава на Денот на Црвениот крст во Битола*

Уште пред да се востанови Денот на Црвениот крст, кое ќе се случи во 1923 год., одбележувања во Црвениот крст имало и претходно, но биле повремени и по повод, по некоја голема несреќа. Целта им била да поттикнат хуманитарна солидарност и да се приберат донации. Со Правилата за работа на Црвениот крст, донесени во 1923 год., Денот се официјализираше и стана важен дел од животот и работата на организацијата. Со правилата се предлагало да ги има два, Летен и Зимен и да се одбележуваат секоја година[359]. Со желба да му се направи посебна чест на кралскиот пар Караѓорѓевиќ, истовремено на чинот да му се даде и посебно значење, падна предлог Летниот ден да биде поврзан со датумот кога парот го склучил бракот, односно да биде на 8 јуни. За реализација на таа идеја, се разбира, морало да се добие првин кралската согласност, која одела преку Кралската канцеларија. На голема среќа на предлагачот на идејава – Главниот одбор, согласноста е добиена, па првата прослава можела да се реализира и во истата 1923 год.[360]. За прославата се даде дури и посебен проглас од Главниот одбор[361].

Инаугурацијата отпочна со свечена седница на Главниот одобор. Беа искажани многу ласкави зборови за идејата и за она што требало да следи, а се изрази и голема благодарност

357. **Banovinske skupštine našeg Društva Crvenog krsta**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 20, св. 5, 6, Београд, мај-јуни 1940, 227

358. **Правила Друштва Црвеног Крста Краљевине Југославије**, г. 13, св. 11 и 12, новембар–децембар 1933, 330

359. **Правила Друштва Црвеног Крста Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 8, Београд, август 1923, 306

360. **Вести Црвеног крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 5, Београд 1922, 218

361. **Народу Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 3, св. 5 мај 1923, 153

кон кралскиот пар за дадената согласност. Било решено од седницата да им биде испратена и телеграма – благодарност, кое е направено веднаш, а биле испратени уште две други, до Меѓународниот комитет на Црвениот крст во Женева и до Лигата на друштвата на Црвениот крст со известувања за решението за воведување ваков празник[362]. Потем им беа доделени и првите ордени на најзаслужните активисти[363], кое понатака ќе стане традиција и ќе се практикува секоја година.

Веднаш потоа започнаа многубројните трескавечки подготовки за одбележувањето. На прво место беше формирањето одбор за прославата, потоа печатењето пропаганден материјал, интензивна кореспонденција со одборите во државата и друго, сè со цел најмногу да не се извалка името на кралската двојка, а и да се збогати касата. До сите окружни и други одбори пристигна циркулар со објаснувања и препораки во 15 точки за одбележувањето. Се известуваше дека овој, Прв ден на Црвениот крст ќе се одбележи три дена, 8 (петок), 9 и 10 јуни 1923 год. Се дадоа и насоки со кои содржини тој треба да биде исполнет, каква организација треба да функционира, со какви плакати и со каква кореспонденција треба да се популаризира, се советуваше за дефилињата и за начинот на прибирањето доброволни средства. Имало препораки и за средствата што се очекувале да се соберат како да се уплаќаат во касата на Главниот одбор, како и за завршните извештаи што требало да се подготват и да се испраќаат до Главниот одбор. На крајот биле нотирани и одговорностите за поединците и на организациите[364].

Првиот Ден на Црвениот крст се прослави многу торжествено и во Битола. Првин била одржана седница на Окружниот одбор, на која бил формиран одбор, во него влегоа видни членови на Црвениот крст, но и обични граѓани. Два дена пред почетокот на прославата, односно на 6 јуни, неделникот Битољски трговински гласник соопштуваше дека Окружниот одбор веќе го

362. **Дани Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 7, Београд, јули 1923, 214

363. Меѓу другите биле одликувани: од Америка – претседателот на американскиот Црвен крст Хувер за спасот на децата од глад од целиот свет и за помошта што ја обезбеди во текот на 1921 и 1922 год. за 180.000 деца од Кралството на С.Х.С.; од Франција – адмиралот Гепрат, кој како родител се грижел за српските војници од Првата светска војна во Алжир; од Белгија – сенаторот д-р Депаж, еден од столбовите на Лигата на друштвата на Црвениот крст; од Италија – сенаторот Чироало – творецот на Интернационалниот фонд за помош од елементарни непогоди; од Чехословачка – г-ца д-р Алиса Масарикова, ќерка на претседателот Масарик, која како претседател на чехословачкиот Црвен крст придонесе за ширење на хуманитарната идеја; од Англија – владиката Кантербер, кој толку многу беше се ангажирал за згрижување на децата и бегалците од Србија за време Првата светска војна (**У име Америчког подмлатка Црв. Крста говори Miss Jones приликом свечане седнице Дана Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 6, Београд, јуни 1923, 212-213)

364. **Упут за извођење дана**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 5, Београд, мај 1923, 156-157

има добиено упатството, дека прославата ќе трае три дена, дека е формиран организационен одбор итн., што уште повеќе ги подгреа љубопитството и интересот на битолчани за настанот. Неделникот не заборави и да ги повика граѓаните што помасовно да се вклучат во славјето[365], а објавувајќи ја на засебна страница тридневната програма за секој ден засебно, не заборави да ги потсети и на дарежливоста што требало да ја покажат[366].

Недела дена по настанот истиот неделник скоро на цела страница ги реконструираше и текот и резултатот од празнувањето. Секој ден бил осмислен, дел да биде наменет за прибирање доброволни прилози, дел за забава. На првиот ден, уште во раните утрински часови, госпоѓи и госпоѓици, во придружба на офицери, службеници или обични граѓани, најсвечено облечени и со кутии на Црвениот крст во рацете, ги крстареле своите однапред одредени региони и прибирале доброволни прилози, влегувајќи од куќа во куќа, од дуќан во дуќан. Вечерта, со почеток во 19 часот, во бавчата на Офицерскиот дом, се одржа забава. Имало спортски и забавни точки, социјални игри како *„ловење на суво“*, *„минување низ ништо за сопствени пари“, „конфети“, „карусел“*, вежби на соколите и на младинците од Еврејското спортско здружение *„Макаби“* а и од учениčките од Американската школа ја збогатија програмата. Бавчата била прекрасно декорирана, а забавата и одличното расположение на присутните траеле до утринските часови, односно додека не започна да провејува ладниот пелистерски ветер.

Саботата била предвидена за богослужби, кои биле одржани во синагогата и битолските цркви. Во попладневните часови била одржана фудбалска утакмица помеѓу вечните ривали, меѓу фудбалерите на гарнизонот и на Гимназијата, со краен резултат во полза на гимназистите, како и кино и театарски претстави. Почнувајќи од 16 па до 22 часот киното Биоскоп вртел филмови во корист на Денот, а Театарот на Михајло Лазиќ ги прикажа како свој материјален прилог Нушиќевите популарни драми „Кнез Иво од Семберија“ и „Светската војна“.

Неделата, 10 јуни, бидејќи бил ден неработен, бил и најсодржаен со спортско–културни настани, според тоа и најпосетен. Дел од програмата се одржа во самиот град, дел (попладнето) на Тумбе Кафе. „Прилози на тасови“ се прибирале во богомолите, а дел и со продажба на цвеќиња и на значки од истите госпоѓи и госпоѓици. Воената музика на Широк Сокак од 10-12 часот концертрирала за граѓанството, а веднаш потоа го предводела и дефилето на соколите. Исто така и овој ден бил предвиден за ново прибирање доброволни средства. Повторно се де-

---

365. **Црвени Крст**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 18, Битољ, 6 јуна 1923, 3

366. **Дани Црвеног Крста**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 18, Битољ, 6 јуна 1923, 2

леле цвеќиња од дамите и повторно штедроста на граѓаните била голема. Попладнето прославата продолжила на Тумбе Кафе (тогаш Александрово Брдо) со уште побогата програмска содржина. Сиот град, организирано или поединечно, беше се упатил таму, врвејќи низ неколкуте свечени порти, украсени со знамиња и со цвеќиња. Имало музика, соколски вежби, рингишпил и игранка. Имало и илуминација и бенгалски оган, односно за сето време имало интересни содржини и настани. И овој, како и претходните два дена, програмата била така концептирана, секој да може да присуствува на секоја точка[367].

Вкупниот приход бил импресивен, биле собрани 24.000 динари[368]. Според една друга статистика, што ја даде Главниот одбор, доброволните прилози изнесувале дури 31.907,45 динари[369].

Прослава на првиот Ден на Црвениот крст се одржа и во Тетово и во Скопје. Во Тетово подготовките и организацијата ги презел специјален Акционен одбор[370], како и во Скопје[371].

## Прослави на следните Денови

Во сличен или поскромен обем и не секогаш со фиксиран датум, Летниот ден се одбележувал секоја следна година[372].

Во 1924 год. се прослави два дена, на 7 и 8 јуни. Претходно, на 1 и 2 март, организирани биле бројни концерти и забави, на кои биле одржани тематски предавања за орга-

367. **Дани Црвеног Крста у Битољу**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 19, Битољ, 13 јуна 1923, 2

368. **Дани Црвеног Крста у Битољу**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 7, Београд, јули 1923, 255

369. **Приходи од данима Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 5, Београд, мај 1924, 183-19

370. **Окружни Одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 7, Београд, јули 1923, 155-256

371. **Дани Црвеног Крста у Скопљу**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 7, Београд, јули 1923, 256-258

372. **Дан Црвеног Крста у Битољу**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 4, Београд 1924, 144; **Приходи о данима Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 5, Београд , мај 1924, 183; **Прослава дана Ц. К. у унутрашности**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 7, Београд, јули 1924, 259 – 260; **Летњи дан Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, **Dan Crvenog Krsta 6-8 juna 1926,** св. 1, 2, 3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април, 1927, 132-134; Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 1, 2, 3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април 1927,68-69; **Свечана прослава Дана Црвеног Крста на дан 8 јуна у Београду**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 235-236; **Izveštaji o radu Oblasnih odbora**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931,40-41; **Рад организација**, Глас-



# Зимски дан Црвеног Крста у Битољу

Битољски Црвени Крст приредио је 11 ов. м. свој зимски дан намењен сиротињи. Неколико група грађана прикупљале су прилоге за своје бедне и гладне суграђане. Увече у сали хотела „Јевтић" приређена је велика забава са концертним делом. Многобројни посетиоци имали су овога пута двоструко задовољство. Сам програм концерта је био пробран и може се рећи једна реткост за Битољ. Показало се да је у Битољу музички живот развијен и да има већи број правих уметника, чији рад скроман и нерекламиран даје доказа о једном вишем културном ниво-у Битољчана. Тај њихов рад заједно с радом певачких друштава и ђачких хорова, везујући уз то и саму природну музикалност народа овога краја, ствара једну хармоничну целину која се у мало коме месту сусреће. Могло би се само пожелети да овакве музичке вечери не буду у Битољу приређене само једанпут годишње.

Пре почетка концерта у име одбора Црвеног Крста одржао је говор Г. Филип Јаковљевић, адв., изневши значај рада Црвеног Крста у рату и миру. Затим је отпочео програм са „Увертиром" из „Граничара" од Зајца. Свирао је оркестар војне музике под управом капелника Г. Ивана Грбића. Војни оркестар дао је већ више пута доказа о своме ванредном квалитету. Овога пута био је у својој пуној снази. Затим је хор Богословије под сигурном управом свештеника Г. Мирка Павловића отпевао Гаталичева „Коледа" с оркестарском пратњом. Лепу Гоганчеву композицију са многим народним мелодијама певали су богослови с пуно полета и разумевања.

Г. Д-р Константин Рабенић отсвирао је на виолини „Ноктурна бр. [illegible] № 2 Es dur" од Шопена. Ово је била врло лепа тачка програма, уметнички ванредно изведена. Г. Рабенић је показао за располаже једном солидном техником и правим уметничким преживљавањем. На клавиру је пратила Г-ђица [illegible] Санти, која му је била достојна партнерка. — Г. Недељко Лазић је с пуно осећања својим „севдалинским" тенором отпевао „Ко погину са грла Берданке". „Рапсодију № 1" од Листа извеле су на клавиру Г-ђице Сонти и Лилика Атанасијевић с уметничком сигурношћу. Врло успело је певао Г. Сима Филиповић „Plaisir d'amour" од Мартини-Чајковског „Легенду о Христу" и [illegible] арију из опере „Веселе жене виндзорске" од Ота Николаја. Са расположиве гласом лепе боје и [illegible] ким прелазима, а поред тога и нарочитом осећајношћу. — Г-ђица [illegible] Налча певала је арију Виолете из I чина опере „Травијата" од Верди-а. Ова ствар је ванредно [illegible] њеном пријатном и технички врло дотераном гласу. Јака страна Г-ђице Налча за драмско преживљавање и одлична и дискретна пратња на клавиру Г-ђице Јеле Кае дали су пуну снагу уметничком извођењу ове тачке. Последња тачка била је „Konzertstück" од Вебера. Свирала је на клавиру Г-ђица Налча уз пратњу војног оркестра. Диригент Г. Грбић је створио потпуну хомогеност између клавира и оркестра, те је ово снажно и тешко дело веома успело изведено.

Г-ђица Налча (свирала је на памет) дала је и овом приликом доказа о својој солидној музичкој спреми. Чланови оркестра дали су све од себе и тиме је довољно речено.

На крају — може се поновити да је ово било једно ретко уметничко вече, које је, што је најважније, изведено с много полета и уметничке савесности. Наравно да су и посетиоци приметили [illegible] зачни аплауз после сваке тачке.

Љ. Л.

*Новинарски запис за прослава на Зимски ден (1933)*

низацијава[373]. Истата била со беспрекорно сценарио и режија, а масовно учество зеле месните културни и професионални организации, меѓу другите, Друштвото на српските сестри, Женската подружница, Соколите, Трговската младина, Подмладокот на Црвениот крст и сите училишта и од градот и од селата, како и голем број обични граѓани. На чело со воена музика, поворката минала низ поглавните улици на градот, манифестирајќи солидарност и братска љубов. Биле собрани 15.500 динари[374].

Во 1925 год. Летниот ден се одржал повторно три дена, на 6, 7 и 8 јуни. По сугестија на Американскиот Црвен крст објавени биле посебни, вкусно изработени плакати, во две бои, испишани на кирили-

ник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1931, 343-344; **Дани Црвеног Крста**, **Прославе Летњег дана**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 1, 2, 1932, 165; Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7, 8, јули–август 1932, 231; **Прилози о Летњем дану Црвеног Креста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије 1932, 304-306; **Прилози од Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1932, 380-381 итн.

373. **Дан Црвеног Крста у Битољу**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 4, Београд, април 1924, 144

374. **Прослава дана Ц. К. у унутрашњости**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 3, Београд, јули 1924, 259

ца (60.000 примероци), латиница (30.000) и на словенечки јазик (10.000), на кои била прикажана болничарка која во рацете држи ранет војник на носила. Под цртежот имало пригоден текст кој повикувал на хуманитарна помош. Плакатите биле дистрибуирани до сите обласни одбори на Црвениот крст, до школите, црквите и до државните институции[375]. Главниот одбор се потруди предвреме да упати апел за хуманитарна помош[376].

Како и претходните, така и во 1926 год., а во рамките на Летниот ден, била одржана свечена седница на Главниот одбор на која имало многу говори и од членови и од гости[377].

Летниот ден во 1929 год., како во целата држава, така и во Битола се отпразнувал на 5 и 6 јуни. Во претпладневните часови биле одржани предавања за хуманитарната мисија на Црвениот крст во школите, војската, санитетските установи, но и во џамиите, црквите и синагогите. Специјални одбори од припадници на Црвениот крст со препознатливите кутии за донации, ги посетувале продавниците и занаетчиските дуќани собирајќи прилози. Кината тоа попладне добивката ја нameниле за Црвениот крст. Следниот ден во сите цркви биле одржани повторно предавања и повторно се прибирале доброволни средства, во која акција се приклучиле и членките на Друштвото на српските сестри, Женската подружница и Еврејската женска подружница. Дефилето, на чело со воената музика и чета од војници и видни граѓани, меѓу кои бил и епископот Јосиф, започна во 10 часот. Огромната поворка, која ја изоде традиционалната маршрута, била проследена и со кола украсена со богато зеленило. Вечерта во салата на училиштето „Св. Сава" бил приреден концерт од музички и спортски точки. Ги исполнија исклучиво подмладоците на генимаалското училиште и училиштето „Св. Сава".

Во двата дена биле собрани доброволни прилози во висина од 20.000 динари[378]. Ваквото масовно учество, управата на Обласниот одбор ја мотивирала преку весникот Јужна звезда

---

375. **Dani Crvenog Krsta 6-8 juna 1926**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 1, 2, 3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април 1927, 69

376. **Помозите Црвени Крст**, Самоуправни гласник, г. 1, бр. 11, Битољ,1 јуна 1925, 3

377. **Научно сећање**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 1, 2, 3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април 1927, 134-136

378. **Дани Црвеног Крста у Битољу**, Јужна звезда, г. 5, бр. 194, Битољ, 20 јуна 1929, 1

да изрази јавна благодарност до граѓанството[379]. Во 1932 год. Летниот ден се одбележа на 12 јуни[380], во 1936 год. – на 7 април[381].

Покрај Летен, се организирал и Зимски ден, кој траел еден ден и кој по содржини бил поскромен, а септември станал месецот во кој вообичаено се празнувал. Ваквите денови, главно, биле поврзани со популарни предавања и со забави, од кои, исто така, се црпеле значителни средства[382].

Првиот е одбележан на 6 февруари во 1926 год., како потсетување на 50-годишнината од основањето на Црвениот крст во Србија. За да му се даде посебно значење на датумот, белградскиот Ден се одржал дури и во истата сала, онаа на Белградската општина. Вакви свечености организирани биле и во другите одбори, најмногу со пригодни предавања[383]. На 6 февруари 1931 год. бил во врска со 55 – годишнината на Здружениево, а за да биде тоа поголемо, бил испратен и специјален распис со упаства до сите обласни одбори[384]. Следната, 1932 год. Денот имал два датума, 11 и 12 февруари. На 11 февруари во Битола бил организиран голем концерт со игранка, а следниот ден имало матине, на кое настапи и слепата поетеса

---

379. Во неа, стои: „Управата на Обласниот одбор на Црвениот крст во Битола на овој начин ја изразува својата благодарност до сите чинители кои зедоа учество во прославата на Денот на Црвениот крст на 5 и 6 јуни оваа година и тоа на: војската, соколите, спорт – клубовите, Народниот театар, управите на црквите и училиштата, Здружението на српските сестри, Женската подружница, Еврејската женска подружница, младинските здруженија, Одборот на девојки, сопствениците на кината и на граѓаните од обата пола (Исто).

380. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст на Гимназијата Битола (19...-1941)**, 2. 5. 12. 93/189

381. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија.,36

382. **Zimski Dan Društva Crvenog Križa**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1931, 65; **Прослава Зимског дана Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1933, 70-73; **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 7, 8, Београд, јули–август 1933, 161; **Извештаи Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 80 итн.

383. **Dan Crvenog Krsta 6-8 juna 1926**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 1, 2, 3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април 1927, 68

384. **Raspis svima oblasnim odborima**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1931, 66-67

Драгиња Бошковиќ[385]. Такво отпразнување се случи и на 11 февруари во 1933 год.[386] Во септември е прославен на 11 (1934) [387], на 15 (1935)[388], на 19 (1937 год.)[389], на 17 (1939)[390] итн.

За да биде празникот соодветно одбележуван, Главниот одбор навреме ги фиксирал датумите и за летниот и за зимскиот празник и за тоа ја известувал базата. Циркуларот со препораките патувал пирамидално, првин до бановинските одбори, а од овие до обласните, околиските и месните, па и до сите регистрирани пододбори. Покрај датумите се сугерирале и содржините што требало да преовладуваат на одбележувањата.

Како течело тоа може да се види најдобро од Летниот ден во Битола во 1936 год.

Откако преку Обласниот одбор од Битола циркуларот е препратен до Месниот одбор, Месниот одбор за организатор го назначи претседателот на гимназискиот Подмладок, директорот Јован Продановиќ. Бидејќи најмасовниот дел од членството потекнувал од училиштата, тој, повторно со циркулар, ги повикал на договорен состанок директорите на училиштата. Средбата се случила во гимназиските простории, на 26 март 1936 год. Од сите препораки, најпрвин бил прифатен датумот, а биле договорени и содржините на прославата, како и темите на предавањата. Се донесол заклучок во дефилето, што требало да се случи на 7 април, учество да земе и воената музика, но за да се ангажира таа, требало да се добие согласност од командантот на воениот гарнизон. Заради тоа било решено да се испрати молбено барање до воените власти, кое е направено веднаш. Дефилето се одржа по онаа траса по која патувале сите презентации и од оваа и од другите битолски организации[391].

Од ваквите празнувања приходот, што влегувал во главната каса, бил многу битен и заради тоа му се придавало посебно значење во препораките како да се уплатува. Во 1923 год. до него дошле 1.467.499,30 дин.; 1924-590.781,03; 1925-716.239,93; 1926-668.574,64; 1927-467.187 дин., што значи дека просечниот приход бил 780.000 дин. годишно[392]. Според Зако-

385. **Из Битољске области**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1933, 72

386. Љ. Л., **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 фебруар 1933, 6

387. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија, 21

388. **Извештај за школску 1935/36 годину,** Битољска гимназија, 20

389. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија, 18

390. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија, 18

391. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд: Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст на Гимназијата – Битола (19...-1941)**, 2. 5. 12. 94/190-194

392. **Odziv prilaganja izostaje iza predratnog**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 2, Београд, август 1928, 184

нот за Црвениот крст од 1933 год. тоа бил само процент. Имено, 38,5% проценти приход добивале месните одбори, 12,5 % бановинските одбори и остатокот од 50% се уплатувал на сметката на Главниот одбор[393].

## *Други празници*

Освен празниците одбележани како *Денови*, кои се покажаа како многу успешни за популаризација на организацијата и за прибирање доброволни прилози, Црвениот крст вовел и неколку други. Со Законот за Црвениот крст од 1923 год. била инаугуирана и *Недела на Црвениот крст*. Траела седум дена и имала фиксен датум, била во третата недела од септември. Истиот организатор, Главниот одбор, и сега бил диригентот, ги давал инструкциите, ја скицирал програмата, го подготвувал и го дистрибуирал пропагандниот материјал (плакатите), барал извештаи и го присвојувал мамутскиот дел од средствата.

Првата Недела за првпат е организирана во 1928 год., но не како што се планирало, во септември, ами од 3-10 јуни. Амбицијата била да се соберат половина милион динари а за тоа се трудеа 763 одбори и повереенства со војска од 25.000 возрасни и 200.000 помлади членови. За време празнувањето се организирале поворки од граѓани и ученици, од членови на разни хуманитарни и просветни институции. На активистите, излезени на терен, им биле раздадени 700.000 дародавни карти, поврзани во блок од по 10 карти, со препорака да ги даруваат со свои потписи и на тој начин да прибираат средства. Се планирале и тие да бидат употребени за помош на гладните граѓани[394].

Недела на Црвениот крст се одржа и следната година и ја имала истата цел, помош за гладните граѓани[395]. Во 1933 год. била одбележала од 17 до 23 септември и на ниво на држава биле собрани вкупно 1.515,644,66 динари, но не од улично прибирање, од прични зашто само што биле одбележани Летниот и Зимскиот ден, од кои била собрана поприлична сума, па ста-

393. **Spomenica 1876-1936**, 364

394. **Сестре нудиље и Црвени крст**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 2, август 1928, 183-185

395. **Vesti našeg Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9., св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1929, 56

на бесмислено да се повтори истата постапка, по што се побарале други извори[396]. Во периодот од 15-21 септември Неделата е прославена и во 1935 год. со подготовки кои биле преземени навремено[397]. Во нејзиното одбележување во Битола учество зедоа Друштвото на српските сестри, Женското друштво, Еврејската женска подружница, Друштвото „Српска мајка" и Францускo–југословенскиот клуб[398].

Во 1937 год. Неделата била одржана од 19 до 25 септември[399]. Автор на пропагандниот плакат, на кој беше претставен библискиот Самарјанин и кој беше ја добил третата награда на јавниот конкурс, бил сликарот Мих. Петров. Во прославата била вклучена и воената музика. Министерот на војската, повикувајќи се на Правилникот за неслужбена употреба на воената музика од 21 октомври 1936 год., за тоа издаде и посебно одобрение[400]. Во 1938 год. таа беше од 18 до 24 септември[401], во 1938 год. меѓу 17 и 23 септември[402], како што беше и во 1939 год.[403]. Сите прослави биле добро подготвени, со обемен пропаганден материјал и резултирале со штедрост во прибраните доброволни парични средства.

Законот за Црвениот крст од 1933 год. предвидувал обласните и месните одбори да можат и сами да организираат своја Недела, па таква една, во 1937 год., се организираше во Дунавската Бановина[404].

Посебни празници имал и Подмладокот. И тој имал свој Ден. За првпат е одбележан во 1925 год., точно на први декември, односно на денот на т.н. обединување на југословенските народи во една државна заедница. На Денот имало многу свечени академии, свечени седници,

396. **Извештај Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1 и 2, јануар–фебруар 1934, 80-81

397. **Nedelja Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 15, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1935, 325

398. **Из Вардарске Бановине**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 15, св. 1, 2, јануар–фебруар 1935, 43-44

399. **Наше вести**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1937, 259

400. **Наше вести**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1937, 259

401. **Прослава Недеље Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1938, 45-446

402. **Прослава Недеље Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 19, св. 7, 8, Београд 1939, 433-444

403. **Рад организација**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 19, св. 7 и 8, јули–август 1939, 433-434

404. **Црвени Крст у Дунавској Бановини**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, с. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1938, 25

јавни предавања, театарски и други претстави, забави и дефилиња. Доброволните прилози се употребиле за купување зимска облека и обувки за сиромашните ученици.

Покрај овој, Подмладокот имал и други празници. Доста популарен бил *Денот на мајката*, кога децата требале да ѝ направат пријатно изненадување на мајката, а оние што ја немале, да ги посетат нивните гробови. Самохраните мајки биле посетувани од групи деца со пригодни подароци. Овој Ден првпат е одбележан на 15 мај 1927 год.

*Денот на мирот* бил востановен како сеќавање на 11 ноември 1918 год., денот кога се случи прогласувањето на мирот по Првата светска војна. Се одбележувал со предавања и со писмени работи на тема – мир меѓу народите. На еден од школските часови, како сеќавање на загинатите војници и цивили, наставата почнувала со две минути молчење. Првата ваква прослава се случила во 1928 год.

Подмладокот ги одбележувал и *Денот на трезвеноста, Денот на здравјето, Детскиот ден, Неделата против туберкулозата* и некои други[405].

## Дефилеа

Во Битола постоела многу долга традиција за масовни улични маршировања и скандирања. Уште во раниот османлиски период при доаѓањето или заминувањето на висока личност, посебно на султан, ги имало многу често. Неколку дена тогаш целиот град бил вклучен што потопло и што поторжествено да го пречека и да го испрати високиот гостин преку бучни благопожелби за добро здравје и за долг живот. Пред времената резиденција на султанот тоа се повторувало дури по некокупати на ден[406].

Исто така и кога се сакало да се презентира национална припадност, политичка идеја и став, да се прослави значаен датум, да се изрази протест, да се испрати јавна порака и слично, повторно се марширало и се скандирало. Почнувајќи од 19 век, Широк Сокак стана најексплоатираното место за вакви собири и него ќе го користат ученици, национални и политички групации, занаетчии, односно сите што сакале да бидат видени и да бидат слушнати. За да дојдат до

405. **Споменица Подмлатка Црвеног Крста**, 94-98

406. Александар Стерјовски, **Битола – Реката Драгор**, НУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, Битола, 2010, 311-318



*Дефиле на членови на Црвениот крст на чело со епископот Јосиф и битолскиот муфтија (М. Манаки, 1920-1940)*

него, стартираа покрај Драгорот од пред општинската зграда или пред денешното Музичко училиште со музика, знамиња и со лидери на челото, облечени во празнична облека. Со слични манифестации, но со старт од железничката станица или од приодот на Битола од страната за Лерин, се пречекуваа високи делегации или видни личности, повторно со исти содржини, со музика, знамиња и со скандирања.

Овој стар обичај го прифаќа и битолскиот Црвен крст. За да се популаризира, за да се види масовноста на членството, со бели униформи или без нив, но со амблемот на организацијата на капата или на ракавот, неговите членови, во придружба и на високи личности од власта и од клерот, на чело со воената музика, маршираа низ поглавните и низ најпрометната улица, Широк Сокак. Дефилето завршувало пред Офицерскиот дом или пред Соколаната. Ги имало многу, едно било на 11 септември 1934 год.[407], друго на 15 септември 1935 год.[408], па на 7 април

407. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија, 21

408. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија, 20



*Заедничко дефиле на членови на Црвениот крст и на соколи (М. Манаки, 1920-1940)*

1936 год.[409], на прославите на Зимскиот и Летниот ден на Црвениот крст, односно на 19 септември 1937 год.[410], на 17 септември во 1939 год.[411] итн. Дефиле било организирано и при одбележувањето на Антитуберкулозниот ден, на 27 мај 1935 год.[412], но и кога бил Денот на детето[413] итн.

Сите имале не само утврдена маршрута, но и сценарио, режија и одбор што го подготовувало сето тоа. Подмладоците секогаш биле најбројни, а задолжението на наставниците било да ги одржуваат редот и дисциплината во поворката. Пред Офицерскиот дом или пред Соколаната обично имало говори, рецитации или некаков настап на воената музика. Говорите им припаѓале на висок член на Црвениот крст или на градски или на друг политичар, а темата секогаш била

409. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст на Гимназијата Битола (19...-1941)**, 2. 5. 12. 93/189

410. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија, 18

411. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Државна реална гимназија, 22

412. **Антитуберкулозни дан у Битољу**, Вардар, Скопље, 29 мај 1935, 5

413. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Државна реална гимназија у Битољу, 25

иста – големото значење на Црвениот крст. На 7 април 19356 год. таков еден говор одржа и Петар Лешњаревиќ, висок член од локалниот Црвен крст.

## *Предавања за Црвениот крст*

Прифаќањето на Црвениот крст како хуманитарна организација и неговото омасовување, во голема мера, зависеше од поширокото познавање на неговите принципи и значења и придонесите што ги даде во војните и при елементарните несреќи. Бидејќи најбројниот дел од членството биле млади луѓе, презентацијата преку предавања и преку другите форми на популаризација се насочија најмногу и токму за нив. Од афирмирани и почитувани членови на организацијата, од лекари и други стручњаци се популаризираше и се ширеше неговата основна идеја.

Главниот одбор на ваквите предавачи им ја олеснуваше работата со готови предавања, презентирани преку своето гласило. Во нив се обработуваа историјатот на организацијата, големите борци на хуманоста, но се нотираа и задачите и целите што ги имаше таа во својата програма. Еден таков текст со напомена дека е само *„суров материјал за состав за предавање“* објавен е уште во средината на 1923 год.[414] Другпат, наместо готови предавања доаѓаа тези по одредени теми[415].

Меѓу првите презентери кои во Битола ги откриваа основните начела и специфики на организацијата беше Американката мис Џонс. Тоа таа го направи при формирањето на Подмладок во 1923 год., кога го пренесе и богатото искуство од работата на оваа организација во нејзината татковина[416]. Лекарите, очекувано, беа најаганжираните презентери, посебно кога

414. **Главни Одбор Друштва Црвеног Крста Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 7, Београд, јули 1923, 268-279

415. **Упут за предавање о Црвеном Крсту**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1931, 65-66

416. **Подмладак Црвеног Крста**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр.13, 2 мај 1923, 2

требало да се говори за хигиената и за здравјето на луѓето. За вакви предавања се користеле секакви собири, а забавите и концертите беа обично посакувани прилики[417].

Деновите или Неделите на Црвениот крст биле, исто така, прилики во кои се реконструирала историјата на организацијата, нејзините принципи и задачи. Зимскиот ден, одржан на 6 февруари 1926 год., се искористи, на пример, за предавања во врска со 50-годишнината од настанувањето на организацијата[418]. Кога се одбележувал Летниот ден, на 2 и 3 јуни во 1933 год., одржани биле бројни предавања низ сите училишта, во санитетските институции, во џамиите и синагогите и на други места. Особено популарно било она на адвокатот Филип Јаковљевиќ, член на Управниот одбор и еден од преданите активисти[419]. Предавања се одржале и следната година, во месец септември, сега во врска со Неделата на Црвениот крст. Првиот ден, на 16-от ден од месецот, во времето од 8-10 часот во сите школи, во воените единици, во црквите, џамиите и синагогите се третирала една тема – Црвениот крст[420]. При прославата на Неделата од 1934 год. говор за значењето на организацијата се одржа по завршувањето на дефилето пред хотелот „Босна", кога пред насобраниот народ, потпретседателот на Околискиот одбор на Црвениот крст на Битола, адвокатот Вој. Протиќ, направи осврт врз неговиот историјат и значење[421].

Во битолските училишта најангажирани презентери, сосема очекувано, беа наставниците, но во таа улога се јавувале и лекари. На 26 мај 1934 год. во Гимназијата беа одржани две, едното од хонорарниот наставник по предметот хигиена, д-р Марија Попадиќ, која говорела за здравјето, а другото од професорот Радомир Чивовиќ, кој го откривал значењето на

---

417. **Извештај Главног Одбора Црв. Крста Срба, Хрвата и Словенаца о раду у 1921 и 1922 години**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 10, Београд 1923, 355

418. **Dan Crvenog Krsta 6 – 8 juna 1926**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 1, 2, 3, 4, Београд, јануар–фебруар–март–април 1927,68

419. **Рад организација Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 7, 8, Београд, јули–август 1933, 233

420. **Недеља Црвеног крста у 1934 године**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 15, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1935, 44

421. Исто, 45

организацијата[422]. За улогата на Црвениот крст во воените и во мирновременските прилики во сите гимназиски класови се говореше и на 6 април 1936 год.[423]

Предавања за граѓанството се одржуваат и преку Народниот универзитет, главно, од познати лекари, а едно, повторно со тема од народното здравје, ќе одржи и д-р Несторов[424].

## *Првенци на битолскиот Црвен крст*

Меѓу повеќето ентузијасти кои целосно им биле предадени на организирањето и работата на Црвениот крст во Битола, неколкумина посебно се издвојуваат.

Еден, кој стои на челното место, кој остави и најдлабоки траги не само во организацијата, ами и во севкупниот живот на Битола, е долгогодишниот епископ Јосиф.

Роден е во 1878 год. во село Дрежник, Ужичка околија. Основно училиште завршил во Ужичка Пожега и Белград, а богословија, во 1902 год., во Белград. Првин, а веднаш по завршувањето на богословијата, во времето од 1903-1908 год., ја извршувал функцијата парохиски свештеник, но со желба да го надогради образованието, наскоро заминува на школување во Духовната академија во Русија. Таму останува 4 години, во периодот од 1908-1912 год. По враќањето извесно време бил професор, па ректор во Белградската богословија, како и управител на Монашката школа.

Во Битола доаѓа во 1920 год. на местото епископ. Со богато претходно искуство и со голема желба да остави траги во својата работа во градот што сè уште не можеше да се соземе од сите несреќи кои штотуку ги доживеал, вложува максимални сили. Поведува полно иницијативи и реализира полно акции, важи за принципиелна и предана личност во работата од што произлегува и големиот углед што го стекнува среде битолчани. Во Битола останува до 1932 год., кога заминува за Скопје, повторно на местото епископ. Негова исклучива заслуга, меѓу другото, е и основањето на Битолската богословија.

422. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Битољска гимназија, 23/67

423. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија, 26/55

424. Соопштение на д-р Димитар Котевски

Еден е од најстарите членови на Црвениот крст. На членската карта нотирано му било дека бил член од 1902 год., а во организацијата секогаш се наоѓал на истурените врвни места. Во континуитет бил претседател на Битолскиот, потоа и на скопскиот Обласен одбор, бил претседател и на Вардарскиот бановински одбор. Долги години бил член и во Главниот одбор на Црвениот крст во Белград и додека бил битолски и додека бил скопски епископ[425]. Одликуван е со многу ордени, носител бил и на највисокото одличие – Орден на Црвениот крст[426].

Вториот по значење за работата на Црвениот крст во Битола, особено активен меѓу двете светски војни, е Петар Лешњаревиќ. Потеклото му е од Албанија (Корча – Горица), од каде како Петар Лешњар доаѓа во Битола и се запишува како ученик во школите на грчки јазик. Како стипендијант на српската влада, со завршен втори клас грчка гимназија, заедно со уште десетина други ученици од Битола, во 1890 год. го продолжува образованието во Белград. Завршува и високи школи во Франција со што се стекна со звањето професор[427]. Како докажан и проверен србофил, уште во ноември 1912 год. предадена му е цивилната власт во Битола со што станува првиот христијанин претседател на градот. На тоа место назначен е и по реокупацијата на Битола во 1916 год., а ќе застане на истото и во 30-те години од минатиот век. Работел како професор во гимназиите во Битола и во Охрид, бил просветен инспектор, а бил и директор на Битолската гимназија. Во 1941 год., како и толку други Срби, заедно со семејството (сопругата Атина и трите деца), заминува за Белград, каде живее во елитен крај сè до својата смрт.

Како активист на Црвениот крст се вклучува рано и обично зазема видни позиции. Во 1928 год. е само член на Управниот одбор во битолскиот Обласен одбор, но подоцна неговата улога во организацијата значително нараснува[428]. Бил прв или втор потпретседател на овој одбор, со што често го заменува отсустниот претседател. На редовната годишна скупштина на Обласниот одбор за 1929/30 год., одржана на 19 април 1930 год., со седницата раководи тој[429],

---

425. **Извештај о раду Црвеног Крста Краљевине Југославије у 1931 години**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 4, Београд, април 1932, 133

426. **Споменица 1876-1936**; **Претседници обласних одбора Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 6, св. 5, Београд, октобар–новембар 1926, 265

427. **Грађа за историју македонског народа из Архива Србије/, Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија**, том 5, кн. 1 (1890), Београд, 1988, д. 110, 12 септември 1890 и д. 230, 4 октомври 1890.

428. **Битољски Обласни Одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 1, Београд, април 1928, 114

429. **Битољки обласни одбор**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 139-141

што се случува, впрочем, и во други прилики[430]. Во 1932 год. на 43 Главна скупштина на Црвениот крст избран е во Надзорниот одбор и на таа функција останува неколку години[431]. Како втор потпретседател на битолската организација, на 9 октомври 1933 год., заедно со првиот, Миливоје В. Пуриќ, заминува за Дебар со задача заеднички да ја стабилизираат лошата состојба во тамошниот одбор[432]. Во 1938 год. на Бановинската скупштина избран е и за член на Управниот одбор[433].

И така со ред, високи позиции, но и теренец, кој гради, организира и жнее успеси.

## *Одличија за најактивните*

Главниот одбор на Црвениот крст внимателно го следел ангажманот и вложениот труд на своите членови, знаел да го валоризира, соодветно да го рангира и да го наградува. Најактивните се искачувале и на истурените високи позиции во сложената архитектура, понекогаш добивале и јавни признанија во вид пофалби и одличија. Ваквите презентации се случувале и среде членството во посебни пригоди, но и на друг начин, а имињата им биле публикувани преку гласилата. Преку ваквите личности се откривале етичките и други вредности што се ценеле меѓу членството, со што таквите поединци станувале обрасци за помладите генерации.

Пофалби и одличија започнале да се доделуваат од 30-те години на 20 век. По предлог на пониските одбори, Главниот одбор на посебна седница го донесувал конечното решение. На 28 ноември 1932 год., врз основа на изменетиот правилник за одликувања од 24 април истата година, одликувани биле повеќе институции и поединци.

Од Битола биле овие:

Со *Орден на Црвениот крст* – Петар Лешњаревиќ, актуелен претседател на Општината Битола.

430. **Претседници обласних одбора**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1932, 96

431. **Извештај о раду Црвеног Крста Краљевине Југославије у 1931 години**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 4, Београд, април 1932, 133

432. **Из Битољске области**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 7, 8, Београд, јули–август 1933, 233

433. **Banovinske skupštine Društva**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 3, 4, Београд, март–април 1938, 147

Со *златен орден*: Војислав Урошевиќ, управител на основно училиште; д-р Миливоје Лазаревиќ, лекар; Јован Алтипармаковиќ, адвокат – потпретседател на Сенатот; Селим Талат, окружен муфтија; Риста Михајловиќ, судија на Првостепениот суд; Милош Пуриќ, адвокат; Миливоје Пуриќ, претседател на Првостепениот суд; Стојан Константиновиќ, свештеник; Димитрије Премовиќ, пензионер, и Јаков Израил, трговец.

Со *сребрен орден*: Петар Ѓ. Ѓорѓевиќ, управител на Основното училиште „Осман Ѓикиќ"; Јован Ќапановиќ, трговец; Аќим хаџи Али, кафеџија; Стеван Ѓуриќ, судија во Првостепениот суд; Драгиша Рашковиќ, директор на Битолската банка; Драгољуб Константиновиќ, начелник на околија; Радош Вуќиќевиќ, секретар на Окружната занаетчиска управа; Никола Анѓелковиќ, полициски писар, моментно на служба во Прилеп; Коста Ѓуковиќ, трговец; Ахило Димитријевиќ, аптекар; Петар Герасимовиќ, трговец; Јованка Д. Стојадиновиќ, учителка; Михајло Јовановиќ, учител; Пасхал Петровиќ, учител и секретар на Обласниот одбор на Црвениот крст;

*Благодарници* добија: Општината на градот Битола; Радомир Чиповиќ, приправник во Гимназијата; Црквено–граѓанското пејачко друштво „Кајмакчалан"; Женската подружница; Соколското друштво; Пододборот на друштвото „Српска мајка"; Еврејското женско друштво; Друштвото „Српски сестри"; Пејачкото друштво „Стеван Мокрањац" и Душан Путниковиќ, висок службеник во градската полиција[434].

Следната, 1933 год., со златен медал одликувани се Драгиша Рашковиќ и Јован Чапановиќ[435]. Извесно време, додека не биле донесени новите закони и правила, одличија не се доделиле. По повод 60-годишнината од Црвениот крст, во 1936 год., доделени се вкупно 583 ордени и благодарници, од кои активисти на Вардарскиот бановински одбор добија 60 (6 златни, 25 сребрени и 29 благодарници). Покрај нив, Главниот одбор засебно додели уште 200 други, во чија бројка не беше застапен ниту еден член од Вардарскиот бановински одбор[436].

По повод 100 години од основањето, Белгискиот Црвен крст одликува повеќемина граѓани кои работеле на ова поле, меѓу нив имало и странци, меѓу нив и десетина Југословени. Од

434. **Одликовања Црвеног креста**, Гласник Црвеног Креста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1-2, Београд, јануар–фебруар 1933, 32-46

435. **Одликувања**, Гласник Црвеног Креста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 53, (75)

436. **Извештај Друштва Црвеног креста**, Гласник Црвеног Креста, г. 17, св. 3, 4, Београд, март–април 1937, 83-84

Македонија одликуван бил само еден, претседателот на Обласниот Црвен крст – Битола, епископот Јосиф[437].

Одличија доделувал и Главниот одбор на Подмладокот на Црвениот крст. Во 1926 год. од Битола одликуван бил Адолф А. Бартипан, наставник по физичко образование во Гимназијата, со сребрен орден, а во 1930 год. со бронзен орден – учителот Михаил Јовановиќ[438].

## Бугарскиот Црвен крст во Македонија

Бугарскиот Црвен крст е еден од постарите на Балканот. Стартира првин во градот Сливен, во 1878 год., како градско, сепаратно здружение, за подоцна, според едно тврдење во 1885 год., според друго, една година подоцна да израсне во државно и национално[439]. Ваквата двојбеност ќе се рефлектира и врз одбележувањето на 50-годишнината од јубилејот, па наместо да се одбележи на 20 октомври 1935 год., како што се планирало, датумот бил поместен за 18 октомври 1936 година. Богатата и торжествена прослава во голема мера придонесе за неговата популарност и прифаќање и бројот да му се искачи на 60.000 членови со 800 месни одбори, а Подмладокот да има 208.820 членови и 2.730 групи[440].

Организацијата соработувала и на меѓународен план, меѓу другите и со Српскиот, односно Југословенскиот Црвен крст, игнорирајќи ги на тој начин темните меѓунационални наследства од минатото. Врз таа основа, кога во 1928 год. на Бугарија ѝ се случи голем земјотрес, а во 1929 год. и големи поплави, Црвениот крст на Кралството СХС како прва помош понуди 60.000 динари, покрај оние на државата кои изнесуваа високи 3 милиони динари (7.281.500 лева)[441].

Бугарскиот Црвен крст во Македонија го има уште во Првата светска војна. За првпат организиран е при конституирањето на бугарската власт во 1915 год. и ја има истата структура

437. **Одликувања**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 10,sv. 7-8, Beograd, avgust–septembar 1930, 295

438. **Споменица Подмлатка Црвеног крста**, 116

439. Миладин Апостолов, Пенка Иванова, **История на медицината и сестринството**, Горекс Прес, София, 1998, 211-212

440. **Бројно стање Бугарског Друштва Црвеног Крста у 1936 години**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1937, 90

441. **Штете од земјотреса у Бугарској**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1932, 60

каква што ја имал и во матичната земја[442]. По втор пат се појавува на почетокот на 1941 год. при што посебно активан е во Скопје, Прилеп и во Битола.

Скопскиот клон, на чие чело стоел епископот Софрониј, во прво време грижи пројавува најмногу кон бугарските воени заробеници и кон нивните семејства. На семејствата се обидувал да им понуди морална помош во вид поткрепителни писма, но и пакети храна и облека. Во 1942 год. на скопската железничка станица организирал прифатилиште за војници кои биле на пропатување, особено за оние кои имале потреба од медицинска помош. Неколку пати бил организатор и на хуманитарни акции за прибирање топла облека и парични средства за германските војници од Источниот фронт. Почнувајќи од 1943 год., заради воените прилики што траат, почнува позабележително да се афирмира и во организирањето на самарјански курсеви. На првиот, кој започна со работа во неделата на 21 март и траел до 3 јуни истата година, теоретските и практичните предавања ги држеле познати лекари и други стручни лица[443], а практичната работа се изведувала во Скопската државна болница. Притоа успеа да вклучи 51 слушател, што се сметало за успех [444].

Денот на Црвениот крст во Скопје, во 1942 год., бил организиран по втор пат и бил одржан, како и во целата Бугарија, на 18 октомври, под раководство и авторитетот на епископот Софрониј на скопскиот плоштад. Првин бил изведен молебен, потоа следувале говори, маршеви и дефиле. Молебенот го извел лично, во сослужение на скопското свештенство[445].

Слични активности имал и во втората област, Битолската, во која најактивни биле два одбора, Прилепскиот и Битолскиот, востановени и тие во 1941 год.

На челното место на битолскиот клон бил кметот Илија Ненчев, кој околу себе собра лица од власта и повидни граѓани.

Првата позабележителна активност на битолската организија била т.н. *„зимска помош за војниците“,* чија иницијатива дојде од централата, од Софија, во јануари 1942 год. Целта беше да се прибират пари и облека (волнени ракавици, чорапи и др.) за војниците на фронтот и истовремено да се покаже љубов и почит кон оние што гинат далеку од татковината. На 20 јануари истата година локалниот одбор го одржа првиот состанок на кој, не само што целосно се

442. **Spomenica 1876-1836**, 108

443. **Самарянски курсъ въ Скопие открива се на 21 т. м.**, Целокупна България, бр. 537, Скопие, 19 мартъ 1943, 4

444. **Курсъ за самарянки**, Целокупна България, бр. 351, Скопие, 12 мартъ 1943, 2

445. **Тържественото отпразнуване на Деня на Бълг. Черв. Кърстъ въ Скопие**, Целокупна България, бр.416, 20 октомврий 1942, 4

прифатија препораките од централата, ами се направи и сопствена стратегија за исполнување на задачата. Биле формирани неколку комисии во кои влегоа и граѓани, кои требало да бидат гаранција дека успехот нема да изостане[446]. По завршувањето на акцијата следеше оценување, при што се констатира дека наполно успеа и дека се собраа 107.472 лева. Во неа 22.000 лева приложија лекарите и аптекарите, 22.237 доаѓаа од битолскиот гарнизон, 28.230 од трговците, а 3.500 лева беа извлечени од касата на битолскиот Црвен крст, кој донираше и 153 пара волнени ракавици[447]. Во името на Одборот, претседателот Ненчев на посебна седница, изнесувајќи ги резултатите, изрази голема благодарност и кон активистите и кон донаторите за големиот успех[448]. Оценкава беше објавена и преку седмичникот „Пелистерско ехо"[449].

Слични ангажмани се преземаат и подоцна. Во јули 1944 год. групи од браници, со кутии за добротворни прилози, собраа 3.630 лева. Кон нив биле придодадени 1.000 лева од дарежливи граѓани, 10.000 од командантот на германската војска, кој ја поттикна акцијава и уште толку од германско–бугарскиот фудбалски натпревар[450].

Бугарскиот Црвен крст имал и Подмладок, формиран уште во 1921 год., како посебен клон на организацијата Браник. Преку него се преземале многу активности, меѓу другото и едукација на младите во прифаќањето навики за одржување на личната хигиена, давањето прва помош, совладувањето практични работи, едукација на девојките за подобро мајчинство. Ако во 1921 год. на ниво на држава започна со 75.781 членови и со 926 одбори, на крајот од 1942 год. веќе имал импозантна бројка од 596.876 членови и 5.222 одбори[451].

Првиот Подмладок во Битола формиран е најпрво во Мешаната гимназија, кон крајот на 1942 год. под името Младински Црвен крст. Неговата управа ја сочинувале: Филчо Ф. Петров, претседател, Крсто Мишев, секретар, Пецо Георгиев, благајник. Во Надзорниот одбор работеле: Марија Чалева, Љуба Иванова и Г. Николов, сите ученици. Делегиран претставник од Наставничкиот совет била учителката г-ѓа Трпкова[452].

---

446. **Зимна помощъ за войниците**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 3, 14 януарий 1942, 1

447. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Битолска градска општина (1941-1944)** 1 А, 2. 1 а, 1. 71/2

448. **Акцията за събиране топло облекло за българските и союзни войници**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 4, 23 януарий 1942, 1, 4

449. **Хроника**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 9, 28 февруарий 1942, 4

450. **Вести и съобщения**, Пелистерско ехо, г. 3, бр. 136, 1 августъ 1944, 4

451. **Повече отъ 500.000 червенокръстци стоят на будна стража на Родината**, Целокупна България, бр. 617, Скопие, 27 юний 1943, 4

452. **Хроника**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 48, 28 ноеврий 1942, 4

# Дејност

## *Црвениот крст како хуманитарен посредник и како донатор*

Користејќи го богатото искуство и големиот углед што го имал Црвениот крст, Битолската општина го ангажирала не еднаш да биде нејзин посредник во дел од хуманитарните акции, најмногу кога требало ургентно и праведно да се распредели храна и огревно дрво. Постапката одела според востановен ред, издвоените суми од буџетот му се префрлале нему, а оттаму, преку проверени канали и преку хуманитарни активисти, брзо и без проблеми се доставувале на адресите на загрозените семејства и до поединците. Ваквата соработка ќе трае со децении и ќе биде на обострано и општо задоволство.

Примери за тоа има повеќе.

Преку глава битолчани минале ред гладни години, како за време војните, така и по нив. Вонредно тешка им била и 1924 год., кога работа имало премалку, а сиромаштија – премногу. И колку општинските интервенции да биле добредојдени, никогаш не успеале проблемите со гладот да ги разрешат. Впрочем, во општинската администрација ниту се знаел точниот број на социјалните случаи, зашто катадневно се менувал, се разбира, растел. Во таа година, покрај доделената еднократна општинска помош[453], заради верските празници – Велигден, Пасха и Бајрам што наскоро доаѓале, било одлучено да се приклучи уште една, додатна, празнична, во висина од 6.000 динари. Целта била и најсиромашните граѓани и нивните семејства да ги почувствуваат радостите на празниците, па и во оваа прилика бил замолен да ги распредели истите. Се сугерирало христијаните, како најбројни, да добијат 3.000, муслиманите 2.000, а Евреите 1.000 динари[454].

Слична распределба е направена и во 1929 год. Зимата била незапамтено долга и сурова, со невидени снежни намети и многу ниски температури. Ваквото невреме било карактеристично не само во зимските месеци, ами продолжило и до месец март, по што резервите од храна и од огревно дрво биле сосема исцрпени и постоела реална опасност од трагични случаи. За да не

[453] Книга 15, 13 март 1924, т. 15

[454] Книга 15, 13 април 1924, т. 13

дојде до тоа, повторно и по кој знае кој пат и во таа, како и во претходните години, интервенирала Општината. На седницата на Одборот на Општината, одржана на 6 март, која веќе имала утврден дневен ред, била вметната уште една, нова, непланирана, а вонредно важна точка, која *„не трпела одлагање“*, ургентна – помош во храна и огревно дрво за најзагрозеното население. Едногласно било одлучено да се издвојат нови 10.000 динари и истите што побргу да се распределат. Црвениот крст повторно стапил на сцена[455].

Вакви хуманитарни интервенции со припомош на Црвениот крст се случувале во континуитет, меѓутоа, тој не бил само посредник, бил и активен и значаен чинител во корекцијата на тешката социјална положба. Во октомври 1923 год. издвои по 10.000 динари за битолската Женска подружница и за Здружението на инвалидите[456], а пред настапот на зимата, во декември истата година, како Божикен подарок за најсиромашните граѓани од својата каса доделил 6.000 динари. Било планирано да се распределат во општинската зграда[457]. Во 1929 година повел широка акција за помош на гладните, собрал вкупно 84.012 дин., но бидејќи со нив ни малку не се разрешувале проблемите, подигнал и кредит од Главниот одбор, па вкупната сума за помош се искачила на 150.560 дин. Заедно со помошта од Главниот одбор од 13.000 динари, успеа да набави вагон жито и да го раздели меѓу гладното население[458]. Следната година, самиот или со Општината, раздели пари и храна, при што од своите средства одвои 6.230 динари за градот и уште 3.075,50 динари преку месните одбори во селата, што изнесувало вкупно 9.305,50 динари. Се потруди да набави и 420 кг пченица и да ја распредели[459]. Во текот на 1932 и почетокот на 1933 год. раздаде 47.341,25 динари. Само за десет дена во акцијата што ја поведе за помош на невработените собра 41.852,25 динари, со кои купи и раздели 15.000 килограми леб, материјално поткрепи 1.037 семејства, со вкупен број 4.500 членови. Покрај тоа,

455. Книга 21, 6 март 1929, вонредна точка

456. **Помоћ Црвеног Крста**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 39, Битољ, 1 новембра 1923, 3

457. **Друштво Црвеног Крста Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 47, Битољ, 28 децембра 1923, 1

458. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 334

459. **Битољски обласни одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југослаавије, г.11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 140

раздели и 10.000 кг пченица и пченка, а подели и 1.500 динари, покрај веќе доделената помош во врска со празниците Божик, Велигден и Бајрам[460].

И така со ред скоро секоја година.

## *Складишта на медицинска опрема и материјал*

Битола уште од средината на 19-от век играла многу важна улога во Османлиското Царство како здравствен центар, преку кој медицинската наука се ширела скоро низ сета пространа држава. Во неа, заради воените потреби на Третата воена армија, била подигната и најсовремено опремена воена болница, една од најрепрезентативните во Империјата, во која работеле најмногу европски лекари и фармацевти. За нејзини, но и за општи потреби се увезувале огромни количества медицински материјал, кој потем се дистрибуирал и до сите воени болници во Румелија. Произлегува дека уште оттогаш во Битола било организирано големо и современо медицинско складиште, за чие суштствување свидетелствува и првиот вицеконзул на Франција, Белег де Буга[461].

Вакви складишта во Битола имале и странските мисии на Црвениот крст, воените единици, учесници во конфликтите во балканските и Првата светска војна, а имале амбуланта и складиште и милосрдните сестри.

Меѓу двете светки војни материјалот што заостана од претходните војни, Црвениот крст се обиде да го прибере и да го засолни со идеја да послужи за некоја евентуална елементарна или друга непогода. Така, беа формирани нови складишта, во кои имало чаршафи, кревети, шатори, но и лекарства и друго. Помали складишта постоеле и во неколку обласни центри, во Белград, Ниш, Љубљана, Сараево, но и во Битола. Во битолското складиште имало 105 видови артикли чија вредност изнесувала 140.000 динари и со него управувал Битолскиот обласен одбор[462]. Наскоро, односно во 1933 год., биле оформени уште неколку и тоа во Нови Сад, Осиек и

460. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1933, 151

461. **Извештај за Битолскиот пашалак на францускиот вицеконзул од 1856 год.**, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2005, 105

462. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1933, 156-157

во Скопје и сите требало да се екипираат со санитетски и друг материјал преку складиштето на Главниот одбор. Онаму, пак, каде немало вакви складишта, преку него започнале интензивно да се организираат[463].

Очигледно, и за овој дел од заштитата на населението, благодарение на Црвениот крст, започнала да се води посебна грижа.

## *Курсеви за прва помош (самарјански курсеви)*

Курсевите за *прва помош*, во раниот период попознати како *самарјански*, според параболата од Новиот завет, која говори за добродушиот Самарјанин (Лука, 10,33), се едни од првите што ќе ги организира Црвениот крст кај нас веднаш по Првата светска војна. На нив посетителите, меѓу кои најбројни биле припадниците на Подмладокот, се оспособуваа теоретски и практично да им дадат прва медицинска помош на онесреќени, било во војни, било во елементарни непогоди. Годината 1927 фиксирана е за нивен старт[464], што не значи дека немаат историја и дека и порано немало обиди за нивно организирање. Познато е дека Српскиот Црвен крст во врска со воените конфликти со Турција 1876-7-8 год., а и подоцна имал оформено брзински курсеви за доброволки – помагателки, чиј број понекогаш се искачувал и на 500[465].

Работеле според утврден план и програма, донесени од Главниот одбор и имале и две нивоа, основно и вишо. Основното давало најминимална обука, вишото оспособувало и едукатори, кои биле успешна замена за дефицитарните лекари, особено за нижите курсеви[466]. По

463. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, сцв. 2, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 79

464. **Samarjanski tečajevi**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 2,Београд 1928, 193 – 194; **Samarjanski tečajevi Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Кртста С.Х.С., г. 9, св. 6, 7, Београд, јуни–јули 1929, 296; **Самарјанство Црвеног Крста,** Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–февруар–март 1930, 1-7; **Наши течајеви за прву помоћ**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1929, 19 – 21

465. **Прилози, указивање прве помоћи (Формација Самаришана) у Краљевини С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 4, јули–август 1925, 187

466. Уште во 1927 год. донесени се *Правила* за овие курсеви (**Правилник о Самарјанским Течајевима Ц. К.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 9, 10, Београд, септембар–октобар 1927, 234-249, кои се препечатени во 1933 год. (**Pravilnik o Samarjanskim Tečajevima C. K., Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије**, г. 13, св. 3, 4, Београд, март–април 1933,

завршувањето на образовниот процес се добивала диплома, на која на челно место биле испишани десетте основни правила на самарјанството, од кои првото гласело: „*Секогаш прави го она што сакаш тебе да ти го прават!*“. Интересот за нив станал голем, само во првата година од отпочнувањето биле едуцирани над 600 посетители. Уште многу рано започна да владее неподелено мислење дека тие му се најпотребни на руралното население, зашто, во отсуство на лекари и амбуланти по селата, а и при чести несреќи заради тешката и со ризици земјоделска работа, можеле да бидат ефикасна самопомош во секакви незгоди[467].

Теоретските знаења се однесувале на анатомијата и физиологијата, а практичната работа била во врска со раните, преврзувањето, откривањето на привидната смрт, транспортот на ранетите и болните и сл.[468]. По посетата и времената работа во болниците и амбулантите, обуката целосно се заокружувала. Некои од предавачите – лекари се имале потрудено да подготват и да издадат и прирачна литература, со која, во голема мера, се олеснувала едукацијата. Имало и проблеми кои се разрешувале во ôд, посебно оние со нерегулираниот статус на лекарите – наставници и со недостигот од медицински материјал[469].

Колку ваквите кадри биле неопходни се откри во земјотресот во Валандовско и Демиркаписко од 1929 год., каде целосно отсуствувале. Тогаш се констатира дека со нив помошта и санациите ќе беа побрзи и полесни доколку навреме се појавеа[470], што стана силен потстрек обласните одбори да започнат поангажирано да ги организираат.

Организацијата на првите курсеви во Скопје беа во 1927 год. и му биле доверени на д-р Милан Занковиќ, управител на Скопската обласна болница[471].

И во Битола ги среќаваме рано, уште од учебната 1927/28 година, а како први посетители се јавија учениците од Битолската богословија од погорните класови. Предавачи станаа девет месни лекари, кои за својот труд не наплатиле никаков хонорар[472]. Во следната, 1929 год.

---

116-123; **Zdravstveni tečajevi pridobiše naš narod za Crveni Krst**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 2, Београд, август 1928, 195

467. **Наши течајеви за прву помоћ**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1929, 19

468. **Spomenica 1876-1936**, 304 – 305; Споменица подмлатка, 39-43

469. **Наши течајеви за прву помоћ**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1929, 19-20

470. **Самарјанска служба у елементарним непогодама**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1929, 102-104

471. **Вести Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 9, 10, Београд, септембар–октобар 1927, 275

472. **Битољски Обласни Одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8., св. 1, Београд, април 1928, 114

Битолскиот обласен одбор е посебно ангажиран кон оваа форма, па, за да биде поуспешна, првин била оформена специјална комисија со задача да изготви план и програма за нивната работа[473]. Тоа понатака основа стана секоја година да има по еден или два курса, од кои се продуцирале поголем број доброволци – самарјани. Во текот на 1931 год., од двата курса со дипломи се здобиле дури 214 слушатели[474], а на курсот, кој почнал на 11 ноември 1933 и траел до 4 март 1934 год., посетители биле средношколци од погорните класови на Гимназијата (7 и 8 клас)[475]. Во Богословијата ги има добро организирани уште во учебните 1927/28 и 1929/30 год.[476].

Откако се случи реорганизацијата на Црвениот крст во 1933 год. и бил оформен Вардарскиот бановински одбор, надлежноста за нивното организирање го презеде тој врз себе, ги презеде, се разбира, и трошоците. Според една општа статистика, за периодот од 1927 до 1936 год. на подрачјето на Македонија биле организирани 15 основни курсеви со 597 посетители што претставува поприлична бројка[477]. Во 1937 год., според податоците што ги понуди Главниот одбор, не се одржал ниту еден курс[478], а во 1938 год. го завршиле само 32 посетители[479], што говори дека интересот полека гаснел, макар што темните облаци од претстојната војна веќе биле надвиснати.

473. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9., св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 335

474. **Самарјанска служба у елементарним непогодама**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1931, 145

475. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија, 20

476. **Извештај за школску 1932/33**, Српска православна богословија, 38

477. **Извештај Друштва Црвеног крста**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 3, 4, Београд, март–април 1937, 93

478. **Преглед самарјанских течајева одржане у 1937 години**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 3, 4, Београд, март–април 1938, 113

479. **Преглед самарјанских течајева одржаних у 1938 години**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 19, св. 3, 4, Београд, март–април 1939, 107

## *Курсеви за доброволни болничари-ки*

Курсевите за доброволни болничари–ки во Кралска Југославија започнаа со работа во 1935 год. и токму тие се причина за слабиот интерес за самарјанските курсеви. Според добро изработената програма, еден курс траел од 8-12 недели или се одржувал во вкупно 64 часа. Предавачи биле лекари со асистенција на професионални болничарки. Завршените курсисти, кои добивале веднаш по курсот и посебна диплома, биле должни во наредните неколку години да поминат по 15 дена во болници, диспанзери или во други слични здравствени институции и таму да ја стекнат најважната, практична примена на теоретското знаење. Одзивот меѓу женскиот свет бил задоволителен, а меѓу младите мажи – најголем, зашто за курсевите со стриктно задолжение беа ангажирани ограничено физички способните обврзници, ослободени при регрутацијата од другиот, воениот дел од обврската.

Косовската девојка од народните песни, која по поразот во Првата косовска битка била меѓу првите што дошла да им помогне на ранетите, од многумина се посочува како прв балкански пример на доброволна болничарка. Примери на вакви жени, особено од подоцнежниот период, има и други. Има и обични жени, но и принцези и угледни дами. Англичанката Флоренс Најтингел, е една од нив, други се руската принцеза од германско потекло Марија Павловна, па белгиската кралица Елизабета, белгиската принцеза Марија Жозе, италијанската престолонаследничка итн. Сите станале образец што ќе инспирираат други жени, па не е чудо што нивната општа бројка во Првата светска војна нараснува над 250.000. Самопрегорно и храбро крстарат низ воените попришта или се во заднината, помагајќи и негувајќи болни и ранети. Топлиот сестрински и мајчински однос, нивниот мек, утешителен глас, нежниот допир, дури само и нивното присуство, помагал бројот на смртните случаи и без медикаменти, кои најчесто недостасувале, како што велат статистиките, драстично да се намали[480].

Во првата година од организирањето, во 1935 год., покрај во Битола и во Тетово, во Вардарската Бановина одржани се уште во 4 градови (Гњилане, Призрен, Лесковац и Врање). Курсот во Битола почнал на први октомври и бил посетен од 31 доброволец, во Тетово стартирал

480. **Добровољне болничарке**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 18, бр. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1938, 138-139



*Курс за доброволни болничарки во Битола (1939)*

на 15 октомври и имал 24 посетители. Заради практичната работа, курсевите секогаш се лоцираа во градските центри, односно онаму каде што имало болници[481].

Учесниците добивале знаења од пет области: анатомија на човекот со физиологија (10 часови), хигиена и заразни болести (8 часови), повреди, воени отрови и прва помош во несреќни случаи (16 часови), нега на болни (22 часови) и организација на здравствената и болничката служба (4 часови)[482].

481. **Спремање помоћног особља Црвеног крста**, Глсник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 15, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1935, 336

482. **Течајеви за добровољне болничарке**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, сб. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1938, 137

Во Вардарскиот бановински одбор во 1936 год. организирани биле 16 курсеви со 313 курсисти и 41 курсистка[483], а на ниво на држава 134 курсеви, кои ги завршија 3.547 посетители (2.556 мажи и 991 жени)[484]. Следната година во Вардарска Бановина бил одржан само еден, со 14 посетители[485], а во 1938 год., и покрај сериозноста на политичката ситуација во Европа и во светот, ниту еден[486].

Последниот курс во Битола одржан е меѓу 25 септември и 3 декември 1939 год. и со него раководел д-р М. Лазаревиќ. По неговото завршување била направена заедничка фотографија, која ја објави Гласникот во еден од последните броеви[487].

Своите знаења курсистите ги дополнувале, покрај на часовите по теоретска и практична работа и преку упатствата што биле пласирани од врвни стручњаци во Гласникот. Ги имало многу, едно најобично било во врска со начинот на употребата на топлометарот[488].

## Курсеви за практична работа

Почнувајќи од учебната 1924/25 год., а по иницијатива на Главниот одбор и со материјална помош на Меѓународната лига за помош на децата, започнаа да се организираат курсеви и по практична работа. Првин беа по плетарско–занаетчиска работа, наменети за најсиромашните и за напуштените деца за да можат самостојно да си го вадат лебот од најрани години. Првиот започна во Белград, наскоро бил организиран и во Скопје, а има тврдење дека во учебната 1924/25 год. го имало и во Битола[489]

483. **Svima odborima Društva Crvenog krsta**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1937, 381
484. **Spomenica 1876-1936**, 302-304
485. **Преглед одржаних течајева за добровољне болничаре и болничарке у 1937 години**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 3, 4, Београд, март–април 1938, 112
486. **Преглед одржаних течајева за добрвољне болничаре и болничарке у 1938 години**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 19, св. 3, 4, Београд 1939, 107
487. **Banovinske skupštine našeg Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 20, св. 5, 6, Београд 1940, 229
488. **Поуке болничарима**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 5, Београд, мај 1924, 179-180
489. **Споменица Подмлатка**, 75

Со курсевите раководеа и наставата ја изведуваа учители, кои хонорарот го примаа од Главниот одбор. Откако се увиде дека учителите не се на потребното стручно ниво, започна да се размислува и за нивно постручно едуцирање. Се предлагало летните ферии, кога се слободни и училиштата и учителите, да се искористат како најпогоден тајминг што било и прифатено[490]. Од први јули до шести август 1924 год. таков курс е одржан во Учителската школа во Алексинац, организатор и финансиер бил Главниот одбор на Подмладокот. Го посетувале и го завршиле 53 наставници од целата земја, по што, уште во текот на следната учебна 1924/25 година можеа да се вклучат во наставата[491]. Вакви курсеви се одржале истата година и во Нови Сад, во Загреб, Љубљана и Сараево и од нив излегле целосно подготвени за задачата 160 учители. Бидејќи за успешната работа не биле битни само добро подготвените учители, ами и условите во кои требало да се работи, Министерството за просвета учествувало во снабдувањето на школите со потребен материјал[492].

Ваквите курсеви продолжиле да се организираат и во годините што следат. Во 1927 год. курсот во Скопје, кој бил одржан во Учителската школа, го завршиле 20 учители од т.н. Јужна Србија. Следната година го посетувале 28 учители и 3 учителки, сите од градовите и селата на истата покраина. Наставници биле Иван Поточњак, професор, Рад. Михајловиќ, учител, Петар Митропан, професор во Учителската школа, и Чед. Тодоровиќ, учител. Предавањата по хигиена ги држеле лекари од Хигиенскиот завод. Курсот во 1931 год. го завршиле 42 учители и учителки.

Наставата по практична работа се одвивала според сите наставно–педагошки принципи, што ќе рече, според план и програма и за теоретската и за практичната работа. Посетителите се оспособувале за четири подрачја: сточарство, плетарство, моделирање и подготовка на школски збирки – картонажа, за подврзување на книги и друго[493].

Во Битола, иако официјално практичната работа започнала од учебната 1923/24 год., уште во првите години по Првата светска војна во училиштето „Св. Сава“ имало организира-

490. **Spomenica 1876-1936**, 356

491. **Извештај Главног Одбора Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 4, Београд, јули 1925, 171

492. **Извештај Главног Одбора Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 6, св. 2, Београд, фебруар–март–април 1926, 98

493. **Споменица Подмлатка,** 73-94



*Курс за инструктори по практична работа во Битола (М. Манаки, околу 1935)*

на работилница за ваква дејност[494], а бидејќи била добро опремена, ја користеле и ученици од другите училишта[495]. Повремено курсистите се презентирале пред поширокатa битолска јавност со изложби на своите најнови изработки. Една, на која имало ракотворби од картон, дрворез и моделирања, била организирана на празникот Видовден во 1929 год.[496] Слична имало и во следната година на истиот празник. Сега биле изложени 2.176 предмети од 14 групи ученици од сите битолски основни училишта[497].

Курсеви по практична работа се изведувале не само во градовите, ами и по селата. Во кумановското Романовце уште во 1924 год. многу активен во тој однос бил Подмладокот на

494. **Извештај о раду Подмлатка Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1924, 325

495. Ѓорѓи Лазаревски, цит. дело, 16

496. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 335

497. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г.11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 141



*Изложба на предмети изработени на часови по практична работа (М. Манаки, околу 1930)*

Црвениот крст, кој под надглед на учителот по практична работа, имал оформено и мала работилница во која се изработувале столарски предмети, најмногу за потребите на училиштето. Покрај тоа, учениците работеле и во школското лозје, саделе диви овошки во школскиот двор, кои потоа ги облагородувале со калемење, а тоа истото го применувале и на селските имоти[498].

## *Курсеви за млади мајки*

Со цел младата женска популација да биде подготвена за својата биолошка функција, носење на свет и подигање здраво и напредно поголение, Црвениот крст доста рано започна да организира курсеви и за млади мајки. Биле наменети, главно, за ученичките од погорните класови на средните и стручните училишта и за студентките од Белградскиот универ-

498. **Извештај о раду Подмлатка Црвеног Крста Краљ. С.Х.С., за школску 1923/24**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 11, 12, Београд 1924, 325

зитет. Работеле според претходнно разработена програма, подготвена од специјална комисија по нарачка на Главниот одбор, а содржеле предавања за личната хигиена, хигиена на домовите, предавања за заразните болести, за негата и исхраната на бебињата, природната и вештачката исхрана, облекувањето на детето, најчестите болести кај децата, најчестите причинители за смртност кај децата итн. Целосна поддршка на ваквата многу корисна акција ја даде Министерството за народно здравје, со што уште на почетокот курсевите се здобија со голема популарност и имаа забележителна посетеност. Во Белград се изведуваа во модерниот и функционален објект на Здружението на мајките[499], а покрај во Белград, биле организирани и во други градови, најмногу во специјалните, женските училишта[500]. Покрај теоретска настава, курсевите имале и практични вежби, кои со состоеле од посети и работа во болници, амбуланти и во други слични институции кои се занимавале со здравјето на луѓето, посебно на детето.

Во учебната 1922/23 год. во Белград имало три курсеви, во траење од по шест недели, а на кои учество зеле 74 ученички. Иницијативата и организацијата ѝ припадна на многу заслужната и енергична мис Џонс[501]. Првите оценки за курсевите биле дека не само се „*симпатични*“ ами и дека се неопходни, па започнаа да се организираат секоја година. Во 1929 год. ги имало 18, а во 1930 год., само во првото полугодие, биле 10[502].

Во Битола вакви курсеви започнаа да се одржуваат од учебната 1927/28 год. со посета од 73 ученички од погорните класови на Гимназијата, од Трговската академија и од Женската работничка школа. Биле три курса и биле во организација на Обласниот одбор на Подмладокот на Црвениот крст од Битола. Часовите, како што стои во еден извештај, посетителките ги следеле со посебен интерес[503]. Бидејќи наишле на добар одзвив среде женската средношколска популација и кај нивните родители, следната учебна година се повториле. Сега со дипломи се

499. **Реферат о Подмлатку Ц. К. о хигијенској акции**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 233

500. **Извештај Главног Одбора Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 6, св. 2, Београд, фебруар–март–април 1926, 98

501. **Подмладак Црв. Крста**, Гласник Црвеног Крста, г. 4, св. 2, 3, Београд, фебруар–март 1924, 63

502. **Реферат о Подмлатку Ц. К. у хигијенској акции**, Гласник Црведног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 233

503. **Zdravstveni rad Podmlatka Crvenog Krsta-tečajevi za Buduče majke**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 5, Београд, мај 1929, 155

стекнале 68 ученички. Курсевите ги држеле лекари, кои, како што е потенцирало, го правеле без материјален надоместок[504].

Едукацијата на идните мајки се правела и преку пишаните медиуми, најмногу преку Гласникот. Многу теми од хигиената, од исхраната и болестите биле обработувани од стручни лица, па и тие помагале, на свој начин, во подготовката на идните мајки[505].

## *Подготовки за заштита од воздушни напади*

Со тешкото искуство од Првата светска војна, кога од авионските напади и од употребата на отровни гасови, цивилното население настрада премногу, меѓу приоритетните задачи што си ги постави Црвениот крст беше заштита на населението од слични трагедии. Во тој однос тесна соработка воспостави со Министерството на војската и морнарицата, најповикано за овие прашања. Заеднички претставници ќе ги застапуваат на меѓународните собири каде се третирале токму овие горливи прашања (1928 – Брисел и 1929 – Рим), заеднички ќе организираат и посебна комисија за изработка на план и програма за теоретски предавања и практични вежби, а ќе преземат и други зафати со единствена цел, населението што поподготвено да ја дочека идната евентуална војна[506]. Се пренесуваа и туѓи искуства и се презентираа преку гласилото на Црвениот крст, а еден таков напис е пренесен и од Меѓународната ревија на Црвениот крст, објавен во Женева, во јуни 1937 год.[507]

---

504. **Споменица Подмлатка**, 30-35; **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 3, 4, Београд, март–април 1929, 122

505. **Здравствене поуке,** Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 3, Београд, март 1922, 109; **Одојче (од 10-ог дана до 2 године)**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 4, Београд, април 1924, 144-150; д-р М. Ђ. Поповић, **Дечје питање**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 5, Београд, мај 1924, 167-170; **Zdravstveni rad Podmlatka Crvenog Krsta – Tečajevi za „Buduče Majke“**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 5, Београд, мај 1929,154-160; **Kako možemo smanjiti uzroke smrti i obolenja kod porodilja**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 9, 10, Београд, септембар–октобар 1934, 351-354

506. **Spomenica, 1876-1936**, 310

507. **„Тотални рат“ и заштита цивилног становништва**, Гласник Црвеног крста Краљевине Југославије, г. 17, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1937, 289-290

Напаствијата за активностите што требало да се преземат, упатени до обласните одбори, се објавуваат и преку Гласникот уште во 1928 год.[508]. Во 1929 год. со циркулар бр. 13967 од декември, Главниот одбор ги повика обласните одбори да формираат и специјални комисии со апел задачата да ја прифатат сериозно и сериозно да поработат на овој проблем, зашто е премногу сериозен. По него обласните одбори се раздвижуваат, раководствата одржуваат состаноци, преземаат и бројни активности [509]. Се сугерира набавка и складирање санитетски материјал, гас–маски, подигање скривалишта (во Битола се пробиваат под ридот наречен Тепсијата), се посочуваат постапки при затруеност од отровен гас итн.[510] Загрепскиот Обласен одбор уште во 1930 год. веќе имал подготовки што се ценеа за најнапредни и истите се посочуваа како искуство што треба да се следи[511].

Во организација на Црвениот крст од 1933 год. започнуваат и јавни вежби за заштита од воздух. Во Љубљана масовната и успешна вежба изведена е во април истата година, а потоа такви следат и во другите градови. Во Белград организирани се две, на 17 септември и на 1 октомври истата година[512].

Овие задолженија на обласните одбори, подоцна, откако ќе се формираат бановинските одбори на Црвениот крст, се пренесуваат и се спроведуваат и од нив. На 6 редовна седница на Вардарскиот бановински одбор, одржана на 19 март 1938 год., донесена е одлука многу посериозно да се претресе прашањето за заштита од воздух и да се преземат што побрзо соодветни чекори во тој правец. На седницата било заклучено филмот Одбрана од напад од воздух, кој успешно беше ги разработил начините на заштита, да се прикаже во сите места на Бановината[513].

---

508. **Помоћ нашег Црвеног Крста унесрећенима у миру**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8., св. 1, Београд, 1928, 32-35

509. **Црвени Крст и заштита грађанског становништва од хемијског рата**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1930, 91-93

510. **Заштита против отровних гасова**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 7, 8, Београд, јули–август 1933, 208-210

511. **Црвени Крст и заштита грађанског становништва од хемијског рата**, Гласник Црвеног Крста Краљаевине Југославије, г. 10, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1930, 91

512. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 1, 2, Београд 1934, 77-78

513. **Banovinske skupštine Društva Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 18, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1938, 141

Посебно внимание им се посвети и на изработката и дистрибуцијата на гас–маските. За таа цел била формирана специјална комисија, во која се вклучи и Црвениот крст преку генералот Калафатовиќ, член на Главниот одбор. Наскоро моделот бил прифатен, а се проучувале и алтернативите за деца и за болни. Бидејќи се јави голем интерес, се планирало продукцијата да биде забрзана, со тоа и набавката олесната. Се правеле напори и цената да биде популарна[514].

Тоа сигнализираше дека војната е многу блиска. Наскоро тоа и се потврди со атакот на Германија врз околните независни држави, со што почна и најновата светска апокалипса.

## Борба против туберкулозата

Векови на ред, не само кај нас, воопшто и во светот, туберкулозата косела повеќе отколку сите други заразни болести заедно, оттаму и нејзиното популарно име, „*народна болест*". Според статистиките што се воделе на пошироко ниво, секој петти жител на планетава меѓу двете светски војни умирал од туберкулоза. Во Кралска Југославија секој трет жител или боледувал или умирал од неа[515]. И додека во Англија на 10.000 жители умирале 22 лица, во Германија –16, Данска – 10, во Кралството на Србите, Хрватите и Србите состојбата била поразителна, се броеле 40 смртни случаи[516]. Во некои региони состојбата била уште попоразителна, па ако во Љубљана умирале на 10.000 жители 50 граѓани, во Загреб – 65, во Белград од 80 до 86, во некое основно училиште во мало место во Србија, еден лекар (д-р Иваниќ) регистрирал дека дури 90% од учениците биле болни од оваа болест[517]. Најранлива група биле најмладите, во која спаѓале и студентите[518], а голем дел и воените обврзници и нивните старешини, кај кои

514. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г.14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 78

515. Д-р. М. Врачевић, **Хроничне болести**, Гласник Црвеног Крста С. Х.С., г. 5, св. 1, Београд, јануар 1925, 66

516. **Улога Црвеног Крста у борби против туберкулозе**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С.. г. 9, св. 5, Београд, мај 1929,148

517. Исто, 149

518. **Туберкулоза међу студентима,** Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7, 8, Београд, јули–август 1939, 278-280

немало никаква имунизација, па и смртните случаи биле најбројни[519]. Не случајно на Шестата меѓународна конференција на Црвениот крст, одржана во 1897 год. во Виена, донесен бил заклучок периодот што следи целосно да ѝ се посвети на борбата против туберкулозата, со посебна нагласка, притоа, најмногу во заштитата на младите[520]. Уште во 1922 год. на молба на Антитуберкулозниот диспанзер, Главниот одбор на Црвениот крст на С.Х.С. на својата седница од 24 април, реши да одвои 1.000 динари и со нив да го финансира опоравувањето на 10 бедни и слабички деца во приморјето, со нагласка тоа да биде само почеток[521].

Ако состојбата во другите делови на државата била толку страшна, тогаш каква можела да биде во Македонија, каде сиромаштијата и гладта биле неподносливи. За неа, за жал, нема податоци, или зашто е целосно заборавена и никој не појавувал интерес да регистрира, или зашто се имало намера бројките да не се обелоденуваат.

Преку предавања, написи и други акции се говори за преносливоста и за заштитата, односно населението започнува да се едуцира[522]. Постојат и специјализирани организации за битката што се води. Една се викала *Лига за борба против туберкулозата,* која во 30-те години од минатиот век прераснува во *Југословенска лига за борба против туберкулозата.* Имала клонови во повеќе поголеми населени места во државата, меѓу другите и во Битола. Во содејство со Црвениот крст организира предавања, антитуберкулозни денови со дефилиња и други јавни настапи.

Антитуберкулозните денови се некои од поважните успешни пропагандни манифестации што ги преземале и Лигата и Црвениот крст. Еден организиран е на 27 мај 1935 год. и во Битола. Дефилето, во кое зеле учество, покрај ученици, и голем број граѓани, стартирало пред општинската зграда, па на чело со воената музика, продолжило по булеварот „Престолонаследник

---

519. Д-р Ж. М. Рувидић, **Борба против туберкулозе и Црвени Крст**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, св. 11, Бедоград, новембар 1922, 327-329

520. Д-р Ж. М. Рувидић, **Борба против туберкулозе и Црвени Крст**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, св. 11, Београд, новембар 1922, 329

521. **Вести Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 5, Београд, мај 1922, 155

522. Статии се објавуваат во Гласникот на Црвениот крст. Меѓу другите, за спецификите и преносливоста на болеста пишуваат многумина (**Хроничне заразне болести, – Туберкулоза и борба против ње**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 1, Београд, јануар 1925, 66-75; **Старање о туберкулозним лицима у Пруској,** Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 1, Београд, јануар 1925, 95-97; д-р Г. Богић, **Туберкулоза и борба против ње**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 6, св. 2, Београд, фебруар–март–април 1926, 67-70; д-р Јоксимовић, **Туберкулоза и Црвени Крст**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 6, св. 4, Београд, јул–август–септембар 1926, 203-207; **Борба против туберкулозе**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 292-295

Александар“, па по „Занаетчиската улица“ и по ул. „Крал Петар“, за да заврши пред Офицерскиот дом. Пригодни говори тука одржаа Лука Иљичковиќ, претседател на месната Лига и претседателот на Окружниот суд, кои биле и на чело од поворката. Тоа дало поттик и за други слични активности што наскоро ги презеде и Лигата, меѓу кои поважни биле популарните предавања за спецификите на болеста и за начините за борба против неа, одржани низ повеќе места во градот[523].

Грижата за заштита од оваа болест, но и за здравјето воопшто на Подмладокот, била една од приоритетните задачи и на самиот Црвен крст од Битола. Меѓу другите напори што ги правел бил и обидот како да им помогне на бедните родители, нивните деца ќе ги испрати на опоравување во околните места со здрава клима, каде би имале бесплатни оброци и би биле под посебен надзор од лекари. Едно такво опоравилиште за деца под 12 год. возраст во 1929 год. организирано е во месноста Девејани. Покрај него, Црвениот крст ги користел и летувалиштата на Пелистер, во Крушево и покрај Охридското Езеро и колку–толку придонесувал и на овој начин во борбата против оваа опака болест[524].

## *Учество во битката против алкохолот*

Покрај туберкулозата и венеричните болести, кои добиваат размери на епидемија, меѓу двете светски војни, како ново зло, се вклучи и алкохолот. На тие многу тешки предизвици, најмногу заради иднината на генерациите што доаѓаа, морало да им се стави крај, па во битката учество зедоа и државната управа и интелигенцијата, но и бројните невладини организации, најмногу и најавангардно Црвениот крст, со своите млади кадри[525]. Токму тие требало да бидат предводници, носители на битката и да им даваат пример на останатите. Не случајно оттаму, меѓу десетте заповеди што биле втиснати на нивната членска карта една била „*Немој да пиеш алкохолни пијалоци*“[526].

---

523. **Антитуберкулозни дан у Битољу**, Вардар, Скопље, 29 мај 1935, 5

524. **Oporavilišta i letovališta Crvenog Krsta u 1929 godini**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 9, 10, Београд, септембар–октобар 1929, 294

525. **Borba protiv alkoholizma**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 5, Београд, мај 1924, 165-167

526. Љ. М., **За трезвеност нашег подмлатка**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 6, 7, Београд, јуни–јули 1929, 203-205

Оваа битка кај нас никако не била под влијание на онаа, на прохибицијата во САД, која во ова време доби и меѓународно внимание, ами најмногу и, пред, сè заради тешките социјални проблеми. Статистиката што се водела за консумацијата на алкохол, била поразителна, говорела дека производството на алкохолни пијалаци, посебно на ракијата, биле енормни. Изброени биле дури околу 40.000 крчми и 100.000 печилници за ракија, односно дека во просек на 120 жители доаѓала по една печилница[527].

Трезвеноста во државата, вклучително и во Вардарската Бановина, оттаму доби длабоки значења и размери, па прерасна и во масовно движење. Програмските цели на разните антиалкохолни здруженија, кои никнуваат катадневно, им била решителната битка. Во Скопје едноподруго се формираат две, обете младински, „Истрајност“ и „Глорија“. Се борат на повеќе полиња, а манифестациите организирани по повод Денот на трезвеноста им се најуспешни, зашто успеваат да ги вклучат не само младите членови, ами да вбројат и обични граѓани, како и влијателни личности од државниот врв, меѓу нив дури и жупанот Жив. А. Лазиќ[528].

И Битола има бројни вакви здруженија, кои се обидуваат да дадат придонес во таа битка. Во почетокот на април 1923 год. организирано е Здружението „Иднина“ („Будуќност“), кое прифаќа голем број млади. Добро е организирано има и свои простории кои се наоѓаат во тогашниот булевар „Престолонаследник Александар“ (денес булевар „Први мај“)[529]. Вакво здружение организира и Црвениот крст, посебно неговиот Подмладок. Најпрвин учениците од Гимназијата уште во 1923 год. формираат антиалкохолнна секција на која ѝ го даваат името *Трезвена младина*, околу која се обединува поголема група ученици[530]. Средства за работа обезбедуваат преку разни форми, најмногу преку забавите[531]. Успеваат да анимираат формирање и на слични здруженија и во другите средни школи, но и меѓу хуманитарните и

527. Д-р М. Ђ. Поповић, **Црвени крст и борба противу алкохолизма**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 288-291; Истиот, **Антиалкохолни покрет**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 3, Београд, мај–јуни 1925, 126-129; **Lečenje alkoholičara i pijanstva**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 1, 2, 3, Београд, јануар–фебруар–март 1931, 64

528. **Трезвењачки дани у Вардарској бановини**, Вардар, Скопље, 15 мај 1932, 10

529. **Дневне вести**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 11, Битољ, 15 априла 1923, 3

530. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Државна реална гимназија у Битољу, 32-33

531. **Забава Кола трезвености**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 12, Битољ, 22 април 1923, 3

други здруженија[532]. Заслужни се и за основањето на Месното здружение на Трезвената младина, а и за неколку други по селата во Битолската и Мариовската околија. Ширејќи ја идејата на антиалкохолизмот, организираат заеднички дружења, наменски предавања, читања литературни творби со теми од антиалкохолизмот, лепат плакати со впечатливи пораки, прават дефилиња и сл. На заедничките собири се читаат лични трудови на тема антиалкохолизам. Меѓу другите, презентирани се и овие: Што прави алкохолот (Дес. Комарчевиќ); Што прават канџите на кралот на алкохолот; Алкохолот како рушител на младината (Јован Калаузи, уч. од 5 клас) и др. Во учебната 1923/24 год. ученикот од 8 клас Ристо Бундевски ја пишува својата кратка театарска претстава од два чина „Крвава веселба", која доживува голем успех меѓу учениците во Гимназијата и придонесува соодветно во борбата против алкохолот[533].

Повереник во Гимназиското здружение, делегиран од Наставничкиот совет од учебната 1932/33 год. од почетокот па до неговиот крај, до 1941 год., е професорот Иван Кањух, кој, стана сподвижникот и душата не само на ова здружение, ами и на сеопштиот антиалкохолизам во градот. По извесен застој во работата, Гимназиското здружение на 27 октомври 1938 год., повторно се консолидира и го прифаќа поранешниот ритам, останувајќи и понатака лидер на движењето[534].

Три години по формирањето на Гимназиското здружение, во 1926 год. слично основано е и во Богословијата. Се вика *Друштво на Сојузот на трезвената младина,* работи во составот на литературната секција „Братство", а соработува и со здруженијата во Гимназијата, Трговската академија и на Нижото земјоделско училиште[535]. И тоа организира литературни читања со антиалкохолни теми, учествува во прославите на деновите на трезвеноста, приредува забави и сл. Во месец октомври 1930 год. прави напори да ја реорганизира работата и да ја збогати со нови содржини. На четвртиот конгрес на трезвената младина на Југославија, кој требало да се одржи на 3, 4, 5 и 6 јули 1931 год. во Белград, како делегат испратен е богословот од 5 клас Милан Јовановиќ. Здружението имало свој фонд, кој во учебната 1930/31 година располагал со 285,50

532. **Рад Месног средишта Савеза трезвене младежи у Битољу**, Јужна стража, г. 3, бр. 9-10, Битољ, новембар–децембар 1935, 26-27

533. Александар Стерјовски, **Битола, Каријатиди на театарот**, НУ Народен театар – Битола, Битола, 2004, 349

534. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Државна реална гимназија, 33

535. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија, 38

динари[536]. Литературни состави со антиалкохолни теми читаат не само членовите, ами и дел од наставниците. Со една таква творба, на 14 мај 1932 година, настапил и пратеникот на Наставничкиот совет, еромонахот Јован Максимович[537].

Покрај школските, во Битола постои и *Месно здружение на Трезвената младина*, за чие формирање најголема заслуга имало гимназиското. Тоа успеа да издава и гласило, чие име е Јужна стража. Било во редакција на големиот борец против алкохолот и аниматорот на сета таа борба, професорот Иван Кањух. Започнува да излегува од јануари 1933 год., се печати еднаш месечно (освен во јули и август) сѐ до 1935 год. Покрај антиалкохолни теми објавува прилози и од други области, најмногу литературни од надежните млади литерати.

Трезвената младина, како и некои други здруженија, имала свој празник, Ден на трезвеноста. Тој бил прилика да се манифестира работата и да се агитира уште погласно против алкохолот. Во 1933 год. Денот се одржа во неделата на 28 мај, кога во дефилето зеле учество дури 4.000 членови и обични граѓани, симпатизери на движењето. Се тргнало од пред општинската зграда на булеварот „Престолонаследник Александар Караѓорѓевиќ", па откако поворката минала низ другите улици, кратка пауза направила на „Широк Сокак", каде од балконот на Даночната управа вдахновен пропаганден говор против алкохолот одржа Иван Кањух. Втората пауза била пред Офицерскиот дом, каде сега Воислав Илиќ, ученик од Гимназијата, говорел, исто така, против алкохолот. Вечерта било приредено матине во салата на Подофицерскиот дом со одбрана програма, во која зеле учество и хоровите (машкиот и мешаниот) на здружението[538]. Во 1939 год. Денот бил на 14 мај. И сега учениците од сите основни и средни училишта, заедно со своите наставници и со многубројни граѓани што ја поддржувале идејата, здружено, со воената музика на чело, со државното и со знамето на здружението и со јасни пораки, марширале низ битолските улици[539].

Членовите на битолските здруженија на антиалкохоличари биле во тесна врска и во соработка со централата во Белград, со *Сојузот на трезвената младина* од каде добивале упатства и материјална поткрепа. Соработувале и го растурале заедничкиот *Гласник на Сојузот на Трезвената младина*.

---

536. **Извештај за школску 1930/31 годину**, Српска православна богословија, 16-17
537. **Извештај за школску 1931/32**, Српска православна гимназија, 16, 11
538. **Прослава Дана трезвености у Битољу**, Јужна стража, г. 1, бр. 5 и 6, Битољ, мај–јуни 1933, 27-28
539. **Извештрај за школску 1938/39 годину**, Државна реална гимназија, 33

Ова движење со голема масовност и со бројни активности, не можело да се замисли без придонесот на Црвениот крст, посебно не на неговиот Подмладок. Тој бил образецот, тој бил и стожерот.

## Битола за Црвениот крст

Битола дисциплинирано и ревносно ги исполнувала материјалните обврски кон Главниот одбор и за сето време многу повеќе помагала одошто ѝ се помагало. Не оти не доживувала несреќи и немало прилики за интервенции, ами бидејќи во исто време некаде се случиле поголеми несреќи, па станале приоритетни, или зашто во Главниот одбор постоеле и странични влијанија, па, иако организацијата била хуманитарна и би требало да е непристрасна, се правеле и неправди.

Краткиот преглед на битолските доставу до Белград и на оние што доаѓале од Белград, тоа најдобро ќе го илустрира.

Во 1926 год. битолскиот Обласен одбор до Главниот одбор исprati поголема сума што изнесува вкупно 70.581,40 динари. Дел биле собрани како помош за настраданите од поплави (42.127 дин.), а дел биле од Деновите на 6 февруари – 3.993 и од 8 јуни – 17.514 дин. (вкупно 21.507,40 дин.), а како доставка треба да се додаде и обврзниот процент од членарината во висина од 6.747 дин. што ја прави сумата уште поголема[540]. Во 1928 год. до Белград патуваат 39.300 динари, од граѓанството – 32.164 дин. и од војската 7.136 дин.[541]. Следната од Зимскиот ден биле собрани и испратени 30.450 дин. (кои ќе влезат како прилог за гладните во државата), а од Летниот – 31.835,50 динари[542].

Иако битолскиот Обласен одбор бил од најмалите, бил меѓу најагилните и најдарежливите. Главниот одбор го имал утврдено тоа и повремено знаел да го истакне во своите годишни и други извештаи. Во извештајот од 1931 год. регистрирано е дека таа година донирал 49.404 дин.,

540. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 7, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1927, 144

541. **Vesti našeg Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, лсв. 3, 4, Београд март–април 1929, 121

542. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 334



*Пропаганден плакат за помош (1938)*

оставајќи ги зад себе Загрепскиот, Мостарскиот, Љубљанскиот, Осиечкиот, Сплитскиот, Скопскиот и Цетинскиот одбор[543].

Одредена сума, и тоа доста висока, како помош за настраданите од суша патувала и во 1931 година[544]. Повремено, не само од членството, ами и од граѓанството за време Зимскиот и Летниот ден, се прибирале доста средства, кои веднаш се доставувале до Белград. Во 1932 год. за Летниот ден доставени се 11.973,75 дин.[545], а собрани се и испратени се и други[546]. Од Зимскиот ден во 1933 год. биле добиени 5.597,75 динари, исто така, завршиле во главната каса[547]. Од неколкуте забави и од наплатата за билети од битолските кина во 1933 год. регистриран е добротворен прилог од 5.664 дин, кои добиле иста намена[548].

Таквиот висок и ценет ранг на големи донатори, Битолскиот одбор можел да го постигне со добра организација и со ефикасно раководство, но и со своите дарежливи граѓани, кои, иако сиромашни, знаеле да излезат во пресрет кон уште посиромашните. Касата на локал-

543. **Letnji dan Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 7, 8, Београд, јули–август 1931,196-197

544. **Rad Oblasnih Odbora Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 1, 2, Београд, јануар–март 1932, 163

545. **Прилози о Летњем дану Црвеног крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7, 8, Београд, јули–август 1932, 305

546. **Прилози о Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1932, 380

547. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 80

548. **Рад организација Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 8, св. 7, 8, Београд, јули–август 1933, 234

ната организација скоро постојано била во добра кондиција и никогаш не останала празна. Во 1930 год. од 14 области, само неколку имале приход над 50.000 дин. (Сараевскиот, Нишкиот, Ужичкиот и Приштинскиот), а останатите биле под таа цифра. Битолскиот, со солидните 49.404 динари, стоел веднаш до најдобрите. По него следуваа Загреб (43.256), Мостар (37.404), Љубљана (35.727), Осјек (31.377), Сплит (27.933), Скопје (22.663), Цетиње (22.077)[549]. Таква ранг–листа сретнуваме и следната година, кога Битола стои на повисоко место по прилогот што го дал како помош за настраданите од сушата, со 26.700 дин. од Сараево (25.000), Скопје (24.006,50), Љубљана (20.000), Ужице (13.546,25), Приштина (2.248), а градовите Загреб, Мостар, Ниш, Осиек, Сплит и Цетиње, воопшто и не се впишале во списокот[550]. Во 1931 год. повторно собира солидна сума од 41.814,75 дин. и ја испраќа до Главниот одбор како помош за настраданите од суша[551]. Од неколку забави и од продадените билети во битолските кина, кои приходот го нinfinity намениле исклучиво за Црвениот крст, биле испратени на истата адреса, а во висина од нови 5.664 дин.[552]. Во 1932 год. за Летниот ден прибрани се, од градот и од селата, вкупно 11.973,75 дин.[553], наскоро собрани се и други[554], а од Зимскиот ден во 1933 год. биле добиени 5.597,75 динари. Сите имаат една иста достава, главната каса[555].

Таков прилог од Битола до Белград тече и во годините што следат.

549. **Letnji dan Crvenog Krsta u 1931 g**., Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г.11, св. 7, 8, Београд, јули–август 1931, 59

550. **Pomoć postradalima od suše**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1931, 322

551. **Rad Oblasnih Odbora Crvenog Krsta**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 1, 2, Београд, јануар–март 1932, 163

552. **Рад организација Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 8, св. 7, 8, Београд, јули–август 1933, 234

553. **Прилози о Летњем дану Црвеног крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 7, 8, Београд, јули–август 1932, 305

554. **Прилози о Летњем дану Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1932, 380

555. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–февруар 1934, 80

## *Црвениот крст за Битола*

Прва интервенција како хуманитарна помош од страна на Црвениот крст за Битола се случи во 1918 год. Тогаш на градот, кој толку многу настрада од војната, посебно во последните две години (1916-1918) и кому толку многу му требала подадена рака да залекува дел од длабоките рани, од Главниот одбор и од Министерството за внатрешни работи му беше понудена хуманитарна донација во висина од 30.000 динари. Но тоа не беше исклучок, таква помош добија и други градови во ова време[556]

Следна беше во 1922 год. На вториот ден Велигден (18 април 1922) на Битола ѝ се случи, нова, повторна голема несреќа – разурнувачка експлозија на отворениот магацин на воената муниција, на џепането. На платото кај денешната Соколана, па во должина на Градскиот парк и пред османлиските касарни, неколку години со ред систематски се складирал експлозивен материјал (гранати од разен калибар) со намера најскоро да му се изнајде конечно решение. Бидејќи акцијата се пролонгирала неколку години, се собра опасен материјал од огромни размери. За жал, се случи она од кое најмногу се стравуваше, повторно руинирање на градот.

Сето тоа одекна многу болно и потресно во државата од прични зашто се знаеше за претходната трагична судбина од Првата светска војна и веднаш се јави масовна солидарност за помош. Даруваа сите, даруваше владата, хуманитарните организации, обичните луѓе. Меѓу оние кои се ангажираа во прибирањето материјална помош во САД беше и Михајло Пупин.

Очекувано, помош пристигна и од Црвениот крст. Веднаш по експлозијата се состана Месниот одбор од Битола, кој реши како прва пратка да одвои 2.600 динари. На повик, пак од Главниот одбор за Белград замина делегат од Битола да ја прими првата помош. Биле тоа материјали за најнужна потреба: 200 големи женски кошули, 300 помали женски кошули, 50 комплети: 57 шлофијанки, 100 комплети унтерцигери, 200 навлаки, 100 креветски чаршафи, 112 картони волница, 3 сандуци сапун (180 парчиња), 50 женски градници, поголемо количество разни чорапи (200–300 пара), 100 комплети болнички крпи, доволен број калеми конец, 20 сандуци рамки за прозорци и еден сандук кит.

Наскоро пристигна и сума од 20.000 динари, па така, вкупната помош во средства и во материјал изнесувала 35.674,50 динари[557].

---

556. **Spomenica 1976-1936**, 144

557. **Рад Одбора и Пододбора**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 3, Београд, март 1923, 90

Таа е хуманитарната помош што ја доби Битола од Црвениот крст кога доживеа една од своите поголеми трагедии.

Во 1925 год. помош од 8.000 дин. биле доделени за битолското село Боишта за штета од избувнат пожар[558].

Во периодот од 1926-1927 год., кога заради поплавите и големата суша, населението жестоко настрада, Црвениот крст интервенирал на ниво на држава со 20.318.590 дин., од кои за битолскиот Обласен одбор биле одвоени 65.000 динари на ставката исхрана[559].

Ваква помош ќе пристигне и другпат, но таа, споредена со онаа што ја давала Битола, била симболична.

## Битола за настраданите од елементарни непогоди

Периодот меѓу двете светски војни за новосоздадената Југославија специфичен е со бројни политички и социјални превирања, но и со чести елементарни непогоди, што го направија животот, на и онака изотепаното од војните и осиромашено население, премногу сложен и премногу тежок. Се ределе, како под некоја немилосрдна режисерска рака, една по друга несреќа, поплави, суши, земјотреси, град. Меѓу другите, во 1921 год. имало големи поплави во Босна, ги имало и околу Чачак, во 1922 год. такви се случиле во Кумановско, а суша ги опустошила Мостар и околината, во 1923 год. се излила Сава и поплавила големи подрачја од Хрватска и од Словенија. Многу села биле уништени, а штети имало и во Загреб и во Љубљана[560]. Од Битола помош пристигна не само од локалниот Црвенен крст, ами и од поединци[561]. Во 1929 год., ноќта меѓу 22 и 23 август, наврна толку голем дожд што половина од Скопје пливал во вода. Големи поплави имало во горниот и средниот дел од Сава и покрај некои делови од Дунав

558. **Помоћ нашег Црвеног Крста унесрећенима у миру**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 1, Београд, април 1928, 36

559. **Преглед новчане помоћи Главног Одбора Ц. К. по Областима 1926 и 1927 г. (појединачне помоћи и адм. трошоци нису урачунати)**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 1, Београд, април 1928, 38

560. **Организација помоћи у елементарним несрећама у Краљевини С.Х.С.**, г. 5, св. 4, Београд, јули–август 1925, 189

561. Меѓу другите, парични средства приложија: Милан М. Марковиќ, претседател на Првостепениот суд (279 дин.), Божидар Николиќ, учител од с. Моловиште (380 дин.), Трпко Лазаревиќ, учител и секретар на Црвениот крст (495 дин.) (**Друштвени живот**, Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 3, св. 4, април 1923, 125)

во Војводина, во 1932 год. Поплави имало и во 1933 год., имало и во декември 1935 год. кога посебно настрадаа Скопје, Тетово, Гостивар, Битола, Охрид, Велес, Струмица, Гевгелија и многу села околу нив.

Уште по првите поголеми поплави од 1923 год. Меѓународниот комитет на Црвениот крст ја понуди својата материјална и друга помош, но Црвениот крст на С.Х.С. ја одби со образложение дека самиот може да се справи и да ја санира состојбата. Била тоа погрешна проценка, зашто во Меѓународниот комитет, во духот на проектот Ciraolo, беше формиран фонд за интервенции, кој бил вистинско решение за ваквите случаи[562].

За сето време, така, ако немало поплави, имало жестоки суши или катастрофални земјотреси кои правеле големи проблеми и за населението, и за владата, како и за најангажираниот, Црвениот крст.

Во 1927 год. се случила голема суша, која зафатила една третина од државата. Општиот заклучок бил дека доколку навреме не се интервенирало соодветно, со набавка на доволни количества житни производи, ќе се случел глад со невидени размери. Тој недостиг, пак, предизвика фантастично подигање на цената на житните култури, па гладот почна да се шири насекаде. Сушата се повтори и во 1931-1932 год. Овојпат најмногу настрадаа Приморската, Врбаската, Зетската и Савската Бановина, но тешко ја доживеа населението и од останатите делови од државата.

Во 1928 год., битолскиот Обласен одбор на поединци и институции раздели вкупно 55.000 динари, а на селското население му обезбеди машина за правење глинени производи, набави медикаменти и истите ги достави меѓу домаќинствата и на школите[563].

На 8 март 1931 год. Јужна Македонија се соочи со еден од поголемите земјотреси, во кој имало големи материјални штети, но и човешки жртви. Настрадаа Валандово, Удово, Пирава, Миравци, Грчиште и др. Заради сериозноста на ситуацијата, неколку дена по земјотресот во загрозените подрачја пристигнаа кралот Александар, претседателот на владата и неколку министри.

Покрај овие, се случиле и други слични несреќи, меѓу другите, многу големи пожари, експлозии во рудници и сл.

562. **Организација помоћи у елементарним несрећама у Краљевини С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 4, Београд, јули–август 1925, 190

563. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 3, 4, Београд, март–април 1929, 122

Во сите нив, според мирновременските начела, Црвениот крст имал клучна улога, прв доаѓал, прв помагал во санациите, прв организирал прифатилишта, прв нудел прва помош, прв организирал болници и народни кујни, односно без него последиците би биле многу потешки. Понекогаш делувал самостојно, користејќи ги максимално своите потенцијали и фондови, понекогаш повикувал и на меѓународна солидарност, која, мора да се признае, секогаш била и навремена и изобилна[564].

Во ваквите акции се приклучувал и Црвениот крст од Битола.

Покрај големите суми што ги доставувал до Главниот одбор по разни поводи, организирал и специјални собирни акции за средства, облека и храна.

Во 1928 год. на поединци и институции им раздели вкупно 55.000 динари, а на селското население му обезбеди работни средства и медикаменти [565].

За гладните во 1929 год. на Зимскиот ден од 1929 год. собрал 30.450 дин. и ги доставил до Главниот одбор[566]. За настраданите од сушата во 1931 год., според еден податок, приложил 26.7670 дин.[567], а според друг – 33.000 дин.[568], а според трет за таа намена собрал 41.814,75 динари, како и храна од 4.771 кг[569].

## *Битола за поплавените во Франција*

Во пролетта 1930 год. на Франција ѝ се случи една од најголемите поплави во современата историја. По долготрајни и интензивни дождови голем дел од Јужна Франција бил скоро целосно поплавен каков што не бил уште од 1875 год. Имало и човечки жртви чиј број

564. **Spomenica 1876-1936**, 265-292

565. **Битољска Област Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 9, св. 3, 4, Београд, март–април 1929, 122

566. **Битољски Обласни Одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 334

567. **Pomoć postradalima od suše**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1931, 322

568. **Spomenica 1876-1936**, 76, 368

569. **Помоћ пострадалима од суше**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 1, 2, Београд, јануар–февруар 1932, 163

изнесувал преку 200. Покрај тоа, околу 10.000 луѓе останале без покрив над главата, а над 143.000 хектари плодно земјиште било целосно уништено. Бидејќи несреќата никогаш не доаѓа сама, и овојпат гладот и болестите зачукаа на нејзините порти.

Само што се дозна за несреќата, Југословенскиот Црвен крст веднаш оформи специјален одбор кој испрати апел до населението за помош. Одзивот, заради познатите пријателски врски меѓу двата народа негувани уште од времето на Првата светска војна, бил огромен. Се собрале над два милиона и двеста илјади динари, кои веднаш биле испратени на соодветната адреса[570].

Во помошта се вклучи и франкофонска Битола, која никако не можеше да ја заборави француската хуманитарна помош од Првата светска војна, која спаси илјадници граѓани, а која и во својата непосредна околина ги имаше и ги негуваше Француските гробишта. Веднаш била организирана собирна акција во која уште во првиот момент биле собрани 7.000 динари, на кои од донатори, од буџетот и од други извори им биле придодадени уште 40.000 динари. Тоа била поприлична сума за сиромашното граѓанство, која преку Главниот одбор наскоро била дистрибуирана за Франција[571].

Ентузијазмот на возрасните го прифатија и младите. И тие организираа слична акција. Гимназијалците собраа одредена сума, а основците од училиштето „Свети Сава“ можеа да стокмат само 874 динари, но и тие значеа чин за секаква пофалба зашто биле собрани со искрена желба да им се помогне на врсниците Французи[572].

## *Финансии*

Приходите, кои се делеле на редовни и вонредни, во Црвениот крст биле регулирани со правилата и доаѓале од повеќе ставки. Редовните се обезбедувале од недвижниот и движниот имот и капитал со кој управувал Главниот одбор (изворот на минерална вода „Киселљак“, на пример, средства на располагање и средства орочени во банки), од продажбата

570. **Споменица 1876-1936**, 292

571. **Izveštaj o radu Oblasnih odbora**, Гласник Српског Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 141

572. Ѓорѓи Лазаревски, цит. дело, 16

списанија и книги, од редовни годишни донации и помош од министерствата и од разни самоуправни тела, од членарина итн. Вонредните ја збогатувале касата со доброволни прилози, со завештанија и подароци, од предавања, претстави, приходи од изданија, од кутиите на Црвениот крст, помош од самоуправните тела, приходи од продажба на имот, од згради и од други извори. Сите влегувале во три фондови: неприкосновен, специјален и средства за формирање на буџетот[573]. Стана практика парите што не биле потрошени, времено да се депонираат во банки и за нив да се добива камата. Неколкупати годишно, посебно на Денот на Црвениот крст, членови на здруженијата, со специјални каси и маркички по прометните улици береле доброволни прилози. Од прославите на Летниот и на Зимскиот ден, како и од Неделата на Црвениот крст, исто така, се стекнувале значителни средства. Од Летниот во 1931 год., на пример, биле прибрани 18.346 дин., а од Зимскиот истата година, 3.759 дин.[574] Скромна сума се добивала и од продавањето на гласилата на Црвениот крст. Концертите и забавите, во кои со своето учество како хуманитарен придонес давале познат пејач, локален хор или оркестар, исто така, биле вообичаени и чести форми за пополнување на благајните[575].

Повремено групи граѓани или посебни здруженија се јавувале како организатори за прибирање доброволни средства. Во средината на 1923 год. таа улога во Битола ја презеде Битолската железничка полиција, која собра дури 3.937,50 динари. Како благодарност, имињата на донаторите се објавени во неколку продолженија во локалниот седмичник Битољски трговински гласник“[576]. Во 1926 год., по повод 50 години од основањето на Српскиот Црвен крст, приходите од кинопретставите од двата дена од прославата (6 и 7 јануари) биле наменети за касата на битолскиот Црвен крст[577].

---

573. **Правила Друштва Црвеног Крста Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 8, август 1923, 303

574. **Дани Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 12, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1932,165

575. Концертите и забавите како извор на приходи за хуманитарните здруженија забележана е уште во почетокот на 20 век. Празната каса на сиропиталиштето на Захарија Шумљанска во Битола, но и на разни други вакви здруженија во Солун се пополнувале на овој начин (**Двама видни българофили,** 48, 58)

576. **Списак лица која су дала добровољне прилоге код Комесара железничке полиције Битољске за Друштво Црвеног Крста Срба, Хрвата и Словенаца,** Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 16, 17 и 18, Битољ, 23 маја, 3; 30 маја, 3 и 6 јуна 1923, 3

577. **Друштвени живот**, Самоуправни гласник, г. 2, бр. 2, Битољ, 15 јануара 1926, 7

Според Законот на Црвениот крст од ова време почнале да се наплатуваат и такси на билетите за железнички и бродски превоз, но и на други превозни средства по половина динар на секои сто динари, како и на влезниците за театарски, кино и други претстави. Благодарејќи на сето тоа во касата на Црвениот крст се прибирала милионска сума[578].

Значајани ставки Црвениот крст обезбедувал и преку поштата. Со *Законот за Црвениот крст* на поштата ѝ било доверено да печати маркички и во поштенската комуникација обврзно да ги наплатува. Биле со мотиви од активностите на организацијата или со личности – членови кои дале посебен придонес во нејзиниот развој и афирмација.

Во 1936 год. биле издадени две маркички и обете беа во врска со прославата на шеесетгодишнината на Црвениот крст. Непосреден повод била прославата на Неделата на Црвениот крст (20-26 септември). Првата имала вредност од 0,50 дин. и му била посветена на д-р Владан Ѓорѓевиќ[579], втората носела две вредности, 0,75+0,50 и 1,50+0,50 динари и го користела ликот на актуелниот претседател на Црвениот крст, кралскиот намесник Павле Караѓорѓевиќ.

Покрај на писма, маркичкиве се лепеле и на другите поштенски пратки. Централната пошта со посебен, интерен акт, што го упатила до сите испостави, советувала доколку испраќачот пропуштил да ја исполни обврската, наплатата да падне на товар на приемачот, ако пак тој одбиел да ја наплати, пратката се враќала назад.

Ваквата обврска важечка била само за внатрешниот, додека за надворешниот сообраќај изборот му се препуштал на испраќачот[580].

Градските самоуправи, исто така, станале значајни спонзори на локалните организации, кои со години по ред во годишните финансиски планови предвидуваа ставки со таа намена.

Тоа го правела и Битолската општина. Во 1924 год. материјална помош им доделила на три здруженија, на Соколското-2.000 динари, на Црвениот крст – 2.000 и на Здружението на инвалидите – 1.000 динари[581]. Следната помош за Црвениот крст се преполовила[582], но во 1926 год.

578. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, јануар–март 1934, 80, 81

579. Д-р Владан Ђорђевић (Белград, 1844-1930), воен лекар и основач на веониот и цивилниот санитет, бил и министер и премиер, амбасадор во Атина и Цариград, но и историчар. Ги има напишно книгите: Историја српског војног санитета, Народна медицина у Срба, Начела војне хигијене, Српско–турски рат, Историја српско-бугарског рата и др.

580. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Збирка на плакати, 1 Ж/ 2252

581. Книга 15, 21 март 1924, т. 10

582. Книга 15, 9 јули 1925, т. Разне потпоре

повторно е вратена на 2.000 дин.[583]. Таква помош е издвоена и за 1927 год.[584]. Во 1930 год. 1.000 динари му се доделува и на интернатот на Црвениот крст, односно на сиропиталиштето „Св. Никола – Богдај“[585]. Во 1938 год. направена е корекција и Црвениот крст добива високи 5.000 динари[586], кои се доделуваат и во следната година[587].

На тој начин, макар што средства никогаш немало доволно, финансиската состојба во организацијата била пристојна. Во битолскиот Обласен одбор во 1927 год. со преносот од 1926 год., се располагало со 199.399,87 дин., а бидејќи расходот бил 103.592 дин, готовината што останала на крајот од годината изнесувала 95.807 дин. Резервниот фонд бил 44.125 дин., а обврзниците од воената штета од 100 акции по куповна цена од 24.580 дин., биле само додаток. Понекогаш приходите достигаа и до фантастичните 303,524,30 динари[588].

Редовно вработени во Битолскиот одбор немало, освен хигиеничарот, на кого му се исплаќале 1.200 дин., кои не биле плата, ами награда, од што произлегува дека дополнителни расходи за тековното работење немало[589].

## *Концерти и забави*

Концертите станаа многу важен извор за приходи меѓу двете светски војни, не само за одборите на Црвениот крст, ами и за многу хуманитарни, спортски, културни и други здруженија. Стандардна била постапката за организирање, скрпен одбор ќе се состане и ќе состави програма од песни, музика, рецитации, балет, понекогаш ќе предвиди и лотарија, истата со печатен материјал или на друг начин ќе ја изрекламира, ќе закупи сала и ќе очекува приход со кој ќе се покријат тековните трошоци од концертот, а ќе остане и пристоен фонд. Најомилен пе-

583. Книга 15, 28 мај 1926, т. Разне потпоре
584. Книга 15, 27 април 1927, т. 1, Буџет
585. Книга 24, 7 март 1930, т. Разне потпоре.
586. Книга 58, 17 јануари 1938, т. Потпоре
587. Книга 67, 10 јануари 1939, Буџет
588. **Битољски обласни одобор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославаије, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 141
589. **Битољски Обласни Одбор Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 8, св. 1, април 1928, 114

риод на ваквите развлеченија биле зимските вечери. Иако биле многубројни, за нив секогаш владеел голем интерес и скоро сите имале пристојна посета. Меѓу концертите и забавите скоро и да немало некоја побитна разлика, освен што забавите, покрај музичко–литературен дел, имале и игранки од народни ора и други игри, кои траеле и до утринските часови.

Црвениот крст е еден од првите организотори на ваков вид забава, а еден од најпознатите концерти што бил одржан во Битола по Првата светска војна, бил велигденскиот од 1923 год. И празничното расположение, и учеството на повеќе институции во програмата, и богато концепираната програма придонесоа тој да биде еден што најмногу ќе се памети. Со своето присуство го збогати и претседателот на градот Драгиќ Пауновиќ, кој одржа дури и пригоден говор. Химните ги исполни воената музика, па по нив ределе рецитации и многу народни и други песни. Хорот на Гимназијата исполнил арија од операта Зрински, а учениците од Богословијата го изведоа првиот чин од Нушиќевиот „Кнез Иво од Семберија“[590].

Следната, 1924 година бил одржан уште еден, уште посодржаен и побогат концерт и посебна забава. За него биле избрани први и втори март кои важеле дека им припаѓаат на зимата. Посебен придонес на концертот дадоа и неколку здруженија и школи, а програмата била најавена уште во февруари, повторена и неколку дена пред настанот со детален нејзин опис, со што интересот станал уште поголем[591]. Заради големата заинтересираност на граѓанството, концертот требало да се одржи за првпат истовремено во три сали, во Офицерскиот дом, во салата на училиштето „Св. Сава“ и во салата на црквата „Св. Богородица“ (просториите на Духовниот суд). Бидејќи Офицерскиот дом овозможувал ценовно рангирање, билетите се движеа од 15-40 динари, што било ветување за убав приход. Секој од трите дела од концертот имал засебна програма во која имало многу музички, балетски точки и рецитации. Музичките ги исполнувал воениот оркестар, хорските песни богословескиот и гимназискиот хор. Во концертот, што се одржа во салата на црквата, настапија членови и на Подмладокот, при што учениците на Гимназијата Гала Истомина и Михајло Г. Крстиќ исполниле изведби на пијано. Имало и драмски претстави, една била со тема од војната, Ранет на одар, другата била Смртта на Ѓорѓи Кратовец, чиј автор бил ученик на Богословијата. Една од последните точки во попладневните часови од втори март им припадна на соколите од Женската подружница, а вечерта, истиот ден, била организирана и забава.

---

590. **Са концерта Црвеног крста**, Југославија, г. 2, бр. 21, 13 април 1923, 2; Велигденска забава, Јужна звезда, г. 2, бр. 51 (13), 25 април 1923, 2

591. **Велика забава Друштва Црв. Крста у Битољу**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 54, Битољ, 23 фебруара 1924, 2

Приходот бил над сите очекувања[592].

За концертов со многу позитивна оценка реагирал и печатот[593], а Обласниот одбор на Црвениот крст излезе со јавна благодарност до граѓанството за масовната посетеност, како и до учесниците, поединци и групации[594].

По повод 50-годишнината од основањето на друштвото Српски Црвен крст, на 6 и 7 јануари 1926 год. дадени биле и концерт и забава. Првиот ден била забавата, која имала и помал концертен дел, а на 7 јануари во салата на Битолскиот театар била прикажана драмската претстава „Девојкината клетва“[595].

Вакви концерти Црвениот крст организира и следните години. Еден е одржан на 11 февруари 1933 год. на Зимскиот ден. Целта му била прибирање средства за помош на сиромашните граѓани во тешката зимата. Се одржа во салата на хотелот „Јевтиќ“ и имал богата програма. Учесници биле воениот оркестар, богословите и многу обични граѓани, кои исполнуваа точки на виолина и на клавир. За Црвениот крст и за неговото значење во војна и во мир, говорел адвокатот Филип Јаковљевиќ.

Впечатокот што се понесе од него бил: *„во Битола музичкиот живот е развиен и има вистински уметници чија работа е скромна и нерекламирана“*[596].

Бидејќи концертите и забавите се потврдиле како значајни културни афирматори и извор на средства за Црвениот крст, продолжуваат да бидат дел од неговата севкупна активност и понатака.

---

592. **Програм Концертног дела са Забаве Друштва Црвеног Креста**, Битољски трговински гласник, Битољ, г. 2, бр. 55, 28 фебруар 1924

593. **Црвени крст у Битољу**, Битољски трговински гласник, Битољ, г. 2, бр. 56, 7 март 1924, 2; **Велика забава Друштва Црв. Креста у Битољу**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 54, Битољ, 23 фебруара 1924, 2

594. **Црвени Крст у Битољу,** Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 57, Битољ, 20 марта 1924, 3

595. **Друштвени живот**, Самоуправни гласник, Битољ, г. 2, бр. 2, 15 јануара 1926, 7

596. Љ. Л., **Зимски дан Црвеног Креста у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 фебруар 1933, 6

## *Улично прибирање доброволни прилози*

Неделите, верските празници, деновите на одбележување датуми на Црвениот крст, биле најчестите прилики кога се береле доброволни прилози. Најомилени пунктови биле Широк Сокак пред хотелот „Босна“, црквата „Св. Димитрија“, хотелот „Бристол“, канцеларијата на адвокатот Јован Алтипармаковиќ, хотелот „Америка“ и црквата „Св. Богородица“, односно местата каде фрекфенцијата била најголема. Групи од 5-6 активисти на подмладоците во катадневна облека, но со обележја на Црвениот крст, но не ретко и во препознатливата, бела униформа ги пресретнувале минувачите молејќи ги за доброволен прилог. Најмногу ги имало од основните училишта, особено од училиштето „Св. Сава“, потоа од Гимназијата, а и од Трговската академија[597]. Стана правило секоја група да има придружник, одговорен наставник, кој за успехот или неуспехот на акцијата одговарал пред управата на школото. Прилогот се спуштал во лимена касичка со знакот на организацијата, осигурана со мал катанец. Искажаната усна благодарност и маркичката со амблемот на Црвениот крст, која се лепела на реверот или на друго видно место од облеката, била дел од културната обноска. Вака насобраните средства не биле големи, но ефектот бил посебен, зашто и во оваа прилика организацијата се промовирала со својата хумана мисија. Можело да се случи сумата да биде и пристојна, како во 1936 год. кога активистите на Подмладокот на Гимназијата собраа 967,75 динари[598], а понекогаш била и поголема. Во учебната 1938/39 год., само активистите на Подмладокот на Гимназијата на Денот на Црвениот крст собрале 1408,50 динари. За жал, 10% од неа, како пропишана обврска, се одлевала во касата на Главниот одбор[599].

Вакви улични собирни акции имало и кај другите хуманитарни организации, но сега проселе градски дами, сопруги на политичари, на фабриканти, на богати трговци. Облечени во скапи облеки, минувачите ги пресретнувале во најпрометната улица, на Широк Сокак. На 14 мај 1933 год. едно вакво прибирање имале припадничките на хуманитарната организација Српска мајка. Начинот на молбата бил оригинален, со подарок цвеќе, мајчина душичка. Вечерта би-

---

597. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст при Гимназијата во Битола (19...-1941)**, 2. 1. 12. 95/195-196

598. **Извештај за школску 1935/36 годину,** Битољска гимназија,36

599. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Државна реална гимназија, 32

ла организирана забава, па средствата што биле прибирани од обете активности биле сосема пристојни[600].

## *Недвижен имот на битолскиот Црвен крст*

Подолго време Обласниот одбор од Битола правел напори да подигне објект за дневен престој за деца („*обданиште*“) и во него да згрижи, во летниот период, дел од подмладокот. По долги планови и надежи во 1929 год. ја реализирал идејата, па на плац од 7.000 квадратни метри, за 18.000 динари подигна барака во која го организира престојот. Се планирало двете девојки, кои биле испратени на стручно усовршување во Дубровник и кои требало да се вратат наскоро да ги прифатат задолженијата[601]. Според едно друго тврдење, за местово што било купено и каде била подигната бараката, се платиле не 18.000 ами 25.000 динари[602].

Покрај дневниот престој и базените, битолскиот Црвен крст бил или требало да биде сопственик и на друг недвижен имот.

Најголема и најскапа градба што требало да ја има и што наскоро се планирало да се подигне бил домот, какви имале повеќе градови во Кралска Југославија, дури и такви кои не биле центри каква што била Битола. Некои, како Белград располагал не само со дом, ами имал и три двоспратни згради во Караѓорѓевата улица, три павилјони на Вождовац, кои биле со капатила за школските деца, имал имот и во Смедеревска Паланка, каде експлоатирал минерална вода итн.

Во почетокот на 1929 год. битолскиот Црвен крст веќе располагал со основен капитал во износ од 25.000 динари од подарокот – куќата на покојниот Мите Ацевиќ, па веќе можел поангажирано да планира за подигање на домот[603]. Меѓутоа, од непознати причини, најверојатно од недостаток дополнителни средства, иницијативата била стопирана. Во 1936 год. старата идеја повторно оживеа и се реши конечно да се реализира. На 22 јуни истата година се достави молба

600. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 4 мај 1933, 8

601. **Битољски Обласни Одбор,** Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 9, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1929, 334 – 335

602. **Битољски обласни одбор**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 140

603. **Vesti našeg Crvenog Krsta**, Glasnik Crvenog Krsta Srba, Hrvata i Slovenaca, g. 9, sv. 3 I 4, Beograd, mart–april 1929, 122

до Општината за доделување бесплатен плац, која била разгледана на седницата од 28 септември и била прифатена. Се изнајде и локација, празниот простор од некогашната османлиска воена пекарница за леб, спроти тукушто подигнатиот споменик на трагично загинатиот руски конзул Александар Аркадиевич Ростковски, кој битолчани го завикале Руският споменик и бил сосема погоден за намената, располагал со 1058 метри квадратни површина[604]. На тоа место денес се наоѓа тениското игралиште.

Домот, за жал, не е подигнат. Причина биле не само материјалните проблеми, ами и депресивната воена психоза во предвечерието на големата светска катастрофа.

Битолскиот Обласен одбор имал организирано и средношколски интернат за ученици кои доаѓале од градовите каде што претходно имало, па потоа со новото владино решение, биле укинати средните училишта. Факт е дека интернатот била скапа инвестиција и апсорбирал голем дел од средствата, само во учебната 1929/30 год. за него биле потрошени 71.844,79 динари, но тој решавал горлив проблем за околу 40-на ученици. Меѓутоа, парите, сепак, не биле главната причина интернатот по завршувањето на 1929/30 учебна година да престане со работа, ами отсуството на соодветен објект во кој би се сместил. Обласниот одбор стоел на располагање да се грижи и понатака за него, доколку Министерството за просвета суфинансирал во трошоците и би му го отстапил објектот во кој била сместена Окружната болница[605]. Бидејќи тоа не се случило, учениците сега биле преместени во интернатот на Богословијата.

Битолскиот Црвен крст бил сопственик и на други објекти. Во записникот од седниците на Градскиот народен одбор, со датум 2 февруари 1945 год., читаме дека прочелникот на стопанскиот оддел на овој одбор, се задолжувал да го реши прашањето со издавање на „*бившата канцеларија на Црвениот крст во Битола*“[606]. Каде биле овие канцеларии, со каква квадратура биле и која била нивната натамошна судбина, допрва треба да се истражува. Покрај овој, имал уште еден, кого го издавал под закуп, кој се наоѓал на денешната улица „Ѓуро Ѓаковиќ“ и кој бил урнат при подигањето на Учителската школа „Браќа Миладиновци“[607].

604. Книга 58, 28 септември 1938, т. 6

605. **Izveštaj o radu društva C. K. u 1930 godini**, Glasnik Crvenog Krsta Kraljevine Jugoslavije, g. 11, sv. 4,5 I 6, Beograd, april–maj–juni 1931, 140

606. Градски народен одбор, **Записничка книга од 1945 год.**, стр. 127, т. 3

607. Градски народен одбор, 2,240,24, 190/271

## Базените за капење

Дел од задачите на Црвениот крст, поврзани со младата популација, била и грижата за нејзиното здравје и хигиена. Оттаму меѓу првите идеи што се обидуваше да ги реализира уште на стартот од својата работа, беше и подигање „*детско летно врталиште*“, односно капалиште.

Тоа, инаку, би било продолжување на една долга традиција за летно разладување на помладата машка популација што во Битола траела со векови. Муслиманските младинци биле првите што ги откриле радостите што ги нудеа драгорските води и неговите вирови. Евлија Челеби (1661) тврди дека побогатите муслимани во горниот тек на реката Драгор имале подигнати викендички, во кои (не во сите, во некои), се наоѓале и базени[608]. Почнувајќи од крајот на 19 век, на муслиманчињата им се приклучуваат и христијанчињата, за да стане потоа капењето општоградска навика. Од месец јуни, кога заочнувала опсадата на летните капалишта, па до почетокот на септември, кога завршувала капачката сезона, скоро половина битолско население се дислоцирало во горниот дел од градот, каде водата била најбистра. Следејќи го тоа, а со цел да помогне во изградбата на здрава млада популација и во совладувањето на вештините на пливањето се вклучува и Црвениот крст, не друг, ами влијателниот и ситуиран Обласен одбор.

Најпрво што требало да се направи за да почне идејата да се реализира, било обезбедување соодветен плац за капалиште. Еден веќе беше фиксиран, тоа беше оној што се наоѓал надвор од градот, од десната страна на реката Драгор, на кој некогаш, во османлискиот период, се наоѓаа популарните кафеани познати како *Пред ановите* (денес ЈП „Нискоградба“ и објектите во нејзина близина), кои од бомбардирањата во Првата светска војна биле срамнети со земјата и на тоа место сега бил празен простор со купишта шут. Плацот бил покрај течна вода, значи покрај чиста вода, а имал површина од 9 ари и 33,98 м. квадратни, што сосема одговарал за намената што се планирала.

Откако созреа идејата и откако се направија одредени консултации и пресметки, Областниот одбор, на 15 мај 1928 год., испрати писмо до градската управа со кое побара плацов, кој, како што стои во писмото, бил општински, да му биде отстапен на времено користење, во траење од 30 години, а Црвениот крст се согласувал како материјален надомест да исплаќа по

---

608. **Македонија во делата на странските патописци, 1371-1777,** 425

100 динари годишно. На една од седниците Одборот на Општината ги разгледа и ги прифати и барањето и предлозите[609].

Покрај ова, има и друго тврдење, дека плацов со површина од 7.000 метри квадратни, бил купен од страна на Црвениот крст од претходниот сопственик, односно од околиското вакуфско–меарифско повереноство во Битола во 1929 год.

На тоа место прво била подигната барака за детско врталиште, па дури потоа и двата базена. За нивната градба биле потрошени 19.958,40 динари, во која сума Главниот одбор учествувал со помош од 10.000 динари[610]. Со базените и земјиштето, во вредност од 40.000 динари, како што се тврди, располагал Околискиот одбор на Црвениот крст и понатака се третирал за единствен сопственик[611].

Заради материјални причини, градбата се пролонгира за цели седум години, односно траела до 1935 год., кога базените беа комплетно оформени и официјално предадени во употреба. Биле два, помал и поплиток за почетници и поголем, за оние што го совладале пливањето. Со вода се полнеле од јазот со кој се напојувала и погорната воденица. Бидејќи околу базените во широк дијаметар било пусто и без сенки, Околискиот одбор на Црвениот крст поведе нова иницијатива, местово да се облагороди со дрвја, односно да добие летна заштита од сенки. Таа своја идеја, на 2 декември 1935 год., ја упати до Општината Битола од која побара одобрение и помош во реализацијата. По опстојна дискусија, во која учествувал и претседателот на градот, Драгиќ Пауновиќ, одлучено било барањето да се одобри[612].

Базениве на дневен ред на Поглаварството се најдоа и следната година. Сега Подмладокот на Црвениот крст побара подигање и чешма. Се сугерираше водата да се извлече од чешмата во близина на истата воденица, која, што било посебно важно, била веќе хемиски проверена. Општината го прифати и ова барање и реши во изведбата да помогне и со градежен материјал и со работна рака[613].

Базените, кои добиле наскоро и кабини, во лето станаа општо врталиште на битолската младина. За симболична сума што се плаќала за влезниците, корисниците имале прво на цело-

609. Книга 18, 25 мај 1928, т. 2

610. **Битољски обласни одбор,** Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославаије, г. 11, св. 4, 5, 6, Београд, април–мај–јуни 1931, 140

611. **Spomenica 1876-1936**, 263

612. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Аналитички извештај, 2.1.7.6/1

613. Книга 58, 10 август 1936, т. 24

дневен престој. Тука многумина ги започнаа да ги совладуваат вештините на пливањето, многумина и ги усовршија, со совладување и на пливачки стилови, што овозможи да се организираат и натпревари. Бидејќи нив започна да ги користи и воншколската младина, која, инаку, не беше вклучена во Подмладокот, како и дел од граѓанството, значеа ценет материјален прилив. Во летото 1932 год. преку билетите се добија 3.154 динари[614].

Местово во Битола, почнувајќи од 30-те години од минатиот век, доби ново име, Црвен Крст, според сопственикот и градителот на базените. Иако малку подзаборавен, овој топоним, барем за постарата битолска популација, која тука го помина најрадосниот дел од детството, сè уште е актуелен.

Битолскиот Обласен одбор на Црвениот крст преземал и други активности за физичко закрепнување и здравствено зацврстување на младата популација, со организирање кампови за летувања. Ги имал во Крушево, Охрид, Пелистер и на други места. Пелистер бил најпопуларен. Во 1932 год. испрати десетина деца од Битола на опоравок[615].

614. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1933, 164

615. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 13, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1933, 152

# Подмладок

## Основање

Идејата за формирање Подмладок на Црвениот крст се роди додека сè уште траеја завршните воени операции од Првата светска војна. Била тоа оригинална визија на педагозите од САД, кои целеа да го анимираат и младото поколение во хуманитарната мисија на оваа организација, особено кон војниците од својата татковина, кои крвавеа на бојното поле низ Европа. Уште од првиот ден самоиницијативно и непринудено младите започнаа да собираат и да испраќаат прилози, не толку зашто на војниците им недостасуваа, ами за да ја почувствуваат топлината на татковината, дека таа е со нив, дека и младите мислат на нив[616]. Откако претседателот Вудро Вилсон упати и јавен апел, на 15 септември 1917 год., до американската школска младина да се организира во Подмладок на Црвениот крст (*"за да им служи на другите"*), темелите на една нова, масовна светска организација беа поставени.

Откако Лигата на друштвата на Црвениот крст на својата скупштина, одржана во месец март 1921 год. во Женева, изгласа и резолуција со која препорача да се формираат подмладоци во сите земји каде постоеја вакви организации, подмладоците почнаа да никнуваат неверојатно брзо. Сите, особено во почетокот, наоѓаа на голема советодавна, организациона и материјална поткрепа од првиот, од Подмладокот на САД.

Во септември 1921 год., претседателот на Лигата на Подмладокот на Црвениот крст, г. Бартон, кој бил на пропатување за Бугарија, пристигна во Белград. Имал состанок во Главниот одбор и лично препорача формирање Подмладок и во новосоздадената држава, Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Препораката била внимателно сослушана и начелно прифатена. Наскоро, односно на 29 септември, на седницата на Главниот одбор било дискутирано поопстојно по тоа прашање и истата била прифатена без резерви, со единствена забелешка, конечната одлука да ја донесе Генералното собрание на Црвениот крст на седницата што се планирала наскоро да се одржи.

Откако предлогот бил прифатен и од Генералното собрание, идејата започна да се реализира и на теренот. Тоа се правело со помош на инструктори, повеќето дојдени од САД, кои мо-

616. **Подмладак Црвеног Крста,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 3, св. 3, св. 7, Београд, јули 1923, 252

желе да се пофалат со богато искуство во ваквото организирање. Меѓу првите што ќе пристигнат и ќе остават траги е г-ѓа Милер, афирмиран претставник на Американскиот Подмладок. Започнала првин со средби и разговори со личности од власта, со просветно–културни организации, но и со претставници од домашниот Црвен крст. На 9 декември 1921 год. пред членовите на Главниот одбор одржа корисно предавање за искуството од работата на Подмладокот на САД, при што посебно се задржа на темите хигиена и хуманитарни акции кај младите[617]. Заслужна е и за востанувањето Времен одбор на Подмладокот, како и за донесување и на првите акти, кои се прифатени на 25 декември 1921 год. Претходно, министерот за просвета, ценејќи го значењето на ваквата иницијатива, лично застана во нејзина поддршка и со писмо бр. 19889 од 18 ноември 1921 год. препорача вакви организации да се формираат во сите училишта во државата, препорачувајќи истовремено образецот да се користи од искуството на Подмладокот на САД[618].

Скоро истовремено, покрај во Белград, вакви одбори формирани се и во Загреб и во Љубљана.

Бидејќи работата не можеше да ја заврши само една личност, од САД пристигнаа уште неколку искусни организатори, меѓу другите, мис Палмер, мис Бенедикт, мис Џонс, мис Шенбергер и др. мис Џонс на 11 септември 1922 год., на 39 седница на Главниот одбор, реферирала за состојбите што ги најде во Подмладокот и соопшти дека во организацијата веќе биле зачленети 13.339 деца и дека 25.000 други деца ја дале согласноста секојдневно да практикуваат вежби за здравје, што било една од поважните програмски задачи. Според неа, за почеток Подмладокот требало да работи во три насоки: 1. Подигање висока свест за здрав и хигиенски живот; 2. Градење граѓанска свест и јакнење на патриотското чувство и 3. Воспоставување меѓународни пријателства меѓу младите.

Секако, без силната поддршка на Министерството за просвета и неговото целосно вклучување во организацијата, барем за прво време, успехот во поставувањето на темелите, немаше да биде ниту толку брзо ниту толку успешно. Истото министерство на 18 ноември 1921 год., со допис бр. 19889, сугерираше брзо формирање подмладоци во сите школи во државата, кое веднаш даде извонредни резултати. Благодарејќи на тоа писмо во некои школи, школскиот Подмладок бил со постар датум од основањето на месниот или окружниот одбор.

617. **Подмладак Црвеног Крста С.Х.С.,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 1, бр., 24, 15 децембар 1921, 3

618. **Подмладак Друштва Црвеног крста С.Х.С.,** Гласник Друштва Црвеног крста С.Х.С., г. 1, бр. 23, 1 децембар 1923, 6

Така започнаа формирањата и на многу други подмладоци во поголемите градови на државата. Во 1922 год. веќе можеа да се избројат, според еден извештај на Главниот одбор, околу 100 младински организации со околу 36.000 членови[619]. Подмладокот во Загреб е формиран во октомври 1922 год.; во Сараево – септември 1922; Сплит – јануари 1923; Дубровник – јануари 1923; Скопје – 1 мај 1923; Ниш – 17 мај 1923, а во Битола на 26 април 1923 год.[620]

Првиот Главен одбор на Подмладокот е формиран на 15 ноември 1923 год. и за претседател бил избран д-р Марко Леко, потпретседател на Друштвото на Црвениот крст и голем активист во организацијата[621]. Наскоро Подмладокот стана една од најмасовните организации, која, според една статистика, во 1923 год. броела 32.560, во 1924 – 97.433, а во 1925 год. дури 142.999 членови[622].

На први октомври 1924 год. бил поставен платен инструктор кој патувал од место до место и помагал во организирањето и во работата на подмладоците. Во почетокот материјална помош се добивала и од Лигата на друштвата на Црвениот крст во Париз, па во 1924 год. од нејзината каса биле добиени 197.597 динари [623].

Една од првите задачи што си ги постави Подмладокот, следејќи ги начелните препораки, беше да работи на личната хигиена, зашто здравствената и општата култура во нашите краишта беа на многу ниско ниво. Лошата и неквалитетна исхрана, семејниот живот во тесни и нехигиенски домови и потценувачкиот однос кон здравјето биле главните фактори за кршлива и физички неспособна младина. Огромниот број отфрлени младинци при регрутирањето за војска, биле опасен сигнал дека подмладокот не се развива како што треба. Оттаму акцијата сето тоа да се измени, да се подобри хигената во училиштата и во домовите, да се отвораат школски кујни со побогата и покалорична храна, да се градат капатила, чешми со исправна вода, да се располага со прирачна аптека во школите, да се има амбуланти, ако не во секоја школа, барем за неколку,

619. **Извештај Главног Одбора Црв. Крста Срба, Хрвата и Словенаца о раду у 1921 и 1922 години,** Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 10, Београд, октобар 1923, 355

620. **Споменица Подмлатка**, 3-14, **Spomenica 1876-1936**, 341-345

621. **Споменица Подмлатка**, 15

622. **Извештај Главног Одбора Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г.6, св. 2, Београд, фебруар–март–април 1926, 99

623. **Извештај Главног Одбора Црвеног Крстаа С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 5, св. 4, Београд, јули–август 1925, 171

да се подигаат игралишта со гимнастички справи, цветни градини, односно да се создадат услови за здрав и квалитетен живот, зеде голем замав[624].

Понатаму задачите се усложнуваа. Подмладокот поупорно се залагал да ги упатува своите членови да ги прифаќаат граѓанските должности, да чувствуваат задоволство и радост од секој преземен чекор кога прават хумано дело, да развиваат љубов кон врсниците и од други средини, да прибираат материјални средства што ќе послужат како помош за бедните другари, за болните и за ранетите војници, за инвалидите, да помагаат во работата на институциите од хуманитарен и здравствен карактер, односно да бидат постојано и во секоја прилика високо морални личности.

Подмладокот имал и свое гласило, *Гласник на Подмладокот на Црвениот крст*, кој се печател во голем тираж и во кој на популарен јазик се ширела хуманитарната идеја, се печателе прилози и од млади дописници. Во почетокот се издавал во 10.000 примероци и бил бесплатен[625]. Популарни му биле и *Календарот на Подмладокот на Црвениот крст*, но и *Театарската библиотека на Подмладокот*.

## Основање на битолскиот Подмладок

Битолскиот седмичник Битољски трговински гласник, неколкугодишен битолски ревносен хроничар на настаните од 20-те години на минатиот век, на втори мај 1923 год. донесе ценет податок од раната историја на Подмладокот во Битола. Во својот 13 број извести кога, како и кој го основал.

Чинот се случил во четвртокот од 26 април 1923 год. по иницијатива и директно учество на двајца делегати, на мис Џонс, висок претставник на Подмладокот на Црвениот крст од САД[626] и на проф. Божидар Зечевиќ, претставник од владата на Државата на Србите, Хрватите

624. Leposava Petković, **Učešće Podmlatka Crvenog Krsta u higijenskoj akcii**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 10, св. 7, 8, 9, Београд, јули–август–септембар 1930, 229-230

625. **Извештај Главног Одбора Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 6, св. 2, Београд, фебруар–март–април 1926, 99

626. Мис Џонс во Кралството на С.Х.С. донесе богато лично искуство од својата татковина во работата со подмладокот. Во новата средина беше многу активна и многу почитувана (**Подмладак Црвеног Крста у Београду**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3,



*Членови на Црвен крст во битолско селско училиште (М. Манаки, околу 1930)*

и Словенците. Неколку дена пред настанот веќе се наоѓале во Битола запознавајќи се со условите и со расположението во градот за она што требало да се случи. Мис Џонс доаѓала со богато искуство врз формирањето вакви пододбори во неколку градови, а задачата на професорот Зечевиќ била да ја придружува во нејзините контакти со личности што можеле да помогнат и да ја олеснат реализацијата. Заеднички посетувале луѓе од власта и видни граѓани, на кои најмногу и се надевале на поддршката на основачкиот собир.

Формирањето се случи пред поголем број видни граѓани, политичари и јавни личности, а во присуство и на претставници од локалната самоуправа во лицето на сите шефови на општин-

---

св. 5, Београд, мај 1923, 180; д-р Марко Т. Леко, **Подмладак Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 3, св. 6, Београд, јуни 1923, 182; **У име америчког подмлатка Црв. Крста говори Miss Jones приликом свечане седнице „Дана Црвеног Крста С.Х.С.**“, г. 3, св. 6, Београд, јуни 1923, 212-213

ските одделенија. Заради масовноста, била избрана најголемата сала, горниот кат на ОУ „Св. Сава“, во која се одржувале и седниците на Општината.

Мис Џонс била воведничар. Говорела на англиски јазик. Се задржала најмногу на искуството во САД и на врските што биле воспоставени меѓу младите од САД и оние од Европа по големата војна. Говорела дека школските деца во нејзината татковина, поттикнати од желбата да им помогнат на своите врсници од Европа, кои толку многу настрадаа во војната, собираат добротворни прилози и ги испраќаат за нив. За младите од новоформираната држава каде што сега се наоѓа, биле обезбедени на овој начин 10.000 динари. Тие се дар кои треба да се употребат за обновување на руинираните училишта од војната. Покрај тоа, младите Американци, говорела таа, се потрудиле да воспостават и жива коресподенција преку писма со врсниците од Европа, со намера и на тој начин да им ја олеснат положбата. Желбата за потемелно запознавање на европските земји кај нив е толку голема, говорела таа, што многумина решиле своето школување да го продолжат во некои од европските универзитети. Американските младинци, продолжила таа, многу високо ја ценат личната хигиена, која има огромно значење за здравјето, што, како искуство, таа од сесрце го препорачува и за овдешните младинци. Советуваше да се подигаат отворени, летни, но и затворени, зимски капатила, библиотеки, игралишта и објекти за одмор и за рекреација и токму за таа намена донела скромен дар за младите битолчани, дел од донациите на младинците од САД.

По неа настапи професорот Зечевиќ, кој се задржа на целта, значењето и на начинот на организирање на Подмладокот.

Препораките и искуствата на Зечевиќ и на мис Џонс, можеа да станат модел врз кој ќе се основа, ќе работи и ќе се надоградува Подмладокот што сега требаше да се формира.

Следуваше и дискусија. Учество зедоа големиот жупан д-р Ѓорѓе Бошковиќ, директорот на гимназијата Глигорије хаџи Ташковиќ, просветниот инспектор во пензија Петар Лешњаревиќ, адвокатот Лукиќ и други[627].

Со тоа се официјализираше и стартираше месниот Подмладок, со што, тој, 26 април 1923 год., може да се третира за негов роденден. Набргу потоа започна пропагирањето за него преку предавања, дефилиња, концерти, забави и други активности, со што се создаде погодна клима за негово пошироко прифаќање.

---

627. **Подмладак Црвеног Крста**, Битољским трговински гласник, г. 1, бр. 13, Битољ, 2 мај 1923, 2

Во школската 1923/24 год. Подмладокот бил оформен во 440 места, во кој се зачлениле вкупно 97.435 ученици, додека на територијата на битолскиот Обласен одбор го прифатија во 68 места, во 384 одделенија и класови со 7.857 ученици. Во учебната 1933/34 год. бројката била во 64 школи и 4.848 ученици, со буџет од 37.505 динари[628].

Во учебната 1923/24 година, како и во уште неколку градови, така и во Битола била отворена работилница за практична работа, биле организирани две игралишта (во „Св. Сава“ и во Гимназијата), биле донесени спортски справи, во „Св. Сава“ за детски игри, а во Гимназијата за баскедбал и валејбал, биле купени девет машини за потстрижување, а лекарите од Бактериолошката станица на учениците им помагале со лекарски совети и медикаменти за сузбивање на заразните болести. Членовите на Битолскиот Подмладок добиле божикни подароци од членовите на Американскиот Подмладок, па поттикнати од тоа и самите започнале да изработуваат такви и да ги испраќаат на другарчиња во странство. Професорот Валанд, кого Лигата на друштвата на Црвениот крст беше го испратила како инструктор да помогне во организацијата на детските игралишта и на детските игри, беше дојден и даваше инструкции и во Битола[629].

Подмладокот ја имаше целосната поддршка од сите што ја негуваа хуманитарната идеја, најмногу од Општинскиот Црвен крст. Кога на први март 1924 год. Црвениот крст организираше голем градски концерт, дел од програмата му ја препушти и на Подмладокот.[630].

Тоа стана почеток на една многу богата и содржајна активност што ќе следува набргу.

## *Организациона структура*

На врвот на административната хиерархија на Подмладокот стоел Главен одбор. И тој, како и Главниот одбор на Црвениот крст, имал сметка и посебна управа. Засебно комуницирал со одборите на теренот, барал годишни и други извештаи, испраќал расписи, препораки и пропаганден материјал, имал и постојани фондови преку кои интервенирал кога било

628. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 2, Београд, јануар–фебруар 1934, 93

629. **Извештај о раду Подмлатка Друштва Црвеног Крста С.Х.С. за школску 1923/24 годину**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 4, св. 11, 12, Београд, новембар–децембар 1924, 324-325

630. **Програм Концертног дела са Забаве Друштва Црвеног Крста**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 55, 28 фебруар 1924, 2-3

нужно. Во 1933 год. год. во нив се наоѓаа овие суми: Фонд за постојани опоравилишта (141.728 дин.), Фонд на благодарните деца (25.043), Фонд на феријални колонии за деца од странство (14.750) и Фонд за прва помош (20.592)[631].

По Главниот одбор следуваа обласните одбори, подоцна, кога биле оформени бановините, и главните одбори на бановините.

Основна организациона единица било одделението или класот. Одделението имало секретар и благајник, а учителот ја надгледувал неговата работа. Наставничкиот совет, со членови од своите редови, го формирал Одборот на Подмладокот на школото. Тој имал претседател, секретар и благајник, а заштитник бил управителот на школата или неговиот заменик. Во средните училишта основната единица била класот која, исто така, имала секретар и благајник. Сите секретари го сочинувале Школскиот одбор, кој избирал претседател, секретар и благајник. Имал и советодавец, кој доаѓал од редовите на професорите и кој бил претставник од Наставничкиот совет. Директорт бил заштитник на Одборот, макар што не учествувал активно во неговата работа. Школскиот одбор се именувал според името на школата.

Над школските друштва стоел Месниот отсек на подмладоците, кој се состоел од претседателите на средношколските друштва и од нивните советодавни професори, како и од претставниците на друштвата на основните училишта. Во него влегувале и претставниците на школските друштва од околните места во кои имало само едно училиште. Месниот одбор се состанувал по потреба, но најмалку еднаш годишно. Од својата средина избирал Извршен одбор кој се состоел од 5 члена: претседател, потпретседател, секретар, благајник и контролор. Претседателот и неговиот заменик, по функција, биле членови во најблискиот месен одбор.

Месните извршни одбори по ингеренции потпаѓале под Главниот одбор, а неговото седиште за сето време се наоѓало во Белград. Главниот одбор, пак, потпаѓал под Средишната управа на Подмладокот, кој бил највисокиот орган. Имал одвоена администрација и претседател. Раководното тело му го сочинувале четири претставници од Црвениот крст, делегати од Министерството за социјална политика и за народно здравје, делегат од Министерството за просвета, избраници од учителските и професорските здруженија и од здружението за чување на

631. **Извештај Друштва Црвеног Крста**, Гласник Црвеног Крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 1, 3, Београд, јануар–фебруар 1934, 92

народното здравје[632]. Оваа структура важела додека не биле оформени бановинските одбори, кои понатака стоеле меѓу Главниот одбор и околиските и месните одбори.

Во 1936 год. во Вардарска Бановина Подмладокот го имале прифатено вкупно 306 школи со импозантни 916 одделенија и со масовен број од 27.663 членови. На негово чело, години со ред, се наоѓал митрополитот Јосиф. Во 1936 год. салдото му изнесувал приход од 319.014,18 дин., толку му бил и расходот. Со посебен ангажман се стекнал и со вонредни приходи, кои достигнале сума од вкупно 194.192,53 дин.[633]

Во зависност од расположивите средства, Подмладокот преземал акции за збогатување и олеснување на животот на младите, организирал феријални колонии, се трудел материјално да ги потпомага школските кујни, да подига летни и зимски капатила, чешми и други слични зафати, што ја правеле организацијата многу популарна и привлечна за младите.

Главниот одбор одвреме–навреме, ценејќи ги заложбите на поединците, знаел тоа да го истакне со доделувања одличија или благодарници. На предлог на скопскиот Обласен одбор на Подмладокот, во 1934 год. одликувани се со медали (златни и др.), извесен број учители[634].

Со Подмладокот на битолскиот обласен одбор извесно време, до 1931 год., раководел д-р Миливоје Лазаревиќ, околиски санитетски референт, а секретар бил Драг. Стојадиновиќ, учител[635].

## *Материјална и друга помош за битолскиот Подмладок*

Околискиот одбор на Подмладокот бил највисокиот по ранг, под кој се наоѓале општинските и месните пододбори, тој ја надгледувал и ја координирал работата, нему му се праќале извештаи за активностите и за бројот на членството. Аналогно на Главниот и на Бановинскиот одбор и во него во раководните структури се избирале респектабилни и познати личности, кои со своето име и со својата работа ја популаризирале и ја омасовувале организацијата. Принципот на делегирање членови во управните тела важечки бил и за него. Повикувајќи се на него Општината за 1929 год. од редот на своите одборници ги делегирала Цветко Петровиќ

632. **Подмладак Црвеног Крста С.Х.С.,** Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 3, Београд 1922, 106-109

633. **Spomenica, 1876-1936,** 1037

634. **Одликувања за рад у Црвеном крсту**, Вардар, Скопље, 24 феврuари 1934, 1

635. **Споменица Подмлатка,** 102

и Ѓорѓе Симљановиќ, додека во 1930/31 год. еден бил претходен, Ѓорѓе Симљановиќ, другиот нов, Стеван Борозановиќ[636].

На раководната функција на Подмладокот секогаш доаѓала крупна фугура од јавниот или политичкиот живот. Извесно време на тоа место ќе застане и Петар Лешњаревиќ[637].

Битолската општина, покрај организациона, давала и материјална помош. Навистина била незадоволителна, но била во континуитет и била праведна, адекватна на повеќето слични организации. Во 1928 год. Подмладокот добил 1.000 динари, колку и сите спортски и културни здруженија од градот[638], следната година била зголемена за дополнителни 1.000 динари и изнесувала вкупно 2.000 динари[639], додека во 1931 год. сумата била симната повторно на поранешните 1.000 дин.[640] Таква ќе остане и за 1932[641], и за 1933[642], што говори за скромната материјална кондиција на Општината во тие кризни години.

Значајна материјална помош Подмладокот добивал од индивидуи и од институции, но касата се пополнувала и преку концерти, забави и на друг начин. Мамутскиот дел од вака собраните средства оделе за ученичките кујни, за купување алишта на сиромашни ученици по повод некаков празник или за опоравок на болешливите и ненахранети врсници[643].

## *Кореспонденција и помош*

Покрај градењето човекољубие, која била потенцирана задача за секој член, одржувањето на личната хигиена и спортувањето биле едни од поважните, а воспоставувањето комуникација со непознат врсник од земјата или од странство, била, исто така, од побит-

636. Книга 24, 21 октомври 1930, т. 9

637. **Извештај за школску 1935/36 годину,** Битољска гимназија, 36

638. Книга 18, 31 март 1928, т. Разне потпоре

639. Книга 21, 7 март 1929, Разне потпоре

640. Книга 27, 6 март 1931, т. 4, Разне потпоре

641. Книга 31, 29 февруари 1932, т. Потпоре

642. Книга 34, 22 февруари 1933, т. Разне потпоре

643. Државен архив на Македонија,Подрачно одделение – Битола, **Фонд Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст на Гимназијата – Битола (19...-1941)**, 2.5.12.96/197

ните. Со неа се целело, не само да се шират познаства, да се пренесуваат искуства околу работата во својата организација, ами да се збогатуваат и знаења за други подрачја, земји и народи. Претпоставките биле дека, градејќи ги на овој начин односите меѓу младите луѓе, се граделе односите меѓу народите.

Во писмата на кореспондентите вообичаено било да се даваат лични податоци, податоци за школата и за организацијата, за родното место, за историјата и обичаите на својот народ, за политичкиот и социјалниот живот, односно за сè она што би било интересно за другиот. Кога се работело за странски земји, нашите младинци најмногу се допишуваа со младите од Австралија, Белгија, Бразилија, Бугарија, Велика Британија, Германија, Грција, Италија, Јапонија, Канада, Латвија, Полска, Норвешка, Романија, САД, Чехословачка, Чиле, Франција, Холандија, Швајцарија, Шведска и Шпанија. Јазик за комуникација бил францускиот кој во ова време имал статус на меѓународен, кој на овој начин се практицирал и се усовршувал.

Почнувајќи од школската 1922/23 год. стана обичај да се разменуваат и подароци во вид на албуми, рачни изработки со мотиви од потесното географско подрачје и друго, со што меѓусебните врски станувале уште подлабоки. Ваквите дарови биле разменувани меѓу поединци, меѓу одделение со одделение, школа со школа, а размената се вршела преку Главниот одбор, кој преписката и другата достава ја препраќал до Средишната управа на Подмладокот (Белград, Симина улица 21) преку кого патувала до Лигата на друштвата на Црвениот крст во Париз, отсек Подмладок (Inter–School–Corespondence Bureau Paris), кој понатака ја доставувал преку својата уходана и експедитивна администрација, без оглед на кој јазик била напишана до адресантот[644]. Таа традиција продолжи и во годините што следат до Втората светска војна[645].

Почнувајќи од 1933 год., ваквото допишување стана едно од поважните задолженија на членовите, кое било нотирано дури и во Упатството за работа како дел од националната стратегија за ширење на патриотизмот и создавањето на националната заедница, како помагање и во кохезијата на меѓународниот мир. За начинот на комуникацијата била издадена и специјална брошура, која можела да се добие бесплатно преку бановинските одбори[646]. Овој начин на воспоставување врски се покажа како мошне успешен, зашто во него учеству-

---

644. **Подмладак Црвеног Крста С.Х.С.**, Гласник Црвеног Крста С.Х.С., г. 2, кн. 1, св. 3, Београд, март 1922, 107-108

645. **Подмладак Црвеног крста С.Х.С.**, г. 6, св. 2, фебруар–март–април 1926, 99

646. **Упутства за организаацију и рад Подмлатка Црвеног крста**, Гласник Црвног крста Краљевине Југославије, г. 14, св. 5, 6, Београд, мај–јуни 1934, 225

ваа скоро сите школи и сите зачленети младинци. Дописката била многу богата, Американскиот Подмладок до нашите членови само во една година испрати 2.000 кутии со божиќни подароци, покрај тоа примени биле, од сите страни на светот, уште 7.600 писма. Од друга страна, реципрочно, нашите младинци испратиле вкупно 10.328 писма и подароци низ сите меридијани на земјината топка[647].

Во тој контекст, на нови познанства и пријателства се манифестирала не еднаш солидарност кога имало потреба, особено кога ќе се случела природна или друга несреќа. Сума од 2.404 динари, собрани како доброволен прилог од Подмладокот и од наставниците на Гимназијата во Битола, во 1930 год. била испратена за поплавените во Франција. Претходно, на 14 април истата година, на т.н. „*француски ден*" било одржано предавање за Франција, што многу помогна да се собере горниот прилог[648]. Истиот Подмладок во 1939/40 год. достави 200 динари хуманитарна помош и за финските деца[649].

Во учебната 1933/34 год., а со цел меѓусебно запознавање, бил испратен албум со слики од градот и од околината на Битола, кој, заедно со прекрасните експонати од нашиот народен вез, членовите на Подмладокот од Гимназијата ги испратиле до Подмладокот од градот Поличка (Чехословачка)[650].

## *Гимназискиот Подмладок*

Масовноста на Подмладокот меѓу двете светски војни во битолските училишта е импресивна. Скоро и да нема основно или средно училиште во кое да не функционира негов клон и каде не се градат хуманитарни и хигиенски навики. Кога грчки учители во 1933 год. доаѓаат во посета кај своите колеги од Битола и се прифаќаат како гости на училиштето „Св. Сава" остануваат восхитени од чистите и уредни училници, како и од богатите списоци,

647. **Споменица Подмлатка,** 89-94

648. **Извештај за школску 1929/30 годину**, Битољска гимназија, 13

649. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Државна реална гимназија, 36

650. **Извештај за школску 1933/34 годину,** Битољска гимназија, 34

истакнати на ѕидовите од училниците со членови на Подмладокот[651]. Таков занес од Црвениот крст се среќавал и во другите школи. Го имало и во Трговската академија. Отсуствувал единствено во Православната богословијата, всушност, онаму каде требало и најмногу да го има. Објаснувањето било дека учениците биле во поодмината возраст, но, од друга страна, за пофалба било што промоцијата на идејата на Црвениот крст тука започнала само неколку години по формирањето на Богословијата (1921), односно во 1924 год., а самарјанските курсеви дека биле гордост не само на Богословијата, ами и за градот [652].

Подмладокот на Гимназијата е првиот што е основан во Битола, постар е и од месниот Подмладок. Во Експедиционата книга на Гимназијата, која, за жал, повеќе не постои во Историскиот архив, во кој, инаку, складирана е сета архива на школава, нотирано е дека во учебната 1920/21 год. овој Подмладок испратил парични средства како претплата за списанијата *Наш лист*, *Наставен весник* и за *Народни подмладак*[653].

Почнувајќи од учебната 1929/30 год., во годишните извештаи што ги издаваше Гимназијата, има детални податоци и за работа на Подмладокот. Се говори за бројот и за составот на ченовите, за управните тела, за структурата, за финансиите, како и за многу други сегменти од неговата богата и разновидна дејност.

Станал и не само најактивната, ами и најмасовната организација, броел онолку колку што имало и ученици. Во учебната 1929/30 год. во Први „б" клас биле запишани 26 членови, а уште четири нови ученици дополнително влегле во списокот, а толку имало членови и во Подмладокот[654]. Во учебната 1938/39 год. биле регистрирани 26 одбори, колку што имало и класови. Во неговата сложена структура вклучен бил и Наставничкиот совет на чело со директорот. Основната клетка била класот, а имал раководно тело од поистакнати ученици. Класниот раководител помагал, координирал и надгледувал. Сите класови го формирале Подмладокот, кој, како и насекаде, имал управно тело од претседател, благајник и секретар. Во учебната 1929/30 година претседател на Подмладокот е Јани Зенговиќ, ученик во 8 клас (подоцнежен

---

651. **Утисци грчких учитеља са њихове посете битољским основним школама**, Вардар, Скопље, 24 септември 1933, 2

652. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија, 1933, 38

653. Ѓорѓи Димовски, **Битолските училишта до 1918 година со посебен осврт на Гимназијата до 1945**, Во: **Гимназијално образование во Битола**, Гимназија „Јосип Броз – Тито", Битола, 1965, 64

654. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола. **Фонд Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст при Гимназијата (19...-1941)**, 2.5.12.88-92/181-188

фолклорист)[655], благајник Алекса Димовиќ, ученик во 8 клас, а секретар Димитрије Бушковиќ, уч. во 7 клас. Сите имале заменици. Делегат од Наставничкиот совет таа година бил суплентот Милорад Вујовиќ[656].

Ваква структура се среќава и во годините што следат. Почнувајќи од учебната 1935/36 год. станува промена во начинот на управувањето, на челното место застанува директорот на Гимназијата, Јован Продановиќ. Покрај него влегуваат и други професори, професорот Мирослава Шапониќ, станува секретар, професорот Радомир Чивовиќ, ја врши функцијата благајник, а влегуваат и класните раководители[657]. Бидејќи ваквата структура се потврди како успешна, ќе продолжи и во годините што следат.

Членарината, која изнесувала два динара полугодишно или четири динари годишно, била главниот приход. Покрај тоа, касата се полнела и со средства од концерти, од продажба на календари и на Гласникот на Подмладокот, од каматата на вложените пари во битолските банки, од уличното прибирање доброволни прилози, од донации на поединци и од друго. Никако не треба да се заборават и повремените донации на Бановинскиот одбор, кои понекогаш биле скоро рамни на останатите приходи. Во учебната 1938/39 год. изнесувале 2.188 динари, што било голема помош за сиромашниот фонд[658].

Од друга страна, голем дел од членарината се издвојува како партиципација за повисоките одбори. За 1936 год. до Околискиот Црвен крст во Битола патувале 1133 динари[659], а 1017 динари истата година се прелеаја и во касата на Бановинскиот одбор[660]. Средствата што преостанувале се трошеле за помош на сиромашните ученици. За обувки во учебната 1935/36 год. биле издвоени 1.200 дин., а во 1938/39 год. со 2.300 динари биле набавени 22 пара чевли[661]. Повремено е купувана и облека, но огромниот, односно мамутскиот дел, сепак, одел за ученичката кујна.

---

655. Има објавено една збирка на народни песни – Јани Зенговиќ, **Македонске народне песме**, Алексинац, 1929

656. **Извештај за школску 1929/30 год.**, Битолска гимназија, 25

657. **Извештај за школску 1935/36 год.**, Битолска гимназија, 36

658. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Државна реална гимназија, 32

659. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Училишен одбор на Подмладокот на Црвениот крст при Гимназијата во Битола (19..- 1941)**, 1. 12. 95/195-196

660. Исто

661. **Извештај за школску 1938/39 годину,** Државна реална гимназија, 32

Дел од толку потребните средства, Подмладокот ги остварувал и преку забави и приредби. По повод Зимскиот ден на Црвениот крст, во февруари 1929 год., подмладоците ја прикажале во „*живи слики*" драматизацијата на популарната народна песна „Косовска девојка"[662], а вакви драми, музички и хорски изведби имало многу.

662. **Белешке**, Глас омладине с југа, г. 3, св. 3, март 1929, 24

# Црвениот крст по ослободувањето

## Први декади

### *Иницијативи за формирање Црвен крст во Битола*

Идодека сè уште одекнувал татнежот на топовите низ Европа и светот, во Македонија започнаа првите активности за организирање ново, наше, македонско Друштво на Црвениот крст. Иницијативата ја даде Президиумот на АСНОМ, преку своето Поверенство за социјална политика. Следејќи ги неговите препораки, Социјалниот оддел на Битолскиот обласен Народноослободителен одбор го отпочна својот дел од активностите. На 26 декември 1944 год., под бр. 12, испраќа писмо до пониската истанца, до Социјалниот оддел на Битолскиот Народноослободителен одбор, со укажувања и инсистирања: *„Одборите на Црвениот крст ќе бидат од големо значение за нашиот народ и за нашата млада федеративна држава, зашто преку нив, оти низ ним, а преку Главниот одбор на Ц. К. Д. Ф. Ј. ќе можиме едино да општиме со надворешниот свет, било пак испраштаме на нашите големи сојузници сведенија за опустошенијата причинети од непријателот во нашата земја, било да примаме помошти од ними во храна, облекло и санитетски материјали. Ван од тоа преку Ц. К. ќе можат многу работи да се свршват, како от општ, така и од частен карактер, који имаат врска со надворежниот свет, со иностранство“.*

Во писмово се советува, исто така, при изборот на членови во одборите на Црвениот крст да се предлагаат *„чесни лица“*, кои би се препорачале истовремено и за членови на народноослободителните одбори. Одборите, се советува понатака, би требало да го користат искуството и да ја имаат истата структура како и во политичката власт, односно да има селски, општински, околиски, градски и обласни одбори, а над сите нив треба да стои главен одбор. Делегатскиот принцип, се советувало, да биде важечки и таму и кандидатите да се движат скалесто, од пониский кон погорниот одбор, а изборот да падне исклучиво на проверените лица. Особено тре-

бало да се внимава на секретарите (*„препорачува се секретарите да бидат избрани от политичките организации“*).

Се даваат сугестии поврзани и со претходниот Црвен крст, од кој архивските материјали, паричните и други наследства, недвижниот имот и сè друго доколку ги имал, одговорно да се приберат, да се регистрираат комисиски, па да се чекаат натамошни инструкции. Се соопштува дека правилата на Црвениот крст се очекувало наскоро да бидат отпечатени, по што ургентно ќе биле испратени на теренот, што би било знак за отпочнување на формирањето на одборите.

Писмово, заверено со бр. 12, што ќе рече дека е меѓу првите акти што ќе ги донесе овој одбор, го носи датумот 26 декември 1944 год.[663].

Наскоро започнува уште поинтензивна кореспонденција и уште поупорни инсистирања за формирање одбори. На 2 јануари 1945 год. под бр. 1115 препис од тоа писмо испраќа и Околискиот НОО, социјалниот оддел до сите општински НОО одбори. Следи и трето од 15 февруари истата година со повторување на барањето[664], па и четврто. Во последново стои цврсто прашање: *„Дали се работи врз организирањето и популаризирањето на Друштвото на Црвениот крст, ако не се работи, кои се причините за тоа, а веќе ви се испратени времени правила со писмото бр. 12 (26.12)“*. Се бараат информации и за бедните партизански семејства – колку се на број, колку бедни семејства има и воопшто на територијата што ја покрива одборот, зашто тие би требало да бидат на приоритетната листа при распределбата од најавуваната странска хуманитарна помош[665] итн.

Има сосема разбирлива и оправдана причина за едно вакво панично инсистирање за формирање одбори. Меѓународниот Црвен крст, како главен спонзор на хуманитарната помош, инсистираше таа да оди исклучиво преку Црвениот крст, кој, според него, имал завидно меѓународно реноме, искуство при вакви распределби, кадри и организациона инфраструктура. Најмногу од сè, бил аполитична организација.

Тоа е причина иницијаторот и координаторот, Главниот одбор на Друштвото на Црвениот крст на Демократска Федеративна Југославија од Белград, да инсистира на ургентно формирање на одборите, а да го олесни и забрза тоа, ете, подготви брошурка со правила и со напатствија[666]. Напечатена била во огромен тираж и со неа, во првата половина од 1945 год.,

663. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Битолски обласТен НОО**, 2.226.3.115/229-239
664. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Фонд Окружен НОО**-2.226.3.110/202
665. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Фонд Народен одбор на Битолска околија**, 2.226.1.223/847
666. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Фонд Битолски обласен НОО**....226.3.115/229-239

преплавена беше скоро цела Југославија[667].

Интересно е што и пред да се поведат ваквите иницијативи, Поверенството за социјална политика и народно здравје на Президиумот на АСНОМ почна да воспоставува врски со меѓународни организации на Црвениот крст. На 15 декември 1944 год. испраќа замолница до Бугарскиот Црвен крст за итна помош во спречувањето на ширењето на очекуваната епидемија на пегав тифус и на некои други заразни болести. Мотив за тоа биле тотално испразнетите аптеки во македонските градови од германските окупаторски војски[668].

Откако наскоро се оцени дека условите се созреани и дека е можно да се формира ново, македонско Друшт-



Д.226.3.115/229-239

[illegible] Народно-ослободителен одбор
Социјален отдел
Бр. 12
26.XII.1944 г.

До Битолскиот Околиски
Народно Ослободителен Одбор
Социјален отдел
гр. Битола

Другари,

Поверенството за социјалната политика при Президиумот на АСНОМ ни испрати еден примерак на привремени правила на Друштвото на Црвениот крст на Демократска Федеративна Југославија /Д.Ц.К.Д.Ф.Ј./ со налога да се организоват што по голем број одбори на Црвениот крст.

Одборите на Ц.К. ќе бидат од големо значение за нашиот народ и за нашата млада федерална држава, оти низ нивни, а преку Главниот Одбор на Д.Ц.К.Д.Ф.Ј., ќе можиме единио да општиме со надворешниот свет, било да испраќаме на нашите големи сојузници сведенија за [illegible] од непријателот во нашата земја, било да примаме помошта од нив во храна, облекло и санитетски материјали. Вон од тоа преку Ц.К. ќе можат многу работи да се свршат, кои от општ, така и од частен карактер, кои имаат врска со надворешниот свет, со иностранство.

Зато се налага во споменатите одбори да влезат чесни лица, кои ќе ги избере народот, било посредно, било непосредно. Членови на одборот на Ц.К. можат да станат во исто време и членовите на Н.О.О.-ри, на Н.О.Ф., на Н.О.М.С.М. и секој други чесни граѓани и граѓанки, како и А.Ф.Ж.

Одборите на Ц.К. ќе бидат организовани исто како се организовани и Н.О.О.-ри. Ќе имат селски, општински, околиски и градски, обласни и главен одбор. Формирањето на по горните одбори ќе стане исто со испраќање на делегати от по низките одбори. Препорачува се секретарите да бидат избрани от политичките организации.

Претседникот на социјалниот отдел раководи формирањето на овие одбори, а и натака ќе води надзор над нив.

Препорачува ви се во горниот смисол ДА ОТПОЧНЕТЕ [illegible] ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СПОМЕНАТИТЕ ОДБОРИ НА Ц.К. Како прва [illegible] работа ќе ви биде то, да ги пронајдите старите друштва на Ц.К., било од пред војната, било под окупаторот, и да го пребарете целиот инвентар на нештите, архивите и целата нивна имовина. За таја цел можите при отделот да формирате една комисија, која протоколарно ќе прими се што се најдува при споменатите бивши друштва на Ц.К. и која то ќе го предаде на новиот Одбор на Ц.К., кога таков ќе биде формиран. Да не заборавите, од старите друштва на Ц.К. да ги барате инвентарните книги и паричните, од кои се вижат со каков инвентар и со колку пари располагат нештите.

[illegible] ги имаме дадено во штампа. Штом бидат готови ќе ви испратиме потребен број од нештите.

Ве напоменаме да треба да пристапите [illegible] во горниот смисол, а самото формирање на одборите ќе стане после примањето на [illegible] во ваш[illegible] одбори, која ќе стане во нај скоро време.

За сторенето одма да не известите!

Работајте ударно и со точност, оти од тоа зависит вашиот успех! Да не останиме назад од другите области во Македонија!

Смрт на фашизмот—Слобода на народот!

Секретар, Претседник, Просветен,

*Иницијатива за формирање македонски Црвен крст (26.12.1944)*

667. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, **Фонд Окружен НОО** – 2.235.3.21/140-143

668. **АСНОМ, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ**, Архив на Македонија, том 1, книга 2, Скопје, 1984, д. 331, стр. 376-377

во на Црвениот крст, што ќе работи во рамките на општојугословенското, започнаа и забрзаните подготовки за свикување основачко собрание. Истото се одржа на 17 март 1945 год. и тој датум денес се третира и се слави за негов роденден. На него беа избрани и управни тела и претседател. Прв претседател стана Александар Петровски.

По осамостојувањето на Македонија, во 1992 год. донесен е посебен статут, а на 26 јули 1994 год. изгласан е и Законот на Црвениот крст. Следната година Македонскиот Црвен крст признат е од Меѓународниот комитет на Црвениот крст, а на 27 ноември истата година примен е и за 169-та членка на Националното друштво на Меѓународната федерација на Црвениот крст и на Црвената полумесечина[669].

## Првиот Околиски и првиот Градски одбор на Црвениот крст во Битола

Можно е во последните денови од 1944 год., но посигурно е уште во почетокот на 1945 год. да е формиран првиот битолски одбор на Црвениот крст. Дека нешто такво навистина се случило потврдува и битолскиот неделник „Братство", во февруари 1946 год., кога во еден свој напис регистрира дека ваква организација во градот има веднаш *„след ослободуењето"*[670]. Стартира во рамките на Социјално–здравствениот одбор на Окружниот НОО, на чие чело е д-р Маргарит Нале, кој отсега натаму ги задржува двете функции, проческ на Социјално–здравствениот одбор и претседател на Околискиот одбор на Црвениот крст и тоа така ќе потрае во наредните две години.

Градски одбор на Црвениот крст во Битола во ова време нема, неговите функции ги извршува Обласниот одбор. Тој ги спроведува директивите што доаѓаат од повисоките органи, формира општински и месни одбори, ја координира работата меѓу нив, испраќа извештаи кога треба и кога се бара од него, дели хуманитарна помош, односно преку него се врши сета актив-

[669] **Постојана хуманитарна мисија**, Црвен крст на Република Македонија, 2006, 17-18

[670] **Дејноста на „Црвениот крст" во Битола**, Братство, Битола, г. 1, бр. 8, 21 февруари 1946, 3




*Дефиле на членови на Црвениот крст од Битола (1946)*

ност на оваа организација во Битола и Битолско[671]. Бидејќи нема сопствени простории, ги користи оние на Социјално–здравствениот одбор[672]. За доста сложената и тешка работа има само 8 вработени што е премалку[673]. Набргу тоа се сфаќа и нивниот број нараснува на 12 вработени[674]. Меѓу нив се и Еленица Босилкова и Борис Тошески, кои, откако ќе се формира Градскиот одбор, се префрлаат таму и со тоа се вбројуваат меѓу оние што ги поставуваат неговите темели[675].

671. Државен архив на Македонија, Подрачно одделениие – Битола, **Фонд Народен одбор на Битолска околија**, 2.226.5.173/587-589

672. Исто, **Окружен НОО – Битола,** 2.235.3.21/140-143

673. Исто, **Околиски НОО**, 2.226.7.343/976-981

674. Исто, 2.226.7.344/982

675. Исто, **Записничка книга на Градскиот НО**, 2.226.17.308/915-916

Главната задача на Околискиот одбор на Црвениот крст во овој миг е распределбата на хуманитарната помош, која надоаѓа обилно и во бранови. Покрај тоа, прави напори за организирање и летувања на деца, што е за секаква пофалба, зашто, заради војната и гладувањата, младата популација физички е крајно разнежнета и подложна на секакви заболувања[676].

Нешто подоцна, во 1946 год., покрај Околиски, формиран е и Градскиот одбор. Точниот датум не е познат, се претпоставува дека се случи во првата половина од годината, а заклучокот се извлекува од датумот на првото годишно редовно собрание кое било на 20 јули 1947 год. Средината на 1946 год. или неколку месеци пред или по тој датум е неговиот почеток на работа. Бројот на членството за почеток е сосема пристојно, има околу 900 редовни членови, но има и симпатизери, кои се вклучуваат во акциите секогаш кога се бара тоа од нив. Кога на 23 јуни 1946 год. бил организиран кермес со цел да се соберат средства за исполнување на некои од поставените задачи, Петар Пешка, Никола Јованов, Кочо Џима, Томе Стојчев, Јордан Наумов – Бишта дошле меѓу првите да помогнат. При собирањето, пак, на доброволни прилози придонес дадоа и други, меѓу нив и Димче Станковски, Маслинков, како и некои членови на НОМС организацијата.

На ваквите поединци и организации Градскиот одбор знаел да им искаже јавна благодарност во еден од броевите на локалниот весник Братство.

За прв претседател на овој одбор назначен бил Борис Тошески, кој веднаш внесе позитивен елан и успеа за кратко време да привлече поголем број ентузијасти, а некои, како Нико Сирвини, Аспасија Симовска, Каљопа Петкова и Никола Андреев, да ги вклучи и во управниот тим[677].

Кога на 20 јули 1948 год. се одржа второто редовно годишно собрание, имаше што да се презентира во рефератот. Беше тоа година со поголеми зафати и успеси, особено во распределбата на хуманитарните доставки но, се разбира, успеси и на други полиња.

Тошески на ова собрание беше заменет со Томе Маслинков, додека секретар стана Ставре Димитровски[678].

676. Исто, 2.226.7.343/976-981

677. **Благодарност**, Братство, г. 1, бр. 27, Битола, 4 јули 1946, 4

678. **Второ редовно годишно собрание на Градскиот одбор на Црвен крст – Битола**, Братство, Битола, г. 1, бр.30 (99), 31 јули 1948, сабота, 3

## *Први селски (општински и месни) одбори на Црвениот крст*

Селскиот (месниот) одбор на НОО е основната клетка во административната поделба на власта уште од првите денови од нејзиното конституирање. Вертикално нагоре се наоѓал општинскиот одбор, следеле градскиот, околискиот, обласниот, окружниот, но тие се менуваат во рангот во зависност од одлуките што се носат, а кои ги респектираат новите состојби на теренот. Со решение на Президиумот на АСНОМ, од 6 август 1944 год., Македонија поделена е на 4 области: Скопска, Битолска, Штипска и Кичевско–Дебарска. На 21 октомври 1944 год. следи нова поделба, сега има три области: Скопска, Битолска, Штипска и истата останува до 22 јануари 1945 год., кога се формираат окрузи[679].

Црвениот крст, како и во предвоениот период, се прилагодува на нив.

Општинскиот одбор на Црвениот крст, напати е и месен и тоа не е ништо чудно, зашто условите тоа го диктираат. Лица способни за политички функции и за членови во разни организации, вклучително и во Црвениот крст е крајно ограничен. Тоа се случува не само со месните и општинските, ами многу често и со градските и околиските, односно окружните одбори.

Податоците за првите одбори на Црвениот крст, било општински или месни, се скудни, сепак, оние што се пронајдени ја скицираат и сликата при нивното формирање и составот на кадрите во истите. Паѓа в очи дека, иако некои села се само на неколку километри од градот, дури денес се вклучени и во поширокиот битолски синор, им припаѓале на Мариовската околија.

Општината Бач броела, без општинското село, 11 села (Гермијан, Брод, Добровени, Сливица, Полог, Веласело, Сович, Скочивир, Живојно, Гнилеш) и во сите, во ист ден (што е за чудење), на 18 февруари 1945 год., биле оформени месни одбори на Црвениот крст. Месец дена претходно, односно на 18 јануари тоа е извршено во општинскиот центар Бач, кога истовремено се избрани и општински и месен одбор. Одборите имаат претседател, потпретседател, секретар и најмалку 3-4 члена, но многупати се случува некои да имаат раководен тим, но не и членови, што јасно говори за формалноста при изборот на ваквите одбори.

679. Александар Крстевски – Кошка, **Зборник на одбрани документи за историјата на Битола и Битолско 1941-1945,** Историски архив – Битола, Општински одбор на СБЗ од НОВ – Битола, Битола, 1984, XX

Малата Дубрушевска општина, која имала само три села (Лапатица, Добрушево и Чарлија), на 9 февруари 1945 год. го известила Битолскиот окружен одбор на Црвениот крст дека конституирањето на нејзините одбори било успешно извршено.

Старавинската општина, исто така, е една од помалите, имала само пет села (Зовиќ, Груништа, Градешница, Старавина и Будимирци) пред 9 февруари 1945 год. месните одбори и биле оформени. Тоа не се наведува во извештајот, но датумот на кој е испратен извештајот е наведениот.

Со вкупно 13 села (Новаци, Рибарци, Гнеотино, Тепавци, Балдовенци, Паралово, Суводол, Ореово, Мегленци, Врањевци, Билјаник, Добромири, Логоварди) Новачката општина била една од најголемите. Имала само месни одбори, формирни пред 25 февруари 1945 год., односно пред да биде доставен извештајот до Окружниот одбор. Меѓу ангажираните има доста членови-учителки, што е интересно и симпатично, зашто на други места тие, главно, отсуствуваат.

Од извештајот на Дедебалскиот НОО – Социјален оддел, испратен на 15 февруари 1945 год. до Окружниот одбор, може да се констатира дека во сите месни одбори (Далбеговци, Радобор, Црничани, Будаково, Трап, Долно Агларци, Горно Агларци) извршен е изборот на членови. За разлика од останатите, во оваа општина биле формирани месни, како и еден општински одбор. Од извештајот се дознава дека за повеќето од членството работата во Црвениот крст им била потполна новина[680].

Мошне интересен и по малку индикативен е случајот со формирањето на Црвениот крст во демирхисарското село Црноец. Настанот се случил во крајот на 1945 год. кога на општоселската конференција, за значењето на организацијата пред насобраните, скоро сите муслимани, говорел селскиот учител Џемал Асим. По изгласувањето на одлуката се донел и заклучок да се покрене акција во селото за помош на настраданите од војната[681]. Упорните инсистирања за формирање месни одбори и најавите за скорешна хуманитарна странска помош, која некаде започнала и да се дели, по сè, ги збрала овие селани на заеднички состанок.

680. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Народен одбор на Битолска околија,** 2.226.3.115/229-239

681. **Во с. Црновец е основано друштво на Црвен крст**, Братство, г. 1, бр. 1, Битола, 1 јануари 1946, 4

## *Новиот Околиски одбор на Црвениот крст*

По почетната успешна работа и по застојот што проследи потоа заради спроведувањето на нова територијална поделба, на Црвениот крст малку се подзаборави. Се чекаше сега нова организација и нов старт.

Во Битола промената се случи на 4 април 1949 год. кога е возобновен Околискиот одбор на Црвениот крст со избор на првите управни тела и кога е вработено првото лице. Тоа е Сотир Ристевски (1920), кој е префрлен од Социјално–здравствениот одбор со нова задача, да биде технички секретар, да ја прифаќа, регистрира, сместува И, по одлука на повисоки органи, да ја дистрибуира пристигнатата странска хуманитарна помош. За почеток сместен е во помала канцеларија со скромен мебел (маса и столица), во постар објект близу Скршената џамија (денес комплекс „Грозд"). Негов претпоставен и прв претседател на Одборов е прилепчанецот Борис Тошески, но во работата, за почеток, помага и д-р Маргарит Нале.

Кога хуманитарната помош се интензивира и работата се усложнува, бројот на вработените се зголемува. Првин се вработува уште едно лице, Соња Костова (подоцна Павловиќ), наскоро уште неколкумина. Секретар е Еленица Босилкова, курир – Пандо, книговодител – Ѓорѓи Балев, Славе – шофер на џип, па Аце Погачев и Павле Павлов. Се добиваат и нови канцеларии, два дуќана од десната страна на реката Драгор, близу до Дрвеното мовче, во кои службите остануваат додека не се подигне новиот објект, истиот во кој денес е сместен Црвениот крст.

Вака екипиран, со активни управни тела, составени од предани ентузијасти, Околискиот одбор развива богата и разновидна дејност. Најголемо внимание му е посветено на омасовувањето на членството. Резултатите се видливи, нивниот бројот во 1950 год. се искачува на 4.500.

Организационо Одборов има 12 општински одбори (Прилеп, Битола, Крушево, Тополчани, Бистрица, Кукуречани, Новаци, Диово, Долнени, Демир Хисар, Манастир и Кривогаштани). Во Битола и Прилеп има вработени лица, а во останатите – само технички секретари. Општинските одбори имаат месни одбори, а големо значење во работата имаат и активите, кои ги има по селата, во работните организации, школите и на други места.

Управните тела на Одборов се: Секретаријат, Околиски одбор и Надзорен одбор, а највисок орган е Собранието. Тоа седниците ги закажува по потреба, а бидејќи таква често не се појавува, за петнаесетгодишното постоење се случи да се организираат само пет седници. По-

следната е одржана на 31 март 1965 год., кога околиските одбори беа расформирани и беа формирани нови, општински одбори.

Околискиот одбор имал помошни тела – комисии и секции. Комисиите биле: Комисија за здравствено–социјална дејност, Комисија за здравствено просветување на работниците, Комисија за борба против туберкулозата, Комисија за трансфузија, Комисија за борба против алкохолизмот и Комисија за работа со младината и подмладокот. Во просек, се состоеле од 9-11 члена, главно стручни лица од потесните области. Најмногу ги имало од просветната и лекарската професија, па влегувале социјални и општествени работници, но и други лица.

Една од многубројните манифестации што ги презеде Околискиот одбор беше и учеството на републичката прослава на 80-годишнината од формирањето на противпожарната служба, на 4 и 5 јули 1964 год., кога било организирано масовно дефиле. Активно се вкучи и во собирната акција за помош на настраданото население од поплавата во Загреб, во која учество зедоа и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Република Македонија (ССРНМ), Синдикатот и Народната младина.

## *Работа на околиските комисии*

Комисијата за здравствено–социјална дејност работеше според претходно донесени план и програма и се трудеше да биде во што потесна корелација со истите комисии од општинските одбори. Вршеше увид врз нив, помагаше кога имаше потреба од тоа, сама но и во содејство со нив оранизираше предавања, кинопретстави, курсеви со теми за здравјето, за хигиената и зависностите, посебно против алкохолот. Внимание ѝ посветуваше и на младината од селото. Во текот на 1964 и 1965 год. успеа да организира по два курса на кои имаше голема посетеност. Водеше и строга грижа за хигиената во училишните кујни, особено во оние што беа под патронат на УНИЦЕФ. Организираше акции за вакцинирање од БСЖ во училиштата, а беше вклучена и во ограницирањето на манифестации, посебно при одбележувањето на Денот, Неделите и на другите датуми на Црвениот крст.

Комисијата за здравствено просветување, освен неколкуте одржани предавања за здравјето, не покажа некоја поголема активност. Затоа, пак, нејзината секција за борба против туберкулозата беше посебно мобилна. Се потруди да ја утврди реалната состојба со болеста на тере-

нот и да ги маркира семејствата каде имало болни родители или деца, со напор за одвојување на здравите членови од болните. Во текот на Неделата на борба против туберкулозата во 1964 год. одржа 262 предавања кои ги проследија завидна бројка од 46.400 слушатели.

Посебна активност Комисијата за борба против алкохолизмот покажа за време Месецот на борба против алкохолизмот. Во 1964 год. беше распишан конкурс за најуспешни теми и цртежи од таа проблематика, на кој зедоа учество 111 ученици. Беа одржани и многубројни предавања против алкохолот особено пред школската младина. Била поддржана работата на Домот за народно здравје од Битола и на неговото советовалиште за лекување од алкохол, како и на Специјалната болница во Демир Хисар каде имало и успешно работело одделение за лекување од оваа завиност.

Во Комисијата за трансфузија на крв вклучени беа 4 лекари, 3 средношколски медицински кадри и уште две други лица. И таа работеше според посебно изготвени и одобрени план и програма и успеа да обезбеди во нејзиното последно двегодишно работење на ниво на околија 4.682 дарувања крв, при што со 2.641 дарувања Битола стоеше далеку над останатите општински одбори.

За разлика од претходниот период, кога фигурираше само една категорија младо членство наречено Подмладок, сега се направи диференцијација со пионерите наречен Подмладокот на Црвениот крст (ПКЦ) и клон на младинци, наречен Младински Црвен крст (МКЦ). Комисијата за ПКЦ и за МКЦ почесто била на терен следејќи ја работата на основните организации и можела да констатира дека, за жал, во осмогодишните училишта таа стихијно се одвива. Бројот на членовите во ПКЦ во последните години на Околискиот одбор изнесувал 2.792, додека оној во средните училишта бил 9.800 членови. Со сите нив се работело преку предавања, приредби, кинопретстави и др. Обата клона учествувале во одбележувањата на Неделата на Црвениот крст, а средношколците станаа и едни од поактивните дарители на крв. Посебна активност Комисијата покажа во организирањето центри за обука на кадри за работа со подмладоците, каде предавачи биле познати просветни и здравствени работници. Еден таков, кој бил инспектиран и од претседателот на оваа Комисија и му била дадена одлична оценка за работата, бил одржан во Охрид. Од Комисијата, исто така, посебно внимание се водело за хигиената во училиштата каде таа, инаку, била на многу ниско ниво. ПКЦ и МКЦ поведуваа бројни акции за помош на настрадани, а една, во која била собрана сума од 480.000 динари, се однесувала за поплавените во Загреб.

## Распределба на хуманитарната помош

Црвениот крст одигра исклучително значајна ролја во распределбата на странската хуманитарна помош и помогна, во голема мера, во санирањето на поствоената очајна состојба во земјата со исхраната на населението. Впрочем, странските донатори, кои оваа помош ја дистрибуираа преку Меѓународниот Црвен крст, на тоа и се надеваа определувајќи се на него за посредник.

УНРРА е првата меѓународна хуманитарна организација која понуди помош на настраданите земји во Втората светска војна. Формирана е уште во текот на Втората светска војна (9.11. 1943). Само што војната заврши и условите дозволија, Атланскиот Океан бил преплавен од претоварени бродови кои пловеа кон Европа со храна и облека, кои само во 1945 год. изнесуваа 5.000.000 тони. Само во месец јануари 1946 год. ги имало над 1.000.000 тони, 200.000 тони повеќе од било кој друг месец претходно[682].

Голем дел од оваа извонредно значајна помош пристигна и во Југославија, која беше една од најпогодените европски земји од војната.

Помош пристигна и во Битола. Првин за најбедните била поделена парична помош, потоа на 2.427 семејства, со вкупно 8.870 членови, биле распределени облека и храна. Бидејќи распределбите се вршеа преку Црвениот крст, а се очекувала и друга, уште поголема хуманитарна интервенција, како благодарност, месното население се повика за што помасовно зачленување во него[683]. Во пратката извесни количества имало и од толку долго скудниот шекер, кој, штом бил добиен, веднаш бил распределен за децата на крајно бедните семејства[684]

Во почетокот на 1946 год. пристигна облека (фустанчиња, костумчиња, детски палта, џемпери, кошули и др.), но и прехранбени продукти (шеќер, ориз, кутии со млеко во прав, конзерви риба и др.), кои веднаш биле дистрибуирани во 39 села во Битолска околија. Поделбата била рамномерна, секое село доби по 10 кг шеќер, 6 кг ориз, по 15-20 конзерви риба и др.[685]. Службите на Црвениот крст и во оваа прилика биле на висина на задачата.

682. **Унрра досега им раздели на европејските земји 5.000.000 тони храна и друга стока**, Братство, г. 1, бр. 10, Битола, 7 март 1946, 4

683. **Дејноста на „Црвениот Крст" во Битола, Братство**, Битола, 21 февруари 1946, 3

684. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Окружен НОО – Битола**, 2.235.3.21/140-143

685. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Народен одбор на Битолска околија**, 2.226.5.173/587-589

Во овој период започнале и собирни акции, во кои, оние што имале малку повеќе, одвојувале за оние што немале ништо. Акција наречена *зимска помош* во која беа собрани 178.046 динари се оргнизираше на 16 декември 1946 год. Париве, заедно со облеката и храната од УНРРА што дополнително пристигнаа, преку Црвениот крст биле распределени на 1.500 бедни семејства[686]. Еден негов млад активист, кој зел директно учество во неа и кој живо се сеќава на неа, бил битолчанецот Александар Стефановки[687].

Почнувајќи и во текот на втора половина на 1947 год. па до 20 јули 1948 год. преку Градскиот одбор на Црвениот крст биле распределени прехранбени артикли и облека во тежина од 3.029 кг на јасли и социјални институции[688].

На списокот за хуманитарна поткрепа биле и бегалците од Егејска Македонија, згрижени за одреден период во Битола и Битолско. Специјална комисија од членови на Црвениот крст во текот на јануари 1946 год. им поделиле: 355 крпи, 50 пелени, 18 костумчиња за деца до една година, 23 костумчиња за поголемите деца, 36 штофени костумчиња, 29 жилетки, 211 фустанчиња, 25 шапки, 33 поли, 46 панталони, 27 кошули, 100 рала кондури, 425 ќебиња, 50 јоргани, 46 душеци, 200 колети со храна[689].

Меѓународниот Црвен крст, иако за сето време инсистирал помошта да оди исклучиво преку домашниот Црвен крст, не еднаш тоа било нарушувано со вметнување членови од Социјално–здравствениот оддел и со лица *„од фронтовските и синдикалните организации“*. За жал, тие практично и го воделе главниот збор при распределбите[690].

Иако УНРРА престана да постои (31. 03. 1949), хуманитарна помош продолжи да надоаѓа. Се појавија други хуманитарни организации и други програми, меѓу другите, беа и КЕР, КАРЕ, УНИЦЕФ. И сега во распределбите повторно посебна улога одигра Црвениот крст[691].

---

686. **Работата на битолскиот социјален отдел во потпогнуење на сиромасите**, Братство, г. 1, бр. 5, 31 јануари 1946, 2

687. Александар Стефановски, **Без вина, виновен**, Самостојно издание, Битола, 2011, 102

688. **Второ редовно годишно собрание на Градскиот одбор на Црвен крст – Битола**, Братство, г. 3, бр. 30 (99), Битола, 31 јули 1948, 3

689. **„Црвен крст“ за бегалците од Егејска Македонија**, Братство, г. 1, бр. 4, Битола, 24 јануари 1946, 2

690. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Народен одбор на Битолска околија**, 2.226. 5. 173/587-589

691. Има интересна анегдота во врска со распределбата на храната по битолските села која ја раскажува Сотир Ристевски. Во некои села селаните жестоко се спротивставувале на доделување храна за свештениците, со образложение дека се најбогатите во селото и дека тие и нивните деца никогаш не пострадале за јадење. Бидејќи во условите што ги постави донаторот имало


*Распределба на пакети од КЕР програмата во Битола (1955)*

Со дел од КЕР програмата беа опфатени и школските институции, каде Црвениот крст посебно бил ангажиран, особено околу облекувањето на сиромашните ученици и снабдувањето на школските кујни со прехранбени продукти. Од оваа програма помош добиваа и старските домови, болниците, јаслите и други социјални институции. Помошта за 1963/64 год. изнесувала 91.126 кг брашно, 40.204 млеко и 22.075 кг масло, путер и маргарин[692]. Контролорите од КЕР програмата, што ја надгледуваа распределбата, скоро секогаш даваа најпозитивни оценки за ангажманот на Црвениот крст.

Со огромната хуманитарна донација на Лутеранската црква, која се состоела од брашно, млеко во прав, јајца во прав, маргарин, путер (спакувани во кутии), масло и др., од Солунското пристаниште до Битола транспортирана е со камиони. Толку била изобилна што во 1949 год.

изрична препорака да не се заборави при распределбите никој, ниту свештениците, на таквите противници морало да им се објаснува дека, доколку свештениците биле изоставени, донацијата ќе прекинела (Соопштение на Сотир Ристевски, разговор воден во Црвениот крст на 11 февруари 2011)

692. **Извештај за работата на Околискиот одбор на Југословенскиот Црвен крст за Битолска околија за период од 1.1. 1964 до 31. 3. 1965**, табела бр. 6

со неа беа исполнети сите празни магацини, почнувајќи од оние на Мелницата „Драгор“, па до џамиите во кои не се извршувале богослужби. Црвениот крст и сега ја прифаќаше и ја распределуваше, без било какви забелешки од донаторот[693].

## Курсеви

Првите курсеви, именувани за семинари, наменети не само за членови на Црвениот крст, започнаа да се организираат уште веднаш по ослободувањето. На ниво на држава, во 1947 год., беа едуцирани 9.000 лица за помагање во здравственото воспитување на населението, а за давање прва помош други 15.000 доброволци[694].

Времетраењето нивно било од неколку дена до неколку недели.

И битолскиот Црвен крст многу рано беше се вклучил во нивната организација. До 1947 год. имал оспособено над 88 лица во врска со здравственото воспитување и уште 200 за давање прва помош што беше за почеток сосема добар успех. Со такви активности продолжи и понатака дури и со поинтензивно темпо. Во текот 1947 год. организираше поголем курс, кој траеше цели шест недели и беше од интернатски тип, а во кој беа едуцирани 45 селски момци[695].

Следната, 1948 година беа одржани и други. Еден, за фабрички работници, хигиеничари, по потекло од сите краишта на Македонија, требаше на младите да им даде теоретски и практични знаења за колективната и личната хигиена, со намера истите да ги применат во своите работни колективи. И тој бил од интернатски тип и траел 40 дена. Финансиски средства за него одвои Министерството за труд на НР Македонија, а организацијата ја изврши Црвениот крст од Битола. Како предавачи биле ангажирани лекари, а практичната настава се извела во месната болница[696].

Во истата година, организирани биле уште неколку, за здравственото просветување, за давањето прва помош, за заштита од воздушни напади итн. Вкупно 4 курсеви во врска со здравјето биле организирани во битолските села и на истите биле оспособени 122 младинци, а уште

693. Соопштение на Сотир Ристевски

694. **Црвениот крст широка народна организација**, Братство, г. 2, бр. 11 (60), Битола, 4 октомври 1947, 2

695. Исто

696. **Курс за фабрички хигиеничари во Битола**, Братство, бр. 29 (98), Битола, 23 јули 1948, 2



*Курс за прва помош со женска селска младина (1959)*

толку и во Битола, во кои се оспособија 72 работници и 74 средношколци за давање прва помош[697].

Кога се градел Големиот Плоштад во Битола, во 1949 год., дел од завршените курсисти за прва помош, заедно со вработени од Државната болница, дежурале на специјален пункт подготовени за интервеницијa во случај на повреда или несреќа меѓу бригадирите.

Курсевите за давање прва помош биле најпопуларни и биле почесто изведувани. Во 1950 год. беа поврзани со прославата на Неделата на Црвениот крст[698].

Покрај во Битола и во селата, курсеви се одржуваа и во манастири, во летовалишта и на други места. Во 1959 год. еден бил организиран во манастирот „Св. Атанас“ во Цапари. Теоретските и практичните предавања таму ги изведоа две медицински сестри, едната од Битола, другата од Словенија, а раководител на курсот бил наставникот Вељо Теодосиевски. Летниот курс,

697. **Второ редовно годишно собрание на Градскиот одбор на Црвен Крст – Битола**, Братство, г. 3, бр. 30 (99), Битола, 31 јули 1948, 3

698. **Од 1 до 8 декември ќе се спроведе „Недела на Црвениот крст“**, Братство, бр. 67, 30 септември 1950, 4

пак, во 1963 год., се одржал во летовалиштето во Претор, каде посетителите биле сместени во шатори[699].

Црвениот крст од Битола покажувал и други активности, во 1950 год. се потруди основните училишта од својата територија да ги снабди со прирачни аптеки, што беше значајна помош за нив[700].

## *Недела на Црвениот крст*

Старата традиција на одбележување на Денот и на Неделите на Црвениот крст продолжи и по ослободувањето, меѓутоа, не со онаа помпезност и масовност како што се правеше во минатото. Тие времиња веќе беа поминати.

Првата повоена Недела на Црвениот крст, на ниво на држава, одбележана е во 1945 год. Во 1946 год. се случи по вторпат, а во 1947 год. ќе трае од 28 септември до 5 октомври. Како и во минатото, поставената цел беше обид за омасовување на организацијата и прибирање доброволни средства, зашто, како што стоеше во прогласот *„во колку друштвото оствари поголеми приходи во толку повеќе ќе можи да ја развива својата хумана дејност“*[701].

Неделата во 1950 год. траеше од први до осми декември на ниво на целата земја, а во Битола организацијата ја презеде Градскиот одбор на Црвениот крст. За да бие поуспешна, навреме ги реализираше сите подготовки, изготви план и програма за сите денови и за сите учесници, па задачата на крајот ја исполни сосема солидно. За да биде така, беше ги задолжил фронтовските организации за време одбележувањето да одржат популарни предавања од здравствено-просветен карактер, организираше неколкудневен семинар од прва помош, а одржа и свечена академија, како и дефиле со Подмладокот[702].

699. Александар Стефановски, цит. дело, 103

700. **Околиската организција „ Црвен крст“, се омасови со 4.500 нови членови**, За социјалистичка изградба, бр. 61, Битола, 19 август 1950, 2

701. **Црвен крст широка народна организација**, Братство, г. 2, бр.11 (60), Битола, 4 октомври 1947, 2

702. **Од 1 до 8 декември ке се спроведе „Недела на Црвениот крст“**, „За социјалистичка изградба“, Битола, 30 септември 1950, 4

Ваквите одбележувања продолжија и во годините што следат, и кога во Битола беше лоциран Околискиот одбор, но и подоцна.

Во текот на 1964 год. прославата содржеше антитуберкулозни предавања, изложба за активностите на Црвениот крст, со експонати добиени од Главниот одбор на Црвениот крст на Македонија. Од Битола истата беше пренесена и во Прилеп. Беа распишани и два конкурса со теми од борбата против туберкулозата. И тоа беше речиси сè[703].

Во 1971 год. одбележувањето траеше од 2 до 9 мај и беше заедно со Светскиот ден на Црвениот крст (8 мај). Главното мото гласеше *Црвениот крст постојано во акција*, а како засебно внимание во неа беше грижата за старите лица[704].

Некои одбележувања станаа прилики, како она од Неделата во 1974 год. (5-11 мај) за доделувања одликувања на најактивните членови во организацијата[705].

Млако, безидејно, колку да се рече дека ѝ е посветено внимание на Неделата, се и одбележувањата што ќе следат понатака.

## Школски кујни

Првите школски кујни по ослободувањето започнаа со работа уште на почетокот на 1945 год. За училиштата каде имало традиција, било полесно, зашто инвентарот горе–долу бил сочуван, а таму каде што го немало, условите набрзина биле создавани. Во училиштето „Св. Кирил и Методиј“, како и во многу други, се нудело само млеко подготвено од млечно брашно во малиот објект од неколку квадратни метри, од левата страна од влезот во училиштето. Консумацијата се вршела на отворен простор, со канчиња од најразлична големина и материјал, кои учениците катадневно ги носеле со себе. Распределбата ја контролирал дежурен учител, а учениците дисциплинирано чекале во ред, наредени еден зад друг.

703. **Извештај за работата на Околискиот одбор на Југословенскиот Црвен крст за Битолска околија за период од 1 јануари 1964 до 31 март 1965 год.,** Петто околиско собрание на ЈЦК – Битола, Битола, 8 април 1965 година, 11-13

704. **Извештај за активноста и одбележувањето на Светскиот ден на Црвениот крст 8 мај и Неделата на Црвениот крст што се спроведе од 2-9 мај 1971,** Општински одбор на Црвен крст Битола, Битола, 1974

705. **Записник од одржаната 20 седница на Општинскиот одбор на ЦК Битола на 22 април 1974 година,** Општински одбор на Црвениот крст – Битола, т. 3

Откако започна да пристигна поинтензивно странската хуманитарна помош, започна и посериозниот пристап кон кујниве, најмногу зашто имало и повремени контроли од донаторите. Се пронајдоа сега и попристојни простории, некои се здобија и со кујна и со трпезарија, се набави и опрема за готвење и сервирање на храната, се изнајдоа и лица што ќе ги подготвуваат оброците, па кујните заличија малку на намената што требало да ја имаат.

Две визбени простории во Земјоделското училиште во Битола, во кои некогаш се чувал семенски и друг земјоделски материјал, во 1946 или 1947 год. беа приспособени за школска кујна, од кои едната била за готвење, а другата служела за трпезарија. Во трпезариската се поставија долги дрвени маси и дрвени клупи во кои учениците во смени, еднаш на ден, консумираа топла храна. Дежурни ученици помагаа во кујната и во поставувањето и миењето на приборот за јадење, а како готвачи беа задолжени двајца службеници. Квалитетот и квантитетот на оброкот задоволувал и тоа така продолжи додека не престанаа доставките од Црвениот крст на прехрамбени продукти, со што кујната прекина со работа. Тоа се случи во 60-те години од минатиот век и таа никогаш повеќе не се возобнови.

Горе–долу, во вакви услови и на сличен начин функционираа И повеќето од останатите школски кујни. Бројот во почетокот им бил голем, а Црвениот крст за сето време беше главен спонзор, организатор и строг контролор на донациите.

Во почетокот школските управи не само што покажувале посебен интерес и грижа, ами се јави и меѓушколски натпревар за поуредена и поорганизирана кујна. Се грижеле непречено или со што помалку проблеми да функционираат, ги помагале и материјално и на друг начин. За готвачи ангажирале свои вработени, главно хигиеничари, кои неупатени во новото задолжение, за жал, истото го извршувале колку што знаат и колку што умеат. Тоа така одело деценија-две кога спласна интересот за кујниве, па започна и нивно целосно префрлање врз грижата на Црвениот крст. Некои управи побарале дури и превозот на бесплатните продукти да го земе Црвениот крст, вработените и дежурните наставници изразија желба да примаат и хонорарен надоместок за дополнителна работа, исто така, од Црвениот крст. Очигледно, состојбите на пазарот за храна беа се стабилизирале и интересот за исхрана на децата во кујниве се намали и повеќе немаше потреба од нив[706].

[706]. **Извештај за работата на Околискиот одбор на Југословенскиот Црвен крст за Битолска околија за период од 1.01.1964 до 31.о3.1965 год**., Битола, 8.04.1965, 29-30



*Школска кујна во осмолетка (1958)*

Покрај тоа, со образложение дека е неопходно покривање на дел од трошоците, се измисли и партиципацијата по што учениците беа принудени да уплатуваат средства во висина од 150-200 динари месечно (градските ученици) и 80-120 динари (селските ученици), по што се случи масовно откажување од списокот на конзументи. Наскоро и хуманитарната помош се редуцираше, па и бројот на кујниве драстично да се намалува. Ако во учебната 1963/64 год. нивниот вкупен број, во 12 општински одбори на Битолскиот околиски одбор, бил 91 и во нив се хранеле 29.471 ученик, во следната учебна година изнесувал 30 кујни со 5.700 конзументи[707]. Таквото намалување, макар што дел од кујниве упорно ќе продолжат да функционираат, прерасна во континуитет.

707. Исто, 29

## Летувалишта

Уште во првите години по ослободувањето, покрај за редовна бесплатна исхрана, започна да се интервенира и врз физичката конституција на младата популација. Војните и поствоените состојби оставија катастрофални последици врз здравјето и врз физичката конституција на младите генерации, тоа регрутните комисии најдобро го осознаваа. Армијата неспособни момци да нарамат пушка бил енормен и преголем загрижувачки проблем за да не му се обрне посебно внимание и од поширокатa заедница. Така, физичкото образование во школскиот систем стана понагласено, а и разни младински и други организации се ангажираа посериозно да придонесат во корекции на таквите состојби. Заеднички, Здравствено–социјалните одделили и Црвениот крст започнаа да организираат бесплатен планински, крајезерски или крајморски престој и резултатите веднаш биле видливи, младите оттаму се враќаа со зголемена тежина, радосни и со подруга, здрава боја на лицето.

Првите зафати во тој однос во Битола се од првите години по ослободувањето. Уште во 1947 год. Битолскиот Околиски НОО – Здравствено–социјален отсек направи напори да организира летување за слабешни и неисхрантети деца, во кои 8 деца имало и од Црвениот крст. Последниве биле во придружба на претседателот на организцијата, Борис Тошески[708].

Следната, 1948 год. се повтори истото, се испратија уште неколку групи. Се успеа како дестинација да се добие и Јадранското Море, еден школски објект во Каштел Стари крај Сплит, во кој прилагоден и во смени, летуваа повеќе осмоодделенци и основци. Единствен услов да се влезе во списокот беше мислењето на лекар, што, се разбира, не беше тешко да се добие заради општата хронична неисхранетост на младите.

Црвениот крст, како еден од експонираните организатори на ваков вид закрепнување, за да избегне поголеми трошоци и тоа да го направи помасовно, реши крај Преспанското Езеро, во Претор, да подигне сопствен објект, летувалиште во кое во неколку смени ќе се менуваат младите од битолскиот Околиски одбор. Битолскиот и Прилепскиот одбор, како најголеми финансиери, стекнаа со 80% право на располагање на капацитетот, додека Демир Хисар и Крушево со по 20%.

708. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, **Фонд Народен одбор на Битолска околија.**..2.226.7.343/976-981



*Летување во Нижополе (1961)*

Со летувалиштето раководел Управен одбор, составен од претставници од четирите одбори. Претседател на Управниот одбор во 1967 год. бил секретарот на Градскиот одбор на Битола.

Откако претходно објектот бил подготвен да ги прими младите годишноодморци, сезоната во 1967 год. отпочна на први јули и траеше до 26 август. Се одржаа 4 смени со по 15 дена престој, со вкупно 110 летувалци на возраст од 7 до 14 години. Поголемиот дел биле од сиромашни семејства или од семејства каде што има болен од туберкулоза, а една група од Прилеп доаѓаше од Училиштето за деца со мантална попреченост. Сите трошоци за престојот ги покриваше Црвениот крст, а дел доаѓаа и од други хуманитарни фондови[709].

За време престојот децата добиваа пет оброци на ден, а имаа и богат културно–забавен живот. Правило стана детето да не се врати дома без да биде оспособено да плива, да мести кревет, да ја одржува личната и колективната хигиена. Во текот на летувањето во 1966 год. на гости им дојде и група од 20 младинци, членови на Црвениот крст од Источна Германија, за кои

---

709. **Извештај за работата на организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општина – Битола за период од 31.3.1966 до 31.3.1968**, Општински одбор на Црвен крст – Битола, 26



*Летување во летувалиштето „Анри Динан“ во Претор*

била организирана и посета на Националниот парк „Пелистер“. Еднократните прошетки до Отешево, Голем Град на Преспанското Езеро и до други места, ја разбиваа монотонијата и станаа стандард за секоја наредна група летувалци.

Бидејќи трошоците за одржување на летувалиштето и за летувањето на децата станаа значителни, а Црвениот крст не можеше да ги покрива целосно, започна суфинансирање на дел од нив од родителите. Износот не бил голем, но значително помагал во одржувањето на стандардот на храната. Групи деца што потекнувале од сиромашни семејства и понатака ја користеа привилегијата за бесплатен престој.

Управата на Црвеникот крст летувалиштето во Претор го имала во постојан интерес и контрола. Во 1971 год. испрати специјална комисија за проверка на севкупната работа. Истата, за жал, дојде со куп забелешки што морале да се исправат[710].

710. **Записник составен на ден 14 јуни 1971 (среда) од Комисијата што изврши посета на летувалиштето на Црвен крст во Претор,** Општински одбор на Црвениот крст – Битола, 1971

Летувалиштево, почнувајќи од 1975 год., стана заеднички имот за 4 општински одбори на Црвениот крст (Битола, Прилеп, Крушево и Демир Хисар) и за тоа е склучен и посебен договор[711].

Понекогаш летувалиштето служело и за размена за деца – летувалци. Една таква се случила во 1975 год. меѓу општинските одбори на Битола и Земун[712].

711. **Спогодба за организирање заедничко сезонско летувалиште, Правила за организација и работа на летувалиштето на општинските одбори на Црвен крст; Битола, Прилеп, Крушево и Демир Хисар во Претор,** 25 јануари 1975, Битола

712. **Записник од одржаниот заеднички состанок на Извршниот одбор на Црвен крст – Битола и Комисијата за социјални прашања на 16 јуни 1975,** т. 2

# Општински одбор на Црвениот крст

## *Управни тела*

Во рамките на новите стопански и други реформи, што започнаа во 60-те години од минатиот век, отпочна реализацијата и на новата политичко–територијална поделба во Југославија. Дотогашните околии се укинаа и се инагуираа нови територијални единици, т.н. комуни. Тоа, всушност, не беше никаква новина, зашто во живот одново се вратија потврдените поранешни општини. Црвениот крст, како и секогаш, морал да се прилагодува, па ги укина околиските и востанови нови, општински одбори.

Тоа го направи и Црвениот крст во Битола.

Откако во 1965 год. е укинат Околискиот, профункционира со засилено темпо Општинскиот одбор. Вработените останаа исти, нивниот број дури и се зголеми, а се избраа и нови управни тела.

За прв претседател беше избран Марко Наумовски, стар, предан и докажан активист, општественик и стопанственик, кој потекнувајќи од познатото битолско револуционерно семејство Наумовски, кое даде еден првоборец, Ѓорги и еден народен херој, Стив, можеше да настапува со многу поголем авторитет насекаде.

Управни тела на Општинскиот одбор биле: Општински одбор, Надзорен одбор, Суд на честа и Извршен одбор. Одборот броел 27 члена, Надзорниот 5, Судот на честа 3 и Извршниот одбор имал 9 или вкупно во сите тела имало 35 активисти. Според школската подготовка, професијата и социјалната положба, составот бил од: 8 лекари, 6 просветни работници, 2 виши и други медицински работници, 1 социјален работник, 2 општествени работници, 6 службеници и 2 пензионери. Сите членови на Надзорниот одбор биле финансиски стручњаци што било гаранција дека во работата нема да се случи поголем пропуст. Извршниот одбор ги подготвувал материјалите за седниците на Општинскиот одбор и ги спроведувал во практика и живот неговите заклучоци и одлуки.

Во првите две години од работата Општинскиот одбор одржа 8 седници, со претседателите и секретарите на друштвата дополнителни 16 средби, а Извршниот одбор одржа 20 соста-




*Годишно собрание на Општинскиот одбор на Црвениот крст во Битола (1965)*

ноци. Дневните редови во сите нив биле со точки за разрешување проблеми од секојдневниот живот на организацијата, меѓу другото, зајакнување и омасовување на друштвата и подружниците, собирање на членарината, подготовки и прослави на Меѓународниот ден на Црвениот крст и Неделата на Црвениот крст, Неделата на борба против туберкулозата и другите слични одбележувања, организирање семинари и курсеви, организирање акции за доброволно дарување крв, собирни акции за помош за настрадани подрачја и др. На повеќе состаноци рагледувано е и прашањето за изградба на сопствен објект, идеја што се провлекувала уште од пред војната итн.[713]

[713]. **Извештај за работата на организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општина Битола од 31 март 1966 до 31 март 1968 година**, Битола, 23 јуни 1968, 2-3

## *Друштва и подружници*

Со новите промени што настанаа, наместо поранешните месни и основни организации, се појавија нови единици, друштва и подружници. Членството сето тоа го најде неподготвено, неориентирано, разочарано, зашто трасите и врските што беа градени со години, преку ноќ се прекинаа и исчезнаа, па требаше да се почне од нови темели. Предани и прекалени ентузијасти цела 1966 год. мораа да крстарат по теренот, по месни заедници, по села, работни организации и училишта и да ја востановуваат новата градба на организацијата, да избираат нови одбори, нови претседатели и нови стручни тела. Со голем труд сето тоа се круниса со избор на 11 друштва во градот и 12 подружници во стопански организации, со 210 членови и 27 друштва во селата, со 220 членови.

Во градот биле овие друштва: „Јени Маале", „Тријаголник", „Ингилиски Ан", „Чинарот", „Кочо Десано", „Коле Лачето", „Воени Бавчи", „Стевче Патако", „Аероклуб" и „Скршена Џамија", а во селата, во: Дедебалци, Кукуречани, Бистрица, Диово, Лопатица, Г. Српци, Лавци, Могила, Цапари, Кременица, Бач, Д. Српци, Суводол, Маково и Цапари[714]. Во раководните тела на друштвата по правило се избираа посебно активни членови во организацијата. За претседател во едно од битолските друштва е избран, на пример, Ристо Жоглев, кој бил и познат општественик, синдикалист и примерен крводарител.

Бројот на друштвата и на подружниците не бил константен, се менувал, растел или се намалувал, во зависност од интересот за членување. Во периодот од 1968-1970 год. работеа 20 друштва во градот, со 230 членови и 27 друштва во селата, со 250 членови[715]. Истата состојба ја има и во 1973 год.[716].

Во 1974 год. на посебна седница Општинскиот одбор донесе одлука за организирање друштва и во работните организации, кое наскоро и се реализираше[717], по што во 1976 год. тие се формирани во: „Југотутун", Ф-ка за конзерви, „Лозар", ЗИК, „Прогрес", „Аутомакедонија", „Транскоп", Мединцински центар, Заед. за здравствено осигурување, Угост. „Македонија",

714. **Извештај на организацијата на Црвениот крст на Општината Битола за 1969 година, Битола**, 1969, 25-26

715. **Извештај за работата на организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општина Битола за период од 31 март 1968 до 31 декември 1970**, Битола, 14 март 1971, 48

716. **Извештај за работата на организацијата на Црвениот крст на Општината Битола за 1973 година**, Битола, 1973, 50

717. **Записник од одржаната 21 редовна седница на Општинскиот одбор на Црвен крст – Битола на 20. 11. 1974, т. 2**

Тргов. претп. „Прехрана“, Трг. прет. „Нова трговија“, Трг. претп. „Јавор“, Ф-ка за фрижидери, Ф-ка за кожи, Ф-ка за текстил „Пелистер“, Ф-ка за свила „Илинден“, Конфекција „Иднина“, Ф-ка „Битолатекс“, „Авторемонт“, Печат. „Киро Дандаро“, Водостопанство „Пелагонија“, Ф-ка „Треска“, Центар за соц. работа, Здруж. Тутунопроизводители, вкупно во 25 стопански субјекти[718].

Друштва на Црвениот крст во градот во 1976 год. постоеле и во средните и вишите школи и во факултетите. Ги имало 11 и беа во Правниот факултет, Вишата педагошка академија, Вишата техничка школа, Вишата земјоделска школа, Гимназијата „Ј. Б. Тито“, Гимназијата „Бр. Миладиновци“, Средното техничко училиште „Ѓ. Сарај“, Средното економско училиште „Ј. Сандански“, Училиштето за медицински сестри, УЗУС „Кочо Рацин“ и Средното земјоделско училиште „Борис Кидрич“[719]. Во 1979 год. беа формирани 230 друштва, од кои 94 во ОЗТ, 21 во месни заедници во градот, 55 во месни заедници во селата и 12 во средните училишта[720].

Во селата во 1976 год. бројот на друштвта е намален и изнесувал 20. Биле овие: 1. Новаци (со селата Логоварди, Рибарци, Добромири, Гнеотино, Билјаник, Долно Оризари); 2. Суводол (Паралово, Орехово, Врањевци, Ивени, Мегленци); 3. Брод (Добровени, Скочивир, Сливица, Полог, Гнилеш, Велесело); 4. Дедебалци (Далбеговци, Д. Агларци, Г. Агларци, Путурус, Црничани, Трап, Будаково, Арматуш); 5. Диово (Нижеполе, Братиндол, Трново, Магарево, Брусник, Лавци); 6. Ѓавато (Доленци, Кажани, Маловиште); 7. Рамна (Г. Српци, Лера, Метимир, Свињиште); 8. Цапари (Ротино); 9. Бистрица (Кравари, Оптичари, Олевени, Барешани, Злокуќани, Жабени); 10. Граешница (Кишава, Лажец, Драгош); 11. Велушина (Острец, Канино, Породин); 12. Бач (Живојно, Гермијан, Совиќ); 13. Кукуречани (Крклино, Драгарино, Ново Змирнево, Црнобуки, Г. Оризари, Габалавци); 14. Лопатица (Црнеец, Стрежево, Облаково, Лисолај); 15. Могила (Карамани, Трн, Радобор); 16. Ивањевци (Вашарејца, Новоселани, Св. Тодори, Подино, Дрвеник, Трновци, Д. Српци, Беранци); 17 Добрушево (Битолско Алинци, Нош-

---

718. **Одлука за утврдување на бројот на делегатите и друштвата на Црвениот крст што избираат делегати за Собранието на Општинската организација на Црвениот крст – Битола**, Општински одбор на Црвениот крст на Општината Битола одржана на ден 12. 10. 1976, 2-4

719. **Одлука за утврдување на бројот на делегатите и друштвата на Црвениот крст што избираат делегати за Собранието на Општинската организација на Црвениот крст – Битола**, Општински одбор на Црвениот крст на Општината Битола одржана на ден 12. 10. 1976, 2-4

720. С. Д., **Континуирано оспособување на населението**, Битолски весник, 27 јуни 1979, 6; С. Д., **Друштвата на Црвен крст се пробројни**, Битолски весник, 9 април 1980, 7

пал, Мусинци, Долно Чарлија); 18. Старавина (Градешница, Будимирци, Зовиќ); 19. Маково (Рапеш, Орле, Брник, Мојно); 20. Буково (Крстоар, Ореово)[721].

Не сите друштва и подружници вложуваа подеднаков елан во работата. Меѓу нив имаше кои само формално постоеја на списокот, заради што централата во Битола мака мачеше да ги покрене од мртва точка во работата. Како најголема причина за тоа се сметаше отсуството на соодветен кадар способен да го вклучи замаецот и да се зафати посериозно со активноста[722].

Самоиницијативно, но и во координација со централата од Битола се преземаа акции за прибирање средства за настрадани од елементарни и други несреќи, се држат предавања за одредени теми од здравјето, се прават подготовки за прослави на одредени денови и на Неделата на Црвениот крст, односно да се живее организационен живот.

## *Комисии и секции*

Искуството стекнато во работата на околиските комисии се искористи и се надгради и во Општинскиот одбор. Формулата беше иста. Претходно постоеја околиски и градски комисии, сега беа општински и комисии во друштвата. Иако по принцип беа автохтони и меѓусебно не си противречеа, оштинската била генерална и креирала општа политика, додека комисиите биле поблиску до теренот. Комисиите можеле да имаат и помошни тела, секции како што бил случајот со Комисијата за здравствено просветување, во која во еден период востановена била Секција за борба против туберкулозата. Бројот можел да им се зголеми, а некои и да згаснат откако ќе ја извршат функцијата.

Првите комисии во Општинскиот одбор на Битола формирани се во 1966 год. На почетокот биле 7, а поактивно се пројавуваат во 1967 год. кога ги има 8. Биле: Комисија за здравствено воспитување и масовни несреќи; Комисија за доброволни дарители крв; Комисија за борба против ТБЦ, Комисија за борба против алкохолизмот; Комисија за работа со Младинскиот Црвен крст (МЦК) и со Подмладокот на Црвениот крст (ПКЦ); Комисија за социјални прашања,

---

721. **Одлука за утврдување на бројот на делегатите и друштвата на Црвениот крст што избираат делегати за Собранието на Општинската организација на Црвениот крст – Битола**, Општински одбор на Црвениот крст на Општината Битола одржана на ден 12. 10. 1976, 2-4

722. **Извештај за работата на организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општина Битола за период од 31 март 1966 до 31 март 1968 година**, 23 јуни 1968, Битола, 30




*Курс за борба против туберкулоза (1965)*

пропаганда и за работа на училишните кујни и Комисија за борба против ракот (основана 1967 год.). Бројот на членовите во 1966 год. во нив бил од 5-13, додека следната година се менал и броел од 9-12. Според образовниот профил, биле: здравствени работници 21 (1966), 24 (1967); просветни работници 18 (1966), 23 (1967); социјални работници 6 (1966, 1967); службеници 10 (1966), 18 (1967); ученици 2 (1966), 1 (1967) и други работници (1966, 1967)[723].

Во 1970 год. оформени се 4 нови комисии: Комисија за подигање на здравствената култура на младите родители; Комисија за ширење на забно–здравственото просветување; Комисија за водење борба против заразни и кожно-венерични болести и Комисија за здравствено просветување на населението за одржување на личната, општата и комуналната хигиена[724].

Следи формирање и на други комисии. Во 1973 год. вкупниот број им е 16, што ќе рече дека се појавуваат и сосема нови, при што некои од секциите се појавуваат како комисии. Сите поделени се во 4 области. *Од областа на здравствената и просветната дејност* се: 1. Комисија

723. **Извештај за работата на Организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општината Битола за периодот од 31 март 1966 до 31 март 1968**, Битола, 23 јуни 1968, 4-5

724. **Извештај на Организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општината Битола за период од 31 март 1968 до 31 декември 1970 год.**, 2



*Курс за домашна нега на болен (1975)*



за прва помош во случај на масовни елементарни и други несреќи; 2. Комисија за дарители на крв; 3. Комисија за нега на болни и повредени во домашни услови; 4. Комисија за здравствено просветување на млади родители; 5. Комисија за лична, општа и комунална хигиена; 6. Секција за борба против туберкулозата; 7. Комисија за борба пртотив алкохолизмот, наркоманијата и пушењето; 8. Комисија за борба против кожно–венерични заболувања; 9. Комисија за забоздравствено просветување; 10. Секција за борба против рак. *Од областа на социјалната дејност*: 11. Комисија за прва социјална дејност; 12. Комисија за грижа на социјално–загрозени лица; 13. Комисија за грижа на социјално загрозени стари лица; *Работа со младината*: 14. Комисија за работа со Подмладокот на Црвениот крст; 15. Комисија за работа со Младината на Црвениот крст и 16. *Управен одбор на Фондот за одвојување здрави деца од ТБЦ болни родители*[725]. Во 1984 год. се појавува уште една, Комисија за борба против шеќерната болест[726], а кога во 90-те години од минатиот век започна да чука на портите жестоката опасност од новата болест, сидата, а Црвениот крст на Битола сè уште немал посебна комисија, сигнализирал за неа

725. **Извештај за работата на Организацијата на Црвениот крст на Општината Битола за 1973,** Битола, 1973, 10-11
726. **Извештај за работата на Општинската организација на Црвениот крст – Битола за 1984**, Битола, 1985, 16-17

при одбележувањата на Денот на здравственото воспитување (27 март) и Денот на здравјето (7 април) во 1992 год.[727].

Секоја комисија работела по однапред подготвени план и програма за тековната година, а договорувањата за нив и за сè друго, се случувале на посебни седници, со кои раководел претседател. Во зависност од делокругот на активностите, дел биле практични и се изведувале на теренот, дел биле предавања, кои ги држеле стручни лица. Имало и заеднички активности на две или повеќе комисии, но и сепаратни (Неделата против туберкулозата).

Општинската комисија ја надгледувала работата на комисиите од друштвата, кои, исто така, noселе посебни план и програма.

## *Собирни акции*

Долга и мошне позитивна традиција на Црвениот крст беа собирните акции за помош, по кои тој, всушност, и најмногу се препознавал. Биле хуманитарно дело и биле со голема желба да им се помогне материјално и на друг начин на оние кои настрадале во елементарни и други несреќи, како и на оние кои биле декларирани за социјални случаи.

Комисијата за социјални прашања обично била онаа што ги спроведувала активности, но се случувало во нив да земе учество и целата организација, доколку се оценело дека се од посебно значење. Со нив се прибирале парични средства, прехранбени продукти, расходувана облека и друго, кои потоа се селектирале, складирале и според приоритетни списоци, се распределувале. Доколку, пак, потфатот добиел меѓународен карактер, тогаш помошта патувала до центрите на Црвениот крст, а оттаму и до крајната дестинација.

Првата ваква акција, што ќе ја изведе Општински одбор на Црвениот крст, во Битола била во 1967 год., а во врска со големиот земјотрес што го погоди Дебар. Реагирал веднаш првин испраќајќи шатори и ќебина во настраданиот град, потоа згрижил 121 лице во Битола, покрај тоа во месец ноември поведе и поширока собирна акција во која собра поголемо количество облека и друга помош[728].

---

727. **Извештај за активностите на Општинскиот одбор**, Извршниот одбор и облиците на дејствување на Општинскиот одбор на Црвен крст – Битола за 1992, Битола, 1992, 2

728. **Работата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општина Битола за период од 31 март 1966 до 31 март 1968 година**, Битола, 23 јуни 1968, 36



*Собирна акција со лепење маркички*

Наскоро се случија и несреќите во Босанска Краина, Бања Лука, Црна Гора, Перу, Пакистан и на други места и повторно реагирал слично, организирајќи собирни акции. Биле многу пошироки и многу поорганизирани. Со донации масовно се вклучија училиштата, стопанските организации, институции и огромен број поединци. Резултатот бил восхитувачки, се собраа многу средства и огромно количество облека. Од битолските друштва на Црвениот крст биле собрани 24.658,00 динари, од основните, средните училишта и вишите школи 15.032,00 динари, а од работните организации 311.188,00 динари, да не зборуваме и за купиштата облека. Имало масовно дарување и на најскапата течност, крв за настраданите[729].

Сето тоа било педантно евидентирано, подоцна презентирано и во годишниот извештај на Организацијата[730].

729. В. Додовски, **Четврто редовно собрание на Општинскиот одбор на Црвен крст**, **Досегашната работа високо оценета**, Битолски весник, 24 март 1971, 3

730. **Извештај за работата на Организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општина Битола за период од 31 март 1968 до 31 декември 1970**, 26-30

Покрај ваквите вонредни акции, имало и такви што се организирале двапати годишно, во пролет и во есен. Биле редовни и стандардни и преку нив, повторно се прибирале парични средства, облека и прехранбени продукти, чија намена била да им се помогне на најбедните.

Во сите нив Црвеникот крст тесно соработувал со Центарот за социјална политика, особено кога се работело за помош на стари, изнемоштени и осамени лица. Почнувајќи од 1987 год. наречени се *Солидарност на дело*, биле еднодневни и општојугословенски. Онаа од 1989 год. се одржа на 19 октомври во временскиот интервал од 7.00 до 20.00 часот, а по претходно нејзино широко пропагирање преку соодветен материјал и преку медиумите. Граѓаните биле повикувани што помасовно да излезат и да се вклучат со свои прилози, а собирни пунктови беа месните заедници, образовно–воспитните институции, работните организации и просториите на Црвениот крст.

Според претходен договор, пет отсто од помошта му припаѓала на Фондот за солидарност на Собранието на Црвениот крст на СФРЈ, 25 отсто на Фондот на солидарност на Собранието на Црвениот крст на Македонија, а останатите 70 отсто останувале дома и ги користел Фондот за солидарност на Собранието на Црвениот крст – Битола[731].

## Крводарителство

Сосема природно беше најхуманиот дар што може човекот да го понуди, да даде дел од себе, своја крв, да оди преку најхуманата организација, преку Црвениот крст и крводарителството во севкупната негова дејност да стане посебно значаен и препознатлив белег. Оттаму и не случајно е што 17 март, Денот на Црвениот крст на Македонија да е и Ден на крводарителите на Македонија.

Крводарителството во Битола по ослободувањето започна со многу проблеми: службата за трансфузија доаѓала од Скопје; имало недоволна и несоодветна пропаганда за значењето на крводарителството; имало тих отпор на апатичните раководни лица од работните организации, од каде би требало да има и најмногу дарители на крв и сето тоа на крајот да резултира со неисполнувања на програмските планови во прибирање на најскапоцената течност во континуитет, од година во година. Не е чудно што од планираните 453 крвни единици од работните организации за 1966 год., да бидат собрани 319, од надежните 800 крвни единици во следна-

[731]. С. Дамјановски, **По третпат Солидарноста на дело**, Битолски весник,19 октомври 1989, 5



*Доделување признанија на истакнати крводарители (17 март 2007)*

та година, да бидат дарувни скромни 224[732], односно од планираните 1250 крводарители за првото тримесечие во 1981 год., крв да дадат само 450 лица[733]. „*Се сеќавам*, ќе рече поранешниот секретар на Црвениот крст во Битола, Јорданка Куцулова – Андреевска, *пред повеќе години буквално коленичевме пред луѓето за да ја даруваат својата крв за спасување нечиј живот*"[734].

За среќа, наскоро тоа генерално ќе се промени, за што придонесоа неколку зафати. Крводарителството се регулираше со законски прописи што го стимулираа посебно, крводарителите добија одредени бенефиции (слободен ден, симболични награди што се влечат на томбола, најзначајно, конечно се сфати дека дарувањето крв е голем чин на хуманост. Отсега натаму многумина со 100 и над 100 дарувања ќе станат обрасци како треба да им се помага на другите, па се случи, не само да се исполнуваат планираните количества, ами и далеку да се надми-

732. **Извештај за работата на Организацијата на Општинскиот одбор на Црвен крст на Општина Битола за период од 31 март 1966 до 31 март 1968 година**, Битола, 23 јуни 1968, 15-16

733. С. Д., **Со заеднички сили до нови крводарители,** Битолски весник, 25 март 1981, 5

734. С. Д., **Меѓу десетте најдобри**, Битолски весник, 20 март 1991, 5

нуваат. Се доживуваа примери, како во 1988 год., кога наместо 3100, да се реализираат 4930 крвни единици[735].

Во некои работни организации, како во Ф-ка за фрижидери, „Југотутун", Трикотажа „Пелистер" и на други места да бидат формирани и секции на крводарители, што уште повеќе го поттикна расположението за дарувања[736].

Тоа помогна Битола да се посочува како пример и како рекордер во крводарителството, па поранешните кризни години и наполно да се заборават[737]. За најдобрите крводарители следуваа признанија[738], приеми кај градоначалникот[739], организирани посети на збратимени и други градови,[740] што уште повеќе го стимулираше крводарувањето.

Една од бројните акции од битолското успешно крводарителство, која привлече посебно внимание во градот, беше она што се случи ноќта меѓу 11 и 12 мај 2007 год. Направен беше обид за соборување на Гинисовиот рекорд во крводарителство во траење од едно деноноќие. Се пријавија 241 доброволец, кои во паркот кај Саат кулата, под шатори и пред многубројна љубопитна публика, се трудеа да воспостават нов стандард. Иако не беше добиен сертификат, мотивацијата што ја поттикнаа овие млади луѓе за вбројување нови крводарители во Битола, беше многу позначајна.

Меѓутоа, за жал, ваквата извонредно добра основа, градена со децении и со големи заложби, во последните години повторно завлегува во критични состојби. Големите стопански организации, со илјадници вработени, од каде се прибираа и најголемиот број крвни единици, станаа минато, бенефитите, иако симболични, се укинаа[741], влијанието на општата транзициска

---

735. С. Михајлова, **Бројот на крводарителите според планот,** Битолски весник, 31 август 1988, 4

736. В. Д., **Во Општинскиот одбор на Црвен крст ќе има доволно крв,** Битолски весник, 14 февруари 1973, 2; С. Д., **Крводарувањето е здравје,** Битолски весник, 20 март 1991, 5

737. С. Д., **Во Текстилната конфекција „Елпида" успешна акција за крводарителство,** Битолски весник, 18 октомври 1989, 5; С. Г., **Ретко успешна година,** Битолски вессник, 9 април 1997, 11; С. Г., **Битола меѓу шампионите,** Битолски весник 19 март 1997, 7; А. Шијакова, **Битолскиот Црвен крст најдобар во Македонија,** Битолски весник, 4 февруари 1998, 5

738. С. Д., **Свечено врачени признанија,** Битолски весник, 25 март 1981, 7; С. Г., **Признанија за најдобрите,** Битолски весник, 19 март 1997, 7

739. С. Михајлова, **Прием за најхуманите,** Битолски весник 24 март 1999, 5

740. С. Д., **Крводарители од повеќе работни организации од Општинава во посета на Осиек,** Битолски весник, 18 октомври 1989, 5

741. С. М., **Конститутивна седница на Општинската организација на Црвен крст – Битола Избрани новите органи и тела за наредните четири години,** Битолски весник, 10 мај 2000, 9



*Крводарителска акција за Гинисов рекорд (2007)*

ситуација многу силно влијаеја врз намалувањето на бројот на крводарителите и крводарителството да продолжи да се крепи најмногу на традиционалните крводарители и на оние хумани поединци кои постојано го имаат предвид големото значење на дарот што го нудат.

## *Потрага по исчезнати лица*

Благодарејќи на моќниот меѓународен капацитет и ефикасната организациона арматура, Црвениот крст не во еден случај се потврди за способен да истражи и да пронајде лица кои во виорот на воените конфликти или од други неприлики не се вратиле во своите домови. Во некои периоди тоа стана дури негова примарна задача. Многу деца, чии родители настрадале, а тие доживеале мачни судбини со посвојувања, престој низ сиропиталишта или, едноставно, сеќавањата за потеклото наполно се иабришале, само со помош на Црвениот крст ги

откриваа корените и ги пронаоѓаа блиските роднини. Не еднаш во многу вакви слични ситуации, тој бил единствената, не ретко и последната надеж за многумина.

Ваквата негова улога, која произлегува од Женевската конвенција, била вградена во нормативните акти на сите организации на Црвениот крст низ светот, ја имало и во Статутот на Црвениот крст на Југославија. Благодарејќи на неа, веднаш по Втората светска војна успешно беа пронајдени над 800 загубени деца, а за други 1189 деца и за 1095 возрасни лица била поведена дополнителна постапка, а да не зборуваме и за оние лица за кои било извршено посредување, транспортирање или времено згрижување во посебни пунктови[742]. Покрај тоа, во новите југословенски услови, при значителен одлив на работноспособни поединци на времена работа во странство, ваквата служба заслужна е и за евиденцијата, грижата и помошта што им ја дава ним да се во контакт со татковината[743].

Црвениот крст од Битола, навистина со мало задоцнување, во 1984 год. успеа да формира ваква своја служба, по што следеше формирање и на слични комисии во месните заедници. Умноженото упатство за начините во пронаоѓањето исчезнати лица, добиено од Црвениот крст на Македонија, беше доставено до сите нив, како во градот, така и по селата, односно вкупно до 87 субјекти. Истата година за првпат беа покренати 4 случаи за помош во пронаоѓање исчезнати лица по барања од граѓани[744].

Службава посебно била активна за време комфликтот во Босна и Херцеговина кога телефонските врски меѓу Македонија и Босна и Херцеговина биле прекинати и кога повиците за помош биле бројни. Најмалку стотина молби беа прифатени и спроведени во живот, а на дел биле добиени и задоволителни резултати[745].

Бидејќи службава била нова, а искуството мало, дел од вработените од Црвениот крст – Битола, во месец јуни 1992 год., беа упатени на едукација во Скопје на републичко советување за работа на овие служби. Претставници од Меѓународниот комитет од Женева таму пренесуваа ценети искуства што за битолските и за другите присутни беа од големо значење. Покрај тоа, преку

742. **Реферат на м-р фар. Божидар Џамбаз поднесен на 30–годишниот јубилеј на Црвениот крст на Македонија**

743. **Програмска ориентација на организацијата на Црвениот крст на Југослалвија за периодот од 1976-1980 г.**

744. **Извештај за работата на општинската организација на Црвениот крст – Битола за 1984**, Битола, 1985, 21

745. **Извештај за активностите на Општинскиот одбор**, Извршниот одбор и облиците на дејствување на Општинскиот одбор на Црвен крст – Битола за 1992, 15, Битола, 1992

средствата за јавно информирање Црвениот крст – Битола започна поангажирано запознавање на јавноста со нејзините можности и успеси, повикувајќи истовремено и на соработка.

## *Курсеви и испити по прва помош за возачи*

Зголемувањето на бројот на патничките возила и брзиот раст на сообраќајните несреќи во Југославија, принуди на државно ниво, во 70-те години од минатиот век, да се размислува за посериозна едукација на возачите во врска со сообраќајните правила и прописи и за нивна практична обученост во давањето прва медицинска помош. Бидејќи во центрите на Црвениот крст часови по прва помош се држеа одамна, почнувајќи од 1976 год. нему му беше доверено да ги организира истите, што за организацијава беше добро, зашто трошоците на нивната изведба паднаа на товар на посетителите.

Новото задолжение го прифати, се разбира, и Општинскиот одбор на Црвениот крст во Битола. Истото првин беше поставено на дневен ред на седницата на Извршниот одбор на 22 декември 1976 год. заедно со писмото на Републичкиот одбор на Црвениот крст во врска со него. Интересно е што Битола во тој однос стартираше со мало задоцнување, зашто вакви курсеви и испити веќе имаа мала историја на републичко ниво дури и за помали центри од Битола. На седницата беше формирана работна група од пет члена, сите лекари (д-р Пантелеј Донев, претседател, и членови – д-р Борис Шерденковски, д-р Димитар Димовски, д-р Никола Прчков и д-р Ѓорѓи Трендафиловски) со задача да ја организираат наставата и да им помагаат на помладите лекари во курсевите и во испитите. Беше изразена спремност и за соработка со училиштата и за помош на наставниците кои предаваа прва помош, а беше одредено и материјалното задолжение за идните корисници на овие курсеви.

Се донесе заклучок, исто така, дека неминовниот број часови што треба секој посетител да ги исполни беа 10, што се сметаше за сосема доволни за обука[746].

746. **Записник од одржаниот состанок на Извршниот одбор на Општинскиот одбор на Црвен крст – Битола на 22. 12. 1976,** т. 4



*Вработени и пензионери од Црвениот крст во Битола на заедничка средба (2010 г.)*

## Соработка со други сродни асоцијации

Општинската организазција на Црвениот крст од Битола отсекогаш со отворено срце не само што правела обиди за соработка со слични асоцијации од поранешна Југославија, ами истите не еднаш ги доведувала и до целосна реализација. Посебно е значајно што многу од нив поаѓале од Битола, во Битола се случувале средби и договори и на важни чинители.

Во деновите 28 и 29 јуни 1979 год. во организација на Општинскиот одбор на Црвениот крст, во Битола се одржа, меѓу другите, и втората по ред средба на деветте збратимени организации на Црвениот крст од Југославија. Се сретнаа општинските организации на Бања Лука, Херцег Нови, Крањ, Лесковац, Земун, Осиек, Риека, Сплит и Битола. Целта беше меѓусебно потесно запознавање, планови и градење на идна меѓусебна соработка. Основна тема од работниот дел беше *Улогата на оштинската организација на Црвениот крст во оспособувањето на населени-*



*Претставници на Црвениот крст од Крањ (Словенија) заедно со раководството на Црвениот крст од Битола на прием кај градоначалникот Владимир Талески*



*ето за нега на болен и повреден во домашни услови.* Покрај пријателското дружење и запознавање на Битола и на нејзините убавини, беа разменувани и искуства како унитерално, така и мултиратерално. Краен резултат беше печатениот материјал што го доби секој посетител и секоја организација[747].

За да не биде средбата само пријателска дружба, ами продуктивен и обврзувачки акт, претседателите на општинските организации, со личен потпис и со печат, потпишаа *Самоуправна спогодба за остварување на соработка меѓу општинските организации на Црвениот крст.*

747. **Втора средба на девет општински организации на Црвениот крст,** Општинска организација на Црвениот крст – Битола, Битола, 28 и 29 јуни 1979 год.



*Меѓународен камп на Црвен крст во с. Магарево (2011)*

Истата имаше три централни обврски: 1. Развивање и доградба на организацијата на Црвениот крст; 2. Размена искуства и 3. Јакнење и развивање на концепциите на општонародната одбрана и општествената самозаштита. Посебно потенцирана беше обврската на солидарност меѓу потписничките организации во случај на елементарна или друга несреќа.

Со ваквата соработка Црвениот крст – Битола продолжи и понатака, сега и на меѓународно ниво.

Повторно во Битола, акт за соработка, на 19 и 20 март 1911 год., меѓу Битолската организација потпишан е со неколку сродни организации, со Општинската организација на Црвениот крст од Врњачка Бања (Р. Србија), со Црвениот крст – Област Софија (Бугарија), Црвениот крст – Габрово (Бугарија), Црвениот крст Пландиште (Р. Србија), Црвениот крст од Рашита (Р. Романија), Црвениот крст од Северин (Р. Бугарија) и со Црвената полумесечина од Бурса (Турција).

## *Млади на Црвен крст*

До осамостојувањето и признавањето на Црвениот крст на Република Македонија како национално друштво на Црвен крст од Меѓународниот комитет на Црвениот крст на Р. Македонија во 1995 г., младите волонтери и членови од ОО Црвен крст Битола беа составен дел од комисијата за младински активности. Во 1996 г. година таа комисија прераснува во Младински црвен крст како составен дел од Црвен крст на Р. Македонија

Како во секоја Општинска организација на Црвен крст така и во Црвен крст Битола младите волонтери и членови беа организирани во своја основна организација која беше организирана на ист начин како и општинската организација: Собрание, Претседател, Потпретседател, Извршен одбор.

Во 1999 година по препорака на Меѓународната федерација на Црвен крст тој Младински црвен крст го преименува своето име во Млади на Црвен крст и до денес постои како форма на организирање на младите волонтери преку т.н. „Клубови на млади“. Заедничко за сите клубови на млади е тоа што нивното функционирање е во согласност со Правилникот за организација и работа на Младите на Црвен крст на РМ и Статутите во Општинските организации. За начинот на организирање секој клуб поседува свое упатство за организирање зависно од потребите на клубот. во одредени програми, Дисеминатори, Клуб на млади и Клуб 25 на млади крводарители.

Во периодот од 1996 г. до 2012 г. како истакнати млади волонтери кои дадоа свој допринес за зголемување на членство на млади лица во општинската организација на Црвен крст се:

Татјана Грегова,

Александар Тодоровски,

Давор Трајковски,

Иванчо Чагорски.

Сите четворица се уште активни членови и волонтери.

## *Битолска помош во бегалски кризи*

Меѓу прокламираните и доследно спроведувани задолженија на Црвениот крст е и згрижување бегалци, на луѓе што, од ред причини, морале да бегаат набрзина од својата земја, на баратели на политички или на друг вид азил, уште повеќе, за оние, кои заради воени конфликти, морале да бараат спас на животот кај соседите или во подалечни земји. Понекогаш ваквите преселби имаат значење и на егзодуси, кога цели енклави зад себе оставаат тотално празни простори. Во ваквите прилики, бегалците вообичаено е, освен облеката на себе, да не понесат ништо друго, што е предуслов за трагедии со несогледливи последици и тогаш само обученоста и навремената интервенција на хуманитарните организации, посебно на Црвениот крст, може да го избегне најнесаканото. Доколку бројката бегалци е поголема, тогаш првиот ангажман што се прави е организирање бегалски кампови и брза доставка на храна, вода, облека, постелнина и друго.

Искуство со вакви кризи имале и македонскиот и битолскиот Црвен крст и не еднаш се потврдиле дека се подготвени да се справат успешно со нив.

Распаѓањето на СФРЈ, за жал, донесе, покрај огромен број човечки жртви, и многу егзодуси. Во текот на 1991-1993 год. 189 бегалци од Босна и Хрватска спас и сигурно засолниште побараа и во Битола. Згрижувачките активности веднаш ги презеде Општинската организација на Црвениот крст, кој првин оформи бегалски камп за 157 бегалци во селото Ротино. Веднаш беше организирана и кујна во која секојдневно се подготвуваа 500 оброци. За оние, пак, кои успеаја да се приберат кај блиски роднини или пријатели, беа обезбедувани катадневни доставки од пакети со прехранбени, хемиски и други производи, па оваа криза во Битола мина во најдобар ред.

Огромна бројка бегалци од Косово, која изнесувала над 300.000 и која во периодот 1999-2001 год., исто така наиде на брз и соодветен третман од хуманитарните организации. Во близина на косовската граница набрзина беа подигнати неколку кампови, но извесен број бегалци се разлеаја и низ цела Македонија. Вкупно 387 поединци се најдоа и во Битола. И за нив Црвениот крст од Битола покажа грижа, откако направи евиденција каде се сместени и во какви услови живеат, започна со редовната помош во храна, облека и друго, црпени првин од сопствените резерви, а подоцна и од странска помош.

Не треба да се заборави и бегалската криза што се случи во вооружениот конфликт од 2001-2002 година во Македонија. Тогаш 93 лица беа раселени најмногу од Тетово, Гостивар и Дебар. И за нив, преку Црвениот крст, беше веднаш дистрибуирана хуманитарна помош, со која се ублажи, барем донекаде, нивната тешка положба.

Во ваквите хуманитарни активности на битолскиот Црвен крст треба да се истакне и помошта што ја дистрибуираше, во 2005 година, за 3.200 социјално загрозени семејства од Општината Битола. Беше тоа улога на посредник на донацијата на ИФРЦ (Меѓународната федерација на Црвениот крст, Црвената полумесечина и на американскиот Црвен крст) за социјално најзагрозените наши сограѓани.


ECHO

INTERSOS

ORGANIZZAZIONE UMANITARIA PER L'EMERGENZA

ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА КРИТИЧНИ СОСТОЈБИ

ДОДЕЛУВААТ

БЛАГОДАРНИЦА

На

Црвен Крст Битола

За Вашата соработка и волонтерски придонес во нашата хуманитарна акција за подршка на социјалните случаи во Р. Македонија, фондација на Европска Заедница Хуманитарна Канцеларија (ECHO)

од

Хуманитарната организација ИНТЕРСОС Скопје

Италијанска хуманитарна организација

INTERSOS

Рим

Координатор за РМ

30.12.2004

## *Пожарите во Битола и Битолско во 2007 година*

Летото 2007 год. за Битола и Битолско ќе остане запаметено како едно од најкатастрофалните, кога, како последица на енормната летна горештина, со огромен пожар беа зафатени и уништени околу 300-400 хектари борова и друга шума. Ридовите над Бимбил Камен и подрачјето во близина на потпелистерското село Ротино, до каде доаѓа Националниот парк „Пелистер", пламнаа со невидена жестина. Огнот, потпомогнат од силниот ветер, можеше многу лесно не само да го збрише од списокот на националните паркови, Националниот парк „Пелистер", туку дури и да ја измени топографската карта на Битола со ништење на приградски населби Петочна Вода, Баир, Кркардаш. Волонтерите на Црвениот крст, заедно со секретарот на општинската организација на Црвениот крст од Битола, Никола Христовски. деноноќно, како и поголем број други граѓани, дадоа посебна помош не само во совладувањето на огнената стихија, ами и во евакуацијата на загрозеното население. Им помогнаа и на 185 лица да се сместат во населбата Нижеполе и таму да им обезбедат соодветни услови за живот.




Градоначалникот на Битола, Владимир Талески, на битолската организација на Црвениот крст за тие заслуги додели посебна, Златна благодарница, изразувајќи на тој начин и општа јавна благодарност.

## *Јубилеи*

Црвениот крст на Македонија од основањето (1945) па до денес неколкупати славеше јубилеи. Првиот, сребрениот, го одбележа свечено во 1970 год. во Скопје, со свечена седница и со бројни придружни манифестации. На 24 декември истата година, на една од седниците на Главниот одбор, беа доделени и признанија на заслужни активисти, меѓу кои се најде и помала група битолчани (Васко Алтипармак, Еленица Босилковска, Захарија Господинов, д-р Цвета Лозанчева, Марко Наумовски, Крсте Стаматов и Кирил Граховски (посмртно), што беше не само лична ами и за битолската организација награда за ентузијазмот и упорноста во работата.

Следуваа и локални празнувања. Во Битола се случи не во јубилејната, ами во следната година, на 14 март 1971 год. Бил отпразнуван без помпезности, работно, само со седница на Одборот на Црвениот крст, но во присуство на претседателот на Републичкиот одбор на Црвениот крст на Македонија, Даре Џамбаз, на претставници од општинските одбори, на високи и локални политичари и на други лица. Реферат за 25 – годишниот развој поднесе претседателот на Општинскиот одбор, Марко Наумовски, кој приликата ја искористи да им подели значки, признанија и благодарници на заслужни поединци и установи, врз решение донесено претходно[748].

Следниот јубилеј е 30-годишниот. Требало да се отпразнува во 1975 год. заедно со 100-те години на Црвениот крст на Југославија. Подготовките зпочнаа уште во почетокот на 1974 год. со избор на посебен одбор, кој требало да ја обмисли сета содржина на активностите. Посебен одбор од 17 активисти беше избран и во Битола, зашто требаше да се одбележи и локално[749]. Празнувањето во Битола требаше да биде на 29 март и да не се поклопува со републичкото, кое беше на Денот на Црвениот крст на Македонија и на Денот на крводарителството, на 17 март.

Прославата во Битола се одржа во репрезентативната сала на Офицерскиот дом во присуство на многу гости, меѓу другите и на претседателот на Републичкиот одобор на Црвениот крст,

---

748. **Записник на 4-то тригодишно собрание на Општинскиот одбор на Црвен крст – Битола, оджано на 14 март 197 год.; Одлука за доделување Диплома донесена на 9 март 1971; Одлука за доделување знакови и признанија и благодарност, донесена на 9 март 1971 г**.

749. **Записник од одржаната 19 седница на Општинскиот одбор на Црвен крст Битола на 25 февруари 1974,** т. 7




*Одбележување голем јубилеј на Црвениот крст со фотографија на Анри Динан, на чело на дефилето (10 мај 1959)*

Даре Џамбаз. Реферат за развојниот пат на битолскиот Црвен крст поднесе претседателот д-р Цвета Лозанче. И во оваа прилика беа доделени ордени и признанија[750], а предлогот за изработка на монографија не доби завршница, зашто не беше ниту подготвена[751]. Хорот „Стив Наумов" го исполни најголемиот дел од музичката програма.

Следната, 1976 год. Подмладокот на Црвениот крст на Македонија одбележа посебен, свој, 30 – годишен јубулеј. По тој повод Општинскиот одбор на Црвениот крст од Битола стана домаќин на Третото републичко извлекување на квиз натпреварот од областа за првата помош, кој го организираше Републичкиот одбор на Црвениот крст. Приредбата, на која зедоа учество подмладоците од сите основни училишта од градот, се одржа на 10 април истата година[752].

Централната прослава на третиот, златниот јубилеј, одржана е во Битола, на 17 март 1995 год. Слично одбележување ќе има и во Скопје, но тоа ќе се случи на 21 март истата годи-

750. Исто, **Записник од 22 мај 1975,** т. 1

751. **Извештај за работата на Организацијата на Црвениот крст на Општината – Битола за 1975 год., 3**

752. Општински одбор на Црвениот крст – Битола, **Записник од 24 март 1976,** т. 8

на. На свечената приредба во Битола, на која реферат поднесе претседателот на Црвениот крст на Македонија, Живко Поповски, а од името на покровителот на јубилејот, претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, честитки пренесе потпретседателот на Македонскиот парламент, Тито Петковски. На прославата, која имаше богата културно–уметничка програма и на која беа присутни голем број гости, со пригодни зборови се обрати и Вилијам Харпер, шеф на Мисијата на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Приликата беше искористена за прогласување и на општините – шампиони во крводарителството и за доделување признанија на најдобрите крводарители и активисти[753].

Присуството на претседателот на Црвениот крст, Живко Поповски, Битолски весник го искористи за поширок разговор со него во врска со јубилејот и за општите активности на организацијата[754].

На четворица предани битолски активисти на Црвениот крст (Васко Алтипармак, д-р Цвета Лозанче, Павлина Василева и д-р Пантелеј Донев) им беа доделени високи републички признанија, кои требало официјално да ги добијат на свечена седница што требало наскоро да се одржи во Скопје[755].

Скромна прослава по повод 35 години од постоењето на Црвениот крст на Македонија, одбележана само со работни активности, во Битола беше организирана и во 1980 год.[756]

## *Гласило и химна*

Општинската организација на Црвениот крст во Битола во 2008 год., а со цел да дава јавен отчет на она што го работи, се обиде и успеа за првпат од своето постоење да подготви и да издаде печатено гласило, *Надеж*. Го уредува редакциски одбор, а главен и одговорен уредник е претседателот на Општинскиот Црвен крст, д-р Диана Димитрова. Досега из-

---

753. С. М., **Во Битола одржана централната прослава на 50-годишниот јбилеј на Црвениот крст на Македонија, Половина век грижа за човекот,** Битолски весник, г. 32, бр. 1554, Битола, 22 март 1995, 1

754. Снежана Михајлова, **Хуманост, солидарност, непристрасност – мото што останува**, Битолски весник, г. 32, бр. 1555, Битола, 27 март 1995, 3

755. С. Михајлова, **Награди за најактивните,** Битолски весник, 31 јуни 1995, 5

756. С. Д., **35 години на Црвен крст**, Друштвата на Црвен крст сè побројни, Битолски весник, Битола, 9 април 1980, 7

легоа скромни два броја, но амбиција на управата е да го има почесто во рацете и кај членовите на Црвениот крст, но и кај другите заинтересирани. Првиот број отпечатен е во тираж од импресивни 2.000 примероци, кој во следниот број (2009), заради материјални и други причини, е преполовен. За секоја пофалба е што во едновековната историја на Црвениот крст во Македонија ова е прв случај локална организација даројавува амбиции за презентација на својата работа и за популаризација на организацијата и на овој начин.

Како и секое гласило што за првпат се појавува и „Надеж" има краток воведник со наслов *Кон првиот број* во кој главниот иницијатор, секретарот на Организацијата, Никола Христовски, ги објаснува мотивите за излегувањето и надежите на неговата перспектива. Воведен текст има и главниот и одговорен уредник Диана Димитрова која говори за основните задачи на организацијата на чие чело е повеќе од една деценија.

Најмногу написи во овој број има за акциите во врска со крводарителството, но се даваат податоци и за тековни настани, за посетата на делегациите на Црвениот крст од Крањ (Словенија) и на онаа од Пландиште (Србија).

Со слични теми е исполнет и вториот број, во кого се опишуваат и одбележувањата значајни датуми од животот на организацијата, како што се 17 март, Денот на Црвениот крст во Македонија, 14 јуни, Светскиот ден на крводарителството и др. Опишан е и Меѓународниот камп на Пелистер во кој престојуваа млади членови на Црвениот крст од повеќе градови на соседните земји.

Македонскиот Црвен крст никогаш досега немал своја химна, а битолската, заради текстот, музиката и извонредната вокална изведба, не еднаш се користи од некои општински организации како химна на ЦК на Македонија, со што луѓето од битолската општинска организација ги прави посебно горди. Музиката ја компонираше Маријан Нечак, врз текст на Валентин Соклевски, а во интерпретација на битолчанката Маргарита Христова.

# Прилог

## *Претседатели на битолскиот Црвен крст:*


*Епископ Варнава, (1919)*


*Епископ Јосиф (1919-1932)*


*Епископ Николај (1932-1934)*


*Илија Ненчев, (1941-?)*


*д-р Маргарит Нале (1945-1946)*


*Борис Тошески (1946-1947, 1949)*


*Томе Маслинков (1948)*


*Васко Алтипармак (1959-1963)*



Д-р Цвета Лозанче
(1964-1965, 1971-1974, 1978-1981)



Ѓорги Трандафиловски
(1965-1966)



Марко Наумовски
(1966-1971)



Благој Силјановски
(1982-1984)



Миле Костовски
(1984-1986)



Петар Тасевски
(1986-1989)



Гордана Христова
(1989-2000)



д-р Митко Јовановиќ
(2000-2004)



д-р Диана Димитрова
(2004-2012)

## Секретари на битолскиот Црвен крст:


Еленица Босилковска
(1964-1976)


Благој Силјановски
(1977-1981)


Јорданка Андреевска
(1982-1999)


Фанија Силјановска
(в.д. секр. до јуни 2000)


Гордана Христова
(2000-2007)


Никола Христовски
(2007 - )

## *Битолски Окружен одбор (1922)*

***Управен одбор:***

Епископ Јосиф, претседател
Драгиќ Пауновиќ, претседател на Општината, потпретседател
г-ца Анка Димитриевиќ, учителка, благајник
Трпко Лазаревиќ, учител, секретар
Д-р Васа Петровиќ, окружен физикус
Михајло Сонти, трговец
Јаков Израил, трговец
Садедин Рушид, рентиер
Лазар Кузмановиќ, пекар[757]

## *Битолски Обласен одбор (1927)*

Епископ Јосиф, претседател
Добрица Матковиќ, голем жупан
?, Началник на санитетот
Александар Чопиќ
Петар Лешњаревиќ, просветен инспектор
Никола Марковиќ, претседател на Битолската општина
Талат Селим, окружен муфтија
Драгиша Рашковиќ, претседател на самоуправниот одбор
Сабатај Џаен, битолски надрабинер
Д-р Милош Лазаревиќ, шеф на Бактериолошката станица
Милан Петровиќ, директор на Трговската академија
Здравко Радојевиќ, трговец
Филип Јаковљевиќ, адвокат
Јован Црвенковиќ, пекар
Ќира Лозанчевиќ, трговец
Трпко Лазаревиќ, учител

757. **Рад Одбора и Пододбора,** Гласник Црвеног крста С.Х.С., г. 3, св.3, март 1923, 90

Светозар Тасиќ, кмет во Општината
Г-ца Анка Димитријевиќ, учителка
Две претставнички на Друштвото на „Српските сестри“
Две претставнички на Женската подружница
Две претставнички на Еврејската женска подружница
Две претставнички на Женското движење
Две претставнички на Здружението на учителките и воспитувачките

***Надзорен одбор***

Драгиша Манојловиќ, претседател на Првостепениот суд
Стојан Константиновиќ, свештеник
Милош Пјаниќ, адвокат
Акиф Хаџи Али, рентиер
Јаков Израил, трговец
Риста Кирјас, печатар
Тома Хрисаковиќ, трговец[758]

## *Обласен одбор (1929)*

Епископ Јосиф, пртетседател
Добрица Матковиќ, голем жупан,
Петар Косовац, директорот на Гимназијата
Д-р Димко Штамбук
Талат Селим, окр. муфтија
Светозар Тасиќ, кмет општински
Милан Петровиќ, в. д. директор на Трговската академија
Сабатај Џаен, надрабинер
Филип Јаковљевиќ, адвокат
Трпко Лазаревиќ, учител
Анка Димитријевиќ, учителка
Киро Лозанчевиќ, трговец

758. **Битољска Област Црвеног крста,** Гласник Црвеног крста Срба, Хрвата и Словенаца, г. 7, св. 6., мај–јуни 1927, 142-143

Илија Србиновиќ, трговец
Коста Чомиќ, трговец
Атина Лешњаревиќ, претседател на Друштвото на Српските сестри
Вида Крстиќ, претседател на Женската подружница
Михајло Недељковиќ, ѓакон

***Надзорен одбор***

Драгутин Манојловиќ, претседател на Првостепениот суд
Срета Поповиќ, член на Духовниот суд
Милош Пјаниќ, адвокат
Ристо Киријас, печатар
Акиф Халил, рентиер
Тома Хрискалиќ, трговец
Јаков Ауријел, трговец
Ќиро Лозанќевиќ, трговец
Анка Димитријевиќ, учителка[759]

## *Битолски Обласен одбор (1941)*

К. Д. Најденов, инспектор на професиите, секретар
Тодор Крајничанец, секретар на Битолската општина, благајник
Христо Светиев
Петар Попов
Петар Пецаков[760]

## *Битолски Околиски одбор (9. 02. 1946)*

Д-р Маргарит Нале, претседател
Рамис Ускоски, потпретседател
Георги Симоски, секретар

759. **Spomenica 1836-1936,**

760. **Зимна помощъ за войниците**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 3, 14 януарий 1942, 1; **Акцията за събиране топло облекло за българските и союзни войници**, Пелистерско ехо, г. 1, бр. 4, 23 януарий 1942, 1, 4

***Членови:***

Стево Несតороски – Логоварди
Крсте Илиевски, референт во Социјалниот оддел
Коле Димитровски – референт во Стопанскиот оддел
Стево Спасевски – службеник при Околискиот НО
Ефто Манговски – службеник во Отсекот за внатрешни работи
Мара Маркоска – службеник во Месниот НО – Логоварди

***Надзорен одбор:***

Боне Стојаноски – благајник во Околискиот финансиски отсек
Аце Ристевски – прочелник во Околискиот просветен оддел
Коле Попоски – секретар во Околискиот НО[761]

## *Битолски градски одбор (1946)*

Борис Тошески, претседател

***Акционен одбор:***

Петар Пешка
Никола Јованов
Кочо Цима
Томе Стојчев
Јордан Наумов – Бишта[762]

## *Битолски градски одбор (1948)*

Томе Маслинков, претседател
Ставре Димитровски, секретар[763]

761. **Државен архив на Македонија**, Подрачно одделение – Битола, Фонд Народен одбор на Битолска околија, 2.226.5.148/341

762. **Благодарност**, Братство, г. 1, бр. 27, Битола, 4 јули 1946, 4

763. **Второ редовно годишно собрание на Градскиот одбор на Црвен крст – Битола**, Братство, г. 3, бр. 30 (99), Битола, 31 јули 1948, 3

## Битолски Околиски одбор (1949)

Борис Тошески, претседател
Д-р Маргарит Нале, секретар
Сотир Ристевски, вработен[764]

## Состав на Околискиот одбор на Црвен крст – Битола 1964 до 31.03.1965 год

### Секретаријат

Д-р Цвета Лозанче – претседател
Д-р Борче Ѓоревски – потпретседател
Еленица Босилковска – секретар
Захарија Господинов
Цане Стефановски
Милан Мицевски
Владо Кузмановски

## Битолски Околиски одбор на Црвениот крст (1965)

### Секретаријат

Д-р Цвета Лозанче, претседател – Битола
Д-р Ѓорѓи Трандафиловски, потпретседател – Битола
Еленица Босилковска, секретар – Битола
Захарија Господинов, просветен работник – Битола
Александар Стефановски, просветен работник – Битола
Милан Мицевски, просветен работник – Битола
Владо Кузмановски, службеник – Битола

### Околиски одбор

Васко Алтипармак, службеник – Битола
Кирил Грахолски, просветен работник – Битола

764. Соопштение на Сотир Ристевски

Душанка Георгиева, работник – Битола
Ана Гошева, службеник – Битола
Лазе Јуруковски, службеник – Битола
Ратка Манели, здравствен работник – Битола
Гена Митрева, просветен работник – Битола
Атанас Николовски, службеник – Битола
Пепи Петревски, службеник – Битола
Д-р Борис Шерденковски, лекар – Битола
Д-р Ѓорѓи Ковачевски, лекар – Битола
Милан Гавриловски, лекар – Прилеп
Д-р Петар Котевски, лекар – Прилеп
Цветанка Ристеска, службеник – Припеп
Петко Станоевски, просветен работник – Демир Хисар
Ѓорѓи Моцан, службеник – Крушево

***Надзорен одбор***

Бранко Димевски, службеник – Битола
Елпида Атанасова, службеник – Битола
Фети Сулејман, службеник – Битола

## *Секретаријат на Општинскит одбор на Црвен крст – Битола, (1965-1966)*

Д-р Ѓорги Трандафиловски – претседател
Д-р Борче Ѓоревски
Еленица Босилковска – секретар
Д-р Цвета Лозанче
Владо Кузмановски
Кирил Граховски
Милан Мицевски
Кирил Буџевски
Борче Павловски
Захарија Господинов
Цветанка Спирова

***Надзорен одбор***

Бранко Дамевски
Предраг Петров
Петко Долевски
Борис Герекаровски
Фети Сулејман

## *Секретаријат на Општинскиот одбор на Црвен крст, (1966-1968)*

Марко Наумовски – претседател
Д-р Љупчо Ѓорѓиев – потпретседател
Еленица Босилковска – секретар
Душко Алексовски
Д-р Димитар Секуловски
Перо Лутовски
Павлина Фотева
Д-р Финка Терзиевска
Захарија Господинов

***Надзорен одбор***

Борче Ѓеракаровски
Бранко Дамевски
Предраг Петров
Петко Долевски
Фети Сулејман

## *1968-1971*

***Извршен одбор***

Марко Наумовски – претседател
Душко Алексовски – потпретседател
Еленица Босилковска – секретар
Д-р Пантелеј Донев

Павлина Василева
Д-р Цвета Лозанче
Владо Кузманов
Петар Тасевски
Д-р Душко Константинов
Захарија Господинов
Васко Алтипармак

***Надзорен одбор***

Јордан Ѓеорѓиевски
Бранко Дамевски
Петко Долевски
Фети Сулејман
Јордан Додов

## *1971-1974*

***Извршен одбор***

Д-р Цвета Лозанче – претседател
Д-р Борис Шерденковски – потпретседател
Душко Алексовски – потпретседател
Еленица Босилковска – секретар
Д-р Ѓорги Трандафиловски
Петар Лутовски
Павлина Василева
Петар Тасевски
Марко Наумовски
Д-р Димитар Секуловски
Васко Алтипармак
Захарија Господинов
Д-р Пантелеј Донев

## *Претседателство (1974-1978)*

Д-р Цвета Лозанче – претседател
Д-р Борис Шерденковски – потпретседател
Павлина Василевска – потпретседател
Еленица Босилковска – секретар 1976
Благој Силјановски – секратар 1977 г.
Димче Стојановски
Зини Мемедовски
Благој Китановски
Владимир Кузманов
Душко Алексовски
Мица Костова
Ратка Милуновиќ
Богоја Попчевски
Кире Стојановски

### *Надзорен одбор*

Миле Кнежевиќ
Ѓорѓи Мурџевски
Васил Гелевски

## *Претседателство (1978-1981)*

Д-р Цвета Лозанче – претседател
Д-р Борис Шерденковски – потпретседател
Душко Алексовски – потпретседател
Благој Силјановски – секретар
Д-р Пантелеј Донев
Богоја Попчевски
Павле Милошевски
Зини Мемедовски

Владимир Кузманов
Коста Цингара
Кирил Стојановски
Димитар Богданов
Еленица Босилковска
Мица Костова
Ратка Милуновиќ
Павлина Василева
Благој Китановски
Д-р Ѓорѓи Трандафиловски
Димче Стојановски
Живко Трпеновски
Д-р Никола Прчков
Д-р Пантелеј Донев

### *Претседателство (1982-1986)*

Благој Силјановски – претседател од 1982 г. до 1984 г.
Миле Костовски – претседател од 1984 до 1986
Јорданка Андреевска – секретар – 1982
Душко Алексовски
Томислав Анѓеловски
Иван Питошка
Богоја Попчевски
Васко Гелевски
Борис Шерденковски
Коста Стефановски
Д-р Омер Сулејман
Владо Кузмановски
Коста Цингара
Олга Бошевска
Д-р Цвета Лозанче

## *Претседателство (1986-1989)*

Петар Тасевски – претседател
Гордана Христова
Томе Анѓелевски
Коста Пановски
Кирил Коштревски
Олга Бошевска
Васко Николовски
Вангелица Груевска
Ѓурѓица Најдовска
Павлина Василева
Д-р Владимир Поповски
Владо Стојановски
Д-р Сузана Петровска
Соња Михајловска
Ленче Котевска

### *Делегати во Собранието на ЦКРМ 1986-1989*

Петар Тасевски
Д-р Владимир Поповски
Павлина Василева
Драган Димовски

## *Претседателство (1989-1996)*

Гордана Христова – претседател
Јорданка Андреевска – секретар
Д-р Омер Сулејман
Ружа Несторовска
Димче Кондовски
Аце Поповски

Ленче Грозданова
Васко Николовски
Петар Светиев
Славе Ристевски

### *Делегати во Собранието на ЦКРМ*

Гордана Христова
Д-р Омер Сулејман
Ленче Грозданова
Петар Светиев

## *Извршен одбор 1996-2000*

Гордана Христова – претседател
Д-р Митко Јовановиќ
Јорданка Андреевска – секретар до 1999 год.
Фанија Силјановска – в.д. секретар до 2000 год.
Снежана Атанасова
Васко Николовски
Д-р Ѓорѓи Ѓорѓиевски
Драган Цицковски
Пеце Светиев
Сузана Вељановска
Томе Ивановски

### *Делегати во Собранието на ЦКРМ 1996-2000*

Гордана Христова
Васко Николовски
Д-р Митко Јовановиќ
Снежана Атанасова

### *Извршен одбор 2000-2004*

Д-р Митко Јовановиќ – претседател
Д-р Диана Димитрова – потпретседател
Гордана Христова – секретар
Коста Стефановски
Тања Грегова
Д-р Ѓорѓи Ѓорѓиевски
Љупчо Наумовски
Гордана Анастасова
Сузана Вељановска
Мирослав Стојанов

**_Делегати во Собранието на ЦКРМ 2000-2004_**

Сузана Вељановска
Мирослав Стојанов
Д-р Митко Јовановиќ
Д-р Ѓорѓи Ѓорѓиевски

### *Извршен одбор 2004-2008*

Д-р Диана Димитрова – претседател
Наум Крстевски – потпретседател
Гордана Христова – секретар до 2007 г.
Коста Стефановски
Д-р Љупчо Секуловски
Гордана Анастасова
Лиле Милинг
Татјана Грегова
Миле Гулабовски
Васко Поповски

### *Делегати во Собранието на Црвен крст на РМ 2004-2008*

Д-р Митко Јовановиќ
Д-р Диана Дивитарова
Д-р Ѓорги Ѓоргиовски
Суза Вељановска

## *Извршен одбор 2008-2012*

Д-р Диана Димитрова – претседател
Д-р Љупчо Секуловски – потпретседател
Никола Христовски – секретар од 2007 г.
Лиле Милинг
Миле Гулабовски
Васко Поповски
Тања Грегова
Наум Кретевски
Мирјана Рутевска
Гордана Анастасова

### *Делегати во Собранието на ЦКРМ 2008-2012*

Д-р Диана Димитрова
Лиле Милинг
Гордана Анастасова
Мирјана Рутевска

## *Општински и месни одбори во битолскиот Окружен одбор, (1945)*

### Бачка општина

Бачки Општински одбор: Пандо Тацевски, претседател; Вангел Димовски, потпретседател и Петар Таневски, секретар, членови Пандо Враговски и Трајче Георгиевски. Месен одбор: Димитри Парговски, претседател; Русе Петковски, потпретседател, членови Петре Шарметовски и Стево Т. Стевановски.

*Месни одбори – Гермијан*: Бошко Николовски, претседател; Ангел Неделковски, потпретседател; Ристо П. Ивановски, секретар, член Петко Трпчевски. *Брод*: Стојан Г. Стојановски, претседател; Трајко Р. Стојчевски, потпретседател; Илија И. Талевски, секретар, членови Георги И. Георгиевски и Најдо С. Димитровски. *Добровени*: Коста Неделковски, претседател; Митре Г. Митровски, потпретседател; Трендафил Котевски, секретар, член Коста Кулевски. *Сливица*: Коста Најдовски, претседател; Гроздан Дејковски, потпретседател; Ристе М. Георгиевски, секретар. *Полог*: Коле П. Николовски, претседател; Трендафил К. Трајчевски, потпретседател; Нечо Р. Колевски, секретар. *Велесело*: Стојан Марковски, претседател; Никола С. Толевски, потпретседател; Тасе С. Ристевски, секретар. *Сович*: Ристо Т. Ристовски, претседател; Дине С. Трпчевски, потпретседател; Георги П. Ивановски, секретар, член Атанас П. Митровски. *Скочивир*: Марко Н. Пеовски, претседател; Коста Т. Ристевски, потпретседател; Алексо Симоновски, секретар, член Петре Р. Георгиевски. *Живојно*: Марко Л. Марковски, претседател; Никола Г. Горчевски, потпретседател; Јордан Л. Кировски, секретар, членови Вангел С. Деловски и Апостол Петковски. *Гнилеш*: Атанас Котевски, претседател; Митре Ламовски, потпретседател; Јанко Стојковски, член.

### Добрушевска општина

*Месни одбори – Лопатица*: Темјан Божинов Шенговски, претседател; Христо Спасов Трајковски, потпретседател; Гроздан Крстев Трајковски, секретар, членови Божин Ристев Степановски и Најденко Мицев Котевски. *Добрушево*: Петко Т. Стојчевски, претседател; Велјан Смилевски, потпретседател; Крсте Мицев Велјановски, секретар, членови: Крсте Поповски; Трајан П. Јошевски; Петко Лисковски и Веле Каранфиловски. *Чарлија*: Киро Бончановски, претседател; Цветко Василевски, потпретседател; Веле Лозановски, секретар, членови: Цветан Кулаковски и Димко Мантевски.

### *Старавинска општина*

*Месни одбори – Зовиќ*: Ристе Стојанов, претседател; Андон Петков Ристев, секретар; Стале Атанасов Сталев, благајник; членови Васил Атанасов Најдов и Најдо Ламев. *Груништа*: Волче Атанасов Стојанов, претседател; Стефан Ристев Волчев, секретар; Митре Јованов Лавцов, благајник, членови: Петре Јованов Илков и Ѓорѓи Јорданов Ристев. *Градешница*: Ванѓел Тодоров Чачев, претседател; Петко Јованов Мојанов, секретар; Стојко Стојанов Судиов, благајник; членови: Ристе Трајков Бандев и Трајко Ѓорев Трпчев. *Старавина*: Станко Петков Стојков, претседател; Петруш Петков Мрчев, секретар; Ристе Костов Андонов, благајник; членови: Илија Петков Ристев и Ристе Митров Ристев. *Будимирци*: Ристе Јованов Гацов, претседател; Волче Јованов Волчев, секретар; Стојан Димов Стојанов, благајник; членови: Васил Јованов Гацов и Велко Волчев Јаниев.

### *Новачка општина*

*Месни одбори – Новаци*: Димко Ванчов Главновски, претседател; Ратко Петровски, секретар; Николче Анѓел Деспотовски, благајник. *Рибарци*: Крсте Тодоров Василевски, претседател; Ѓуро Киш, потпретседател; Мирко Цолевски, секретар; Илија Стој. Стевановски, благајник. *Гнеотино*: Јордан Илијев Трајковски, претседател; Мио Јошков Кочовски, потпретседател; Ване Виданов Нечески, секретар; Китан Трајчев Брајановски, благајник. *Тепавци*: Васил Илов Стојанов, претседател; Георги Велјанов Митров, потпретседател; Никола Велков Николовски, секретар; Нечо Б. Ристевски, благајник. *Балдовенци*: Јошко Христов Талевски, претседател; Најдо Христов Стојанов, потпретседател; Петко Стојанов Колевски, секретар; Ристо П. Стојанов, благајник. *Паралово*: Петко Најдов Петровски, претседател; Темелко Лазарев Мојановски, потпретседател; Трајан Јошев Галевски, секретар; Младен Ристов Стојановски, благајник. *Суводол*: Коле Талев Ристовски, претседател; Вангел Димков Димески, потпретседател; Божидар Георгиевски, секретар; Веселин Наумов Веселиновски, благајник. *Ореово*: Никола Грујовски, претседател; Ристо К. Петков, потпретседател; Толе М. Толевски, секретар; Атанас П. Таневски, благајник. *Мегленци*: Дончо Иванов Стојановски, претседател; Лазар Марков Јошевски, потпретседател; Михаил Грозданов Бројановски, секретар; Георги Степанов Неделковски, благајник. *Врањевци*: Трајан Иванов Митровски, претседател; Јордан Илиев Димовски, потпретседател; Димитар Јованов Котевски, секретар; Ристе Талев Василевски, благајник. *Биљаник*: Трипун Петков Куптиновски, претсе-

дател; Ристе Илијев Гилевски, потпретседател; Трајан Котев Талевски, секретар; Иван Георгиев Димитров, благајник. *Добромири*: Јордан Илијев Аневски, претседател; Георги Наумовски; потпретседател; Иванка Лазаревска, учителка, секретар; Коста Г. Стевановски, благајник. *Логоварди*: Блаже Петков Грозданов, претседател; Дончо Здравев Стојчевски, потпретседател; Димитра Црномаровска, учителка, секретар; Кире Јосифов Петровски, благајник.

### *Дедебалска општина*

*Општински одбор – Дедебалци*: Симо Ат. Ацевски, претседател; Милан Грујовски, потпретседател, Рамис Ускоковски, секретар. Месни одбори – Дедебалци: Ристе Грујовски, претседател; Роса Стојановска, потпретседател Јован Трифуновски, секретар, членови: Босилка Груевска, Ристе Секуловски и Пецо Каљаровски. *Далбеговци:* Петре Велјанов Ивановски, претседател; Блаже Наумов Џангуровски, потпретседател; Цане Сребрев Николовски, секретар; членови Митра Вангелова; Роса Ристова; Џунџа Конева. *Радобор*: Миле Велев Бошковски, претседател; Неделко Волковски, потпретседател; Трајан Јуруковски, секретар; членови Васа Николова; Аца Талева; Радка Стојанова. *Црничани*: Веле Ристев Марковски, претседател; Петко Георгиев Петровски; потпретседател; Горчо Поповски, секретар; членови Лечо Поповски; Атанас Јаневски; Сребра Петрова. *Будаково*: Милан Трпков Стевановски, претседател; Славко Вангелов Димески, потпретседател; Георги Јовчевски, секретар; членови Мемиш Шукри Салиовски; Сабри Расимовски; Усеин Садиковски. *Трап*: Коста Борисов Тодоровски, претседател; Јандре Божинов Андоновски, потпретседател; Мице Груевски, секретар, членови Нада Пецакова; Славка Несторовска и Ане Ралевска. *Долно Агларци*: Ристе М. Николовски, претседател; Петре Мицев Богдановски, потпретседател; Илија Арачовски, секретар; членови Боне Георгиев Трповски; Крста Богдановска и Менка Петровска. *Горно Агларци*: Цело Шиндевски, претседател; Ристе Шамковски, потпретседател; Трајан Слепецовски, секретар; членови Васа Торневска, Бисера Ванчовска и Гоце Петров Торневски[765].

[765]. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола,**Фонд Народен одбор на Битолска околија,** 2.226.3.115/229-239

# Регистар


## А

Авксентиј, митрополит 11
Австралија 146
Аговиќ, Тофило К. 43
адвокат Лукиќ 141
адмирал Гепрат 75
Ајше 6
Албанија 26, 61, 90
Александрово Брдо 77
Алексиќ, Јован А. 46
Алексиќ, Љубомир 73
Алексинац 105
Алексова, м-р Рајна 10
Алексовиќ, Христо 45
Алексовски, Душко 210–213
Алжир 75
Алтипармак, Васко 197, 199, 201, 208, 211
Алтипармаковиќ, Јован 92, 130
Амине 9
Ананијевиќ, Милан 45
Анастасијевиќ, Риста 54
Анастасова, Гордана 216, 217
Анастасовиќ, Никола 45
Анѓелевски, Томе 214
Анѓелковиќ, Никола 92
Анѓелковиќ, Трифун 45
Анѓеловски, Томислав 213
Англија 75, 111
Андоновиќ, Рајна 50
Андонов, Ристе Костов 219
Андоновски, Јандре Божинов 220
Андреев, Никола 156
Андреевска, Јорданка 203, 213–215
Андреевска, Јорданка Куцулова 185
Андриќ, д-р Иво 69
Аневски, Јордан Илијев 220
Аранѓелковиќ, г-ѓа Љубица 14
Арачовски, Илија 220
Арија, Жозеф 16
Арматуш 178
Асим, Џемал 158
Атанасова, Елпида 209
Атанасова, Снежана 215
Атлански Океан 162
Ауријел, Јаков 206
Ацевиќ, Мите 131
Ацевиќ, Мито 67
Ацевски, Симо Ат. 220

## Б

Баба, Куддуси 1
Баба Планина 60
Баба, Фатхи 1
Бабунски, Јон 40
Баир 196
Бакарно Гумно 33
Балдовенци 158, 219
Балев, Ѓорѓи 159
Балкан 28, 93
Бандев, Ристе Трајков 219
Бања Лука 183, 190
Барбариќ, Иван Н. 40
Барешани 178
Бартипан, Адолф А. 93
Бач 157, 177, 178
Башино Село 40
Белгија 75, 146
Белград 12–14, 25, 32, 34, 36, 45, 51–53, 59–61, 63, 64, 69, 73, 89, 90, 98, 104, 108, 110, 111, 115, 116, 117, 119, 120, 131, 136, 137, 143, 146, 152
Белег де Буга 98
Белиќевиќ, Сандо 45
Беранци 178
Биљаник 158, 178, 219
Бимбил Камен 196
Бистрица 159, 177, 178
Битола 1, 4–7, 9–14, 16, 18, 19–22, 28, 30–35, 37–39, 41, 59, 60, 63, 66, 67, 69, 70, 74, 75, 79–81, 83, 85, 87–95, 98, 100, 102–106, 108, 110–114, 116, 117, 119–125, 128, 131, 133, 134, 135, 138, 140, 142, 147, 148, 151, 154, 155, 159, 161–166, 168, 169, 171, 172, 174– 176, 179, 182, 184, 186, 188–191, 193–199, 208
Битолско Алинци 178
Битоски, д-р Крсте 12
Богданов, Димитар 213
Богдановска, Крста 220
Богдановски, Петре Мицев 220
Богић, д-р Г. 112
Божиновиќ, Ѓорѓе 6
Божиновиќ, Крста 47
Бојаџиевски, д-р Петар 4, 7, 8, 10, 21, 29, 30, 33, 34, 35, 38
Бојаџијевиќ, Симон 42
Бонд, Л. 29
Бончановски, Киро 218
Борисављевиќ, Буда 14
Борозановиќ, Стеван 145
Босанска Краина 183
Босилкова, Еленица 159, 197, 203, 208–213
Босна и Херцеговина 26, 28, 121, 188, 194
Бошевска, Олга 213, 214
Бошковиќ, Драгиња 81
Бошковиќ, д-р Ѓорѓе 141
Бошковски, Миле Велев 220

Бразилија 146
Брајановски, Китан Трајчев 219
Браќата Манаки 31
Братиндол 178
Брејлсфорд, Х. Н. 17
Брисел 109
Брник 179
Брод 29, 157, 178, 218
Брojановски, Михаил Грозданов 219
Брусник 178
Бугарија 4, 93, 94, 136, 146, 192
Будаково 158, 178, 220
Будимирци 158, 179, 219
Буково 179
Бундевски, Ристо 115
Бурла, С. 54
Бурса 192
Буџевски, Кирил 209
Бушковиќ, Димитрије 149

## В

Валандово 122
Ваљево 28
Вангелова, Митра 220
Ванчо 2
Ванчовска, Бисера 220
Варадиновиќ, Тодор 45
Вардарска Бановина 4, 12, 102, 104, 114, 144
Варнава, епископ, 60, 201
Василева, Павлина 199, 211–214
Василевски, Крсте Тодоров 219
Василевски, Ристе Талев 219
Василевски, Цветко 218
Васиљевиќ, Јован 62
Вашарејца 178
Велес 13, 34, 40, 122
Веleсело 157, 178, 218
Велика Британија 17, 19, 30, 146
Велимировиќ, д-р Николај 10, 14, 69
Велјановски, Крсте Мицев 218
Велушина 178
Вељановска, Суза 217
Вељановска, Сузана 215, 216
Вељковиќ, Димитрије Х. 45
Веселиновски, Веселин Наумов 219
Виена 112
Вилсон, Вудро 136
Витановиќ, Ѓорѓе 49
владика Кантербер 75
Владимир Талески 191
Владичин Хан 52
Вождовац 131
Војводина 26, 28, 122
Војиновиќ, С. 73
Волковски, Неделко 220
Волчев, Волче Јованов 219
Волчев, Стефан Ристев 219
Враговски, Пандо 218
Врање 102
Врањевци 158, 178, 219
Врњачка Бања 192
Вујовиќ, Милорад 149
Вукановиќ, Сава 51
Вуќиќевиќ, Радош 92
Вучетиќ, г-ѓа Мага 45

## Г

Габалавци 178
Габрово 192
Гавриловски, Милан 209
Г. Агларци 178
Галевски, Трајан Јошев 219
Гацов, Васил Јованов 219
Гацов, Ристе Јованов 219
г. Бартон 136
г-ѓа Милер 137
г-ѓа Трпкова 95
г-ѓа Харлеј 7, 8
Гевгелија 122
Гелевски Васко 213
Гелевски, Васил 212
генерал А. Бојаџиев 37
генерал Калафатовиќ 111
генерал Таир 39
Георгиева, Душанка 209
Георгиев, Пецо 95
Георгиевски, Божидар 219
Георгиевски, Георги И. 218
Георгиевски, Петре Р. 218
Георгиевски, Ристе М. 218
Георгиевски, Трајче 218
Герасимовиќ, Петар 92
Герекаровски, Борис 210
Германија 111, 146
Гермијан 157, 178, 218
Гилевски, Ристе Илијев 220
Главновски, Димко Ванчов 219
Глигоровиќ, Томе 49
Глигоров, Киро 199
Гнеотино 158, 178, 219
Гнилеш 157, 178, 218
Гњилане 102
Гојковиќ, Ил. 32
Голем Град 173
Гопеш 41
Г. Оризари 178
Горно Агларци 158, 220
Горно Лисиче 41, 54
Горчевски, Никола Г. 218
Господинов, Захарија 197, 208–211
Гостивар 41, 122, 195
Гошева, Ана 209
Градешница 158, 179, 219
Граешница 178
Граховски, Кирил 197, 208, 209
Грегова, Тања 216, 217
Грегова, Татјана 193, 216
Грег, Чарлс 30
Григориј 7
Грозданова, Ленче 215
Грозданов, Блаже Петков 220
Груевска, Босилка 220
Груевска, Вангелица 214
Груевски, Мице 220
Грујиќ, Даринка (Мејбл) 8
Грујовски, Милан 220
Грујовски, Никола 219
Грујовски, Ристе 220
Грујовски, Трајче 33
Груништа 158, 219
Грција 22, 146
Грчиште 122

Г. Српци 177, 178
Гулабовски, Миле 216, 217

## Д

Д. Агларци 178
Далбеговци 158, 178, 220
Дамевски, Бранко 210, 211
Дамјановски, С. 184
Дебар 41, 42, 46, 61, 66, 182, 195
Дебељак, Светозар 40
Девејани 69
Дедебалци 177, 178, 220
Дејковски, Гроздан 218
Деловски, Вангел С. 218
Демир Хисар 159, 161, 171, 174
Демократска Федеративна Југославија 152
Деспотовски, Николче Анѓел 219
Дивитарова, д-р Диана 217
Димевски, Бранко 209
Димески, Вангел Димков 219
Димески, Славко Вангелов 220
Димитријевиќ, Анка 204–206
Димитријевиќ, Ахило 92
Димитријевиќ, Милан П. 45
Димитриу, Теохар – Пиника 10, 223
Димитрова, д-р Диана 199, 202, 216, 217
Димитров, Иван Георгиев 220
Димитровски, Коле 207
Димитровски, Најдо С. 218
Димитровски, Ставре 156, 207
Димовиќ, Алекса 149
Димовски, Вангел 218
Димовски, Ѓорѓи 7, 18, 34, 39
Димовски, Драган 214
Димовски, д-р Димитар 189
Димовски, Јордан Илиев 219
Димовски, Ѓорѓи Целев, 16, 24
Динан, Анри 25
Дингарац, Михаило 54
Диово 159, 177, 178
Добрев, Живко 7
Добри, М. 18
Добровени 157, 178, 218
Добромири 158, 178, 220
Добрушево 158, 178, 218
Додов, Јордан 211
Додовски, В. 183
Дојран 43, 59
Долевски, Петко 210, 211
Доленци 178
Долнени 159
Долно Агларци 158, 220
Долно Оризари 178
Долно Чарлија 179
Донев, д-р Пантелеј 211, 212
Донев, д-р Пантелеј 189, 199
Донев, д-р Пантелеј 210, 213
Доневиќ, Доне 43
Драгарино 178
Драгор 85, 133, 159
Драгош 178
Дрвеник 178
д-р Депаж 75
Дрежник 89
д-р Иваниќ 111
д-р Несторов 89
д-р Николај 8
д-р Рајс 18, 30
д-р Рикер 28
Д. Српци 177, 178
Дубровник 69, 131, 138
Дунав 121
Дунавска Бановина 83

## Ѓ

Ѓавато 178
Ѓеорѓиевски, Јордан 211
Ѓеракаровски, Борче 210
Ѓорѓевиќ, Богомир Драг. 46
Ѓорѓевиќ, Божидар М. 45
Ѓорѓевиќ, д-р Владан 25, 64, 126
Ѓорѓевиќ, Јован 46
Ѓорѓевиќ, Петар Ѓ. 92
Ѓорѓевиќ, Светозар Т. 43
Ѓорѓевиќ, Спиро 45
Ѓорѓевиќ, Таса 52
Ѓорѓиев, д-р Љупчо 210
Ѓорѓиевски, д-р Ѓорѓи 215, 216
Ѓоргиовски, д-р Ѓорги 217
Ѓоревски, д-р Борче 208, 209
Ѓуковиќ, Коста 92
Ѓуриќ, Стеван 92

## Е

Европа 30, 72, 104, 136, 141, 151, 162
Егејска Македонија 14, 22, 163
Елпида Караманди 9
Емир Челеби Маало 6

## Ж

Жабени 178
Женева 27, 37, 109, 136, 188
Живковиќ, Драг. 50
Живојно 157, 178, 218
Жоглев, Ристо 177
Жозе, Марија 102

## З

Загреб 26, 27, 60, 105, 111, 119, 121, 137, 138, 160, 161
Занковиќ, д-р Милан 55, 100
Захаријевиќ, Коце П. 45
Земун 174, 190
Зенговиќ, Јани 148, 149
Зечевиќ, проф. Божидар 139
Злокуќани 178
Зовиќ 158, 179, 219
Зрневиќ, Јованка 49

## И

Иванова, Љуба 95
Ивановиќ, Јаков 49
Ивановиќ, Никола 50
Ивановски, Георги П. 218
Ивановски, Петре Велјанов 220
Ивановски, Ристо П. 218
Ивановски, Томе 215
Ивањевци 178
Ивени 178
Израил, Јаков 92, 204, 205
Илиевски, Крсте 207
Илиќ, Воислав 116

Илков, Петре Јованов 219
Иљичковиќ, Лука 113
Источна Германија 172
Исхак Челеби 9, 20
Италија 75, 146

## Ј

Јадранско Море 171
Јаковљевиќ, Филип 88, 129, 204, 205
Јаневски, Атанас 220
Јаниев, Велко Волчев 219
Јанина 10
Јанковец 43
Јанковиќ, Рајко М. 42
Јапонија 146
Јевремовиќ, Ќиро С. 45
Јевремовиќ, Милан 45
Јевремовиќ, Пане 45
Јевремовиќ, Сандо 45
Јевтиновиќ, Коста 45
Јеремовиќ, Михајло 45
Јоанидис 10
Јоанис 10
Јовановиќ, Даница 49
Јовановиќ, д-р Митко 202, 215, 216, 217
Јовановиќ, Јордан 45
Јовановиќ, Милан 45, 115
Јовановиќ, Михаил 93
Јовановиќ, Михајло 45, 92
Јовановиќ, Петар 45
Јовановиќ, Сима 50
Јованов, Никола 156, 207
Јовчевски, Георги 220
Јоксимовић, д-р 112
Јоксимовиќ, Влад. 50
Јоксимовиќ, д-р Хранислав 55, 73
Јосиф, епископ 61, 64, 65, 69, 73, 79, 85, 93, 201, 204, 205
Јошевски, Лазар Марков 219
Јошевски, Трајан П. 218
Југославија 40, 115, 121, 153, 162, 189, 197
Јужна Македонија 122
Јужна Србија 71, 105
Јужна Франција 123
Јуруковски, Лазе 209
Јуруковски, Трајан 220
Љапчевиќ, Панта 50
Љубљана 26, 60, 98, 105, 110, 111, 119, 121, 137

## К

Кавадарци 43
Кажани 178
Калаузи, Јован 115
Калеовиќ, Мојсије 49
Kaleši, Dr Hasan 5, 9, 20
Каљаровски, Пецо 220
Камен Мост 6
Канада 146
Канино 178
Кањух, Иван 115, 116
Караѓорѓевиќ 74
Караѓорѓевиќ, Павле 71, 126
Карамани 178
Каранфиловски, Веле 218
Каранфиловски, Никола 24
Караоглан Маало 1
Касим паша 2
Катиќ, Данило 73
Катлановска Бања 43
Каштел Стари 171
Квин, мис Мак 18
Киријас, Ристо 206
Кирјас, Риста 205
Кировски, Јордан Л. 218
Киселиновиќ, Ѓ. 50
Китановски, Благој 212, 213
Кичево 43, 44, 63, 67
Кишава 178
Киш, Ѓуро 219
Кнежевиќ, Миле 212
Кнез Никола 26
Ковачевиќ, В. 51
Ковачевиќ, Милан 49
Ковачевиќ, Мица М. 49
Ковачевић, Јово 32, 34, 36
Ковачевски, д-р Ѓорѓи 209
Коен, Попс 54
Колевски, Нечо Р. 218
Колевски, Петко Стојанов 219
Комарчевиќ, Дес. 115
Кондовски, Димче 214
Конева, Џунџа 220
конзул Балукџиќ 38
конзул Кохмански 30
Константинов, д-р Душко 211
Константинов, Душан Хр. 30
Константиновиќ, Драгољуб 92
Константиновиќ, Стојан 92, 205
Корнети, Анастас М. 45
Корнети, Никола 45
Корча – Горица 90
Косовац, Петар 205
Косово 71, 194
Костиќ, Вуко 72
Костиќ, Жика – Бандавела 54
Костиќ, Сима 48
Костова, Мица 212, 213
Костова, Соња 159
Костовски, Миле 202, 213
Котевска, Ленче 214
Котевски, Атанас 218
Котевски, Димитар Јованов 219
Котевски, д-р Димитар 89
Котевски, д-р Петар 209
Котевски, Најденко Мицев 218
Котевски, Трендафил 218
Коцевиќева, г-ѓа Мара 43
Коцовиќ, Станко 45
Кочани 45, 59
Кочовски, Мио Јошков 219
Кошка, Александар Крстевски 157
Коштревски, Кирил 214
Кравари 178
Крајничанец, Иван 49
Крајничанец, Јевросима И. 49
Крајничанец, Тодор 206
крал Александар 71, 122
кралица Елизабета 102
Кралска Југославија 70, 102, 111, 131
Крањ 190, 191, 200
Кратовец, Ѓорѓи 128
Кратово 45, 59
Кременица 177

Кретевски, Наум 217
Крива Паланка 13, 46, 73
Кривогаштани 159
Кркардаш 196
Крклино 178
Крстевски, Александар 5
Крстевски, Наум 216
Крстиќ, Вида 206
Крстиќ, Михајло Г. 128
Крстоар 179
Крушево 42, 46, 62, 63, 66, 70, 113, 135, 159, 171, 174
Кузманов, Владимир 211–213
Кузмановиќ, Лазар 204
Кузмановски, Владо 208, 209, 213
Кукуречани 159, 177, 178
Кулаковски, Цветан 218
Кулевски, Коста 218
Куманово 13, 46, 47, 59
Куновиќ, Јаков С. 43
Куптиновски, Трипун Петков 219

## Л

Лавци 177, 178
Лавцов, Митре Јованов 219
Лажец 178
Лазар Богичевиќ 49
Лазаревиќ, д-р М. 104
Лазаревиќ, д-р Миливоје 92, 144
Лазаревиќ, д-р Милош 204
Лазаревиќ, Трпко 121, 204, 205
Лазаревска, Иванка 220
Лазаревски, Ѓорѓи 23, 33, 106
Лазиќ, Жив. А. 114
Лазиќ, Михајло 76
Лазић, Љуб. Д. 11
Ламев, Најдо 219
Ламовски, Митре 218
Лапатица 158
Латвија 146
леди Брејлсфорд 17
Леко, д-р Марко 64, 138
Леовац, Сава 54
Лера 178
Лерин 85
Лесковац 102, 190
Лешњаревиќ, Атина 13, 206
Лешњаревиќ, Петар 13, 42, 68, 69, 87, 90, 91, 141, 145, 204
Лисковски, Петко 218
Лисолај 178
Логоварди 158, 178, 220
Лозанќевиќ, Ќиро 204–206
Лозанлијевиќ, Ѓорѓе 49
Лозановски, Веле 218
Лозанче, д-р Цвета 197–199, 201, 208, 209, 211–213
Лопатица 177, 178, 218
Лутовски, Перо 210, 211

## М

Магарево 178, 192
Мајка Тереза 7
Македонија 12, 13, 17, 18, 48, 54, 59, 71, 93, 112, 151, 154, 157, 160, 165, 168, 184, 188, 193–195, 197–200
Маково 177, 179
Максимовиќ, Јован 116
Маловиште 178
Манаки, М. 34, 35, 39, 85, 86, 106, 107, 140
Манастир 159
Манговски, Ефто 207
Маневиќ, Јован 45
Манели, Ратка 209
Манојловиќ, Драгиша 205
Манојловиќ, Драгутин 206
Мантевски, Димко 218
Марковиќ, Милан М. 121
Марковиќ, Никола 204
Марковиќ, Радомир 45
Марковски, Веле Ристев 220
Марковски, Марко Л. 218
Марковски, Стојан 218
Маркоска, Мара 207
Масарик 75
Масарикова, д-р Алиса 75
Маслинков, Томе 156, 201, 207
Матиќ, Воја 40
Матиќ, Гвозден В. 53
Матковиќ, Добрица 204, 205
Мацевиќ, Марија 45
Мацевиќ, Стеван 46
Мегленци 158, 178, 219
Мекел, мис Катарини 18
Мемедовски, Зини 212
Мемсуддин, ефенди 2
Метимир 178
Мехмед 9
Мехмед Назми Ефенди 2
Миќовиќ, д-р Миќа 73
Миладиновиќ, Доне 45
Миленковиќ, д-р 73
Миленковиќ, д-р Живојин 72, 73
Миленковиќ, д-р Жика 55
Милинг, Лиле 216, 217
Милосављевиќ, Жика 49
Милосављевиќ, Никола 54
Милошевиќ, П. Ц. 44
Милошевиќ, Трајко 44
Милошевски, Павле 212
Милуновиќ, Ратка 212, 213
Миновиќ, Стојчо 45
Миновски, Никола 7, 33, 34
Миравци 122
мис Бенедикт 137
мис Емили Симон 29
мисис Харлеј 20
мис Клара Бартон 29
мис Палмер 137
мис Џонс 87, 108, 137, 139, 140, 141
мис Џонс 139
мис Шенбергер 137
Митиќ, Добривоје 72
Митрева, Гена 209
Митров, Георги Велјанов 219
Митровски, Атанас П. 218
Митровски, Митре Г. 218
Митровски, Трајан Иванов 219
Митропан, Петар 105
митрополит Варнава 54
митрополит Григориј 17
митрополит Јосиф 54, 55, 72, 144
митрополит Михаил 25
Михајло 54

Михајлова, Снежана 186, 199
Михајловиќ, Рад. 105
Михајловиќ, Риста 92
Михајловска, Соња 214
Мицевски, Милан 208, 209
Мицковиќ, Сотир 14
Мишајков, д-р Константин 10
Мишев, Крсто 95
Младенова, Марија Ив. 4, 16
Могила 7, 21, 177, 178
Мојанов, Петко Јованов 219
Мојановски, Темелко Лазарев 219
Мојно 179
Мостар 60, 119, 121
Моцан, Ѓорѓи 209
Мрчев, Петруш Петков 219
Муарем, бег 50
Мурџевски, Ѓорѓи 212
Мусинци 179

## Н

Назим–бег 39
Најденов, К. Д. 206
Најдов, Васил Атанасов 219
Најдовска, Ѓурѓица 214
Најдовски, Коста 218
Најтингел, Флоренс 102
Накашевиќ, Петар 45
Наковиќ, Тодор 45
Нале, д-р Маргарит 154, 159, 201, 206, 208
Наумовиќ, Пав. 48
Наумовиќ, Павле Н. 49
Наумовиќ, Параскева Б. 49
Наумов, Јордан – Бишта 156, 207
Наумовски, Георги 220
Наумовски, Љупчо 216
Наумовски, Марко 197, 202, 210, 211
Небригиќ, Лазар 45
Неделковски, Ангел 218
Неделковски, Георги Степанов 219
Неделковски, Коста 218
Недељковиќ, Михајло 206
Недиќ, Милован 38
Ненчев, Илија 94, 95, 201
Несторовска, Ружа 214
Несторовска, Славка 220
Несторoски, Стево 207
Нечак, Маријан 200
Нечески, Ване Виданов 219
Нижеполе 178
Нижополе 172
Никаруша, Адам 10
Николај, епископ 201
д-р Николај, епископ 59
Николај Охридски 47
Николиќ, Божидар 121
Николиќ, Коста Н. 41
Николиќ, Филип 14
Николова, Васа 220
Николов, Г. 95
Николовски, Атанас 209
Николовски, Бошко 218
Николовски, Васко 214, 215
Николовски, Коле П. 218
Николовски, Никола Велков 219
Николовски, Ристе М. 220
Николовски, Цане Сребрев 220
Ниш 36, 60, 98, 119, 138
Нишанџиски, Тодор 45
Новаци 24, 158, 159, 178, 219
Нови Сад 60, 98, 105
Ново Змирнево 178
Новоселани 178
Ноли, Фан 26
Норвешка 146
Ношпал 178

## О

Облаково 178
Олевени 178
Оптичари 178
Ореово 158, 179, 219
Орехово 178
Орле 179
Осиек 60, 98, 119, 190
Острец 178
Отешево 173
Охрид 5, 12, 35, 42, 47, 59, 66, 70, 72, 90, 122, 135, 161
Охридско Езеро 113
Охризаде 5

## П

Павловиќ, Драгомир Ж. 49
Павловна, Марија 102
Павлов, Павле 159
Павловски, Борче 209
Пакистан 183
Пандо 159
Паниќ, г-ѓа Даринка 14
Пановски, Коста 214
Паралово 158, 178, 219
Парговски, Димитри 218
Париз 27, 138, 146
Парчевиќ, Мито 43
Пауновиќ, Велимир 53
Пауновиќ, Драгиќ 12, 128, 134, 204
Пашиќ, Никола 38
Пелистер 70, 113, 135, 200
Пендовиќ, Коцо 45
Пеовски, Марко Н. 218
Перу 183
Петкова, Каљопа 156
Петков, Ристо К. 219
Петковски, Апостол 218
Петковски, Русе 218
Петковски, Тито 199
Петочна Вода 196
Петревски, Пепи 209
Петрова, Сребра 220
Петровиќ, В. 13
Петровиќ, Војислав 54
Петровиќ, д-р Борислав 72
Петровиќ, д-р Васа 204
Петровиќ, Милан 204, 205
Петровиќ, Надежда 18
Петровиќ, Пасхал 92
Петровиќ, Цветко 144
Петров, Мих. 83
Петров, Предраг 210
Петровска, д-р Сузана 214
Петровска, Менка 220
Петровски, Александар 154
Петровски, Кире Јосифов 220

Петровски, Петко Георгиев 220
Петровски, Петко Најдов 219
Петровски, Ратко 219
Петров, Филчо Ф. 95
Пецакова, Нада 220
Пецаков, Петар 206
Печеновиќ, Сава 73
Пешиќ, Михајло 72
Пешка, Петар 156, 207
Пешта 27
Пиника 7
Пирава 122
Питошка, Иван 213
Пјаниќ, Милош 205, 206
Пландиште 192, 200
Погачев, Аце 159
Подино 178
Поличка 147
Полјански, д-р Христо Андонов 17
Полог 157, 178, 218
Полска 146
Попадиќ, д-р Марија 88
Поповић, д-р М. Ђ. 109, 114
Поповиќ, Виќентије 45
Поповиќ, г-ца Босиљка 73
Поповиќ, Никола 54
Поповиќ, Срета 206
Поповић, Бранислав 32, 34, 36
Попов, Петар 206
Поповски, Аце 214
Поповски, Васко 216, 217
Поповски, Горчо 220
Поповски, д-р Владимир 214
Поповски, Живко 199
Поповски, Крсте 218
Поповски, Лечо 220
Попоски, Коле 207
Попчевски, Богоја 212, 213
Породин 178
Постоловиќ, Марија 45
Поточњак, Иван 105
Премовиќ, Димитрије 92
Преспанското Езеро 171, 173
Претор 171, 173
Пречевиќ, Ристо 43
Призрен 73, 102
Прилеп 34, 35, 42, 44, 46, 48, 62, 63, 67, 92, 94, 159, 168, 172, 174
Приштина 60, 119
Продановиќ, Јован 81, 149
Продановиќ, Мил 51
Протиќ, Вој. 88
Протиќ, д-р Александар 33
професор Валанд 142
професор Зечевиќ 140, 141
Прчков, д-р Никола 213
Пупин, Михајло 22, 120
Пуриќ, Миливоје 42, 92
Пуриќ, Миливоје В. 91
Пуриќ, Милош 92
Путурус 178

## Р

Радобор 158, 178, 220
Радовиќ, Бранко 44
Радовиш 49, 59
Радојевиќ, Здравко 204
Ралевска, Ане 220
Рамна 178
Рапеш 179
Расимовски, Сабри 220
Рашиќ, Милош 54
Рашита 192
Рашковиќ, Драгиша 92, 204
Reiss, D-r R. A. 18
Ресен 42, 50, 63, 66
Рибарци 158, 178, 219
Риека 190
Ризовиќ, Спира 54
Рим 109
Ристев, Андон Петков 219
Ристев, Ѓорѓи Јорданов 219
Ристев, Илија Петков 219
Ристев, Ристе Митров 219
Ристевски, Аце 207
Ристевски, Коста Т. 218
Ристевски, Нечо Б. 219
Ристевски, Славе 215
Ристевски, Сотир 163, 164, 165, 208
Ристевски, Тасе С. 218
Ристеска, Цветанка 209
Ристова, Роса 220
Ристовски, Коле Талев 219
Ристовски, Ристо Т. 218
Робев, Александар К. 17
Робев, д-р Кон. Ив. 17
Робе, Константин 15
Романија 146
Романовце 50, 106
Ростковски, Александар Аркадиевич 132
Ростуше 51
Ротино 178, 194, 196
Р. Романија 192
Р. Србија 192
Рувидић, д-р Ж. М. 19, 112
Румелија 98
Русија 19, 30, 31, 89
Рустембеговиќ, Кемал 72
Рутевска, Мирјана 217
Рушид, Садедин 204

## С

Сава 121
САД 8, 114, 120, 136, 137, 139, 141, 146
Садиковски, Усеин 220
Саздов, д-р Томе 6
Салиовски, Мемиш Шукри 220
Сараево 60, 98, 105, 119, 138
Сасо, д-р Антун 40
Светиев, Петар 215
Светиев, Христо 206
Свињиште 178
Северин 192
Секуловиќ, Сотир 18
Секуловски, д-р Димитар 210, 211
Секуловски, д-р Љупчо 216, 217
Секуловски, Ристе 220
Селим, Талат 204, 205
Сељановиќ, Панта 43
сенатор Чироало 75
Силјановска, Фанија 203, 215
Силјановски, Благој 202, 203, 212, 213
Сиљановиќ, Константин 6
Симјановиќ, Наум 23

Симљановиќ, Ѓорѓе 145
Симовска, Аспасија 156
Симоновиќ, Стефан 45
Симоновски, Алексо 218
Симоски, Георги 206
Синан беј Маало 6
Сирвини, Нико 156
Скопје 12, 13, 14, 18, 19, 21–23, 51, 54, 59, 60, 68, 71–73, 89, 94, 99, 100, 104, 105, 114, 119, 121, 122, 138, 188, 197, 198, 199
Скочивир 157, 178, 218
Славе 159
Славонија 26
Слепецовски, Трајан 220
Сливен 93
Сливица 157, 178, 218
Словенија 121, 166, 191, 200
Смедеревска Паланка 131
Смилевски, Велјан 218
Сович 178, 157, 218
Соклевски, Валентин 200
Солун 2, 7, 20, 33, 34, 38
Сонти, Михајло 204
Сотировски, д-р Никола 8
Софија 94, 192
Софрониј, епископ 94
Спаиќ, Милован 45
Спасевски, Стево 207
Спасиќ, Алекса Н. 43
Спасиќ, В. 48
Спирова, Цветанка 209
Сплит 60, 119, 138, 171, 190
Србија 25, 38, 75, 111, 200
Србиновиќ, Илија 206
Сретеновиќ, Св. 23
Сталев, Стале Атанасов 219
Стаматов, Крсте 197
Станковски, Димче 156
Станоевски, Петко 209
Старавина 158, 179, 219
Стевановиќ, Јован 47
Стевановски, Илија Стој. 219
Стевановски, Коста Г. 220
Стевановски, Милан Трпков 220
Стевановски, Стево Т. 218
Степановиќ, г-ѓа Славка Ж. 46
Степановски, Божин Ристев 218
Стерја, Коста – Лале 61
Стерјевиќ–Атанасовиќ 23
Стерјовски, Александар 20, 84, 115
Стефановиќ, Јован С. 46
Стефановић, Цеко 22
Стефановски, Александар 163, 167, 208
Стефановски, Коста 213, 216
Стефановски, Цане 208
Стојадиновиќ, Драг. 144
Стојадиновиќ, Јованка Д. 92
Стојан Маниќ 51
Стојанова, Радка 220
Стојанов, Васил Илов 219
Стојанов, Волче Атанасов 219
Стојановиќ, Васа 73
Стојановиќ, Василије 73
Стојановиќ, Петар 54
Стојанов, Мирослав 216
Стојанов, Најдо Христов 219
Стојанов, Ристе 219
Стојанов, Ристо П. 219
Стојановска, Роса 220
Стојановски, Владо 214
Стојановски, Димче 212, 213
Стојановски, Дончо Иванов 219
Стојановски, Кире 212
Стојановски, Кирил 213
Стојановски, Младен Ристов 219
Стојановски, Стојан Г. 218
Стојанов, Стојан Димов 219
Стојаноски, Боне 207
Стојковски, Јанко 218
Стојков, Станко Петков 219
Стојовић, Љубо 16
Стојчевски, Дончо Здравев 220
Стојчевски, Петко Т. 218
Стојчевски, Трајко Р. 218
Стојчев, Томе 156, 207
Стрежево 178
Струга 42, 51, 59, 66
Струмица 13, 122
Суводол 158, 177, 178, 219
Судиов, Стојко Стојанов 219
Сулејман, д-р Омер 213, 214, 215
Сулејман, Фети 209, 210, 211
Сунгур чауш беј 9, 20
Суруџијевиќ, Вана 54

## Т

Талат, Селим 92
Талева, Аца 220
Талевски, Илија И. 218
Талевски, Јошко Христов 219
Талевски, Трајан Котев 220
Талески, Владимир 196
Таневски, Атанас П. 219
Таневски, Петар 218
Танковски, Ѓорѓи Лилин 33, 34
Тасевски, Петар 202, 211, 214
Тасиќ, Богољуб 46
Тасиќ, Мито 43
Тасиќ, Светозар 205
Тацевски, Пандо 218
Ташула 10
Теарце 52
Тевхаровиќ, Марија 49
Теодосиевски, Велјо 166
Теохаревиќ, Лазар 45
Тепавци 158, 219
Терзиевска, д-р Финка 210
Тетово 51, 52, 59, 102, 122, 195
Тешовиќ, Драгомир Ж. 49
Тодоровиќ, Чед. 105
Тодоровски, Александар 193
Тодоровски, д-р Глигор 19
Тодоровски, Коста Борисов 220
Толевски, Никола С. 218
Толевски, Толе М. 219
Томиќ, Катарина Чор 54
Тополчани 159
Торневска, Васа 220
Торневски, Гоце Петров 220
Тошевиќ, Васиљ 49
Тошески, Борис 156, 159, 171, 201, 207, 208
Трајковски, Гроздан Крстев 218
Трајковски, Давор 193

Трајковски, Јордан Илијев 219
Трајковски, Христо Спасов 218
Трајчевски, Трендафил К. 218
Трандафиловски, д-р Ѓорѓи 189, 202, 208, 209, 211, 213
Трап 158, 178, 220
Трифуновиќ, Бошко 47, 48
Трифуновски, Јован 220
Трн 178
Трново 178
Трновци 178
Трпеновски, Живко 213
Трповски, Боне Георгиев 220
Трпчевски, Дине С. 218
Трпчевски, Петко 218
Трпчев, Трајко Ѓорев 219
Тумбе Кафе 76, 77
Турција 31, 99, 192

## Ќ

Ќапановиќ, Јован 92
Ќириќ, Тихомир 45

## У

Удово 122
Ужице 60, 119
Ужичка Пожега 89
Урошевиќ, Војислав 92
Ускоковски, Рамис 220
Ускоски, Рамис 206

## Ф

Фораца, М. 54
Фотева, Павлина 210
Франција 19, 75, 90, 98, 146, 147
Фронтигем, Џон 8, 29

## Х

Халил, Акиф 206
Харпер, Вилијам 199
Хаџи Али, Акиф 205
Хаџи Али Аќим, 92
Хаџи Ташковиќ, Глигорије 141
Херцег Нови 190
Холандија 146
Хрватска 26, 121, 194
Хрисаковиќ, Тома 205
Хрискалиќ, Тома 206
Христина 14
Христова, Гордана 202, 203, 214–216
Христова, Маргарита 200
Христовиќ, Мише 45
Христовски, Никола 196, 200, 203, 217
Хувер 75
Хусеин, Хатиџе 5, 6

## Ц

Цапари 166, 177, 178
Цветковиќ, Константин 47
Цветковиќ, Мирко 73
Цениќ, Димитрије Ц. 46
Ценовъ, Б. М. 24
Цетиње 60, 119
Цингара, Коста 213
Цицковски, Драган 215
Цолевски, Мирко 219
Црвенковиќ, Јован 204
Црна Гора 183
Црнеец 178
Црничани 158, 178, 220
Црнобуки 178
Црноец 158
Црномаровска, Димитра 220
Цупара, Љуба 54

## Ч

Чагорски, Иванчо 193
Чакаревиќ, Мито 43
Чакаревиќ, Сима 47
Чакаревиќ, Ст. 51
Чалева, Марија 95
Чапановиќ, Јован 92
Чаракчијевиќ, Димитрије 49
Чарлија 158, 218
Чачак 121
Чачев, Ванѓел Тодоров 219
Челеби, Евлија 133
Челеби, Исхак 5
Челеби, Синан (Јусуф) 5
Чехословачка 146, 147
Чивовиќ, Радомир 88, 149
Чиле 146
Чиповиќ, Радомир 92
Чомиќ, Коста 206
Чопиќ, Александар 204

## Џ

Џаен, Сабатај 204, 205
Џаин, Шабетај 16
Џамбаз, Даре 197, 198
Џамбаз, м-р фар. Божидар 188
Џангуровски, Блаже Наумов 220
Џима, Кочо 156, 207
Џиновиќ, Харих 43
Ђорђевић, д-р Владан 126

## Ш

Шамковски, Ристе 220
Шапкарев, Кузман А. 6
Шапониќ, Мирослава 149
Шарметовски, Петре 218
Швајцарија 146
Шведска 146
Шејх–Хутарџ 2
Шенговски, Темјан Божинов 218
Шерденковски, д-р Борис 189, 209, 211–213
Шијакова, А. 186
Шиндевски, Цело 220
Широк Сокак 76, 85, 116, 130
Шпанија 146
Штамбук, д-р Димко 205
Штип 13, 53, 59
Шумљанска, Захарија 4, 7, 16, 125
Шумљански, Јулијан 7

Издавач: *Општинска организација на Црвен крст – Битола*
За издавачот: *Д-р Диана Димитрова*, претседател
Главен и одговорен уредник: *Никола Христовски*
Лектор – коректор: *Стево Гаџовски*
Технички уредник и дизајн на корица: *Пеце Илиевски*
Печати: *„Графо Пром“, Битола*
Тираж: 500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

614.88(497.774)"19"

**СТЕРЈОВСКИ, Александар**
Еден век Црвен крст во Битола / Александар Стерјовски. - Битола : Општинска организација на Црвен крст, 2012. - X, 240 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Регистар. - Содржи и: Прилог

**ISBN 978-9989-57-809-0**

а) Црвен крст - Битола - 20в.
COBISS.MK-ID 90541578

ISBN 9989-57-809-5
9 789989 578090

ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА
ЦРВЕН КРСТ БИТОЛА